**УНИВЕРЗИТЕТ *„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“* – БИТОЛА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**

**ДОКТОРСКИ ТРУД:**

**НАСЛОВ:**

# *„БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ КАКО УСЛОВ ЗА ГАРАНТИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА ИНФОРМИРАЊЕ И ЗА СТАБИЛНОСТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“*


Ментор

Проф. д-р Никола Дујовски

Кандидат

М-р Драган Секуловски

Број на индекс 52/20


Скопје, октомври, 2024 година

**М е н т о р:** проф. д-р Никола Дујовски
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

**Членови на Комисијата:** проф. д-р Оливер Бачановиќ
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

проф. д-р Богданчо Гогов
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

проф. д-р Стојанка Мирчева
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Вонреден проф. д-р Марина Тунева
Институт за комуникациски студии - Скопје

**Дата на одбрана: __________________________________**

**Дата на промоција: __________________________________**

**Наука на која што се стекнува докторатот : БЕЗБЕДНОСНИ НАУКИ**

**И З Ј А В А**

Изјавувам дека при изработка на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на интелектуална сопственост и не користев реченици и делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под целосна материјална и кривична одговорност.

Изјавил,

м-р Драган Секуловски

## АПСТРАКТ

Оваа докторска дисертација е фокусирана на анализата на безбедноста на новинарите како клучен предуслов за гарантирање на правото на информирање и одржување на стабилноста во Република Северна Македонија. Истражувањето ги опфаќа заканите и нападите врз новинарите во периодот од 2017 до 2022 година преку испитување на мотивите и околностите за истите и причините за недостаток на судска разрешница, како и механизмите за нивно спречување.

Во теоретскиот дел, дисертацијата разгледува современи теории за новинарството и медиумите, вклучувајќи ги теориите за јавната сфера, поставување на агенди, врамување, медиумскиот екосистем, политичка економија на медиумите и медиумски плурализам. Овие теории служат како основа за разбирање на комплексните динамики меѓу новинарите, медиумите и општествените и политичките структури.

Емпириското истражување се базира пред сè на квалитативни методи, вклучувајќи интервјуа со новинари, медиумски работници и претставници на релевантни институции, како и анализа на документи и останата содржина. Перцепциите за безбедноста на новинарите откриваат дека тие се соочуваат со директни и индиректни закани, вклучувајќи физички напади, вербални напади и дигитално вознемирување. Повремениот недостаток на институционална поддршка придонесуваат кон чувство на неказнивост и самоцензура кај новинарите, што негативно влијае на квалитетот на новинарските извештаи и на транспарентноста во општеството.

Истражувањето ја потврдува општата и посебните хипотези. Општата хипотеза дека безбедноста на новинарите и гарантирањето на правото на информирање на граѓаните е во директна врска со условите во кои тие работат, како и со степенот на развој и почитување на постапките, процедурите и механизмите за заштита на медиумските работници, е валидирана преку повеќе аспекти од истражувањето. Првата посебна хипотеза дека злоупотребата или неправилната употреба на технологијата, лесната достапност на интернетот од страна на корисници кои што можат да бидат анонимни и несоодветната регулација придонесуваат поголем дел од заканите кон новинарите да се изразуваат преку социјалните мрежи и други дигитални платформи е потврдена. Овие закани се поизразени кон жените новинари според статистиката на еснафските здруженија на новинари која е

јавно достапна. Втората посебна хипотеза дека недостатокот на институционално решавање на нападите придонесува кон зголемен страв и самоцензура е исто така потврдена. Третата посебна хипотеза дека висок степен на неказнивост негативно влијае на евро-интегративните процеси на РСМ е исто така потврдена.

Во делот на препораките, дисертацијата предлага сет на мерки поделени во четири групи: препораки за новинарите, членови на судството, членови на извршните власти и меѓународните организации. Препораките вклучуваат зајакнување на правната заштита, обезбедување на лична и дигитална безбедност, зголемена институционална поддршка, создавање на национални програми за безбедност, финансиска поддршка и континуирана едукација и обуки.

Дополнително, дисертацијата ја истакнува важноста на регулативите и директивите на Европската комисија и парламентот, препораките на Советот на Европа, улогата и притисокот на меѓународните организации и влијанието на јавните осуди од страна на носителите на јавни функции за заштита на новинарите. Националната судска практика треба да биде усогласена со пресудите на Европскиот суд за човекови права (ЕСПЧ) за да се обезбеди праведно и ефикасно решавање на случаите поврзани со безбедноста на новинарите. Јавните регистри за кршење на правата на новинарите се важен инструмент за мониторинг и транспарентност.

Исто така, дисертацијата пополнува значителен јаз во постоечката литература преку обезбедување на нови сознанија за безбедноста на новинарите, што досега не биле соодветно истражени во национален но и регионален контекст и овозможува основа за понатамошни истражувања во оваа област.

Заклучоците од ова истражување покажуваат дека безбедноста на новинарите во Република Северна Македонија е сложено прашање кое бара мултидимензионален пристап и координирани напори на национално и меѓународно ниво. Само преку систематски и координирани активности може да се обезбеди средина во која новинарите ќе можат безбедно да ја вршат својата професија, што е основа за здраво и транспарентно општество.

**Клучни зборови: новинар, медиуми, медиумски работници, безбедност, слобода на изразување, независност на медиуми, неказнивост, самоцензура, меѓународни стандарди, пресуди на ЕСПЧ.**


## ABSTRACT

This doctoral dissertation focuses on the analysis of journalist safety as a crucial prerequisite for guaranteeing the right to information and maintaining stability in the Republic of North Macedonia. The research covers threats and attacks on journalists from 2017 to 2022, and examines the motives for the attacks as well as the reasons for the lack of judicial resolution of cases in which the rights of journalists are being infringed, as well as mechanisms for their prevention.

In the theoretical part, the dissertation reviews contemporary theories of journalism and media, including theories of the public sphere, agenda-setting, framing, media ecology, political economy of media and media pluralism. These theories serve as a foundation for understanding the complex dynamics between journalists, media outlets, and social and political structures.

The empirical research is based on quantitative and qualitative methods, including interviews with journalists, media workers, and representatives of relevant institutions, as well as document and content analysis. Perceptions of journalist safety reveal that they face direct and indirect threats, including physical attacks, verbal assaults, and digital harassment. The lack of institutional support and the inefficiency of the judicial system contribute to a sense of impunity and self-censorship among journalists, negatively impacting the quality of journalistic reporting and societal transparency.

The research confirms the general and specific hypotheses. The general hypothesis that journalist safety and thus the guarantee of citizens' right to information is directly linked to the conditions in which journalists work and the degree of development and adherence to procedures, protocols, and mechanisms for protecting media workers is validated through various aspects of the research. The first specific hypothesis that the development of technology, internet availability, and inadequate regulation contribute to most threats against journalists being expressed through social networks and other digital platforms is confirmed, with these threats being more pronounced

against female journalists. The second specific hypothesis that the lack of institutional resolution of attacks contributes to increased fear and self-censorship is also confirmed. The third specific hypothesis that a high degree of impunity negatively impacts North Macedonia's Euro-integration processes is likewise confirmed.

In the recommendations section, the dissertation proposes a set of measures divided into four groups: recommendations for journalists, judiciary members, executive authorities, and international organizations. The recommendations include strengthening legal protection, ensuring personal and digital safety, increasing institutional support, creating national safety programs, financial support, and continuous education and training.

Additionally, the dissertation highlights the importance of regulations and directives from the European Commission and Parliament, recommendations from the Council of Europe, the role and pressure of international organizations, and the impact of public condemnation by public officeholders for protecting journalists. Local court practices should be aligned with the rulings of the European Court of Human Rights (ECHR) to ensure fair and efficient resolution of cases related to journalist safety. Public registers of journalists' rights violations are an important tool for monitoring and transparency.

The dissertation also fills a significant gap in the existing literature by providing new insights into the safety of journalists, which have not been adequately explored in both the national and regional context and lays the groundwork for further research in this area.

The conclusions of this research show that the safety of journalists in the Republic of North Macedonia is a complex issue requiring a multidimensional approach and coordinated efforts at national and international levels. Only through systematic and coordinated activities can an environment be ensured where journalists can safely perform their profession, which is the foundation for a healthy and transparent society.

**Keywords: journalist, media, media workers, safety, freedom of expression, media independence, impunity, self-censorship, international standards, regulation, ECHR case law.**

**ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ, ТАБЕЛИ И СЛИКИ**


- **Графикон бр.1** Напади врз новинарите и медиумските работници 2017 – 2022 година
- **Графикон бр.2** Напади врз новинарите и медиумските работници за 2017 година
- **Графикон бр.3** Напади врз новинарите и медиумските работници за 2018 година
- **Графикон бр.4** Напади врз новинарите и медиумските работници за 2019 година
- **Графикон бр.5** Напади врз новинарите и медиумските работници за 2020 година
- **Графикон бр.6** Напади врз новинарите и медиумските работници за 2021 година
- **Графикон бр.7** Напади врз новинарите и медиумските работници за 2022 година
- **Графикон бр.8** Напади врз новинарите и медиумските работници за периодот од 2017 – 2022 врз основа на пол
- **Графикон бр.9** Напади врз новинарите и медиумските работници за периодот од 2017 – 2022 врз основа на пол за секоја година одделно

- **Слика бр.1** Закани по безбедност на новинари во Европа за 2024 година
- **Слика бр.2** убиени новинари од 01.01.2024 до 05.07.2024 година
- **Слика бр.3** повреда на права на новинари и нарушување на независност на медиуми и медиумски организации за првите 6 месеци од 2024 година со фокус на РСМ
- **Слика бр.4** Аларми и укажувања на напади врз новинари во Западен Балкан за 2024 година
- **Слика бр.5** Индекс за безбедност на новинари на Западен Балкан за 2023 година

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

| Акроним | Целосно име |
|---|---|
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕКЧП | Европската конвенција за човекови права |
| ЕСЧП | Европскиот суд за човекови права |
| ЕФН | Европска федерација на новинари |
| ЕЦПМФ | Европски центар за слобода на печат и медиуми |
| ЕМФА | Европски акт за слобода на медиумите |
| ЕУ | Европска унија |
| ИФЈ | Меѓународна федерација на новинари |
| ИПИ | Меѓународен институт за Медиуми |
| КАС | Конрад аденауер Стифтунг (фондација) |
| КЗ | Кривичен законик |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МИОА | Министерството за информатичко општество и администрација |
| МИМ | Македонски институт на медиуми |
| МФРР | Брза реакција за слобода на медиумите / Media Freedom Rapid Response |
| МРТВ | Македонска Радио Телевизија |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ООН | Обединети нации |
| ПМНР / LNJAR | Правната мрежа за новинари во ризик / Legal Network for Journalists |
| РФОМ | Претставник на ОБСЕ за слобода на медиуми |

| **Акроним** | **Целосно име** |
|---|---|
| РСМ | Република Северна Македонија |
| РСФ | Репортери без граници (Reporters Sans Frontières) |
| СЕЕМО | Медиумска организација за Југоисточна Европа |
| СЕММ | Совет за етика на медиумите во Македонија |
| СЛАПП | Стратешки тужби против јавно партиципирање |
| ССНМ | Самостоен синдикат на новинари на Македонија |
| CoE | Совет на Европа |
| УНЕСКО | Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура |
| ФПУ | Free Press Unlimited |
| ЦПЈ | Комитет за заштита на новинари / Committee for protection of journalists |
| WB-JSI | Индекс на безбедност на новинарите на Западен Балкан |
| ЗААВМУ | Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| ЗГОНК | Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета |
| ЗНМ | Здружение на новинари на Македонија |

СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 16

I. ДЕЛ I ..... 20

ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ ..... 20

1) ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 25

2) ПОИМНО-КАТЕГОРИЈАЛЕН АПАРАТ ..... 27

2.1. Дефинирање на основните поими ..... 27

2.2. Што се подразбира под безбедност на новинарите? ..... 32

2.3. Видови на напади кон новинари и медиумски работници ..... 33

3) ОПЕРАЦИОНАЛНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 33

4) ДИСЦИПЛИНАРНО, ВРЕМЕНСКО И ПРОСТОРНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 35

5) ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 35

6) ОПШТА ХИПОТЕЗА ..... 37

6.1. Посебни хипотези ..... 37

7) КВАНТИТАТИВНИ И КВАЛИТАТИВНИ ИНДИКАТОРИ ..... 38

8) Дополнителна длабочина на квалитативните индикатори обезбедува и анализата на научните трудови во оваа област, кои се користени при изработката на ова истражување. ..... 38

9) МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ..... 38

10) НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 40

II. ДЕЛ II ..... 42

СОВРЕМЕНИ ТЕОРИИ ЗА НОВИНАРСТВОТО И НА МЕДИУМИТЕ ..... 42

1.1 Теорија за јавната сфера ..... 44

1.2 Теорија за поставување на агенда ..... 47

1.3 Теорија на врамување (framing) ..... 49

1.4 Медиумска екологија и политичка економија на медиумите ........ 52

1.5 Политичка економија на медиумите ........ 55

1.6 Медиумски плурализам и сопственишство ........ 57

1.7 Регулаторни рамки ........ 59

1.8 Значењето на етичкото работење на новинарите ........ 62

III. ДЕЛ III ........ 65

ПРАВНА ЗАШТИТА НА НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ ........ 65

1) ПРАВНИ ГАРАНЦИИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ ........ 65

1.1 Устав на Република Северна Македонија ........ 66

1.2 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ........ 67

1.3 Закон за медиумите ........ 68

1.4 Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда ........ 70

1.5 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер ........ 71

1.6 Закон за авторските и сродните права ........ 72

1.7 Кривичен законик ........ 74

2.1 Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) ........ 78

2) ПРЕПОРАКА НА СОВЕТ НА ЕВРОПА CM/REC(2016)4 ЗА ЗАШТИТА НА НОВИНАРСТВОТО И БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ И ДРУГИ АКТЕРИ ........ 80

3) ПРЕПОРАКИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА - ЗАШТИТА, БЕЗБЕДНОСТ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА УРЕДУВАЧКАТА НЕЗАВИСНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ........ 82

3.1 Препорака на Комисијата бр.6650 од 16.9.2021г. ........ 82

3.2 Препораката на Комисијата бр.1634 од 16.9.2022 г. ........ 85

IV. ДЕЛ ........ 88

1) ПЕРЦЕПЦИИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ ........ 88

1.1 Опис на процесот на интервју ........ 88

2. Перцепции од новинари и медиумски работници (искуства од закани и напади) ................ 90
2.1 Влијание врз работата на новинарите и / или ацто – цензурата ........................................... 95
2.2 Механизми за поддршка и нивната ефикасност .................................................................... 97
2.3 Психолошко и лично влијание (виктимолошка перспектива).............................................. 99
2.4 Предлози за подобрувања за безбедноста на новинарите ................................................. 104
3. Согледувања од меѓународни организации во однос на безбедносните предизвици со кои се соочуваат новинарите ......................................................................................................... 108
3.1 Компаративна анализа со глобални трендови .................................................................... 108
3.2 Ефикасни мерки од други земји ........................................................................................... 109
3.3 Улога на меѓународните организации во поддршката на новинарите .............................. 110
3.4 Влијание на меѓународниот притисок .................................................................................. 113
3.5 Поддршка од меѓународната заедница ............................................................................... 114
3.6 Идни предизвици ................................................................................................................... 117
4. Перспективи на владини претставници за безбедноста на новинарите ............................. 121
4.1 Ставови на владините и регулаторните органи за безбедноста на новинарите ................ 121
4.2 Правни предизвици и превентивни мерки ........................................................................... 125
4.3 Одговор на инциденти и напори за јавна свест................................................................... 128
4.4 Меѓународни механизми за соработка и поддршка ........................................................... 130
4.5 Идни планови за подобрување на безбедноста на новинарите .......................................... 131
5. Ставови на судските претставници и адвокати за безбедноста на новинарите .................. 132
5.1 Справување со правни случаи кои вклучуваат новинарски закани ................................... 132
5.2 Предизвици во обвинителството и правната поддршка ...................................................... 136
5.3 Имплементација на меѓународните стандарди ................................................................... 138
6. Соработка со медиумските здруженија и организации за подобрување на безбедноста на новинарите ..................................................................................................................................... 140
5. ДЕЛ V ............................................................................................................................................. 145
1. Категоризација на нападите врз новинарите ............................................................................ 145
2. Статистика на напади на новинари за периодот од 2017 – 2022 година во РСМ ................ 146
3. Виктимолошки аспект на заканите кон новинарите ................................................................ 154
3.1 Профил на новинар што е подложен на напади ...................................................................... 155

3.2 Типови на виктимизација на новинари 156

3.3 Ризик фактори зошто некои новинари стануваат жртви 161

3.4 Последици од виктимизација на новинарите, медиумите и општеството 164

3.5 Превенција и заштита: законодавни мерки, образовни програми и стратегии за зголемување на јавната свест 166

7. ДЕЛ VI 171

ВАЖНОСТА ОД СОРАБОТКАТА СО НАЦИОНАЛНИ ИНСТИТУЦИИ И СО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО НАСОКА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ 171

1) Меѓународни и регионални механизми 171

1.1 Платформата за безбедност на новинарите на Советот на Европа 171

1.2 Статистика за безбедноста на новинарите според платформата на Советот на Европа 172

1.3 Комитетот за заштита на новинарите (CPJ) 174

1.4 Media Freedom Rapid Response (MFRR) 176

1.5 SafeJournalists.net 178

2) Соработка со национални институции 184

2.1 Улогата на Јавното Обвинителство 184

2.2 Именување на јавен обвинител за предмети поврзани со безбедноста на новинарите 185

3.1 Улогата на Министерството за внатрешни работи 186

4.1 Судско медиумски совет 188

ДЕЛ VII 190

8. ЗАКЛУЧОЦИ 190

ДЕЛ VIII 200

9. ПРЕПОРАКИ 200

1.1 Препораки за новинарите 200

2.1 Препораки за членови на судството 203

3.1 Препораки за членовите на извршните власти 205

4.1 Препораки за меѓународните организации ........ 208
ДЕЛ IX ........ 210
10. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 210
КНИГИ, СПИСАНИЈА И ДРУГИ ТРУДОВИ ........ 210
ЗАКОНСКИ, ПОДЗАКОНСКИ АКТИ, ПРИРАЧНИЦИ ........ 213
ИЗВОРИ ОД ИНТЕРНЕТ ........ 216
ДЕЛ X
11. ПРИЛОЗИ ........ 223
1. Анкетни прашалници ........ 223
2. Изјава за согласност ........ 228
3. Информативен лист ........ 229
4. Список на интервјуирани лица за потребите на докторскиот труд ........ 231

# ВОВЕД

Слободата на изразување е основно човеково право кое е тесно поврзано со безбедноста во едно општество. Зошто? Почитувањето на слободата на изразување како и правото на јавно информирање овозможува плуралистички дијалог и придонесува да се негува култура на конструктивна јавна критика, а со тоа граѓаните да имаат право да бараат, добиваат информации кои се од нивен интерес. Иако слободата на изразување е основно човеково право, постојат ограничувања кои се дозволени под специфични услови, а со цел за заштита на јавниот интерес, безбедноста или правата на други лица. Секое ограничување мора да биде предвидено со закон и во согласност со принципите на нужност и пропорционалност, за да се обезбеди почитување на правото на изразување во најголем можен обем. Незаконското и нелегитимното ограничување на слободата на изразување како човеково право, низ историјата во разни држави придонело до создавање на граѓански немири и конфликти, со што се ризикува да се наруши безбедноста и стабилноста.

Ова човеково право, понатаму овозможува отворен и разновиден дискурс на јавна комуникација, кој помага да се идентификуваат и адресираат општествените прашања, промовирајќи ја одговорноста и транспарентноста. Исто така, им овозможува на граѓаните слободно да ги изразат своите мислења и идеи, што доведува до размена на различни перспективи и развој на добро информирано општество. Дозволувајќи им на граѓаните да ги изразат своите ставови, слободата на изразување помага да се спречат општествени немири и промовира стабилност, што ја прави значајна за безбедноста на општеството.

Безбедноста на новинарите пак, во насока на слободно практицирање на слободата на изразување е посебно важна во земјите кандидати за членство во Европската Унија (ЕУ), бидејќи помага да се одржи колективната слобода на изразување, транспарентноста на институциите и демократската стабилност. Професионалните новинари, преку својата работа, играат клучна улога во обезбедувањето на слободата на медиумите. Преку ова се овозможува поголема транспарентност и отчетност, а новинарите помагаат да се разоткрие корупцијата, злоупотребата на моќта и другите форми на неправилности, што придонесува кон владеење на правото. Освен ова, активната улога на новинарите им овозможува на

граѓаните пристап до важни информации и различни перспективи, што е од клучно значење за информирано донесување одлуки и јавна дебата за важни општествени процеси.

Како **прв показател** за тенденциозно нарушување на слободата на изразување е загрозување на безбедноста на новинарите преку поттикнување на насилство кон нив или пак кон негување на политика на неказнивост кон оние кои им се закануваат или ја попречуваат нивната работа. Токму поради оваа причина повеќе глобални граѓански но и политички организации[1] редовно објавуваат разни индекси и извештаи со индикатори за слободата на изразување, како и за правото на информирање, но и за слободата на медиумите. Целта на овие јавни документи е да се крене свеста на повисоко ниво околу важноста на прашањата поврзани со безбедноста на медиумските работници, но и да се влијае на креирање на политики за овозможување на средина во која тие ќе можат безбедно да ја вршат својата професија.

Безбедноста на новинарите и медиумските работници претставува предуслов за професионално вршење на новинарските обврски и за објективно и навремено информирање на граѓаните. Гарантирањето на безбедноста на новинарите и медиумските работници, го демонстрира и демократскиот капацитет на едно општество бидејќи на тој начин се остава простор новинарите слободно да ја вршат својата професија во насока на задоволување на јавниот интерес. Затоа прашањата за безбедноста на новинарите се индикатори со кои се занимава и Европската комисија (ЕК) при набљудувањето на државите кои имаат статус на земји кандидати за членство во Европската Унија вклучувајќи ја и Македонија[2].

---

[1] На годишно ниво меѓународната организација „Репортери без граници" го објавува светскиот индекс на слобода на изразување како и меѓународната организација „Freedom House" која пак објавува глобален статус за слободата на земјите. Двете организации во своите извештаи ја земаат во предвид и Северна Македонија

[2] Во годишните извештаи на ЕК во поглавјето 23, кое се однесува на судството и човековите права, освен за степенот на слободата на изразување се даваат и квалификации во контекст на безбедноста на новинарите и медиумските работници како и за политиката на неказнивност во случаи на повреда на нивните права. Во оваа насока, во извештајот на ЕК за РСМ од 2021 година, во делот на безбедноста на новинари се дава јасна препорака која гласи: *„да се наметне пристап на нулта толеранција во врска со заплашување, закани и насилни дејства врз новинарите при вршењето на нивната професија и да се погрижи извршителите да бидат казнети".*
Европска комисија. Извештај за Северна Македонија за 2021 година. Стразбур, 19 октомври 2021 година. СВД(2021) 294 конечна верзија, 34. Пристапено на 19 јануари 2022 година. https://www.sep.gov.mk/data/file/Pregovori/North-Macedonia-Report-2021-%D0%9C%D0%9A2.pdf.

Како значајни предизвици во однос на безбедноста на новинарите во Македонија се истакнуваат физичките и вербалните напади, недостигот на институционална поддршка и високото ниво на неказнивост. Овие предизвици негативно влијаат врз способноста на новинарите да работат независно, што резултира со автоцензура и намалена транспарентност во медиумите. Овие појави можат сериозно да го загрозуваат квалитетот на јавната дебата и демократските процеси, бидејќи новинарите играат клучна улога во информирањето на граѓаните и осигурувањето на одговорноста на институциите.

Неспорно е дека на ниво на Западен Балкан, овие прашања сериозно се третираат од страна на Европската комисија и останати кредибилни политички организации како што се Советот на Европа и ОБСЕ, но истовремено има евидентен недостаток на академски истражувања и јавно достапни научни трудови на овие теми. Во македонската академска заедница, но и на територијата на Западен Балкан, не се забележува објава на сличен труд кој ја елаборира оваа проблематика во детали и кој нуди решенија за подобрување на состојбите на долгорочен план.

Целта на овој труд не е само да обрне внимание на темите поврзани со безбедноста на новинарите како предуслов за безбедноста во општеството, туку и да го опфати прашањето повеќедимензионално, со анализа на соодветни пристапи, системски реформи и конкретни решенија кои би го подобриле медиумскиот сектор. Еден од соодветните пристапи за подобрување на состојбите би бил новинарската фела заедно со академската заедница, како и професионалците во институциите, кои се надлежни да креираат и спроведуваат политики за поголема безбедност во медиумските сектор, да нудат решенија на извршната и законодавната власт кои потоа ќе служат за создавање на систем во кој новинарите безбедно ќе можат да ја вршат својата професионална работа. Безбедносната и политичката важност на овие теми, претходното долгогодишно искуство и пракса преку професионален ангажман на авторот на темата, потребата од квалитетни реформи во секторот и фактот дека има недостаток на академски и стручни трудови, се главните мотиви за изработка на овој докторски труд.

На кратко, структурата на трудот е поделена на неколку дела кои систематски го истражуваат прашањето за безбедноста на новинарите и нејзиното влијание врз демократијата и правото на информирање во Северна Македонија. Теоретскиот дел се

осврнува на различни медиумски теории, кои служат како основа за разбирање на улогата на новинарите во општеството. Емпирискиот дел ги опфаќа предизвиците и заканите со кои се соочуваат новинарите, како и недостатокот на судски разрешници и институционална поддршка.

Последниот дел содржи препораки за подобрување на заштитата на новинарите преку конкретни мерки насочени кон новинарите, правосудството, извршната власт и меѓународните организации. Трудот заклучува дека безбедноста на новинарите е неопходна за транспарентност и стабилност во општеството, со што истовремено се нагласува и потребата за координирани активности на национално и меѓународно ниво.

# I. ДЕЛ I

## ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ

Во услови на општествени кризи како што се пандемиите кои го загрозуваат јавното здравје, или социјалните немири, како што се насилни протести на јавен простор или несреќи од поголем обем во кој има човечки жртви, за безбедноста на граѓаните од исклучителна важност е да има непречен проток на информации кои би стигнале до јавноста. Преку информирањето на граѓаните се придонесува тие да се запознаат со природата на одредени ризици со кои се соочуваат, но и да се запознаваат како да се заштитат. Затоа, важно е граѓаните да имаат слободен проток на информации за време на криза, бидејќи тоа помага да се промовира јавната безбедност и во донесувањето на правилни одлуки, но и во подобрување на транспарентноста како и во довербата на институциите преку ефикасна комуникација.

Во Република Северна Македонија (РСМ), Уставот ја гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање (член 16)[3]. Дополнително, слободата на изразување е основно човеково право кое е предвидено во Европската конвенција за човекови права и според член 10[4], ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Ова човеково право, иако не спаѓа во корпусот на апсолутни човекови права, односно права кои не можат да бидат ограничени, може во специфични околности да биде привремено суспендирано. Ваквите привремени ограничувања потребно е да се пропорционални и неопходни во едно демократско општество во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување на неред или криминал, за заштита на здравјето или моралот, или за заштита на угледот или правата на другите. Важно во

[3] Собрание на Република Северна Македонија. Устав на РСМ. 11 јануари 2019, Бр.о.08-184/1. Достапно на https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf. Пристапено на 22 јануари 2023 година.
4 Совет на Европа. *Европска конвенција за човекови права*. Пристапено на 14 јануари 2023 година.
Овој текст на Конвенцијата ги содржи измените согласно одредбите на Протоколот број 15 (CETS no. 213) од неговото стапување на сила на 1 август 2021 година и на Протоколот број 14 (CETS no. 194) кој стапи на сила на 1 јуни 2010 година, иако во ‘Службен весник на Република Македонија’ не е објавен пречистен текст на Конвенцијата.

контекст на овие ограничувања е дека истите мора да бидат пропишани со закон и да бидат неопходни во едно демократско општество и истите не можат да се ограничуваат со арбитрарни одлуки од страна на властите. Во стручната публикација[5] *„Остварување на правото на слобода на изразување – теорија и пракса“*, авторите укажуваат дека: *„За да се утврди дали постои ограничување на слободата на изразување, кое е во согласност со ставот 2 од членот 10 од ЕКЧП, Судот го применува таканаречен трипартитен тест“.*

Понатаму, тие пишуваат:

Самиот трипартитен тест директно произлегува од формулацијата на ставот 2 од членот 10 и истиот се состои во испитување дали ограничувањето на слободата на изразување е **пропишано со закон**, дали е насочено кон **остварување на легитимна цел** и дали е „***неопходно во едно демократско општество***“.

На страна од ова, слободата на изразување се смета како исклучително важно право бидејќи им овозможува на поединците слободно да ги изразат своите ставови, без цензура или страв од одмазда, и промовира отворени и демократски општества.

Земајќи ја во предвид одговорната улога на новинарите, медиумските работници, но и на медиумите, професионално да ја информираат јавноста особено во кризни услови за општествата, тие се повеќе изложени на здравствени (*во случаи на пандемии*), но и безбедносни ризици (*социјални немири, граѓански протести, закани преку компјутерските системи, природни катастрофи или друг вид на настани од висок ризик*) од некои други професии.

Така на пример, следењето на јавните настани во услови на пандемии, посебно оние со физичко присуство од страна на државните институции ги става во дополнителен здравствен ризик и самите медиумски работници, земајќи во предвид дека овој вид на работни задачи не можат да се работат од дистанца, односно од дома. Во насока на ова, во стручна публикација која се базира на новинарските практики, новинарките Мулачка и Бурнс пишуваат:

5 Ристески, Медарски, и Стојковски. Остварување на правото на слобода на изразување – теорија и пракса. Скопје: ИЧП и ЦУП, 2017, 33.

*Пандемијата на Ковид 19 се закани да му го смени личниот опис на новинарството, но не успеа. Новинарите навремено се прилагодија на неизбежното - во време на пандемија, информацијата мора да се пронајде и да се пласира професионално, меѓутоа на начин, каде што личните контакти со изворите ќе се намалат и ќе се заменат телефонски и со видеоврска, брифинзите во канцеларии нема да претставуваат нешто неопходно, туку ќе се бараат алтернативни методи за добивање на информацијата. На ваквиот предизвик, најтешко се прилагодија телевизиите. Природата на нивниот формат налага видеоматеријали, изјави од личности, кои најчесто се снимаат лично и следење настани за информирање на јавноста*[6].

Дополнително, во случаи кога има граѓански протести, посебно кога се насилни, медиумските работници не само што имаат обврска да се на терен на случувањата туку тие често се препознаваат од страна на граѓаните кои се учесници во овие настани поради опремата која ја носат и користат (*камери, фотоапарати и сл.*) но и поради медиумските легитимации што обично се истакнати на видно место. На овој начин, доколку постои мотив за напад врз нив, тие претставуваат лесна мета за сторителите. Препознатливи политички организации вклучувајќи ги и Обединетите нации имаат изработено разни упатства и прирачници на оваа тема со цел да се крене свеста како новинарите кои се на терен и известуваат за јавни протести да бидат побезбедни, па така во насока на новинарско покривање на јавни протести, се истакнува: *„во зависност од големината на толпата или видот на демонстрациите, обидете се да одредите дали би било подобро јасно да бидете идентификувани како новинар или дали тоа би можело да предизвика непријателство кај демонстрантите“*[7].

Следењата и известувањето за предизборни кампањи како и на денот на избори или референдуми ги става новинарите и медиумските работници во дополнителен ризик поради изразена политичка тензија, што пак често може да резултира со примери на насилство врз новинарски екипи за време на одржување на партиски митинзи, но и на денот на изборите. Во оваа насока во *„Прирачникот за безбедност на новинарите за време на настани со*

---

[6] Мулачка, Бурнс. (2021). Новинарска Ковид Арена: Борба за здравјето и точни информации. Здружение на новинари на Македонија, стр. 23.

[7] УНЕСКО и Репортери без граници (2017), Прирачник за безбедност на новинари за настани со висок ризик, стр. 58.

*висок ризик“* [8] за безбедност на новинари во кој автори освен претставници на новинарското здружение се и претставници на МВР и ОЈО, се вели: *„Медиумите можат да одиграат многу важна улога во консолидирање на мирот и демократијата. Алтернативно, можат да предизвикаат и конфликт поради ширење гласови, пропаганда, недоверба или омраза помеѓу граѓаните и заедниците“.*

Понатаму, се истакнува дека изборниот процес може значително да се одрази на безбедноста на новинарите и тоа, според прирачникот, во насока на:

*„Ризикот е уште поголем кога се организираат избори во земја која била во конфликт, или пак во која постои тензија во политичката клима и која е во постојан латентен конфликт. Изборниот процес може да ги зголеми поделбите и разликите, или пак причините што довеле до конфликт се манифестираат во политички конфликт“.* [9]

Непопулистички мерки како што се поскапувања на цени на основни добра, покачувања на даноци, но и смена на власта, билатерални политички прашања поврзани со односите со соседните земји, а во последните години дури и рестрикции поврзани со КОВИД 19 пандемијата како и вакцинацијата на глобално, но и на локално ниво, придонесува до разни поделби помеѓу граѓаните. Тоа што е важно за овие поделби во контекст на безбедноста на новинарите се јавните наративи, пред сè на социјалните медиуми но и на традиционалните медиуми, кои ги оправдуваат или пак не ги оправдуваат овие процеси и случувања. Токму овие наративи може да бидат поттик за вербалните и физичките напади и закани по животот кон новинарите, посебно изразени на социјалните медиуми, за кои известуваат новинарите и медиумите. Локални новинари во стручна публикација[10] на оваа тема ќе напишат:

*„Светската здравствена организација прогласи пандемија од КОВИД 19, па новинарите беа целосно во служба на доследно информирање на јавноста. Во текот на тој период, на социјалните мрежи, евидентен беше говорот на омраза кон новинарите и*

---

[8] Брешковски, Ангеловски, Андонова. (2018). Прирачник за безбедност на новинарите за време на настани со висок ризик, Здружение на новинари на Македонија, стр. 19.

[9] Ibid.

[10] Сабриоски, Сунаи, и Кристина Атовска. (2021). „14 напади врз новинарите – 14 бодежи врз демократијата“ Здружение на новинари на Македонија, стр. 10.

*заканувачки говор како резултат на незадоволствата од граѓаните, а поттикнат од секојдневните партиски преписки, кој и како преземал или не преземал дејствија за заштита на населението"*.

Во 2020 година, Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), единствена организација која води јавен регистар за напади и закани кон новинарите, по усогласена методологија во соработка со уште други шест здруженија од останатите балкански земји, бележи повеќе напади кон новинари во 2020 година, во споредба со претходните години. Според овој регистар[11], во 2020 година вкупно 14 посериозни закани по безбедноста на новинарите и медиумските работници се нотирани, од кои повеќе од половина се кон жени новинарки, споредбено со претходната година каде вкупно имало само четири напади или закани кон новинари.

Овој пораст на закани и напади се должи на повеќе фактори кои делумно ќе бидат разгледувани во рамки на овој труд. Еден од основните проблеми е зголемениот тренд на неказнивост на насилството кон новинарите посебно кон жените новинарки. На пример, во 2020 година од вкупно 14 нотирани посериозни закани по животот на новинари, само еден случај е завршен со правосилна пресуда[12] каде на престапникот му е изречена ефективна казна затвор. Дополнително во трудот, се нотираат потенцијалните причичини односно мотиви на овие случаи и се констатираат одредени трендови.

Неспорен факт е дека во извршувањето на своите професионални задачи, новинарите и медиумските работници во целина, се изложени на зголемен ризик по нивната безбедност и по непреченото одвивање на процесот на работа. Честите контакти со граѓаните, со носителите на јавни функции, пренесувањето во живо или следењето на бројни судски процеси каде јавноста има особен интерес, следење на настани со висок безбедносен ризик, но и бројни други ситуации, укажуваат на потребата од посеопфатен пристап кон прашањето на безбедноста на новинарите и медиумските работници.

---

[11] Здружение на новинари на Македонија. „Случаи на повреда на правата на новинарите". Пристапено на 19 јануари 2023 година. https://znm.org.mk/povreda-na-novinari/.

[12] „Случај со новинар Неври Адеми." Пристапено на 21.02.2023 година. https://znm.org.mk/%D0%B7%D0%BD%D0%BC-%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%80-%D0%B8-%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BC%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BB-%D1%81%D0%B5-%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B8-%D1%81%D0%BE/.

## 1) ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на истражување се нарушувањата на безбедноста на новинарите и слободата на изразување и информирање, при што нападите и заканите претставуваат клучен аспект на оваа појава. Регистарот на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) за 2017 - 2022 година, кој ги бележи овие напади и закани, служи како основа за истражување на контекстот, трендовите и типовите на закани, како и за нивното влијание врз работата на медиумските работници.Овој регистар на ЗНМ кој е јавно достапен[13] се работи по стандардизирана методологија со другите здруженија на новинари од Западен Балкан. Предметот на истражување нема да се фокусира на секој напад поединечно туку ќе се стреми да образложи контекст и трендови за нападите и какви биле типовите на напади и закани и како тие се одразуваат на работата на медиумските работници и исто така се земаат и последиците од оваа појава, во насока на психолошките но правните консеквенци, и влијаението на појавата на авто цензурата. Дополнително во трудот ќе се анализираат причините зошто најголем дел немале судска разрешница, како овие прашања се третираат од страна на меѓународни организации, кои се достапни механизми за превенција но и за ефектот на овие појави врз новинарската професија и на демократските процеси во РСМ. Во трудот посебно ќе бидат анализирани и механизмите кои им стојат на располагање на државните органи, пред се МВР и полицијата, кои со своите активности значително придонесуваат да се подобри безбедноста кај новинарите и медиумските работници, но и со непреземањето навремени и целисходни мерки може дури и да ги поттикнат нападите врз новинарите.

Постоечкиот феномен каде агресијата е насочена кон тој што објавува или што ја пренесува пораката или информацијата постои одамна и во оваа насока е искажан еден популарен сентимент од Софокле во неговото безвременско дело *„Антигона“*[14] кое гласи: *„никој не го сака гласникот што носи лоши вести“* или *„никој не се радува на носител на лоши вести“*.

---

[13] Ibid.

[14] Софокле, Антигона, 442 п.н.е. Пристапено на 20.02.2023 година. https://chs.harvard.edu/wp-content/uploads/2020/11/Antigone-Master-Translation.pdf.

Известувањето за теми кои дел од јавноста ги смета за неприфатливи, како што се информации за глобални пандемии, изборни резултати, политички прашања поврзани со билатерални спорови со други земји и слично, претставува делумна причина за некои од нападите и заканите упатени кон новинарите, што е исто така предмет на разгледување во овој труд. Причините поради кои поединни граѓани се закануваат на професионалните новинари можат да бидат различни, но најчесто целта е да ги *„дисциплинираат“* новинарите, а со тоа да се намали и јавната критика или пак да се намалат јавните информации за кои одредени поединци или групи сметаат дека не треба да се дел од јавниот дискурс. Оваа појава влијае негативно на јавното информирање и ја поттикнува само цензурата во новинарската заедница.

Иако предметот на ова истражување е во национален контекст, проблемот со зголемениот тренд на закани, напади, онлајн вознемирување, демнење, *„тролинг“* и слично е глобален и е предизвик и за развиените демократии. Овој феномен е посебно изразен кога едно општество е во криза или пак постои меѓународна криза која се одразува помалку или повеќе на сите држави во светот.

Овој тренд се бележи и во новите научни трудови во кои се потврдува тезата дека *„Безбедноста на новинарите со нивната „одговорност за пријавување“ веќе не претставува загриженост на одделни држави, но сега е глобална грижа, според која меѓународната заедница е должна да најде начин за зачувување на безбедноста на новинарите“*[15]. Европските и меѓународни политички организации како што се Советот на Европа (СОЕ) и Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), се обидуваат да изнајдат систем на превенција, брзо реагирање и заштита на новинарите, но успешноста на овие модели зависат и од соработката и подготвеноста на државите членки да придонесат на ова поле, како и степенот на развојот на релевантните граѓански организации во доменот на промоција на слободата на изразување и на заштита на правата на новинарите.

[15] Gerald, Walulya, and Goretti L. Nassanga. "Democracy at stake: Self-censorship as a self-defence strategy for journalists." Media and Communication 8, no. 1: 5.

## 2) ПОИМНО-КАТЕГОРИЈАЛЕН АПАРАТ

### 2.1. Дефинирање на основните поими

Со цел избегнување на потенцијални недоразбирања и различно толкување на термините и поимите во овој труд, во делот кој следи се укажува на специфичноста на најчесто користените термини релевантни за темата на ова академско истражување. Во нашата земја но и генерално во Европа не постои еден закон во кој релевантните правила за работата на новинарите и медиумите се содржани, туку истите тие правила се содржат во неколку закони во граѓанската но и во кривичната материја. Во прилог се оние правни термини за кои е важно да се разбере и утврди точното значење и контекст за правилно да се применат во практиката и истражувањето

- **Дефинирање на помиот новинар**

Постојат повеќе дефиниции за поимите новинар, новинарство, медиумски работник и слично, а генералната разлика зависи од системот на уредување на државите како и праксата поврзана со принципите на слободата на изразување па токму затоа очекувано е да има разлики во американски и европски контекст. Во американскиот контекст дефинициите се повеќе општи, а исто така се препознаваат и повеќе поткатегории на новинарство додека во европски контекст дел од овие сфаќања се со потрадиционален карактер. Така на пример, според Американскиот прес институт, новинарството се разбира како: *„активност на собирање, проценка, креирање и презентирање на новости и информации. Новинарството може да се разликува од другите активности и производи со одредени препознатливи карактеристики и практики. Овие елементи не само што го одделуваат новинарството од другите форми на комуникација, туку тие го прават неопходен за демократските општества. Историјата открива дека колку е подемократско општеството, толку повеќе вести и информации има тенденција да носи“*[16].

[16] „Американски прес институт“. https://www.americanpressinstitute.org/ Пристапено на 24 јануари 2023 година.

Општо прифатена дефиниција од професионалните новинарски организации е на Меѓународната федерација на новинари (МФН). Според оваа глобална организација која претставува најголема *„чадор“* организација на новинарски синдикати и здруженија во светот, дефинирањето на новинарската професија е во поедноставен формат и исто така не се врзува со вработување на новинарот туку дали истиот доминантно заработува од новинарство, без разлика дали е тоа во традиционален или онлајн медиум, или не. Така МФН вели дека *„зборот новинар“ вклучува лица кои заработуваат поголем дел од своите приходи при собирање, подготовка и дисеминација на вести, општи информации и коментари, преку кој било или сите достапни начини на пренесување, вклучително и печатени, електронски и аудиовизуелни медиуми“*[17].

Во РСМ, со усвојувањето на Законот за медиуми во декември 2013 година, дефиницијата на новинар за прв пат законски се уредува. Според овој закон, *„новинар е лице кое врши активности на прибирање, анализа, обработка, обликување и / или класифицирање на информации кои се објавуваат во медиум и е вработен кај издавач на медиум или има склучено договор со истиот или е лице кое врши новинарска дејност како самостојно занимање“* (слободен новинар)[18].

Во секој случај, секој има право да се декларира како новинар имајќи предвид дека оваа професија во демократските земји, вклучувајќи ја и нашата земја, не е регулирана професија преку комора или пак службени легитимации, од страна на надлежен државен орган. Но, не секој е третиран како новинар и не секој може да биде член на професионално, членско новинарско здружение што ја остава оваа професија да биде предмет на саморегулација. На пример, во ЗНМ постои *„Правилник за членство и членарини“*[19] во кој се утврдени услови за членство и тоа за редовно и придружно. Ова е особено важно за понатамошно вадење на акредитации за јавни институции како што е Собранието, но и Владата и други посебно за ново формирани онлајн медиуми кои не се препознаени од генералната јавност, но членските книшки од професионална новинарска организација претставуваат некаква гаранција дека тие лица се дел од новинарската професија.

---

[17] „Меѓународна федерација на новинари“. https://www.ifj.org/ Пристапено на 22 јануари 2023 година.
[18] Закон за медиуми, член 2, точка 5, Службен весник бр.184 од 2013 година.
[19] Правилник за членство и членарини на ЗНМ. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/09/Pravilnik-za-clenstvo-i-clenarini-fin-1-1-3.pdf Пристапено на 15 јануари 2023 година.

- **Разлика од поимот новинар со медиумски работник**

Новинар е професионалец кој собира, истражува, пишува и објавува информации преку различни медиумски платформи, како што се весници, телевизија, радио и интернет. Оваа содржина подложи на уредничка проверка за разлика од онаа на блогери или пак креатори на дигитална содржина како што се т.н. инфлуенсери и слично.

Медиумски работник е поширок термин кој ги опфаќа сите вработени во медиумската индустрија, вклучувајќи ги новинарите, уредниците, фотографите, снимателите, камерманите (*кои се разликуваат од снимателите од причини што природата да нивната работа е вообичаени фиксна од студија или пак од спортски терени за разлика од таа на снимателите која пак е подинамична и обично е на терен*), потоа техничарите и останатиот персонал кој придонесува за продукцијата и дистрибуцијата на медиумската содржина.

Од друга страна, на пример водител не секогаш се врзува со професионалната определба на водителот. Постојат различни радио, телевизиски и интернет медиуми во кои водителот не е и новинар. Не секогаш водителите на вести се и новинари по професија (дали вработени како новинари или како слободна професија). Така, различни комичари, готвачи, новинари и останати професии можат да бидат водители. На пример, во англискиот јазик се користат термините *„anchorman, tv presenter, tv host, talk show host“* бидејќи тие термини подетално опишуваат што точно работи лицето, односно дека тоа е лице кое води одредена телевизиска програма.

Овој начин на разграничување е сличен на она што можевте да го видите во различните политички кампањи, каде улогите на поединци можат да бидат многу специфични и одредени според нивните таленти и вештини. Како што се бараат различни специјализации во медиумите, така и во политичките кампањи, секој има своја важна улога, без разлика дали е истражувач на податоци, графички дизајнер или главен говорник.

- **Службено лице во контекст на правата на новинарите, земајќи ја во предвид последната измена и дополна на Кривичниот законик**

Измените и дополнувањата во Кривичниот законик[20] , со кои новинарите, доколку делото е сторено против нив, ќе се третираат како службени лица во вршење на службата, беа долго очекувани измени по барање токму на новинарската фела. Овие измени имаат за цел да ги заштитат медиумските работници во нивната работа и да превенираат идни притисоци и напади. Според Синдикатот на новинари и медиумски работници, измените се токму во тој правец:

*„Законските измени кои се однесуваат на тоа новинарите да бидат третирани како службени лица, односно нападите врз нив да се процесуираат по службена должност, претставуваат превентивна мерка за заштита. Тоа значи дека доколку се процесуираат сите случаи на напади врз медиумски работници до крај, а земајќи ги предвид и зголемените казни, тоа би требало да делува деморализирачки за напаѓачите, односно во иднина да се намали бројот на напади. Значи главната поента со овие измени е систематско гонење на оние кои нападнале новинар/ка и со повисоките казни и гонењето по службена должност да се превенираат идни потенцијални напади, со што новинарите би работеле под помал притисок,“*[21].

Новинарите ќе подлежат на оваа заштита само во професионално вршење на својата новинарска или снимателска дејност.

- **Дефинирање на поимот медиум**

Дефиниција за медиум е дадена во Законот за медиуми во член 2:

*„Медиуми се средства за јавно информирање, односно каков било вид на комуникација како весници, магазини, програми на радиото и телевизијата, телетекст и други средства за дневно или периодично објавување на уреднички обликувани содржини во пишана форма, звук или слика, со цел да се информираат и задоволат културните, образовните и другите потреби на пошироката јавност. Медиуми не се билтени, каталози и други форми на*

[20] Собрание на Република Северна Македонија. Закон за изменување на Кривичниот законик. 13 февруари 2023 година, бр. 08 – 789/1. Достапно на https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=64127. Пристапено на 16 август 2023 година

[21] „Во името на граѓаните: Судот во заштита на медиумските работници.“ Здружение на новинари на Македонија. https://znm.org.mk/%D0%B2%D0%BE-%D0%B8%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%BD%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%BE%D1%82-%D0%B2%D0%BE-%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0/. Пристапено на 16 август 2023 година

*публикации, независно од средството за објавување, наменети исклучиво за огласување, образовниот систем или за деловна кореспонденција, за работата на трговските друштва, установите, здруженијата, политичките партии, државните и судските органи, јавните претпријатија, правни лица со јавни овластувања и верските организации. За медиуми не се сметаат и весниците и билтените на образовните институции, Службен весник на Република Северна Македонија, публикациите на единиците на локалната самоуправа, плакатите, летоците, проспектите и транспарентите*."

Според стандардите на Советот на Европа, медиумите се дефинирани како средства за масовна комуникација кои ја обезбедуваат јавната информативна функција, плурализмот и транспарентноста.[22]

- **Дефинирање на јавниот интерес**

Во македонското законодавство, дефиниција за јавен интерес е дадена во Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета во член 5:

*„(2) Како подрачја и прашања на јавен интерес особено се сметаат: сите облици, институции и активности на вршење на државна власт и јавни институции, локалната самоуправа, општествените дејности како здравството, културата, уметностите, образованието, науката, спортот, средствата за јавно информирање, правниот систем и примената на правото и економскиот систем и економските односи и животната средина."* Важно е да се истакне дека оваа дефиниција се однесува само во случаи на граѓански спор пред надлежен суд за делата клевета или навреда и дека истата не е општа дефиниција за овој поим.

Според Советот на Европа, јавниот интерес ги опфаќа активностите и прашањата кои се од значење за општествената благосостојба и кои влијаат на животот на граѓаните.[23]

[22] Council of Europe. "Recommendation CM/Rec(2018)1 of the Committee of Ministers to member States on media pluralism and transparency of media ownership." https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=0900001680790e13.
[23] Council of Europe. "Recommendation CM/Rec(2007)2 of the Committee of Ministers to member states on media pluralism and diversity of media content." https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=09000016805d6be3.

## 2.2.Што се подразбира под безбедност на новинарите?

Поимот безбедност се однесува на состојба во која поединците и групите не се изложени на закани по нивниот физички и психолошки интегритет. Безбедноста може да се гледа како објективна, односно какви реални закани постојат врз поединецот или групата, и субјективна, што се однесува на тоа колку луѓето чувствуваат дека се безбедни.

Професионалните новинари работат во интерес на јавноста и следствено на тоа нападот кон нив е напад на демократијата. Безбедноста на новинарите, во потесна смисла, означува можност новинарите и медиумските професионалци слободно да примаат, произведуваат и споделуваат информации, без да се соочуваат со физички или морални закани и во средина која овозможува заштита од насилство. Новинарите можат да бидат изложени на насилство и заплашување при исполнувањето на своето право на слобода на изразување, што директно го нарушува ова фундаментално човеково право.. Во оваа насока, говорејќи на настан за поддршка на слободата на печатот во Женева на 1 септември 2020 година, Високиот комесар за човекови права на ООН истакна дека „*околу 1.000 новинари биле убиени во последната деценија - и дека девет од 10 случаи „не се решени“.* На оваа меѓународна конференција посветена на слободата на медиумите Шефицата за права на ООН, Мишел Бачелет ги повика сите земји да сторат повеќе за да ги заштитат новинарите, особено за време на кризата КОВИД-19, бидејќи нивната работа помага да се спасат животи[24].

Безбедноста на новинарите е важна од повеќе аспекти бидејќи тие играат клучна улога во информирањето на јавноста и во барањето на одговорност од оние кои се на власт. Ако новинарите не се во можност да известуваат слободно и безбедно, тоа може да го ограничи протокот на информации и да ја поткопа демократијата. Дополнително, физичкото повредување или насилството врз новинарите, како и проблемот со неказнувањето на напаѓачите кон новинарите, не само што влијае негативно на индивидуалниот новинар, тоа има и застрашувачки ефект врз слободата на медиумите и слободата на изразување во поширок контекст.

[24] Меѓународна конференција на Обединети нации. Женева, септември 2020 година.

### 2.3.Видови на напади кон новинари и медиумски работници

Според Протоколот при системот за брзо реагирање и превенција за заштита на новинарите на Регионалната платформа за застапување на слободата на медиумите и новинарската безбедност на Западен Балкан[25], има неколку видови на прекршувања на правата на новинарите кои се категоризирани. Овој протокол е прилагоден на националниот контекст на природата на професијата на новинарите во Западен Балкан, а изработен во согласност со „*Индикаторите за заштита на новинари на УНЕСКО*“[26] како и на Платформата за промоција и заштита на новинарството и безбедноста на новинарите при Советот на Европа[27].

Според Протоколот, следните категории на напади се земаат во предвид при Регионалната Платформа за активирање на Системот за брзо реагирање и превенција:

1. Закани по животот и телото на новинарот и медиумските работници,
2. Физички напади,
3. Убиство и
4. Други напади

Платформата не реагира и не го активира механизмот за превенција и заштита во случаи на говор на омраза освен во ситуација кога говорот на омраза не е насочен директно кон безбедноста на новинарите и се цени дека има реален ризик да се поттикне насилство кон новинари.

## 3) ОПЕРАЦИОНАЛНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Ова поглавје се однесува на операционализација на предметот на истражување, прецизно дефинирање на тоа што ќе се истражува, вклучувајќи ги односите, аспектите, својствата и начинот на пристап.

[25] SafeJournalists.net. „Веб платформа на Регионалната Платформа за застапување на слободата на медиумите и новинарската безбедност.“ Мрежа на новинарски здруженија и синдикати на медиумите во земјите од Западен Балкан, основана во јануари 2016 година со финансиска поддршка од Европската Унија.
[26] УНЕСКО. Индикатори за безбедност. Пристапено на 28 јануари 2023 година.
[27] Совет на Европа. Платформа за промоција и заштита на новинаството и безбедноста на новинари. Пристапено на 19 јануари 2023 година.

За целите на ова истражување ќе се земе предвид јавно достапниот регистар на напади врз новинари на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) во периодот од 2017 до 2022 година.. Овој регистар е единствен извор за вакви податоци во земјата, иако тоа не значи дека новинарите или медиумските работници кои се предмет на напади и закани се задолжително членови на ЗНМ. Дополнително, не се исклучува можноста за повеќе инциденти во овој период, земајќи предвид дека дел од нападите или повредите на правата можеби не се пријавени во ЗНМ или во Министерството за внатрешни работи (МВР).

Од регистрираните случаи ќе се анализира полот на нападнатите новинари, времето и локацијата на инцидентите, како и споредба на овие фактори во периодот од пет години.

Исто така, јавно достапниот регистар на нападите на Платформата за заштита на новинари на Западен Балкан ќе послужи како дополнителен извор на информации и како независна варијабла.

Како друг фактор, ќе се земат предвид предизборните кампањи за предвремените парламентарни избори во 2020 година и локалните избори во 2021 година во услови на КОВИД-19 и нивното влијание врз безбедноста на новинарите, според извештаи на ОБСЕ, ОДИХР и други релевантни организации. Истражувањето ќе се потпира на коментари од претставници на локални новинарски и медиумски организации и интервјуа со мала група локални медиумски експерти и новинари.

Дополнително, ќе се земе предвид социоекономската положба на медиумските работници, за што се достапни извештаи од новинарските синдикати. Со користење на структуриран или неструктуриран вид на интервју, ќе се оцени дали економската положба е фактор кој влијае врз безбедноста на новинарите како втора зависна варијабла.

Исто така, истражувањето ќе го разгледа прашањето дали и како пандемијата на КОВИД-19 и други општествено-политички настани, како што се изборните кампањи за предвремени парламентарни избори во услови на пандемија, влијаат на зголемување на трендот и типот на напади кон новинарите за релевантната година, како и на степенот на неказнивост од страна на институциите, споредено со трендовите од претходните години. Истражувањето ќе вклучи анализа на евентуалните правни ограничувања кои ја

ограничуваат надлежноста на обвинителството да постапува по службена должност во случаи на загрозување на безбедноста на новинарите.

Дополнително, ќе бидат разгледани законските измени на Кривичниот законик, усвоени од Собранието на 17.02.2023 година, и ќе се коментираат начини за нивно ефективно спроведување, имајќи ги предвид препораките на Советот на Европа и актите на Европскиот парламент.

## 4) ДИСЦИПЛИНАРНО, ВРЕМЕНСКО И ПРОСТОРНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето е мулти дисциплинарно и е дел на безбедносните, правните, политолошките, криминолошките, пенолошките, виктимолошките, психолошките и социолошките науки. Сепак, бидејќи основниот интерес е да се развива модел за зголемување на безбедноста на новинарите и медиумските работници, ќе се користат научните сознанија кои се најблизу до безбедносните науки.

**Ова истражување ќе се спроведе на територијата на РСМ, а временската рамка која се зема во предвид за конкретните случаи е од јануари 2017 до декември 2022 година.**

## 5) ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Новинарската работа има јавен карактер и по тоа се разликува со некои други професии. Сепак, со одредени професии како на пример полицијата, во теорија, имаат сличности бидејќи и двете професии работат со цел да го исполнат, но и да го заштитат јавниот интерес. Во оваа насока новинарите и припадниците на полицијата може да бидат изложени на ризици и закани поради професионално вршење на својата работа. Тоа што е важно да се истакне посебно во контекст на новинарството е дека нападите и загрозувањето на безбедноста на новинарите, ја задушуваат јавната дебата и претставуваат закана за демократијата и социјалната кохезија во едно општество.

Оттука, **општата цел** на ова истражување е научно да се опише и да се појасни специфичноста и важноста на прашањата поврзани со безбедноста на новинарите во нашиот национален контекст, преку примери на нарушувања на безбедноста на новинарите за периодот на кој се однесува ова истражување, но и да се појаснат постоечките механизми

за превенција. Следствено на тоа, целта на истражувањето ќе биде и да се предложат мерки и активности за градење на отпорност кај новинарите и да се создаде чувство на сигурност и стабилност во извршувањето на професионалните задачи.

**Првата посебна цел** е да се испита дали и како глобалните и локалните кризи влијаат врз бројот и природата на заканите и нападите кон новинари во РСМ. Оваа анализа ќе овозможи разбирање на варијациите во фреквенцијата и типот на овие напади.

**Втората посебна цел** е да се анализира природата на нападите и да се утврди дали постои специфичен тренд на напади кон новинарите. Истражувањето ќе се обиде да идентификува карактеристични обрасци и влијателни фактори за овие инциденти.

**Третата посебна цел** е да се формулираат конкретни препораки за подобрување на состојбата со безбедноста на новинарите, со фокус на локалниот контекст на РСМ. Овие препораки ќе бидат насочени кон зајакнување на заштитата и поддршката на новинарите.

Остварувањето на таквите цели ќе се реализира преку обидот да се одговори на следните задачи:

- **Дефинирање на основните поими** поврзани со новинарската професија во меѓународен и локален контекст со вклучени примери,
- **Преглед на дел од законската регулатива** која се однесува на безбедноста на новинарите во локален контекст, но и со делумно анализирање на системите на релевантни меѓународни организации и споредба со домашни практики,
- **Опис на националниот контекст** во кој делуваат медиумските работници во услови на пандемија и посебно во услови на парламентарни и локални избори, земајќи ја важната улога на новинарите во информирање на граѓаните за партиските кампањи со конкретни изјави и ставови од релевантни медиумски експерти и новинари,
- **Краток опис на социоекономскиот контекст на медиумските работници** во РСМ преку анализа на релевантни извештаи и публикации,
- **Увид во дел од конкретните наоди и препораки** од национални и меѓународно организации кои работат во унапредување на правото на слобода на изразување,
- **Анализа на ставови и перцепции** поврзани со темата на засегнати целни групи врз основа на претходно изработен анкетен прашалник и спроведување на интервјуа.

## 6) ОПШТА ХИПОТЕЗА

**Општата хипотеза** е дека безбедноста на новинарите, а со тоа и гарантирањето на правото на информирање на граѓаните, е во врска со условите во кои тие работат и со степенот на развој и почитување на постапките, процедурите и механизмите за заштита на медиумските работници.

Во услови кога нема развиен и ефикасен систем на институционална заштита на новинарите, трендот на напади и закани кон новинарите и медиумските работници расте и природата на овие деликти е поагресивна, а тоа се одразува негативно на демократските процеси во РСМ.

Дополнително, претпоставката е дека преку толерирање на неказнивоста од страна на институциите, се нарушува индивидуалната и колективната безбедност на новинарите, се зголемува степенот на изложеност на ризик и други опасности, како по однос на вршење на професионалните задачи, така и по животот, здравјето и интегритетот на новинарите и нивната професија.

Институциите на системот согласно положбата и надлежностите создаваат услови за безбедна средина за работа на новинарите што ќе овозможи непречено информирање на граѓаните и ќе влијае позитивно на личната безбедност, но и чувството за колективна безбедност.

### 6.1. Посебни хипотези

1. Злоупотребата или неправилната употреба на технологијата, лесната достапност на интернетот од страна на корисници кои што можат да бидат и анонимни, интензитетот на користење, како и несоодветната регулација во национален контекст, директно придонесуваат поголем дел од заканите кон новинарите да се изразени преку социјалните мрежи и други дигитални платформи, а овие напади се изразени повеќе кон жени новинари,
2. Потенцијално низок степен на институционалното решавање на нападите кон новинарите придонесува кон зголемен страв и повисок степен на автоцензура во новинарската професија и

3. Без конкретни институционални механизми за поголема заштита на новинарите и засилена меѓу секторска соработка на прашања поврзани со безбедноста на новинарите има висок степен на неказнивост, а тоа влијае негативно на евро-интегративните процеси на РСМ.

## 7) КВАНТИТАТИВНИ И КВАЛИТАТИВНИ ИНДИКАТОРИ

Квантитативните индикатори се составени од бројот на случаи на закани и напади кон новинари во РСМ за периодот од 2017 до 2022 година, како што е појаснето во предметот на истражувањето. Овие индикатори ги вклучуваат и податоците за тоа колку од овие инциденти се случиле на интернет, а колку во физичка средина или на друг начин.

Квалитативните индикатори се засноваат на анализата на спроведените интервјуа со новинари, медиумски експерти и претставници на релевантни организации, како и на материјалите кои се предмет на интерес за ова истражување, вклучувајќи домашни и меѓународни извештаи за слободата на изразување и безбедноста на новинари од страна на кредибилни граѓански и политички организации.

## 8) Дополнителна длабочина на квалитативните индикатори обезбедува и анализата на научните трудови во оваа област, кои се користени при изработката на ова истражување.

## 9) МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Во рамки на овој докторски проект се предвидува да се користи комбинирана методологија од неколку алатки за истражување.

Најпрво се применува методот на **анализа на документи** и тоа на национални и меѓународни правни документи, разни стручни анализи од граѓански и академски организации како и медиумски критики и разни објави на теми поврзани со слободата на изразување и безбедноста на новинарите. Еден од најзначајните документи во оваа насока кој е предмет на појаснување и коментар е Препораката на Советот на Европа CM/Rec (2016) 4 на Комитетот на министри до земјите – членки за заштита на новинарството и безбедноста на новинарите и другите медиумски работници. Освен ова, во меѓувреме други два важни документи кои се беа донесени во 2021 година и во 2022 година од страна на Европската комисија се Препораките за заштита, безбедност, уредничка независност и транспарентност и тоа препораката бр.6650 16.9.2021 година и бр.1634 од 16.9.2022 година

за кои исто така беше посветено внимание посебно во делот на безбедност на медиумските работници. Во рамки на овој метод се анализираа примери и податоци од други држави со цел правење на компарација на состојбата.

Како втор метод е примената на **индукција и дедукција** посебно во делот на препораките и заклучокот од докторскиот труд. Трудот пред сè, се стреми да ги појасни главните карактеристики и наоди на темата движејќи се од поедноставното кон посложеното.

Трет метод кој беше применет е спроведување на **полуструктурирани прашалници преку интервјуа**. За потребите на ова истражување се изработени прашалници од полуструктуриран вид со затворени и отворени прашања и се спроведени 20 интервјуа со новинари од различни медиуми, претставници на меѓународни релевантни организации, владини претставници како и лица кои ги претставуваат правосудните органи. Одговори на прашалниците се добиваа во живо во форма на интервју, односно планско водење на разговор, а во услови кога тоа не беше можно, испитаниците писмено се искажуваа. Во двата случаи им беше доставено на увид писмо за информирање кое содржи основни информации за истражувачот како и целта на оваа активност. Освен ова им беше доставено и изјава за согласност пред спроведување на интервјуто. Исто така, сите интервјуа, за потребите на трудот, кога за тоа имаше услови, беа снимени тонски, потоа од секое интервју се изработени белешки и за крај се ова е документирано со посебен документ. Овој документ претставува табеларен приказ во кој се наведени името и презимето како и институцијата која ја претставува интервјуираното лице, потоа дата и место кога е спроведено како и дали има согласност за цитирање или не. Сите овие белешки, записници, потпишани изјави како и аудио снимки се достапни во архивата на авторот на овој труд.

**Метод на анализа на теории,** беше применет за да се анализираат основните документи за новинарство и развојот на овие документи во изминатите неколку децении како и релевантни теории поврзани со оваа професија и со работата на медиумите. Овој метод, исто така опфати разгледување на релевантните акти на ОН, ЕУ, ОБСЕ, Совет на Европа, и дефинирање на некои од основните поими за темата преку праксата на меѓународните здруженија на новинари. Анализата се фокусира на еволуцијата и на теориите за развој и објаснување на суштината на медиумите и новинарството, со посебен

фокус на теоретското перципирање важноста на безбедноста на новинарите и медиумските работници. Преку овој метод, се истражуваат глобалните трендови и промени во медиумскиот пејзаж како и влијанието на формулирањето на меѓународните стандарди и практики за безбедноста на новинарите.

**Компаративниот метод** се користи за да се анализираат домашното, регионалното и меѓународното законодавство и практики. Овој метод овозможи споредба на правните рамки и нивната имплементација во различни контексти, со цел да се идентификуваат најефективните практики и да се предложат подобрувања за македонскиот контекст. Преку оваа анализа се оцени како различните правни системи се справуваат со заштитата на новинарите и кои се можните импликации за РСМ.

Освен ова предмет на разгледување и елаборирање се неколку механизми на меѓународни и регионални организации кои служат за превенција и заштита на новинарите како и нивното значење во национален контекст на РСМ.

## 10) НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во РСМ, безбедноста на новинарите е критичен аспект за одржување на стабилноста и обезбедување на правото на информирање на граѓаните. Новинарите, но и општо медиумските работници играат клучна улога во промовирањето на слободата на медиумите, транспарентноста и одговорноста. Тие помагаат да се разоткрие корупцијата, злоупотребата на моќта и другите форми на незаконско работење како и злоупотребата на власта притоа придонесувајќи за поголема транспарентност и одговорност во земјата. Новинарите, исто така, им овозможуваат на граѓаните пристап до важни информации и различни перспективи, што е од клучно значење за информирано донесување одлуки и за јавната дебата.

Во контекст на интеграцијата во ЕУ, гарантирањето на безбедноста на новинарите е еден од поважните услови за земјите кандидати кои водат преговори за членство во ЕУ. Овој пристап на властите ја промовира и демократската стабилност, бидејќи овозможува мирно изразување на мислења и идеи. Слободните и безбедни новинари се најдобрите промотори на слободната, демократска мисла, што е одлика на демократското општество.

**Првата индикација за тенденциозно нарушување на слободата на изразување е загрозување на безбедноста на новинарите преку поттикнување насилство кон нив или негување политика на неказнивост на оние кои се заканување или ја попречуваат нивната работа**. Меѓународните граѓански и политички организации редовно објавуваат различни индекси и извештаи со показатели за слободата на изразување, правото на информирање и слободата на медиумите. Целта на овие јавни документи е да се подигне свеста за важноста на прашањата поврзани со безбедноста на медиумските работници и да се влијае на политиките за креирање политики во кои тие можат безбедно да ја вршат својата професија.

Сепак, и покрај годишните извештаи на ЕК во Поглавјето 23, кое се однесува на судството и човековите права, и квалификациите дадени во контекст на безбедноста на новинарите и медиумските работници, постои очигледен недостаток на академски истражувања и јавно достапни научни трудови на овие теми посебно во локален контекст, но и во регионот на Западен Балкан. Затоа, примарно е да се истражат прашањата поврзани со безбедноста на новинарите со длабок академски и научен преглед, што останува основен повод за изработката на оваа докторска дисертација.

Еден од соодветните начини за подобрување на состојбите би бил новинарската заедница заедно со академската заедница, како и професионалците во институциите одговорни за креирање и спроведување политики за поголема безбедност во медиумскиот сектор, да понудат решенија на извршната и законодавната власт кои потоа ќе послужат за создавање систем во кој новинарите ќе можат безбедно да ја вршат својата професионална работа. Овој докторски труд настојува да придонесе за актуелизирање на проблемот, но и да се обиде да ги анализира механизмите за превенција и заштита на новинарите кои можат да се применат во подобрување на државата на ова поле.

Понатаму, трудот се стреми да одговори на суштински прашања со кој тип и интензитет на закани по безбедноста новинарите и медиумските работници се соочуваат и како тоа влијае на нивната работа. Освен ова, трудот дава конкретни научни но и практични решенија кои би биле спроведливи во националното опкружување, а во насока да ја подобрат состојбата, во доменот на физичката и безбедноста на новинарите на интернет.

# II. ДЕЛ II

## СОВРЕМЕНИ ТЕОРИИ ЗА НОВИНАРСТВОТО И НА МЕДИУМИТЕ

Современите теории на новинарството и медиумите играат суштинска улога во разбирањето на комплексноста и динамиката на медиумската индустрија во 21-от век. Тие не само што анализираат како медиумите влијаат врз општеството, туку и како тие функционираат во различни политички, економски и технолошки контексти. Современите теории на новинарството и медиумите се исклучително важни за подобро разбирање на динамичниот и променлив контекст во кој новинарите и медиумските работници оперираат. Овие теории ги покриваат различните аспекти на медиумската индустрија, од правото на информирање до улогата на технологијата и медиумскиот плурализам. Во РСМ, овие теории се адаптираат според локалните услови и предизвици, обезбедувајќи рамка за анализа и подобрување на медиумската практика.

Ова поглавје ги разгледува клучните теории на новинарството и медиумите, ја анализира нивната примена и го испитува нивното влијание врз медиумската практика во РСМ.

Современите теории за новинарството и медиумите играат клучна улога во нашето разбирање на комплексната и динамична природа на модерниот медиумски пејзаж. Овие теории ни овозможуваат да ги анализираме медиумите, општеството, политиката и технологијата, обезбедувајќи сеопфатна рамка за оценување на тоа како медиумите влијаат и се под влијание на овие домени.

Еволуцијата на медиумите во последните неколку децении е обележана со значителни технолошки напредоци. Од појавата на интернетот и социјалните мрежи до распространувањето на мобилните уреди и дигиталните платформи, овие технолошки промени фундаментално го измениле начинот на кој медиумите се произведуваат, дистрибуираат и консумираат. Современите медиумски теории ни помагаат да ги разбереме импликациите на овие промени, нудејќи увид во можностите и предизвиците на новото медиумско опкружување.

Еден критичен аспект на современите медиумски теории е нивната способност да ја појаснат улогата на медиумите во обликувањето на јавниот дискурс. Медиумите служат како канал за информации и идеи, играјќи клучна улога во формирањето на јавното мислење. Преку поставување на агенда медиумите можат да истакнат специфични прашања и перспективи, влијаејќи на тоа како публиката ги перципира и интерпретира настаните, а тоа пак влијае како граѓаните ги носат своите одлуки во општествениот живот. Преку испитување на овие процеси, медиумските теории обезбедуваат увид во динамиката на моќта и идеолошките конструкции кои го поддржуваат медиумското работење.

**Во контекстот на РСМ, примената на современите медиумски теории е особено значајна.** Во последните три декади земјата доживеа значителни политички и социјални трансформации, движејќи се од социјалистичка република кон независна демократска држава. Овие промени беа придружени со промени во медиумскиот пејзаж, со зголемен диверзитет на медиумските канали, односно типови или платформи на медиуми и поголема слобода на изразување. Граѓаните од една државна телевизија, тоа е Македонската радио телевизија (МРТВ), која во рамки на своето делување функционираат и радио канали, во краток период од неколку години доби голем број на национални но и регионални и локални приватни радио станици со значително влијание. Печатените медиуми исто така во деведесеттите и почетокот на новиот милениум имаа значително влијание кое пак во последните години се премости на дигиталните односно он лајн медиумите. Сепак, предизвиците како концентрацијата на медиумското сопственишство, политичкото влијание и финансиската одржливост на независните медиуми остануваат. Применувајќи ги медиумските теории на овој локален контекст, можеме подобро да ги разбереме овие предизвици и да развиеме стратегии за нивно решавање.

Медиумските теории исто така ја истакнуваат **важноста на медиумската писменост**. Во ера кога информациите се лесно достапни и во голем обем, способноста за критичко оценување на медиумските содржини од страна на граѓаните е многу важна. Медиумската писменост дава можност на граѓаните да разликуваат кредибилни извори од дезинформации, да ги разберат импликациите на медиумските пораки и да учествуваат поефективно во јавниот дискурс. Промовирањето на медиумската писменост е од

суштинско значење за формирање на информирано граѓанство зошто на тој начин може полесно да ги разбере комплексностите на модерното медиумско опкружување.

**Етичкото новинарство** е уште еден критична компонента кој е истакната од современите медиумски теории. Брзината на дистрибуција на информации и интензивната конкуренција за вниманието на публиката понекогаш може да доведат до етички компромиси. Осигурувањето дека новинарите се придржуваат до принципите на вистинитост, одговорност и праведност е од витално значење за одржување на јавната доверба во медиумските институции. Во РСМ, промовирањето на етичкото новинарство е клучно за создавање на медиумска средина која се темели на демократските принципи и го штити јавниот интерес.

**Регулаторните политики** исто така играат значајна улога во обликувањето на медиумското опкружување. Ефективната регулација може да ја поддржи независноста на медиумите, да обезбеди диверзитет на ставови и да ги заштити правата на новинарите. Во РСМ, усогласувањето на медиумските регулативи со стандардите на Европската унија е важен чекор кон зголемување на медиумската слобода и одговорност. Таквите регулаторни рамки се од суштинско значење за создавање на медиумско опкружување кое ја поддржува демократската партиципација и обезбедува точни и доверливи информации за јавноста.

Како констатација за современите теории за новинарството и медиумите може да се истакне дека овие теории обезбедуваат сеопфатна рамка за разбирање на сложената динамика на модерниот медиумски пејзаж. Применувајќи ги овие теории на контекстот на РСМ, можеме да добиеме вредни увиди во предизвиците и можностите со кои се соочуваат медиумите. Ова разбирање е од суштинско значење за развој на стратегии за подобрување на медиумските практики, промовирање на медиумската писменост, поддржување на етичките стандарди и осигурување на ефективната регулација што е тесно поврзано со безбедноста на медиумските работници, што на крајот придонесува за по информирано и ангажирано општество.

## 1.1 Теорија за јавната сфера

Теоријата за јавната сфера, предложена од Јурген Хабермас, е основна за разбирање на улогата на медиумите во демократските општества. Според Хабермас, јавната сфера е

домен на општествениот живот каде што може да се формира јавното мислење. Тоа е арена за слободен и отворен дискурс, каде што индивидуите се собираат за да дискутираат и да влијаат врз политичките акции. Медиумите, особено новинарите, играат клучна улога во овој процес, обезбедувајќи ги информациите кои се потребни за јавната дебата.

За пошироките дискусии кои се фокусираат на политиките, често се користи различен пристап кон дискурсот. Затоа, современиот филозоф Јурген Хабермас повикува на етика на дискурс *„која може да помогне во разбирањето на социјалните, правните и политичките развојни процеси“*. Етиката на дискурсот на Хабермас може да овозможи унапреден форум во редакциите, не само за единечни аргументирани несогласувања, туку и за широки дискусии за политики. Овие дискусии често се случуваат кога новинарите развиваат долгорочни проекти и избираат односно вклучуваат нови делови од заедницата на кои планираат да ги фокусираат своите истражувачки напори. Етиката на дискурсот според Хабермас сугерира дека сите учесници во дискусијата треба да бидат рамноправни, со што се ограничува прекумерното влијание на оние со повисок институционален авторитет врз одреден аргумент. Ова може да го намали корутивниот ефект на оние на врвот на хиерархијата, кои често се најмногу корумпирани од економските и политичките алијанси. Овој пристап ја нагласува важноста на логичниот аргумент, транспарентната дебата и релативната еднаквост меѓу учесниците во дискурсот.[28]

Во РСМ, концептот на јавната сфера е особено релевантен. Медиумите во РСМ имаат потенцијал да го олеснат демократскиот дијалог и да ги ангажираат граѓаните во политичките процеси. Ова е особено важно во земја каде што институциите сѐ уште се консолидираат и стремат кон демократски капацитети, а јавната доверба во политичките процеси треба да се зајакне.

Историскиот контекст на РСМ, со нејзиниот премин од социјалистичка република во независна демократска држава, ја нагласува важноста на динамичната јавна медиумска сфера. За време на овој премин, медиумскиот пејзаж исто така се трансформираше, со зголемена диверзитет на медиумските канали и поголема слобода на изразување, но како што и погоре беше појаснето, останаа одредени предизвици.

---

[28] Quinn, Aaron. Virtue Ethics and Professional Journalism. Cham: Springer Nature Switzerland AG, 2018, pg. 153. https://doi.org/10.1007/978-3-030-01428-5.

**Теоријата за јавната сфера ја истакнува потребата од медиумска независност и плурализам**. Независните медиуми се клучни за обезбедување дека во јавниот дискурс се претставени различни перспективи. Овој диверзитет е од суштинско значење за здрава јавна сфера, каде што различни ставови можат да се дебатираат и колективно да се донесуваат одлуки. Во РСМ, напорите за поддршка на независното новинарство и спречување на медиумските монополи се важни за одржување на плуралистичка и отворена јавна сфера.

Дигиталните медиуми (он лајн) понатаму ја проширија јавната сфера, обезбедувајќи нови платформи за дискусија и граѓански ангажман, но ограниченоста на нив е што како и традиционалните и овие канали имаат специфична публика. Социјалните мрежи, блоговите и онлајн новинарските платформи ја демократизираа дистрибуцијата на информации, дозволувајќи повеќе гласови да бидат слушнати но истовремено ова пак зголеми и ризици по информирањето и по правата на новинарите. Ова има потенцијал да го зголеми јавниот ангажман и демократската партиципација. Сепак, тоа исто така претставува предизвик, како што се ширењето на дезинформации и потребата за дигитална писменост на корисниците на овие платформи.

Еволуцијата на јавната сфера во дигиталната ера бара повторна евалуација на традиционалните медиумски теории. Додека концептот на Хабермас беше вкоренет во ерата на печатените медиуми, современите адаптации треба да го разгледаат влијанието на дигиталните технологии врз јавниот дискурс. Во РСМ, ова значи истражување на начинот на кој онлајн платформите се користат за политичка мобилизација, граѓански ангажман и дистрибуција на информации. Оваа теорија ако се разбира буквално може да има и предизвик во спроведувањето во новата дигитална ера, посебно земајќи во предвид дека гломазните и многубројни редакции кои беа типични за печатените медиуми, во денешно време се трансформирани во редакции од само неколку луѓе во онлајн сферата.

Улогата на медиумите во поттикнувањето на јавната сфера не е без предизвици. Проблемите како што се медиумската пристрасност, цензурата и комерцијализацијата на вестите можат да го поткопаат квалитетот на јавната дебата. Обезбедувањето на медиумската одговорност и промовирањето на етичкото новинарство се клучни за одржување на интегритетот на јавната сфера. Во РСМ, медиумските регулаторни рамки и

професионалните стандарди мора да се зајакнат за да се решат овие проблеми и да се поддржи развојот на слободна и правична медиумска околина.

За оваа теорија, сумарно може да се каже дека теоријата за јавната сфера обезбедува вредна рамка за разбирање на улогата на медиумите во демократските општества. Таа ја нагласува важноста на медиумската независност, плурализам и етичко новинарство во поттикнувањето на квалитетна и плуралистичка јавна дебата. Во нашиот национален контекст, адаптирањето на оваа теорија може да помогне во решавањето на уникатните предизвици со кои се соочуваат медиумите и да го зголеми нивниот придонес во демократските процеси.

## 1.2 Теорија за поставување на агенда

Теоријата за поставување на агенда, развиена од Максвел МекКомбс и Доналд Шо, останува основен концепт за разбирање на улогата на медиумите во влијанието врз јавните приоритети. **Според оваа теорија, иако медиумите не диктираат директно што да мислат луѓето, тие значително влијаат на тоа за што мислат, избирајќи кои прашања да ги истакнат. Овој процес е критичен за обликување на јавниот дискурс и насочување на вниманието кон специфични теми.**

Оваа теорија исто така користи обемна анализа на содржината за да покаже дека *„Преку нивното рутинско структуирање на социјалната и политичката реалност, медиумите влијаат на агендата на јавните прашања околу кои се организираат политичките кампањи и одлуките на гласачите“*[29]. Во истата книга потоа се додава дека, како теоријата за култивација, теоријата за поставување на агенда се стреми да открие долгорочни – а не краткорочни – медиумски ефекти. Теоријата за поставување на агенда се развила од подолга теоретска традиција која се занимава со тоа како јавното мислење се формира од медиумските претстави на *„надворешниот свет“*. Новинарите особено влијаат на јавното мислење според важноста што ја даваат на одредени вести. Приказните во весниците, на пример, се избираат и подредуваат во согласност со одредени вредности на вестите. Тие приказни што се сметаат за најважни добиваат покриеност на првата страница и големи наслови; помалку важни приказни се поставени понатаму во весникот и добиваат помалку

[29] Laughey, Dan. Key Themes in Media Theory. Maidenhead: Open University Press, 2007, 35.

простор за печатење. Теоријата за поставување на агенда *„тврди дека публиката ги прифаќа овие аспекти од медиумите, инкорпорирајќи слични ставови на важност во нивните сопствени агенди“*. Четири реторички знаци влијаат на процесот на поставување на агенда, привлекувајќи го вниманието на публиката кон важноста на одредени вести[30]:

- ***Фреквенција односно колку е често повторувањето****: „тркалезната“ вест се смета за важна.*
- ***Проминенцијата со која се прикажуваат елементите на вестите****: главните вести, по дефиниција, се претпоставува дека имаат поголемо значење од помалите вести.*
- ***Степенот на конфликт присутен во новинарскиот став****: политичките скандали се поважни од политичкиот консензус, на пример.*
- ***Врамување на новинарскиот став****: во каков контекст и кога се појавува: летните празнични викенди често се повод за разговори за прекумерната консумација на алкохол кај тинејџерите, на пример.*

Во РСМ, оваа теорија е особено релевантна во контекстот на политичките и социјалните реформи. На пример, медиумското покривање на корупциските скандали може да ги истакне овие прашања во јавната дебата, поттикнувајќи владини акции и промени во политиките. Слично, истакнувањето на теми како што е интеграцијата во ЕУ може да го обликува јавното мислење и да влијае на политичките агенди.

За време на изборни периоди, улогата на медиумите во поставувањето на агенда станува уште понагласена. Фокусирајќи се на одредени кандидати, политички прашања или кампањски настани, медиумите можат да ги обликуваат перцепциите и одлуките на гласачите. На пример, обемното покривање на изборната платформа на еден кандидат за економски реформи може да доведе до тоа гласачите да ги приоритетизираат економските прашања при гласањето. Ова влијание ја нагласува моќта на медиумите во обликувањето на политичкиот пејзаж и насочувањето на вниманието на јавноста.

Во дигиталната ера, поставувањето на агенда се проширува и на дигиталните платформи и социјалните мрежи. Алгоритмите на платформи како *„Facebook, Twitter и*

---

[30] Ibid. 36

*Google News“* играат значајна улога во одредувањето кои прашања ќе добијат внимание па токму затоа и во оваа година има сериозни дискусии во одредени земји во Европа да се постават законски рамки на алгоритмите, вклучувајќи и во Европскиот парламент преку Законот за дигитални услуги[31]. Овие алгоритми се дизајнирани да го максимизираат ангажманот на корисниците, често приоритетизирајќи сензационални или трендовски теми. Ова може да ги засили одредени прашања, правејќи ги повидливи и влијателни во јавниот дискурс.

Во РСМ, улогата на дигиталните медиуми во поставувањето на агенда станува сè позначајна. Социјалните мрежи се широко користени за консумирање вести, особено меѓу помладата публика[32]. Специфичната природа на онлајн содржините значи дека ангажманот на корисниците може брзо да ги издигне одредени прашања на национално ниво. Оваа динамична интеракција помеѓу традиционалните медиуми и дигиталните платформи создава комплексна средина за поставување на агенда, каде различни актери влијаат на јавните приоритети.

Конвергенцијата односно спојувањето на традиционалните и дигиталните медиуми бара посебно разбирање на поставувањето на агенда во современиот контекст. Медиумската писменост станува клучна, бидејќи граѓаните треба да се снаоѓаат во информативен пејзаж каде што и уредничките одлуки и алгоритамските процеси ја обликуваат јавната агенда. Во РСМ, промовирањето на медиумската писменост може да им помогне на граѓаните критички да се ангажираат со вестите и да ги разберат силите што ги обликуваат нивните перцепции.

### 1.3 Теорија на врамување (framing)

Теоријата на врамување, воведена од Ервинг Гофман, навлегува во суптилностите на тоа како се презентираат и интерпретираат информациите. **Таа сугерира дека начинот на кој се врамувани или структурирани и презентирани вестите може значително да влијае**

[31] Законот за дигитални услуги (DSA) е законодавна иницијатива на Европската унија чија цел е да го направи интернетот побезбеден и да ги заштити правата на луѓето онлајн. Алгоритамската транспарентност и одговорност се клучните делови на оваа заштита

[32] „Младите во Македонија многу полесно препознаваат дезинформации пласирани на социјалните медиуми.“ МИМ. Пристапено на 3 август 2024 година. https://www.mim.org.mk/mk/aktivizam/1507-mladite-vo-makedonija-mnogu-polesno-prepoznavaat-dezinformacii-plasirani-na-socijalnite-mediumi.

**на тоа како публиката ги перципира и разбира настаните.** Врамувањето делува како когнитивна кратенка, истакнувајќи одредени аспекти на приказната додека ги занемаруваат другите, со што го обликуваат наративот и влијаат на јавната интерпретација. Истражувањата за поставување на агенда ги следат своите почетоци од Волтер Липман (1922) чија прва глава беше насловена *„Светот надвор и сликите во нашите глави"*. *„Сликите"* во овој случај опфаќаа прашања покриени во вестите. Медиумите избираат кои приказни да ги емитуваат и кои да ги игнорираат. Прашањата покриени во медиумите имаат силно влијание врз јавноста, при што јавноста учи кои прашања се важни според обемот на покриеност што ги добиваат. МекКомбс и Шо (1972) пронајдоа силна корелација помеѓу медиумската агенда (*прашањата што добиваат обемно покривање*) и јавната агенда (*прашањата што поединците ги сметаат за важни*).[33]

Во РСМ, медиумското врамување игра клучна улога во обликувањето на јавното мислење, особено за чувствителни прашања како политичката корупција, етничките тензии и националниот идентитет. На пример, врамувањето на антикорупциските протести како легитимни демократски акции или како деструктивни и нелегални активности, може да доведе до значително различни јавни реакции и политички одговори и контра мерки.

Врамувањето не е ограничено на текстуалните содржини; визуелното врамување е исто така моќно. Изборот на слики, користењето на графики и техниките на видео монтажа сето тоа придонесува за тоа како приказните се врамуваат визуелно. Во РСМ, врамувањето на етничките тензии преку слики и видеа може да ги зајакне стереотипите или да промовира разбирање, во зависност од тоа како е уредена и презентирана визуелната содржина. Имало примери во понова историја кога преку врамување на судски постапки со етнички предзнак следеле протести и контрапротести во Скопје за што сведочат бројни медиумски објави.

Појавата на мултимедијалното новинарство дополнително ја истакна важноста на врамувањето во современите медиуми. Визуелните и аудиовизуелните елементи, комбинирани со текстуалната содржина, создаваат поимпресивно искуство на раскажување, но исто така воведуваат дополнителни слоеви на врамување што влијаат на перцепциите на публиката. На пример, драматичната музика и селективната монтажа во

[33] Fahmy, Shahira, Mary Angela Bock, and Wayne Wanta. *Visual Communication Theory and Research: A Mass Communication Perspective*. New York: Palgrave Macmillan, 2014, pg. 3.

видео извештаите можат да предизвикаат емотивни реакции, со што се врамува наративот на одреден начин.

Разбирањето на механизмите на врамување од суштинско значење за медиумските професионалци и потрошувачите. Новинарите мора да бидат свесни за содржините што ги користат и да се стремат кон балансирано известување што претставува повеќе перспективи. Медиумските консументи односно публиката, од друга страна, треба да развијат критички вештини за размислување за да ги препознаат и анализираат содржините што се користат во вестите.

Во РСМ, промовирањето на свесноста за техниките на врамување може да ја подобри медиумската писменост и да ги оспособи граѓаните критички да се ангажираат со вестите. Ова е особено важно во медиумски пејзаж каде што политичките партии и комерцијалните интереси можат да влијаат на тоа како се врамувани медиумските содржини. Разбирајќи го влијанието на врамување, граѓаните можат подобро да го следат информацискиот пејзаж и да донесуваат информирани одлуки.

Теоријата на врамување исто така се проширува на анализата на наративите и дискурсите во медиумите. Изборот на јазик, метафори и симболи во вестите придонесува за процесот на врамување. На пример, опишувањето на политичка реформа како „*неопходна реформа*“ наспроти „*ризичен експеримент*“, во било кој сектор, ја врамува реформата во позитивно или негативно светло, соодветно. Овие суптилни разлики во јазикот можат да го обликуваат јавното мислење и политичките дебати.

Слично како и со претходната теорија, и теоријата за поставување на агенда и теоријата на врамување обезбедуваат вредни увиди во тоа како медиумите влијаат на јавната перцепција и дискурс. Во РСМ, овие теории играат значајна улога во разбирањето на влијанието на медиумите врз политичкиот и социјалниот контекст. Применувајќи ги овие теории, медиумските професионалци можат да ги усовршат своите методи на известување, додека граѓаните можат да развијат подлабоко и подобро разбирање на информациите што ги примаат.

## 1.4 Медиумска екологија и политичка економија на медиумите

Медиумската екологија, како што ја концептуализира Маршал МекЛухан, обезбедува сеопфатна рамка за разбирање на сложените интеракции помеѓу медиумите, технологијата и општеството. МекЛухан познато изјави: *„Медиумот е пораката“,* сугерирајќи дека карактеристиките на медиумот сами по себе значително влијаат на тоа како се перципира и разбира содржината. **Оваа теорија ја нагласува важноста на испитувањето на целото медиумско опкружување за да се разбере неговото влијание врз човечката комуникација и општествените структури.**

МекЛухан исто така истакнува дека медиумите не се само неутрални канали за пренос на информации, туку тие сами по себе создаваат нови форми на размислување и дејствување. Според него, секој медиум има свој уникатен сет на својства што влијаат на начинот на кој информациите се перцепираат и интерпретираат. На пример, пишаните медиуми создаваат линеарно и логичко размислување, додека електронските медиуми промовираат визуелно и холистичко размислување.

Во книгата „*Critical Theories of Mass Media: Then and Now*“[34] од Пол Тејлор и Џен Л. Харис, авторите истражуваат како МекЛухановата концепција на медиумската екологија влијаела на современото разбирање на медиумите. Тие истакнуваат дека МекЛухан ја истражува природата на медиумите и нивното влијание врз човековото искуство и општествените структури. Во овој труд, авторите објаснуваат како МекЛухан ја нагласува важноста на медиумите во формирањето на човечката перцепција и културните норми. Според МекЛухан, медиумите создаваат средини кои влијаат на начинот на кој луѓето ги доживуваат и разбираат светот околу нив.

Теоријата на МекЛухан сугерира дека за да се разберат целосно ефектите на медиумите, мора да се анализира целокупниот медиумски пејзаж и како различни медиуми комуницираат и влијаат едни на други. Оваа теорија е соодветна за разбирање на модерните медиумски општества, каде што различни форми на медиуми, како што се телевизијата,

[34] Taylor, Paul A., and Jan Ll. Harris. *Critical Theories of Mass Media: Then and Now*. Maidenhead: Open University Press, 2008, pg. 85-87.

интернетот и социјалните мрежи, создаваат комплексни и меѓусебно поврзани екосистеми на информации и културни вредности.

Со примена на МекЛухановите идеи, можеме да ги подобриме нашите методи за анализирање на медиумите и нивното влијание врз општеството. Ова ни овозможува да развиеме напредно разбирање на информациите и како тие се пренесуваат и перципираат од различни општествени групи. Медиумската екологија на МекЛухан ни овозможува да ги разбереме не само содржините на медиумите, туку и структурите и технологиите што ги поддржуваат и формираат овие содржини.

Во РСМ, медиумскиот екосистем, претрпе значителни промени со доаѓањето на дигиталните технологии. Традиционалните медиуми, како што се весниците, радиото и телевизијата, сега коегзистираат со дигитални платформи, вклучувајќи социјални мрежи, онлајн новинарски портали и блогови, а како главна специфика за земјата е користење и на т.н. медиумски агрегати[35] како што е примерот со „*time.mk*". Ова хибридно медиумско опкружување создава динамичен екосистем каде различни форми на медиуми интегрираат, конкурираат и влијаат едни на други.

Порастот на социјалните мрежи како *Facebook* (од неодамна Мета*), Twitter и Instagram* особено го трансформира медиумскиот пејзаж. Овие платформи станаа примарни извори на вести и информации за многу луѓе, особено помладата публика. Инерцијата и интерактивноста на социјалните мрежи им овозможуваат на корисниците да се ангажираат со вестите во реално време, да ги споделуваат своите мислења и да учествуваат во дискусии. Сепак, ова исто така води до предизвици како брзото ширење на дезинформации и формирањето на т.н. „*ехо комори*", каде корисниците се изложени главно на информации што ги зајакнуваат нивните постоечки верувања, а тоа пак влијае на објективноста и критичноста кон одредени теми. **Основна разлика на информациите пласирани на социјални медиуми и на професионални конвенционални медиуми, без разлика дали станува збор за традиционални или онлајн, се состои во тоа што во вторите целата содржина подлежи (или треба да подложи) на уредничка контрола, авторот е познат и содржината е, или треба да биде, во согласност со етичките принципи.** Дополнително,

[35] Медиумски агрегат е платформа или услуга која собира, организира и дистрибуира содржини од различни медиумски извори, обединувајќи ги на едно место за полесен пристап до информациите.

на социјални медиуми авторите или оние кои генерираат содржина најчесто не се новинари и во поново време оваа содржина, целосно или делумно, може да биде развиена и од програми кои генерираат содржина со помош на вештачка интелигенција.

Разбирањето на медиумскиот екосистем во РСМ бара анализа на тоа како различните медиумски форми влијаат врз јавниот дискурс и политичкиот ангажман. Улогата на дигиталните медиуми во обликувањето на јавното мислење е значителна, бидејќи онлајн платформите често ја поставуваат агендата за традиционалните медиуми. На пример, влијателна објава на социјалните мрежи може да предизвика обемно покривање од страна на главните или т.н. „*мејнстрим*“ медиуми, демонстрирајќи ја меѓусебната поврзаност на медиумскиот екосистем.

Во разновидното медиумско опкружување, граѓаните треба да имаат вештини за критичко оценување на кредибилитетот на различните извори на информации. Повторно и во оваа теорија промовирањето на медиумската писменост во РСМ е од суштинско значење за помагање на поединците да се снаоѓаат во комплексноста на дигиталната ера и да донесуваат информирани одлуки врз основа на доверливи информации.

**Влијанието на дигиталните медиуми врз традиционалните новинарски практики е уште еден критичен аспект на медиумската екологија**. Промената кон стратегиите „*дигитално-први*“ доведе до промени во операциите на редакциите, уредничките работни процеси и бизнис моделите. Новинарите сега инкорпорираат мултимедијални елементи, визуализација на податоци и интерактивни функции во нивното известување, создавајќи „*поангажирана*“[36] информативна содржина. Сепак, притисокот за брзо производство на содржини и привлекување на онлајн ангажман понекогаш може да ги компромитира новинарските стандарди и да доведе до сензационализам.

Во национален контекст, потенцијални академски студии за медиумска екологија можат да обезбедат вредни увиди во тоа како медиумските практики еволуираат и како тие влијаат врз општествените комуникациски модели. Истражувачите можат да ги испитаат

[36] „Поангажирана“ информативна содржина во контекст на медиумите се однесува на начините на кои новинарите создаваат и презентираат вести и информации за да го зголемат интересот и учеството на публиката. Овој термин ја опфаќа употребата на различни технологии и методи за да се направи содржината поинтерактивна, визуелно привлечна и мултимедијална

интеракциите помеѓу различните медиумски форми, влијанието на дигиталните платформи врз јавниот дискурс и импликациите на овие промени за демократската партиципација и граѓанскиот ангажман.

## 1.5 Политичка економија на медиумите

**Теоријата за политичката економија на медиумите ги испитува сложените односи помеѓу медиумското сопственишто, економските интереси и уредничката содржина**. Овој пристап ги истакнува како економската моќ и политичкото влијание ги обликуваат медиумските практики, потенцијално влијаејќи врз независноста и диверзитетот на новинарските содржини. Разбирањето на овие динамики, како што се истакнува во трудот на Мердок и Голдинг, е од суштинско значење за оценување на здравјето на медиумскиот пејзаж во секоја земја, вклучувајќи ја и Македонија[37].

Кај нас, концентрацијата на медиумското сопственишто претставува значителна загриженост. Неколку моќни ентитети, пред се кај телевизиите, контролираат голем дел од медиумскиот пазар, што може да доведе до недостаток на диверзитет и плурализам во ставовите и потенцијални конфликти на интереси. Посебно кога медиумските организации односно медиумите, се сопственост или под влијание на политички фигури или бизнис магнати, постои ризик дека новинарските содржини ќе бидат пристрасни за да ги служат овие интереси, поткопувајќи ја улогата на медиумите како надзорник и давател на непристрасни информации.

Пристапот на политичката економија ги открива врските помеѓу медиумската содржина и интересите на медиумските сопственици. На пример, медиумска организација односно медиум, во сопственост на бизнис конгломерат може да избегнува објавување на приказни или содржини што би можеле негативно да влијаат врз другите бизнис прилики на сопственикот. Слично, медиумски организации со политички афилијации може да обезбедуваат поволно покривање на одредени политичари или партии, додека занемаруваат или негативно ги прикажуваат нивните противници.

[37] Murdock, Graham, and Peter Golding. "For a Political Economy of Mass Communications". The Socialist Register 10 (1973): 205-234. https://socialistregister.com/index.php/srv/article/download/5355/2256.

Регулаторните рамки (*кај нас во надлежност на медиумскиот регулатор односно во Агенцијата за ауди и аудиовизуелни медиумски услуги*) се од суштинско значење за намалување на ризиците поврзани со концентрацијата на медиумското сопственииштво. Во РСМ, има напори за имплементација на регулативи што промовираат медиумски плурализам и спречуваат монополски практики. Овие регулативи имаат за цел да обезбедат дека ниту еден ентитет не може да го доминира медиумскиот пејзаж, со што се заштитува диверзитетот на гласовите и перспективите во јавниот дискурс.

Сепак, спроведувањето на овие регулативи може да биде предизвикувачко, особено во средини каде политичките и економските структури на моќ се длабоко испреплетени. Корупцијата и недостатокот на транспарентност можат да го попречат ефективното спроведување на политиките дизајнирани за промовирање на медиумската независност и плурализам. Обезбедувањето на отчетност и почитување на регулаторните стандарди е клучно за создавање на медиумска околина што ги поддржува демократските вредности.

Политичката економија на медиумите исто така ја разгледува економската одржливост на медиумските организации односно на медиумите. Во РСМ, независните медиуми се соочуваат со тешкотии во одржувањето на финансиската одржливост, потпирајќи се на приходите од донации или грантови за опстанок а поретко од реклами.[38] Економските притисоци можат да влијаат врз уредничките одлуки, со што некои од медиумите преферираат сензационални или комерцијално привлечни содржини за да привлечат огласувачи и да генерираат приходи. Овој комерцијален притисок може да ја компромитира новинарската интегритет и квалитетот на новинарските содржини.

За да се решат овие предизвици, постои потреба од иновативни модели на финансирање што поддржуваат независно новинарство. Транспарентното јавно финансирање преку фондови за медиумски плурализам, непрофитните медиумски организации и т.н. „краудфандинг" (*групно финансирање е процес на собирање финансиски средства за одреден проект или иницијатива преку придонеси од голем број луѓе, обично преку интернет платформи*) иницијативи се потенцијални решенија за обезбедување на тоа медиумите да можат да функционираат без несоодветни комерцијални или политички

[38] Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. *Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година*. Пристапено на 3 август 2024 година. https://shorturl.at/ImVdF.

притисоци. Финансиската поддршка на независните медиуми е од суштинско значење за одржување на независен медиумски сектор.

Како можен заклучок за оваа теорија на политичката економија на медиумите е дека треба да се обезбедува критична рамка за разбирање на силите што ги обликуваат медиумските практики и содржини. Во РСМ, овој пристап ја истакнува потребата од регулаторни мерки за обезбедување на медиумски плурализам и независност, како и иновативни модели кои се независни и транспарентни на финансирање за поддршка на независното новинарство. Со решавање на овие прашања, медиумите можат подобро да ја исполнат својата улога во информирањето на јавноста, држејќи ја власта отчетна и поттикнувајќи демократска партиципација.

## 1.6 Медиумски плурализам и сопственишство

Медиумскиот плурализам е основен елемент на демократските општества, осигурувајќи дека во јавната сфера се претставени различни гласови и перспективи. Тој овозможува здраво разменување на идеи и поттикнува поинформирано и ангажирано граѓанство а претставува и обврска на земјите членки на Советот на Европа, бидејќи ова е предвидено во основните препораки кои се однесуваат на независноста на медиумите и на правата на новинарите во оваа политичка организација. Сепак, постигнувањето на вистински медиумски плурализам е комплексен предизвик, особено во средини каде економските и политичките притисоци можат да ја ограничат разновидноста на медиумското сопственишство и содржини.

Во современите општества, медиумскиот плурализам е под зголемен притисок поради концентрацијата на медиумското сопственишство, односно сопственоста на медиуми од страна на мал број на физички или правни лица. Истражувањата покажуваат дека кога мал број на ентитети контролираат значителен дел од медиумскиот пазар, тоа може да доведе до намалување на разноликоста на содржините и до маргинализација на помалку популарни теми. Европската комисија во својот извештај истакнува дека концентрацијата на медиумско сопственишство може да резултира со искривување на јавниот дискурс, каде

што одредени гледишта се пренесуваат додека други се потиснати, што потенцијално може да го злоупотреби политичката моќ преку лобирање на моќни интересни групи.[39]

Во РСМ, медиумскиот пејзаж се соочува со неколку пречки за постигнување медиумски плурализам. **Еден значаен проблем е концентрацијата на медиумското сопственишто, каде неколку моќни ентитети контролираат голем дел од медиумскиот пазар**[40]. Оваа концентрација може да доведе до хомогенизација на содржините, каде што различни ставови се недоволно претставени, а уредничката независност е компромитирана. Напорите за решавање на овие предизвици вклучуваат имплементација на регулаторни рамки што промовираат медиумска разновидност и спречуваат монополски практики.

Дополнителни податоци за РСМ покажуваат дека ризикот од концентрација на медиумското сопственишто во 2023 година е оценет на високи 72%, што претставува пораст од 8% во споредба со претходната година. Овој тренд придонесува кон одржување на високи нивоа на ризик за медиумската плуралност, особено во онлајн медиумите. Понатаму, најголем проблем во врска со транспарентноста на сопственишвото е неуспехот на законодавството да воведе соодветни механизми за откривање на крајните сопственици, особено во секторот на онлајн медиумите[41].

Регулаторните рамки играат клучна улога во обезбедувањето медиумски плурализам. Овие рамки можат да вклучуваат мерки како ограничувања на сопственишвото, мандати за јавниот сервис и поддршка за независните медиуми. Во РСМ, усогласувањето на медиумските регулативи со стандардите на Европската унија е важен чекор кон зголемување на медиумската слобода и разновидност. Ова усогласување вклучува усвојување на политики што го поддржуваат медиумскиот плурализам, ги штитат новинарските стандарди и ја осигуруваат финансиската независност на медиумските организации.

[39] UNESCO. "Soaring media ownership concentration: Comparing the effects of digitalisation on media pluralism and diversity." Accessed August 3, 2024. https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000248091.
[40] MEDIA OWNERSHIP: BETWEEN CONCENTRATION AND PLURALISM," Media Development Centre, пристапено на 3 август 2024 година, https://mdc.org.mk/en/reguliranje-na-mediumskata-sopstvenost.
[41] Мицевски И. и Трпевска С. „Monitoring Media Pluralism in the Digital Era: Country Report: The Republic of North Macedonia," Европски универзитетски институт, јуни 2024, стр. 15–16.

Финансиската одржливост е уште еден критичен фактор во медиумскиот плурализам. Независните медиумски канали често се борат за финансиска опстанок, ослонувајќи се на приходите од реклами, претплати, донации или грантови. Економските притисоци можат да влијаат на уредничките одлуки, со што медиумите приоритетизираат сензационални или комерцијално привлечни содржини на сметка на разновидни и темелни известувања.

Промовирањето на медиумскиот плурализам исто така вклучува поддршка на заедничките медиуми и алтернативните новинарски практики. Радио станиците на заедниците, независните онлајн платформи и локалните новинарски канали обезбедуваат важни алтернативи на главните медиуми, нудејќи разновидни перспективи и покривајќи специфични делови од публиката. Во РСМ, иако ретки и со ограничена публика, сепак овие иницијативи играат важна улога во зголемувањето на медиумскиот плурализам и обезбедувањето дека во јавниот дискурс.

## 1.7 Регулаторни рамки

Регулаторните рамки се од суштинско значење за обезбедување на медиумската слобода и одговорност. Овие рамки варираат глобално, но генерално имаат за цел да ја балансираат медиумската слобода со одговорностите, да ги заштитат новинарските стандарди и да ги поддржат демократските вредности. Во Европската унија, различни регулативи осигуруваат медиумски плурализам, ги штитат новинарските стандарди и ја поддржуваат независноста на медиумите.

Според модерните теории за медиумите и демократијата, регулаторните рамки играат клучна улога во обликувањето на медиумскиот пејзаж. Теориите за медиумски плурализам, како што ги објаснуваат авторите на *„Нормативни теории на медиумите“,* вклучуваат различни модели на демократски плурализам кои нагласуваат различни пристапи кон балансирање на слободата и одговорноста на медиумите. На пример, моделите на либерален

плурализам и делиберативна демократија ја нагласуваат важноста на слободниот пазар на идеи и јавната сфера како простори каде што се разменуваат различни гледишта[42].

**Нормативните теории на медиумите исто така укажуваат на тоа дека медиумите имаат морална обврска да го поддржуваат демократскиот процес преку обезбедување на плурализам на мислења и информации**. Според оваа теорија, регулаторните рамки се неопходни за да се обезбеди дека медиумите не го злоупотребуваат своето влијание и дека ја одржуваат својата улога како контролори на јавниот дискурс и заштитници на демократските вредности.

Со примена на овие модерни теории, станува јасно дека регулаторните рамки не само што помагаат во заштитата на новинарските стандарди и независноста на медиумските организации, туку и во обезбедувањето на здрав медиумски пејзаж кој ги поддржува демократските вредности.

РСМ, како кандидат за членство во ЕУ, прави напори да ги усогласува своите медиумски регулативи со стандардите на ЕУ за да ја зголеми медиумската слобода и одговорност. Ова усогласување вклучува усвојување на политики што промовираат медиумски плурализам, кои ги штитат правата на новинарите и ја осигуруваат финансиската одржливост на медиумите. Усогласувањето со стандардите на ЕУ е клучно за аспирациите на земјата за членство во ЕУ и нејзината посветеност на поддршката на демократските принципи.

Од извештаите може да се заклучи дека РСМ направила ограничен напредок во областа на медиумската слобода и плурализмот од 2020 година до 2023 година. И покрај некои позитивни чекори, реформите се спроведуваат со забавено темпо и со недостаток на политички консензус, што го ограничува напредокот кон усогласување со стандардите на ЕУ. Главните предизвици остануваат: реформата на јавниот сервис Македонската Радио Телевизија (МРТВ), назначувањето на членовите на управата односно на Советот при регулаторното тело на медиумите и Советот на МРТВ, како и ефикасна заштитата на новинарите од закани и насилства.

---

[42] Christians, Clifford G., Theodore L. Glasser, Denis McQuail, Kaarle Nordenstreng, and Robert A. White. *Normative Theories of the Media: Journalism in Democratic Societies*. Urbana: University of Illinois Press, 2009, pg. 85-87.

- **2020 година**[43]: Извештајот од 2020 година истакнува дека Северна Македонија е „умерено подготвена“ (анг. Moderately prepared) во областа на слободата на изразување. Иако постои генерално поволна клима за слободата на медиумите, има ограничен напредок во однос на претходните препораки. Посебно е истакнато дека е потребна подобра транспарентност во медиумското рекламирање од страна на државните институции и политичките партии. Останува потребата од реформа на јавниот сервис и осигурување на негова независност и финансиска одржливост.
- **2021 година**[44]: Во извештајот за 2021 година, повторно е нагласено дека Северна Македонија е умерено подготвена во областа на слободата на изразување. Напредокот е опишан како ограничен, а потребата за подобрување на професионалните стандарди на новинарството преку саморегулација е повторно потенцирана. Извештајот нагласува дека реформата на јавниот сервис се одвива со забавено темпо, а постојат и доцнења во назначувањето на членовите на советите за програмирање и медиумскиот регулатор.
- **2022 година[45]:** Извештајот од 2022 година забележува дека има потреба од дополнителни напори за подобрување на медиумските реформи, особено во однос на спроведувањето на правната рамка за медиуми. Продолжуваат да се јавуваат предизвици поврзани со реформата на јавниот сервис, каде што назначувањето на членовите на советот за програмирање и регулаторниот совет сè уште е одложено. Покрај тоа, се истакнува потребата од зацврстување на независноста на медиумите од политичко влијание.
- **2023 година[46]:** Извештајот за 2023 година покажува дека нема значителен напредок во однос на медиумските реформи и дека главните предизвици остануваат исти. Особено е истакнато дека е неопходно финализирање на реформите за јавниот

[43] Европска комисија. Извештај за Северна Македонија 2020. SWD(2020) 351 финал. Брисел: Европска комисија, 6.10.2020. Пристапено на 20 август 2024. https://www.ecoi.net/en/document/2040148.html.
[44] Европска комисија. North Macedonia Report 2021. Бр. SWD(2021) 294 финал. Стразбур: Европска комисија, 19.10.2021. Пристапено на 20 август 2024. https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2021_en
[45] Европска комисија. North Macedonia Report 2022. Бр. SWD(2022) 337 финал. Брисел: Европска комисија, 12.10.2022. Пристапено на 20 август 2024. https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en
[46] Европска комисија. ERA Country Report 2023 North Macedonia.pdf. Бр. SWD(2023) 337 финал. Брисел: Европска комисија, 7.11.2023. Пристапено на 20 август 2024. https://european-research-area.ec.europa.eu/documents/country-report-north-macedonia

сервис и спроведување на препораките од претходните извештаи за справување со закани и насилства врз новинари.

Регулаторните рамки во РСМ имаат за цел да ја поддржат медиумската независност и да ги заштитат правата на новинарите. Овие регулативи се од суштинско значење за создавање медиумско опкружување што ги поддржува демократските принципи и обезбедува точни и доверливи информации за јавноста. Осигурувањето дека медиумите функционираат без несоодветни политички или економски влијанија е клучно за одржување на интегритетот и кредибилитетот на медиумите.

Ефективните регулаторни рамки бараат транспарентни и отчетни институции за нивно спроведување. Во РСМ, решавањето на прашања како корупцијата, политичкото мешање и недостатокот на транспарентност е од суштинско значење за имплементација и одржување на добро медиумско законодавство. Зајакнувањето на регулаторните тела, како што е Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиумски политики, и осигурувањето на независноста (*финансиска и политичка*) е многу важен чекор кон создавање медиумско опкружување што ја поддржува демократската партиципација и ја штити медиумската слобода.

## 1.8 Значењето на етичкото работење на новинарите

Етиката во новинарството е од големо значење затоа што ги води новинарите во одржувањето на интегритетот, точноста и праведноста во нивната работа. Современите етички дилеми, како што се приватноста наспроти јавниот интерес, бараат внимателно размислување и придржување кон професионалните стандарди. Во РСМ, новинарската етика е клучна за обезбедување на јавната доверба во медиумските институции. Но не само во новинарството, туку интегритетот и етиката се важни во сите професии вклучувајќи ја и етиката и во полицијата бидејќи слично како и новинарите и припадниците на полицијата преку етичката работа стекнуваат и одржуваат доверба со граѓаните. Во оваа насока, во учебникот *"Полициска етика"*, се истакнува значителното влијание и на етиката врз истражувачката работа. *„Независно дали станува збор за утврдување на методологијата за некое истражување, подготовка на истражувачки извештаи и постапки, како и за прибирање на какви било податоци, етиката, односно академската чесност треба добро*

*да ги познава, почитува и применува етичките правила и стандарди кои се значајни за подготовка на секое академско дело, независно дали станува збор за учебник, истражувачки извештај, авторски труд итн“.*[47]

Во оваа насока, во новинарството исто така, придржувањето кон етичките норми е од суштинско значење за одржување на јавната доверба и заштита на професионалниот интегритет. Кога новинарите флагрантно ги прекршуваат етичките стандарди, тие не само што ја губат довербата на јавноста, туку и директно ја ставаат својата безбедност во ризик. Недовербата кон новинарите може да предизвика агресија и закани од страна на јавноста и други засегнати страни, што дополнително ги загрозува нивните животи и здравје. Затоа, етичката работа не само што е основа за професионалност и објективност, туку и за личната и колективната безбедност на новинарите.

Новинарската етика вклучува принципи **како вистинитост, отчетност и минимизирање на штетата**. Придржувањето кон овие принципи помага во одржување на кредибилитетот на медиумските организации и поттикнува јавна доверба. Етичкото новинарство е од суштинско значење за осигурување дека новинарите ја исполнуваат својата улога како чувари на општеството, обезбедувајќи точни и непристрасни информации што ја држат власта отчетна. Во РСМ, единствениот кодекс за етика на новинарите[48] е во рамки на ЗНМ и датира од 2001 година, но постојат повеќе етички упатства како што се насоки за известувања од пандемии, малолетни лица, избори, зависници и друго, кои се развиени и дистрибуирани од страна на ЗНМ и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ)[49].

Дополнително, Насоките за етичко известување во онлајн медиумите претставуваат значаен придонес кон примената на Кодексот на новинарите во дигиталната сфера, каде што се соочуваме со предизвици од брзиот развој на информациските технологии и ширењето на дезинформации[50]. Овие насоки се од особена важност, бидејќи тие го

[47] Никола Б. Дујовски, Полициска етика (Скопје: Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Факултет за безбедност - Скопје, 2019). стр. 53.
[48] Здружение на новинари на Македонија. "Кодекс на новинарите на Македонија." Пристапено на 3 август 2024 година. https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/.
[49] Види повеќе на: Совет за етика во медиумите на Македонија. „Публикации“. Пристапено на 20 август 2024. https://semm.mk/category/publikacii/.
[50] „Насоки за етичко известување во онлајн медиумите“, Совет за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), 2023. Пристапено на 15 август 2024. https://tinyurl.com/msa79zvn

регулираат однесувањето на медиумите во онлајн просторот и помагаат во спречување на манипулации и искривување на вестите.

Во ера на брза дистрибуција на информации и интензивна конкуренција помеѓу медиумите, одржувањето на етичките стандарди може да биде предизвик. Притисокот да се објавуваат вести брзо и да се привлече „онлајн сообраќај“ може да доведе до сензационализам, дезинформации и прекршувања на етичките стандарди. Во РСМ, промовирањето на етичкото новинарство вклучува обука на новинарите во етичките принципи, поттикнување на одговорни практики за известување и држење на медиумските организации отчетни за етичките прекршувања. Дополнително важно во овие процеси да е вклучено медиумското раководство во насока на унапредување на етичката рамка внатре во самите редакции.

Етичкото новинарство исто така вклучува размислување за влијанието на известувањето врз поединците и заедниците. Прашања како приватноста, согласноста и потенцијалната штета од објавувањето на одредени информации бараат внимателно етичко разгледување. Балансирањето на правото на јавноста да знае со правата на поединците на приватност и достоинство е критичен аспект на етичкото новинарство. Во национален контекст, поттикнувањето култура на етичко новинарство е од суштинско значење за одржување на јавната доверба во медиумите и осигурување дека новинарите делуваат одговорно и етички во својата работа.

Во овој дел, се истакнува дека медиумскиот плурализам, регулаторните рамки, прашањата поврзани со сопственичката и етичките размислувања, иако меѓусебно поврзани, секој од овие аспекти дава конкретни насоки за создавање здраво медиумско опкружување. Во РСМ, решавањето на овие подрачја е клучно за создавање медиумски пејзаж што ја поддржува демократската партиципација, ја рефлектира разновидноста во општеството и ги одржува највисоките етички стандарди. Промовирајќи медиумски плурализам, родова еднаквост, робусни и независни регулаторни рамки и етичко новинарство, РСМ може да ја подобри улогата на медиумите во формирањето на информирано и ангажирано граѓанство.

## III. ДЕЛ III

### ПРАВНА ЗАШТИТА НА НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ

### 1) ПРАВНИ ГАРАНЦИИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ

Овој дел ги идентификува релевантните одредби и правни акти кои ги заштитуваат правата на новинарите и ги спротивставува оние со искуствата во реалниот живот, како што се осознава и од направените дискусии во рамки на спроведените интервјуа со релевантните чинители за потребите на овој труд. Во ова поглавје слдеди краток опис на релевантните закони за работата и безбедност на новинарите во РСМ – мапирањето на законите е резултат на претходно спроведените интервјуа, но и со направената анализа на стручна литература на тема поврзана со медиумската регулатива која е јавно достапна. Посебен фокус се дава на Уставот, Законот за медиуми, Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги, Законот за граѓанска одговорност од клевета и навреда како и Кривичниот законик. Освен ова, посебен дел се посветува на присутноста на позитивна дискриминација во домашната легислатива која се однесува на новинарите. Во дел од регулативата која се однесува на работата на новинарите постојат олеснителни пенолошки мерки во услови кога тие професионално ја вршат својата работа (*позитивна правна дискриминација*), пред сè како резултат на специфичната природа на новинарската професија.

Од меѓународните документи посебен акцент се става на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), посебно на членот 10 кој се однесува на слободата на изразување. Посебен дел во докторскиот труд, а како резултат на важноста на темата, се посветува на конкретни препораки од Комитетот на министри при Советот на Европа кои се во доменот на безбедноста на медиумските работници и други актери, но и на најновите препораки на Европската Комисија за оваа тематика.

РСМ, како земја-кандидат за членство во ЕУ, се обидува да ја усогласи својата национална легислатива со европските стандарди, особено во областите на слободата на

медиумите и правата на новинарите[51]. Овие напори се забележливи во неколку закони вклучувајќи го и Уставот, како и во последните правни анализи на домашната медиумска регулатива кои се во покровителство на Делегацијата на ЕУ во Скопје[52].

## 1.1 Устав на Република Северна Македонија

Членот 16 од Уставот[53] ги регулира правата кои се однесуваат на слободата на изразување. Ги гарантира индивидуалните слободи на уверување, совест, мисла и јавно изразување на мислите. Понатаму, Уставот ги афирмира правата на слобода на говор, јавен настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира и правото на слободен пристап до информациите, како и слободата на примање и пренесување информации. Важно е дека во доменот на ширење на информации од јавен карактер, Уставот го обезбедува правото на поединците да одговорат во средствата за јавно информирање, обезбедувајќи двонасочен модел на комуникација и нагласувајќи дека цензурата е забранета.

Дополнително, го гарантира правото на одговор и исправка во средствата за јавно информирање (*медиумите*), истовремено обезбедувајќи дека неточното известување може да се коригира. Значајната заштита на правата на новинарите е предвидена во право на заштита на нивните извори на информации во средствата за јавно информирање, клучно за поддршка на истражувачкото новинарство и обезбедување на сигурност за свиркачите. Централно место за зачувување на овие слободи, повторно Уставот ја предвидува преку категорична забрана на цензурата (член 16), осигурувајќи дека државното или надворешното мешање во ширењето на информациите е забрането.

---

[51] Министерство за информатичко општество и администрација (Азир Алиу). „Медиумски реформи по принципите на ЕУ законодавството!“ 13 март 2023 година. Пристапено на 13 март 2023 година. https://portal.mioa.gov.mk/?q=mk/node/4596.

[52] Sekulovski, D., Kevin, D., and Trpevska, S. ЕУ за слобода на изразување: Усогласување на националното законодавство за медиуми со ЕУ акиз и медиумски стандарди, Анализа - Правен оквир за заштита на социјалните и работничките права на новинарите. 2023.

[53] Собрание на Република Северна Македонија. Устав на РСМ. 11 јануари 2019,Бр.о.08-184/1. Достапно на https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf. Пристапено на 12 август 2023 година.

## 1.2 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Овој закон[54] е посветен на зајакнување и регулирање на растот на аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор во државата. Неговите основни принципи се вкоренети во промовирањето на слободата на изразување, поттикнувањето на независно создавање на медиумски содржини како и во зачувувањето на посебното културно, јазично и традиционално наследство на нацијата. Законот ја регулира работата на Македонската радио телевизија (МРТВ) и приватните радиодифузери, освен на дигиталните (он лајн) медиуми. Исто така наложува и минимум обврски на печатените медиуми во делот на сопственишство и уредништво како и околу циркулацијата, односно бројот на печатени весници.

Општо земено, иако законот ја регулира работата на традиционалните медиуми како правни лица, законот индиректно има големо значење за работата на новинарите земајќи предвид дека голем број медиумски работници се вработени или ангажирани од медиумска куќа, и во основа, „*слободното новинарство*" (анг: free-lance journalism) не е концепт кој е присутен во голема мера во практиката во нашата земја. Позицијата на независните новинари во земјата беше тешка и финансиски неизвесна, особено за време на пандемијата. Во врска со заштитата на работничките права, новинарите и медиумските работници, од приватните медиуми, се организирани во рамките на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ). Мал број приватни медиуми имаат синдикални организации, односно, меѓу новинарите сѐ уште има перцепција дека постои страв или недостаток на интерес за масовно синдикално организирање во медиумите за кои работат. Неопходно е да се работи на потпишување на колективни договори со приватните медиуми како дополнителен гарант не само за заштита на работничките права, туку и за подобрување на општата безбедност на новинарите. Новинарите сѐ уште не тужат уредници и сопственици на медиуми кога нивните права се прекршени, како што се истакнува во Индексот за безбедност на новинарите[55].

Врз основа на членот 6, членот 48, член 110 но и други членови од Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААМУ) во РСМ, правната рамка е дизајнирана да ги одржува принципите кои ја заштитуваат слободата на изразување, медиумскиот плурализам

[54] Собрание на Република Северна Македонија. Закон за изменување на ЗААМУ. Достапно на https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/11/Zakon-za-izmenuvanje-i-dopolnuvanje-na-Zakonot-za-mediumi-13_14.pdf. Пристапено на 12 август 2023 година.

[55] Здружение на новинари на Македонија. Индекс на безбедност на новинарите во наративниот извештај на Западен Балкан: Република Северна Македонија 2020. Достапно на https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/11/MK-Safety-Index-MKD_FINAL.pdf. Пристапено на 15 август 2023 година.

и новинарскиот интегритет. Сепак, клучно е да се напомене дека овие членови во голема мера ги артикулираат аспиративните принципи наместо конкретни механизми за спроведување. Во контекст на македонскиот судски систем, каде казнените мерки за прекршување на овие принципи тешко се спроведуваат, тоа предизвикува загриженост за ефективната операционализација на овие закони. Возвишените идеали во правниот текст би можеле да ризикуваат да станат само симболични ако не бидат поддржани од стабилни механизми за спроведување кои ги сметаат страните за одговорни за прекршоците. Така на пример во членот 6, кој се однесува на надлежностите на медиумскиот регулатор, односно на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ), мерките за казна за прекршување на законот односно за непочитување се многу ограничени. Истиот член, укажува на тоа дека Агенцијата се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, но притоа не предвидува конкретни мерки кон медиумите доколку истите не се придружуваат кон овој член.

Токму затоа, дополнителните протоколи со кои во детали се опишуваат постапките и обврските како на медиумите, новинарите но и на третите страни како што се протоколите за заштита на безбедноста на новинарите, за кои исто така се обрнува внимание во овој труд, се важни бидејќи тие се стремат да создадат прагматичен и оперативен пристап кон превенција, но и кон заштита, на работниците од медиумскиот сектор.

## 1.3 Закон за медиумите

Овој закон[56] ги пропишува основните принципи и услови кои мора да бидат исполнети од страна на издавачите на медиуми утврдени со овој закон при вршење на нивната активност, како и обезбедување заштита на малолетниците во медиумското известување, потребата од одговорен уредник и уредничка канцеларија, обезбедувајќи право на новинарот да го претстави неговото нејзиното мислење и став и да одбие да спроведе работна задача доколку истата не е во рамки на етичките норми, потоа заштита на изворот на информации, транспарентност во работата на издавачот на медиуми и право на корекција и одговор на објавените информации.

[56] Собрание на Република Северна Македонија. Закон за изменување на Законот за медиумите. Достапно на https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/11/Zakon-za-izmenuvanje-i-dopolnuvanje-na-Zakonot-za-mediumi-13_14.pdf. Пристапено на 13 август 2023 година.

Важно е да се напомене дека овој закон беше усвоен за прв пат во Собранието на 26 декември 2013 година и беше изменет, до денес, само еднаш на 22 јануари 2014 година. Промените што се случија кратко по неговото усвојување беа во областа на бришење на терминот "*електронски публикации*" низ целиот текст кој се однесуваше на онлајн медиумите / електронската верзија на весниците и списанијата, телевизиите и останатите, кои се достапни за пошироката публика. Друг член кој беше избришан беше член 10 од законот кој се однесува на Акт на издавачот на медиумите. Во рамките на овој дел, издавачот кој е правно лице беше должен да усвои акт кој ќе ја зголеми транспарентноста на работата на медиумите и потенцијално ќе ја направи попривлечна за публиката. Вклучувањето на публиката во контекст на медиумите би значело поттикнување на двонасочен комуникациски канал каде гледачите или читателите не се само пасивни потрошувачи туку активни учесници. **Кога медиумите имаат транспарентни и достапни етички правила објавени на нивните веб страни, тоа и овозможува на публиката да ги смета за одговорни, осигурувајќи се дека содржината се усогласува со утврдените новинарски стандарди**. Овозможувајќи јасна постапка за повратни информации и жалби, медиумските ентитети можат да негуваат доверба, да промовираат дијалог и да го подобрат целокупниот однос со нивната публика, зајакнувајќи го принципот дека медиумите и служат на заедницата и напредуваат во нејзината повратна врска. На овој начин се одржува, но и зголемува довербата на јавноста кон новинарите а тоа пак индиректно се одразува и на безбедноста на медиумските работници.

На оваа забелешка, потенцијално сличен член, во согласност со Препораката на Европската Комисија од 16.9.2022 година со бр.1634, може да се додаде повторно во најавените измени на Законот за медиумите за кои и Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) во 2023 година отвори процес на јавни консултации[57]. Имплементирањето на оваа препорака, за чија содржина се обрнува повеќе внимание во овој труд, може значително да ги зајакне внатрешните работни односи на новинарите како и нивната безбедност на терен, потоа да се направи јасна поделба помеѓу менаџерите, уредниците и новинарите во медиумите, како и да се зголеми ангажираноста на публиката.

[57] Алиу, Азир. „Работиме на подобрување и јакнење на слободата и транспарентноста на медиумите." МИА. 12 октомври 2023 година. https://shorturl.at/gNNfF. Пристапено на 14 јануари 2024 година.

## 1.4 Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда

Клеветата и навредата беа декриминализирани во 2013 година и речиси десет години подоцна, на 17.11.2022 година, Собранието на РСМ, по две години активности[58] со националниот новинарски сектор, усвои амандмани со кој понатаму се подобрува позицијата на медиумските работници преку овој закон[59].

Овој закон ја регулира граѓанската одговорност за штетата предизвикана на честа и угледот на физичко или правно лице од навреда и клевета. Законот гарантира слобода на изразување и информации како еден од суштинските постулати на демократското општество. Ограничувањата на слободата на изразување и информациите се законски регулирани со утврдување на строги услови за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во согласност со Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (член 10) и практиката на Европскиот суд за човекови права. Една од клучните иновации во последните амандмани е значителното намалување на максималните суми кои судот може да ги додели како надомест за нематеријална штета предизвикана од навреда или клевета кон новинар, уредник или издавач, во вршењето новинарска професија.

Токму овој дел односно овие измени во законот ја илустрираат и позитивната дискриминација која се однесува на новинарите. Овој пристап, прво предвидува во законот можност на тужителот да бира кого сака да тужи индивидуално помеѓу новинарот, уредникот или издавачот на медиум или пак сака сите овие чинители колективно да ги тужи. Освен ова, во пресудата судијата кај овие чинители има максимален лимит за нематеријална штета за предизвикување на душевна болка која вкупно за новинарот, уредникот и издавачот може да биде до 7.400 евра. Од оваа сума, максимално за новинарот е една просечна новинарска плата, која во фаза на пишување на законот (2021 година) изнесувала 400 евра месечно во нето вредност, а од друга страна за уредникот е најмногу 2000 евра или пет просечни плати а за издавачот е најмногу 5000 евра или 12 просечни плати. За разлика од овие суми, во претходната верзија на законот максималниот лимит наместо 7.400 евра изнесуваше 27.000 евра и токму затоа овие измени беа поздравени како позитивен чекор во правец на подобрување на правата на новинарите и потенцијално ограничување на тужителите

---

[58] ЗНМ. „Дефиницијата за навреда не смее да содржи 'негативно мислење." https://shorturl.at/Jclid. Пристапено на 15 август 2023 година.

[59] Собрание на Република Северна Македонија. Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда. 17 ноември 2022 година, бр. 08 – 4796/1. Достапно на https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=ed066dab-d258-4360-9560-6729d5a9fa23. Пристапено на 15 август 2023

да се закануваат кон новинарите преку тужби кои можат да доведат до нивно финансиско исцрпување.

Фактот дека овие дела остануваат декриминализирани, води до намалени ризици за новинарите од потенцијалното загрозување на нивната правна сигурност. Сепак, новинарите се уште можат да се соочат со значителни материјални штети според овој закон како и според Законот за парнична постапка. Токму затоа е значајно да се искористат придобивките од намалувањето на финансиската одговорност, но истовремено да се јакне професионалното новинарство кое ќе ги информира граѓаните на јасен, разбирлив и пред сè точен начин, но и ќе ги заштити новинарите во извршувањето на професионалните задачи.

## 1.5 Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер

Овој закон[60] обезбедува транспарентност и отвореност во активностите на носителите на информации и им овозможува на поединците и правните лица да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Носителите на информации за нивната работа се обврзани да обезбедат информации за јавноста.

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја регулира процедурата за јавноста на информациите, го дефинира терминот информации, барател и сопственик на информациите и ги регулира исклучоците од правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Ја регулира постапката на две нивоа, позицијата и работењето на постапката од второ ниво итн.

Овој закон обезбедува транспарентност и отвореност во операциите на носителите на информации. Според член 4, став 1 од овој закон, сите правни и физички лица имаат право на слободен пристап до информации од јавен карактер. Не постојат посебни одредби кои се однесуваат единствено на новинарите или медиумите за да не важат одредени ослободувања иако во пракса овој закон е инструмент кој се користи со цел информациите од јавен карактер да бидат изложени пред пошироката јавност.

Законот е од клучно значење за новинарите бидејќи им овозможува да добиваат и шират информации од јавен карактер без пречки доколку истиот доследно се спроведува од страна на

[60] Собрание на Република Северна Македонија. Закон за слободен пристап до информации. 16 мај 2019 година, Бр. 08-2878/1. Достапно на chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/zakonZaSlobodenPristapDoInfo/zakonZaSlobodenPristapDoInfo.pdf. Пристапено на 15 август 2023 година.

давателите на овие информации. Овие законски одредби обезбедуваат транспарентност, одговорност кај јавните субјекти и го одржуваат принципот на информирана демократија. За новинарите, особено оние кои се занимаваат со истражувачко новинарство, овој закон служи како основна алатка во нивната потрага по вистината, овозможувајќи им да ја исполнат својата улога како чувари на општеството и заштитниците на јавниот интерес[61]. Законот, исто така, ги дефинира „*информациите од јавен карактер*" и „*јавниот интерес*" за остварување пристап до информации, но не е ограничен на интересот за информации и овие услови се исто така многу релевантни за новинарската професија во националниот контекст.

Посебно интересен дел за работата на новинарите, но и за имателите и давателите на информации од јавен карактер од овој закон, претставува членот 6, кој ја истакнува важноста од несподелувањето на одредени информации со јавноста заради заштита на критични информации. Овој член е клучен за разбирање дека поради заштита на одредени информации, не сѐ може да се открие пред јавноста. Важна улога во процената дали одредени информации ќе бидат јавни или не, е задолжителниот тест на штетност, кој се спроведува за да се утврди дали последиците од објавувањето на одредена информација се помали од јавниот интерес утврден со закон. Ова покажува дека иако постои општ принцип за слободен пристап до информации, за одредени информации во исто време постојат и исклучоци кога приватноста или безбедноста треба или може да имаат предност, под услов дека ова е во согласност со законски утврдените критериуми.

## 1.6 Закон за авторските и сродните права

Овој закон[62] ги регулира правата на авторите над нивните дела (*во натамошниот текст: авторски права*), правата на уметниците – изведувачи, продуценти на звукозаписи, продуценти на видеограми (филмски продуценти), радио и телевизиски организации, издавачи и на изработувачите на бази на податоци над нивните субјекти на поврзано остварување и заштита на авторските права и сродните права и валидноста на законот.

Авторските права се исклучително важни за новинарите и медиумските работници, бидејќи им обезбедуваат законска заштита за содржините што ги создаваат со својата креативна работа. Ова

[61] Институт за човекови права. Прирачник за истражувачко новинарство и пристап до информации. Скопје, 2016. Достапно на chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/prir_mk.pdf. Пристапено на 20 јуни 2024 година.

[62] Собрание на Република Северна Македонија. Закон за авторски права и други сродни права (консолидирана и неофицијална верзија). 2016 година, бр. 27. Достапно на https://kultura.gov.mk/wp-content/uploads/2019/02/Precisten-tekst-APSP-27_16.doc. Пристапено на 16 август 2023 година.

право не е од суштинска важност за признавање и почитување на сопственоста на заштитените новинарски производи, туку ја потенцира важноста на авторските дела. Како резултат на тоа, новинарите, вклучувајќи ги фоторепортерите и снимателите, мора да бидат признаени како креатори на нивната содржина, да поседуваат права над неа и да добиваат соодветен надоместок за нивната работа што води до нивниот подобар социјален статус и подобар животен стандард. Во оваа смисла важни алатки се т.н. фер договори во новинарството кои предвидуваат новинарите да задржат соодветни права за својата работа, обезбедувајќи им соодветен надоместок и заштита од неовластена употреба или репродукција на нивната содржина.

Дефинирањето на авторските права во новинарството зависи од принципите на рамноправните договори за вработување и само третманот на медиумските професионалци. Најчесто, стандардните договори за вработување диктираат дека содржините создадени од страна на вработен за време на нивниот ангажман се сопственост на работодавачот, особено кога ресурсите на претпријатието ги олеснуваат ваквите креации.

Овој закон, исто така, се коментира критички од страна на локалните експерти, меѓу кои, Пашовски Давор-, па во оваа смисла се истакнува дека*: „Општиот заклучок на правните експерти е дека актуелната верзија претставува основа за добар закон, но, според новинарската заедница и медиумските организации, постојниот закон во суштина не ги заштитува целосно новинарите, но законот дава приоритет на кршење на моралните и материјалните права. Во случај на фотографии, а кога станува збор за текстовите, односно содржините што ги произведуваат новинарите, самиот закон не е доволно јасен. Голем недостаток е недостатокот на соодветна судска практика, како и одредени одредби, кои се застарени и кои не одговараат на вистинската ситуација во медиумите, туку и на актуелните потреби на новинарите, фотографите и медиумските работници. Како пример, можеме да ги земеме предвид насоките кон кои се упатува Европската федерација на новинари (ЕФЈ) и тоа е потребата за заштита на авторските права на дигиталните платформи, како што се YouTube, Vimeo итн. Ова се само некои од причините поради кои треба да се спроведе процесот за амандмани и дополнувања на овој закон."*[63]

[63] Здружение на новинари на Македонија. Како законот за авторски права влијае на работата на медиумските работници: анализа, заклучоци и препораки. Публикувана во месец јуни 2021 година. Достапно на https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/01/Analiza_avtorski-prava_fin.pdf. Пристапено на 16 август 2023 година.

## 1.7 Кривичен законик

По последните измени и дополнувања од 13 февруари 2023[64] година, новелираниот Кривичниот законик (КЗ) [65] содржи одредби за заштита на новинарите од закани, штети и други форми на заплашување поради нивната работа. Новинарите сега се предвидени во дефиницијата за лица кои вршат работи од јавен интерес[66].

Оваа дефиниција според членот 122, став 9 укажува дека лице кое врши работи од јавен интерес се смета лицето кое врши функции, должности или работи од јавен, односно општ интерес, како што се наставник, воспитувач, лекар, социјален работник, новинар, нотар, адвокат или друго лице, кое тие работи ги врши самостојно или во правно лице кое врши дејност од јавен, односно општ интерес определен со закон.

Во рамките на овој закон, позитивната дискриминација кон новинарите важи во неколку случаи. На пример, во членовите 178, 179, 181 и 182:

- Штета на угледот на Република Македонија,
- Изложување на исмевање на македонскиот народ и членовите на заедниците,
- Штета на угледот на странска земја, и
- Штета на угледот на меѓународна организација.

Во услови кога новинари би ги прекршиле овие членови во професионално вршење на својата работа за истите нема да се сметаат одговорни од причини што за овие членови законодавецот ја исклучува одговорноста. Ова претставува форма на позитивна дискриминација[67], што значи дека законот на некој начин ги штити новинарите, признавајќи дека слободата на изразување и новинарската работа се од суштествено значење за демократијата и јавното информирање. Со ова,

[64] Собрание на Република Северна Македонија. Закон за изменување на Кривичниот законик. 13 февруари 2023 година, бр. 08 – 789/1. Достапно на https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=64127. Пристапено на 16 август 2023 година.

[65] Собрание на Република Северна Македонија. Кривичен законик (консолидирана верзија). 2013 година, бр. 55. Достапно на https://jorm.gov.mk/krivichen-zakonik/. Пристапено на 16 август 2023 година.

[66] Член 122, точка 9: Како лице кое врши работа од јавен интерес се смета за лице кое врши функции, должности или дела од јавен интерес, односно општ интерес, како наставник, педагог, доктор, социјален работник, **новинар**, нотариус, адвокат или било кое друго лице кое ги извршува тие дела. независно или во правно лице кое врши активности на јавноста, т.е. општ интерес утврден со закон.

[67] Во контекст на тужби за клевета, позитивна дискриминација се однесува на законските заштити или олеснувања кои им се даваат на новинари, особено оние кои работат на чувствителни теми или се дел од ранливи групи. Овие мерки имаат за цел да го заштитат правото на слобода на изразување и да го намалат ризикот од злоупотреба на тужби за клевета како средство за заплашување или замолчување на новинарите, особено оние кои известуваат за корупција, злоупотреба на моќ или други значајни јавни теми.

законодавецот го признава значењето на новинарската работа и овозможува новинарите да ги извршуваат своите должности без страв од правни последици, сè додека тоа е во рамките на професионалното вршење на нивната работа.

Иако овие правни рамки постојат, осигурувањето на нивната ефективна имплементација е клучна. Предизвиците како политичкото влијание врз медиумите, заканите и актите на насилство врз новинарите сè уште се присутни во РСМ[68]. Условите во реалниот свет имаат потреба од значително подобрување за вистинско гарантирање на правата и безбедноста на новинарите и повеќе проактивни мерки во областа на говорот на омраза и потенцијалните дела од омраза против новинарите.

Од друга страна, двата члена од КЗ, членот 394-г и членот 319, се многу значајни за работата на новинарите, бидејќи тие ги одредуваат законските граници за говор и однесување во јавната сфера, особено во врска со говорот на омраза, дискриминацијата и поттикнувањето на насилство. Во оваа насока, новинарите потребно е да водат сметка во известувањето за чувствителни прашања, како што се расата, религијата, националноста и другите форми на идентитет, за да се осигурат дека нивната работа ненамерно нема да биде во спротивност со горенаведените членови, а со тоа ризикувајќи правни последици. Покрај тоа, останати членови кои се однесуваат на злоупотребата на позицијата, исто така, би можеле да имаат импликации за новинарите. Сериозноста на предвидените казни прави императив за новинарите да се движат по овие правни параметри со најголема претпазливост и етичка одговорност со цел да ја задржат својата правна безбедност.

Измените кои беа усвоени од Собранието на 13 февруари од 2023 година, ја подобрува институционалната рамка за системска заштита на медиумските работници и тоа во неколку членови од сегашниот КЗ. Новите измени и дополнувања се однесуваат конкретно на:

- Член 123 - Убиство,
- Член 139 – Присилба,
- Член 144 Загрозување на сигурноста и
- Член 382 Спречување службено лице во вршење службено дејствие.

Со овие измени и дополнувања на КЗ, медиумските работници практично имаат статус на службени лица, па така за напаѓачите и за оние кои ја загрозуваат безбедноста на

[68] Здружение на новинари на Македонија. „Врз основа на регистарот на напади на новинари, постојат четири регистрирани случаи на напади на новинари за 2023 година“. Достапно на https://znm.org.mk/povreda-na-novinari/. Пристапено на 18 август 2023 година.

новинарите и медиумските работници ќе следува и затворска казна, а постапките, за разлика од пред измените и дополнувањата, ќе бидат иницирани по службена должност од страна на Основното јавно обвинителство. Истото се однесува и за нападите и заканите врз адвокати и здравствени работници, посебен квалификуван облик на делото кој беше дел од претходни измени и дополни на овој закон. Друга измена на КЗ, се воведувањето на делата **демнење и сексуалното вознемирување кои исто така станаа кривични дела**, а може потенцијално да се однесуваат и на медиумските работници, поради професионално вршење на нивната професија, доколку има основ за истите. Со новите измени на законот се предвидува со парична казна или затворска до три години да се казни лицето за кое судот ќе утврди дека ве следи, прогонува, психички ве вознемирува, злоставува или застрашува, лично или преку пишана комуникација, како и ви ги злоупотребува личните податоци.

Според последните измени и дополнувања на КЗ, за закани по живот кон медиумски работници напаѓачите ќе одговараат со парична казна или со затворска казна до 6 месеци во делото кое се однесува на загрозување на сигурноста. А, доколку заканата предизвика чувство на страв или несигурност казната може да достигне и до една година затвор. Во случај кога насилство е сторено врз овие лица, тогаш затворската казна изнесува од три месеци до три години.

Измените во делот за загрозување на сигурноста воведуваат нов квалификуван облик кој предвидува посебни мерки и построги казни кога станува збор за кривични дела против безбедноста на новинари или други медиумски работници. Овие мерки се однесуваат на ситуации кога новинарите се загрозени додека ја вршат својата работа или поради својата работа. Со новите прописи, обвинителството е задолжено да постапува автоматски (*по службена должност односно ex officio),* без потреба од пријава од страна на жртвата**, што значи дека има активна улога во заштитата на новинарите.** Ова вклучува и зголемување на казните за постапки како присилба или загрозување на безбедноста, со цел да се обезбеди поголема заштита и безбедност за медиумските работници.

Она што е од особена важност за во иднина е да се воспостави позитивна судска пракса со доследна примена на овие измени со цел конечно правосудните органи да имаат проактивен пристап при заштита на правата на новинарите. Преку функционален систем за заштита на новинарите се очекува дека во иднина ќе се демотивираат напаѓачите да се

закануваат и да напаѓаат новинари, а на тој начин да се осигура безбедна средина како основен предуслов за нивната работа[69].

Во контекст на овие законски измени, ЗНМ ССНМ повеќе од две години ги бараа овие измени[70], со цел да се обезбеди поголема системска заштита на медиумските работници.[71]

Исто така, ЗНМ претходно изработи и објави и компаративни искуства[72] од регионот, а кои се однесуваат на законските одредби за делата убиство, присилба и загрозување на сигурноста. Во овиа компаративна анализа се констатира дека Македонија не е единствената земја која предвидува ваков тип на заштита за медиумските работници туку овој модел веќе станува и позитивен тренд во дел од земјите во регионот.

Конкретно, овие законски измени на КЗ кои се случија во февруари 2023 година наидоа на позитивни критики и добија пофалби како од организацијата Репортери без Граници во својот годишен извештај[73], така и од Европската комисија[74].

Дополнително, за поефикасно спроведување на овие одредби, но и за намалување на степенот на неказнивост кога станува збор за напади кон новинарите, од исклучителна важност е на овој законик но и на други, да бидат детализирани преку протоколи и останати акти. Добар пример, за меѓу секторска соработка е потпишаниот меморандум за соработка помеѓу ЗНМ и Министерството за внатрешни работи, кој меѓу другите активности, резултира и со Протокол за безбедност на новинарите на интернет. Преку овие протоколи, освен што се крева свесноста за важноста на безбедносните прашања на медиумските работници пред надлежните институции, појаснуваат и дефинираат постапки и канали на комуникација во случај кога се повредуваат правата на новинарите, а со цел зголемување

---

[69] Секуловски, Д. „Со законските измени ќе има поголема заштита на правата на новинарите." 15 февруари 2023 година. Преземено од https://meta.mk/sekulovski-so-zakonskite-izmeni-kje-ima-pogolema-zashtita-na-pravata-na-novinarite/. Пристапено на 14 јули 2024 година.
[70] Здружение на новинари на Македонија. „Соопштение." 22 март 2021 година. Достапно на https://shorturl.at/ApA4p. Пристапено на 16 август 2023 година.
[71] Здружение на новинари на Македонија. „Соопштение." 2 ноември 2022 година. Достапно на https://shorturl.at/jWmvU. Пристапено на 16 август 2023 година.
[72] Здружение на новинари на Македонија. Подобрување на безбедноста на новинарите преку измена на Кривичниот законик: Анализа на меѓународни стандарди и домашна регулатива. Достапно на https://shorturl.at/YXvC7. Пристапено на 16 август 2023 година.
[73] Reporters Without Borders. Report 2023. https://rsf.org/en/country/north-macedonia. Пристапено на 16 август 2023 година
[74] European Commission. Key findings of the 2023 Report on North Macedonia. https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/qanda_23_5627 . Пристапено на 16 август 2023 година

на превенцијата и ефикасноста во спроведување на истрагите и генерално постапките од страна на МВР.

Главната цел на документот „*Протокол за безбедност на новинарите на интернет*“[75] е да обезбеди сеопфатни насоки и стратегии за обезбедување на безбедноста на новинарите, особено на новинарките, во дигиталната средина. Тој се однесува на зголемените закани и предизвици со кои се соочуваат новинарите на интернет, вклучувајќи вознемирување, сајбер-малтретирање и закани за нивната физичка и психолошка благосостојба. Документот има за цел да воспостави ефективни механизми за известување и одговор на овие закани, зајакнување на правната заштита и промовирање на побезбедна онлајн средина за новинарите. Оваа иницијатива го одразува поширокиот напор за поддршка на слободата на изразување и заштита на медиумските професионалци од онлајн насилство и заплашување.

## 2.1 Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП)

Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) на Советот на Европа, особено преку членот 10[76], игра клучна улога во заштитата на слободата на изразување, која е од суштинско значење за новинарите и медиумските работници. Оваа заштита не е само правна формалност, туку основен аспект за обезбедување на безбедноста и оперативната слобода на медиумските професионалци.

[75] Дујовски, Н., Ј. Бачовска Недик, Е. Шкопи, К. Атовска, С. Цветковска, и Т. Ангеловски (Членови на работна група). Секуловски, Д., и М. Чадиковски (Членови на работната група на ЗНМ). Протокол за безбедност на новинарите (со фокус на новинарите) на интернет. Здружение на новинари на Македонија, 2023. Достапно на https://rb.gy/imy0pv. Пристапено на 11 јули 2024 година.

[50]

1. Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите, на претпријатијата за радио, филм и телевизија да им наметнуваат режим на дозволи за работа.
2. Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

Важноста на член 10 за новинарите и медиумските работници во поширок контекст се разбира преку уживање на правото на слобода на изразување, опфаќајќи ја слободата да се има мислење и да се примаат и пренесуваат информации и идеи без мешање на јавните власти. Овој член е клучен за медиумите, бидејќи ја поткрепува способноста на новинарите да известуваат за прашања од јавен интерес без непотребно ограничување.

Европскиот суд за човекови права постојано ја нагласува важноста на членот 10 во заштитата на новинарските слободи[77], тврдејќи дека оваа слобода е применлива не само за информациите и идеите добиени позитивно, туку и за оние кои можат да бидат навредливи или вознемирувачки. Таквата заштита е од големо значење за практиката на истражувачкото новинарство, но и за да се бара одговорност од власта[78].

Зголемените закани за безбедноста на новинарите, вклучително и нивното вознемирување, заплашување и насилство, ја нагласуваат важноста на улогата на член 10 – Слобода на изразување, како законска заштита. Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) утврди дека државите имаат позитивна обврска да ги заштитат новинарите од такви закани, кои се прошируваат на дејствија на приватни лица или субјекти. Оваа судска пракса го одразува разбирањето дека физичката безбедност на новинарите и нивната правна заштита од одмазда се испреплетени со практикувањето на слободата на изразување.[79]

Разновидниот медиумски пејзаж е неопходен за едно демократско општество, овозможувајќи различни гледишта и пристап до информации. Заштитата од член 10 за новинарите и медиумските работници е основа за создавање средина каде што може да постојат и да напредуваат мноштво гласови. Европскиот суд за човекови права преку своите пресуди постојано прави стремеж да ја истакне улогата на медиумите како „јавен чувар“,

---

[77] Council of Europe/European Court of Human Rights. (2022). Guide on Article 10 of the European Convention on Human Rights: Freedom of expression (Updated 31 August 2022). Council of Europe.

[78] Zysset, A. "Freedom of Expression, the Right to Vote, and Proportionality at the European Court of Human Rights: An Internal Critique." International Journal of Constitutional Law 17, no. 1 (2019): 230-251. Достапно на https://academic.oup.com/icon/article/17/1/252/5485952. Пристапено на 13 јуни 2024 година.

[79] Buyse, A. "Words of Violence: 'Fear Speech,' or How Violent Conflict Escalation Relates to the Freedom of Expression." Human Rights Quarterly 36, no. 4 (2014): 779-797. Достапно на http://www.jstor.org/stable/24518298. Пристапено на 13 јуни 2024 година.

суштински за демократијата, а притоа и ги признава ризиците во медиумското опкружување каде новинарите работат под закани.

Во нашата земја, во моментов на пишување на овој труд, ЕСЧП има донесено пресуда за вкупно четири случаи во кои се прекршува членот 10. Во оваа насока во *„Анализата на пресудите на Европскиот суд за човекови права во македонските случаи според член 10 од Европската конвенција за човекови права“* овие четири одлуки кои се однесуваат на слободата на изразување и безбедноста на новинарите во РСМ детално се испитуваат. Анализата има за цел да оцени како Судот го дефинира и применува членот 10, особено во случаите од РСМ. Клучен напор е да се разберат правното толкување и практичните импликации на овие пресуди во контекст на правата на новинарите и слободата на медиумите во земјата[80].

Овие академски и истражувачки извори обезбедуваат дополнително разбирање за важноста на член 10 во обезбедувањето на безбедноста и слободата на новинарите и медиумските работници, истакнувајќи ја неговата централна улога во поддршката на демократските вредности и плуралистичкиот медиумски пејзаж.

### 2) ПРЕПОРАКА НА СОВЕТ НА ЕВРОПА CM/REC(2016)4 ЗА ЗАШТИТА НА НОВИНАРСТВОТО И БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ И ДРУГИ АКТЕРИ

Препораката CM/Rec(2016)4 на Комитетот на министри до земјите-членки[81] е клучен документ за разбирање на важноста на безбедноста на новинарите и слободата на изразување, особено во контекст на РСМ. Оваа препорака, со својот акцент на заштитата на новинарството и безбедноста на медиумските актери, е од суштинско значење во земјата која го движи својот пат кон интеграцијата во Европската Унија и се бори со предизвиците во слободата на медиумите.

[80] Деловски, В., & Богданов, К. (2022). Анализа на пресудите на Европскиот суд за човекови права во македонските случаи според член 10 од Европската конвенција за човекови права. Здружение на новинари на Македонија.

[81] Совет на Европа. Препорака CM/Rec(2016)41 од Комитетот на министри до земјите-членки за заштита на новинарството и безбедност на новинарите и другите медиумски актери. Усвоена од Комитетот на министри на 13 април 2016 година на 1253-иот состанок на Замениците министри. Достапно на https://rm.coe.int/cm-rec-2016-4mkd/1680a029ac. Пристапено на 23 јуни 2024 година.

Препораката нагласува различни аспекти клучни за безбедноста на новинарите. Тие ја вклучуваат потребата од ефективни законски рамки, важноста од заштита на слободата на изразување и имплементација на мерки за заштита на новинарите од закани и насилство. Овие аспекти се особено релевантни за РСМ, каде што новинарите често се соочуваат со предизвици како што се политички притисоци и закани, што ја нагласува потребата за посилна правна заштита и практично спроведување.

Прво, препораката ја нагласува потребата од итни одговори на зголемените закани против новинарите во Европа (член 1), нагласувајќи го застрашувачкиот ефект што овие закани го имаат врз слободата на изразување како што е заштитено со член 10 од Европската конвенција за човекови права (член 3). Ова е особено важно за РСМ, каде безбедноста на новинарите и слободата на изразување се од суштинско значење за нејзиниот демократски развој и процесот на интеграција во ЕУ.

Второ, препораката ја нагласува важноста од создавање и обезбедување поволна средина за слобода на изразување (член 5). Во овој член се додава и следново: *„Меѓународната заедница постојано ја истакнува потребата за поефикасна имплементација на постоечките меѓународни и регионални стандарди и засилено усогласување со постоечките механизми и иницијативи за следење. Заштитата на новинарите и другите медиумски актери и борбата против неказнивоста на сторителите на злосторствата против нив ги притискаат политичките приоритети низ земјите-членки на Советот на Европа, како што е наведено во Декларацијата на Комитетот на министри за заштита на новинарството и безбедноста на новинарите и другите медиумски актери“.*

И на крај, препораката ги повикува земјите-членки да ги разгледаат и ревидираат домашните закони и практики за да обезбедат усогласеност со Европската конвенција за човекови права (член 6(ii)).

За РСМ, усогласувањето со стандардите наведени во оваа препорака не е само клучно за нејзините аспирации за ЕУ, туку и за зајакнување на нејзините демократски процеси. Спроведувањето на овие препораки може да доведе до значителни подобрувања во безбедноста и работните услови на новинарите, придонесувајќи за поинформирано, ангажирано општество и робустен, плуралистички медиумски пејзаж.

Како заклучок, **препораката од Комитетот на министри е од исклучително значење за зајакнување на заштитата и слободата на новинарите во РСМ.** Нуди насоки за правни реформи и практични мерки за да се овозможи побезбедна средина за новинарите, со што се поддржува демократскиот ангажман и слободата на медиумите во земјата. Спроведувањето на овие препораки, особено оние кои ја нагласуваат правната заштита и практичните мерки против заканите, е од суштинско значење за тековниот развој на слободата на медиумите во РСМ.

## 3) ПРЕПОРАКИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА - ЗАШТИТА, БЕЗБЕДНОСТ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА УРЕДУВАЧКАТА НЕЗАВИСНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

### 3.1 Препорака на Комисијата бр.6650 од 16.9.2021г.

Оваа Препорака[82] служи како водилка за земјите-членки, нагласувајќи ја клучната улога за обезбедување заштита, безбедност и зајакнување на новинарите и медиумските професионалци во рамките на Европската Унија. Повикувајќи се на Повелбата за основните права на ЕУ, Препораката ги поддржува основните принципи како што се слободата на медиумите, плурализмот, слободата на изразување, личниот интегритет, слободата, безбедноста и недвосмисленото право на недискриминација. Таа нагласува дека општеството во кое новинарите можат да работат без страв е неопходно за просперитетна демократија и слободен проток на информации.

Понатаму, Препораката не е изолиран документ, туку продолжување и консолидација на тековните напори на различни нивоа - национално, ЕУ и меѓународно - за зајакнување на механизмите за заштита на новинарите и зајакнување на слободата на медиумите и плурализмот. Иако поставува широки водечки принципи, таа исто така ја признава автономијата на земјите-членки. Ова осигурува дека препораката дава на членките, а со тоа и на земјите со статус на кандидати за членство, да имаат дискреционо право да усвојат мерки прилагодени на нивните единствени правни системи,

[82] ПРЕПОРАКА НА КОМИСИЈАТА (ЕУ) 2021/1534 од 16 септември 2021 година за обезбедување заштита, безбедност и зајакнување на новинарите и другите медиумски професионалци во Европската унија. Достапно на https://www.stradalex.eu/en/se_src_publ_leg_eur_jo/toc/leg_eur_jo_3_20210920_331/doc/ojeu_2021.331.01.0008.01. Пристапено на 23 јуни 2024 година.

професионални стандарди и протоколи, се со цел да ја подобрат безбедноста и благосостојбата на новинарите. Имајќи ги предвид македонските аспирации за пристап во ЕУ и минатите предизвици со слободата на медиумите, оваа Препорака ја нагласува потребата земјата да ја зајакне заштитата и да создаде побезбедна средина за новинарите и медиумските работници воопшто. Повторно како позитивен пример во делумно исполнување на оваа препорака е погоре споменатиот Протокол за безбедност на новинарите на интернет.

Следните делови од оваа препорака се релевантни за подобрување на безбедноста на медиумските работници кои потоа можат и да се транспонираат во националната легислатива како што е Законот за медиуми:

**А) Соработка помеѓу органите за спроведување на законот, новинарите и здруженијата кои ги застапуваат новинарите (Точка 6 и 7 од Препораката)**

Преку воспоставување на координативни центри и поттикнување на дијалог меѓу органите за спроведување на законот и новинарите, нагласувајќи го заедничкиот пристап за справување со заканите врз новинарите. Дополнително, се нагласува потребата од навремена лична заштита на новинарите, особено на оние кои покриваат чувствителни теми, со посебно внимание на новинарките, оние од малцинските групи и нивните блиски роднини. Како позитивен пример во оваа насока кој може да се истакне во Македонија е соработката помеѓу ЗНМ и ОЈО преку делегирање на т.н. контакт точки од ОЈО кои имаат за цел итно да постапуваат во случаи кога се повредени правата на новинарите. Со цел да бидат овие механизми успешни, нужно е да има нивна континуирана промоција која се смета и како превентивна мерка која демотивира идни напади на новинари. Пример за овие активности е националната конференција на ЗНМ и ОЈО: Поголема институционална заштита на медиумските работници која има за цел „*да се испрати гласна порака до јавноста дека нападите врз новинарите нема да се толерираат и жестоко ќе бидат осудени. Од друга страна, ќе биде испратена порака и до институциите да дејствуваат одговорно и да ги расчистуваат нападите врз новинарите во најбрз можен рок. Овој настан ќе биде добра можност и форум каде што новинарите и обвинителите ќе можат*

*да разменат идеи и информации во насока на подобрување на соработката помеѓу овие професии*“[83].

**Б) Пристап до места и извори на информации (членови 11, 12, 13, 14 и 15)**

Преку нагласување на важноста од транспарентен и фер пристап за новинарите до прес-настаните и официјалните документи, повикувајќи ги земјите-членки да усвојат дигитални средства / алатки и јасни точки за контакт за полесен пристап. Го охрабрува почитувањето на стандардите на Конвенцијата на Советот на Европа во однос на пристапот до официјалните документи, обезбедувајќи брзи и оправдани одговори на барањата за пристап и ја нагласува потребата од недискриминаторски процеси за акредитација на медиумски работници, истовремено залагајќи се против наметнување строги формалности за давање на акредитации на претставници на медиумите.

**В) Економска и социјална заштита (член 18)**

Препораката ги поддржува земјите-членки да поттикнат професионално опкружување за поддршка за новинарите, вклучително и оние со нестандардно вработување (притоа се мисли на „*слободни новинари*“) или „free lance journalists“. Ова вклучува гарантирање на пристап до сеопфатни мерки за социјална заштита, како што се заштита од невработеност, болест и инвалидитет, без оглед на нивниот вид на вработување или самовработување.

**Г) Соработка со јавните власти (член 24)**

На земјите-членки им се советува да формираат специјализирани работни групи во рамките на националните и медиумските регулаторни органи за да ги соберат најдобрите практики за спречување на онлајн заканите против новинарите. Овие власти треба да изготвуваат периодични извештаи за оценување на ефикасноста на мерките против сајбер-напади насочени кон новинарите, нагласувајќи ги ризиците со кои се соочуваат новинарите од женските и малцинските групи. Понатаму, се охрабрува континуиран дијалог меѓу овие власти, медиумски групи и граѓанското општество за подобрување на сајбер-свеста и способностите за дигитална одбрана кај новинарите.

---

[83] Здружение на новинари на Македонија. „ЗНМ и ОЈО: Поголема институционална заштита на медиумските работници.“ 2 ноември 2023 година. Достапно на https://znm.org.mk/en/ajm-and-bppo-greater-institutional-protection-of-media-workers/. Пристапено на 23 јуни 2024 година.

**Д) Заштита од онлајн надзор (член 26)**

Земјите-членки потребно е целосно да ги имплементираат европските и националните правни упатства за приватноста на интернет и доверливоста на комуникацијата, осигурувајќи дека новинарите нема да бидат подложени на неовластен онлајн надзор, усогласувајќи се со ставот на Европскиот закон за медиумски слободи (European Media Freedom Act – EMFA) против „шпионски софтвер“. Тимот за одговор при инциденти на националната компјутерска безбедност[84] или еквивалентни тела треба да им дадат на новинарите упатства за сајбер безбедност и да понудат помош во случај на потенцијални прекршувања, насочувајќи ги до доверливи форензичари за сајбер-безбедност.

**Ѓ) Транспарентност и известување (член 28)**

Се повикуваат земјите-членки да ја подобрат транспарентноста во собирањето и известувањето на податоците за нападите и дискриминацијата врз новинарките, оние од малцинските групи и известувачите кои покриваат теми за еднаквост. Додека многу земји инициратаа мерки, на РСМ и недостасуваат јавно достапни податоци или регистри за нападите на новинарите воопшто од страна на јавните институции. Од клучно значење за националните тела за еднаквост е рутински да презентираат извештаи за статусот на овие новинари за да се реши постоечкиот јаз.

## 3.2 Препораката на Комисијата бр.1634 од 16.9.2022 г.

Оваа препорака го нагласува зајакнувањето на уредувачката независност и промовирањето на транспарентноста во сопственоста на медиумите во земјите-членки на ЕУ. Со почитување на тековните и претстојните правила на Унијата, препораката предлага доброволни мерки за давателите на медиумски услуги за вести, со цел да се заштити нивното уредувачко одлучување. Дополнително, и давателите на медиумски услуги и земјите-членки се охрабруваат да преземат чекори за подобрување на транспарентноста во сопственоста на медиумите низ внатрешниот пазар.

[84] International Telecommunication Union. "National CIRT." Достапно на https://www.itu.int/en/ITU-D/Cybersecurity/Pages/national-CIRT.aspx. Пристапено на 23 јуни 2024 година.

Транспарентноста во сопственоста на медиумите е важно прашање поврзано со безбедноста на новинарите, па затоа оваа иницијатива го нагласува значењето на непристрасното новинарство и транспарентноста на сопственоста на медиумите во обезбедувањето информирано и демократско општество. За РСМ, почитувањето на овие препораки е од клучно значење, со оглед на нејзините аспирации за пристапување во ЕУ и потребата да се зајакне доверливоста и независноста на нејзиниот медиумски пејзаж во услови на минатите предизвици со кои се соочуваат новинарите.

Како најважни делови од оваа Препорака кои се однесуваат на безбедноста на медиумските работници се следните:

**А) Внатрешни заштитни мерки за уредувачка независност и заштитни мерки за обезбедување независност и интегритет на уредниците (Дел II, членови 5 и 6)**

Со оваа препорака се повикуваат давателите на медиумски услуги, односно медиумите, да воспоставуваат внатрешни насоки кои го штитат уредувачкиот интегритет од прекумерни политички и комерцијални влијанија. Овие упатства, без разлика дали се во повелби, правилници или други документи, треба да бидат јавно достапни, вклучително и за оние со попреченост, на нивните соодветни веб-локации. Освен ова, препораките сугерираат дека медиумите треба да размислат за воведување внатрешни политики кои ќе ја зголемат етиката во известувањето вклучувајќи ги и механизмите за поплаки.

**Б) Заштитни мерки за промовирање на учеството на новинарите во одлучувањето на медиумите (членови 11 и 12)**

На давателите на медиумски услуги, повторно медиумите, им се советува да го промовираат активното учество на редакцијата или нивните претставнички тела во процесите на управување и донесување одлуки. Таквото учество може да ги опфати правата на одлучување, особено во случаи како што се промени на високи уреднички улоги, измени во управниот одбор или значителни структурни или сопственички промени на медиумската организација.

Ова е од клучно значење за социјалните и работничките права на новинарите бидејќи гарантира дека нивните потреби се застапени во клучните процеси на донесување одлуки, зачувувајќи ја нивната професионална автономија и обезбедувајќи организациски промени

да не ги загрозат нивните работни услови, безбедноста на работата и уредувачката независност.

# IV. ДЕЛ

## 1) ПЕРЦЕПЦИИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ

### 1.1 Опис на процесот на интервју

Во овој дел следи квалитативна анализа на спроведени интервјуа врз основа на анкетен прашалник со претставници од новинарската заедница, владини претставници, претставници на правосудните органи, како и од МВР и претставници на регионални и меѓународни медиумски организации кои работат во доменот на заштита на медиумските работници, но и заклучоци врз основа на дел од национални публикации кои содржат перцепции и сведоштва.

Ова поглавје се однесува на перцепциите за безбедноста на новинарите во РСМ, истакнувајќи ја нејзината критична улога во контекстот на евроинтеграцијата. Со синтетизирање на податоците собрани од интервјуа со различни учесници, ова поглавје има за цел да обезбеди холистички поглед на моменталната состојба на безбедноста на новинарите и неговите импликации за демократската стабилност и евроинтеграцискиот процес.

При идентификација на соодветните профили на лица кои беа дел од интервјуата, консултирани беа и вработени лица од извршната канцеларија на Здружението на новинарите на Македонија. За потребите на овој докторски труд, направен е увид во базата на членови на здружението, како и на соработниците од останатите сектори кои одговараат за потребите на оваа анализа на перцепции.

Сите интервјуирани беа тонски снимени, за што постои запис, и имаат потпишано информативен лист за учесник во академско истражување. Тие беа запознаени со неколку важни аспекти на истражувањето.

**Прво**, беше објаснето кој го спроведува истражувањето, односно дека истражувањето е дел од докторски труд и е реализирано под надзор на релевантна академска институција.

**Второ**, учесниците беа информирани што се очекува од нив, односно дека треба да одговорат на прашања за своите искуства и перцепции во врска со безбедноста на новинарите.

**Трето**, на учесниците им беше образложено што ќе се случи со податоците по завршувањето на истражувањето, односно дека ќе бидат анализирани и користени исклучиво за академски цели, при што ќе се зачува нивната анонимност.

**Четврто**, учесниците беа уверени дека учеството во истражувањето е доверливо и дека нивните лични информации ќе бидат заштитени.

**Петто**, беа информирани за можните ризици од учеството, кои во овој случај беа минимални и главно поврзани со емоционалната непријатност при дискутирање на чувствителни теми.

Податоците претставени во ова поглавје се изведени од структурирани интервјуа спроведени со **четири различни целни групи:** новинари и медиумски работници, претставници на релевантни меѓународни организации, владини претставници и претставници на судството. **Беа спроведени вкупно 20 интервјуа, при што секоја сесија беше аудио-снимена и дополнета со детални забелешки за олеснување на анализата**.

Како што истакнува Алан Брајман, намерното земање примероци е методолошки избор кој овозможува прибирање на значајни и релевантни сознанија од клучните засегнати страни. Овој пристап беше клучен за моето истражување, бидејќи овозможи избор на индивидуи чии улоги и експертиза директно кореспондираат со истражуваните прашања. Со избирање на овие специфични поединци, кои се активни и добро информирани за темата, ја обезбедив потребната длабочина и репрезентативност во секој сектор, што е во согласност со методолошките препораки на Брајман[85] Така, се постигна балансиран пресек на гласови кој овозможува подлабоко разбирање и споредба на различните гледишта што произлегуваат од секој сектор

Учесниците беа избрани врз основа на нивните професионални улоги и искуства поврзани со безбедноста на новинарите. Новинарите и медиумските работници беа избрани

[85] Alan Bryman, *Social Research Methods*, 5th ed. (Oxford: Oxford University Press, 2016), стр.408-410

од различни медиуми, обезбедувајќи мешавина од печатени и дигитални медиуми, а запазена беше и етничката припадност. Претставниците на меѓународната организација ги вклучија оние од граѓанските организации и меѓу-владините тела со мандат за заштита на безбедноста на новинарите. Владините претставници беа избрани од релевантните министерства, вклучувајќи го и ново избраниот министер за Дигитална трансформација како и органи кои имаат законски надлежности да овозможат безбедна работа на новинарите и медиумите и јавната безбедност. Претставниците на правосудството вклучуваа претставници на судот како и на обвинителството и адвокати со искуство во случаите поврзани со безбедноста на новинарите.

Примерокот за ова истражување опфаќа 20 испитаници, меѓу кои се новинари (вклучително синдикални претставници), претставници на владини тела и министерства, правосудни органи, како и членови на меѓународни медиумски организации кои работат во областа на заштита на новинарите. Од овие испитаници, 12 се мажи, а 8 се жени, со што е обезбеден полово и професионално балансиран состав на учесниците. Во согласност со изјавата за согласност, испитаниците имаа можност да изберат дали евентуалните нивни цитати ќе бидат користени со наведување на име и презиме или без него, со цел да се зачува нивната анонимност. Четворица од учесниците избраа да останат анонимни, додека 16 дадоа согласност нивното име и презиме да биде наведено. Овој селективен пристап овозможува анализирање на специфични перцепции и искуства од разновидни институции и организации, што придонесува за темелно разбирање на предизвиците поврзани со безбедноста на новинарите во РСМ.

## 2. Перцепции од новинари и медиумски работници (искуства од закани и напади)

Бројни пријавени случаи на закани и напади врз новинарите и медиумските работници, за што постојат јавни предупредувања од страна на новинарските организации како и медиумски објави, укажуваат на нивната зголемена ранливост. Физички напади, онлајн малтретирање и заплашување на работното место биле често пати пријавувани, но исто така, постои и перцепција дека голем дел од повредите на правата на медиумските работници не биле пријавени како до надлежни институции така и до членските граѓански организации. Специфични случаи вклучуваат примање на анонимни закани и доживување

агресивно однесување за време на јавните демонстрации, но и физички закани при работа на терен на јавен простор.

Истражувањето на оваа тема бележи загрижувачки пораст на вербалните закани, особено кон жени новинарки на онлајн платформите. Авторот, истовремено, се повикува на претходно споменатиот извештај и национален индекс, кој се однесува на безбедноста на новинарите, вклучувајќи ги Показателите за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите, како и Индексот на безбедноста на новинарите на Западен Балкан, со фокус на Македонија, единствени систематизирани публикации на овие теми во државата[86].

Последните години, вербалните закани, особено на онлајн платформи, кон жени новинарки стануваат се позабележливи. ЗНМ активно работи со овие новинарки, помагајќи им да се справат со заканите и да ги пријават со цел да се избегне прераснување на овие закани во физичко насилство кое може да има фатални последици.

Истражувањата на ЗНМ го истакнуваат трендот на физички напади во последните четири години, но покажуваат дека процентот на пријавување на овие напади е мал. Недовербата во истрагите за онлајн заканите или потценувањето на сериозноста на овој проблем се главните причини за нискиот процент на пријавување. Потребно е зголемување на свеста за овие прашања и подобрување на поддршката за новинарите.

За потребите на овој труд новинарка сподели загрижувачка изјава: *„Како долгогодишен новинар, сме се чувствувале загрозени во изминативе 15 години колку што работам. Стравот и чувството на загрозеност често доаѓале од припадници на институции, а не од лица од толпа. На пример, за време на насилни протести имало ситуации кога сме се чувствувале загрозени од припадници на полицијата, иако ова не било случај во последните неколку години. Сепак, вербалните напади од страна на претставници на политички партии или именувани функционери создаваат негативен имиџ пред граѓаните, што директно ги изложува новинарите на ризик“.*

[86] Спировски, Милан. „Индекс на безбедноста на новинарите на Западен Балкан: Наративен извештај Република Северна Македонија 2020." Здружение на новинари на Македонија, 2021. Достапно на https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/11/MK-Safety-Index-MKD_FINAL.pdf. Пристапено на 28 јуни 2024 година.

Од аспект на судска пракса, истражувањата на ЗНМ покажуваат позитивен исход со правосилни пресуди во полза на новинарите. За 2023 година, две од вкупно пет случаи завршиле со правосилни пресуди, додека два од останатите случаи се во фаза на истрага пред ОЈО.[87] Важно е континуирано да се поддржуваат новинарите и да се зголемува свеста за заштита на новинарите, особено во контекст на онлајн заканите и физичките напади.

На страна од судската пракса, на прашањето поврзано со типовите на закани, тие истакнуваат дека **најчести закани се онлајн заканите**, но и телефонски и други закани, пренесени преку луѓе поврзани со нивните истражувања. Нападите кон новинарите кои истражуваат организиран криминал и корупција се мета на софистицирани медиумски и онлајн напади, стратешки организирани во форма на негативни кампањи потпомогнати од маркетинг агенции, адвокати и приватни компании кои плаќаат реклами на социјалните мрежи за да ги оцрнат новинарите. Ова претставува специфика посебно за жените новинарки кои практицираат истражувачко новинарство.

Еден **експлицитен физички напад на новинарска екипа** се случи во 2017 година и токму поради дрскоста на истиот, барањата на еснафското здружение и синдикатот за законски измени во КЗ беа дополнително земени предвид. Станува збор за физички напад со шлаканица и бокс кон новинар од страна на минувач и тоа за време на „*линковско јавување*“ на новинарска екипа од националната телевизија ТВ Телма, пред влезот на зградата на Министерството за внатрешни работи во Скопје.[88] Во интервју за потребите на овој труд, оштетениот новинар ќе каже: *„Настанот од ненасилен прерасна во насилен инцидент - напаѓачите сакаа да ја попречат работата на нашата новинарска екипа која имаше јавување во вести. Се чувствувам дека нападот имаше за цел да ја попречи нашата работа, а помалку да не повреди лично нас новинарите, што претставува огромна штета за јавниот интерес и правото на информирање, па дури и може да го запре целиот новинарски процес во тој момент. Токму ваквите случаи беа причина да се активира алармот и да се бараат измени на Кривичниот законик“.*

---

[87] Здружение на новинари на Македонија. „ЗНМ: Објавен годишниот извештај за слободата на медиумите.“ Достапно на https://rb.gy/yzrrq8. Пристапено на 27 јуни 2024 година.

[88]„линковско јавување“ - новинарско јавување во живо во вестите за пренос на информации од лице место, обично на телевизија или на друга дигитална платформа, во која учествува новинар но често и снимател, а во некои случаи и други лица за помош на тон, светло и слично

На прашањето, што може да биде мотивот за овој инцидент, тој одговара: *„При разгледувањето на контекстот може да се заклучи дека често поттикнувањето на говор на омраза и етикетирање во јавната сфера доведува до вакви инциденти. Во последните години, најчестите закани се со развојот на дигиталните медиуми и онлајн заканите. Ако пред извесен период се соочувавме со директно физичко насилство и навреди, сега опасноста демне 24 часа преку социјалните мрежи, па дури и директно преку каналите за комуникација. Овој тренд е проследен со учеството на политичарите, бизнисот и пошироката јавност, која често свесно или несвесно стимулира говор на омраза, јавни напади, линчување, а поединци и директни закани по живот продолжуваат да го стимулираат насилството кон новинарите и снимателите*."

Но, како поинаков став од соговорничка новинарка се укажува дека ако се случи физички напад, постои механизам за реакција, но кога станува збор за софистицирани напади преку кампањи, тие имаат за цел да ја уништат довербата во новинарството, што е единствениот капитал кој го имаат како професионалци. Жално е што овие феномени не се препознаваат законски и не се адресираат соодветно ќе констатира соговорникот и додава дека ваквите напади влијаат на луѓето да останат неинформирани, продлабочувајќи ја поларизацијата и директно влијаејќи на безбедноста на новинарите.

Понатаму, во контекст на новинарските перцепции, интерјуираниот за потребите на овој труд ќе сподели дека во последните години, на страна од статистичките податоци, но и од доживувањето на новинарите, пред се оние кои се на терен **трендот на напади на новинари се префрла од физички во онлајн сферата**. *„Ова може да биде добро и лошо, бидејќи физичките напади се намалени, но нападите, заканите и навредите во онлајн просторот се зголемени. Како новинар и уредник, забележувам дека овие напади се значително зголемени кон жените новинарки, создавајќи чувство на вознемиреност и нелагодност. Ова е нешто на кое треба да се посвети многу внимание во наредниот период“,* според новинарот.

Како долгогодишен новинар и **дописник од помал град во Македонија**, интерјуираниот сведочи дека имал повеќе закани за време на своето професионално работење. Кога бил помлад, можеби и не сфаќал дека некои закани не ни стигнувале до него. На пример, во една ситуација кога работел на тема за проблемот со уличните кучиња

и негрижата од страна на општинските власти, добил закана од страна на јавното претпријатие кое се бави со овој проблем. Во тоа време не ја препознал заканата иако била многу сериозна. Заканата била во живо, на покана на „*кафе разговор*“, кога службеникот на висок глас му дал „*лекција*“ како треба да известува за овие проблеми.

Следната закана била поврзана со локални прашања, овој пат за дива депонија. Заканата била дека не смее да објави информации за ова прашање, и била дадена директно на терен од страна на затекнато лице. Ова се примери на директни закани по безбедноста доколку се осмели да објави нешто или доколку не го коригира на начин како што тие сакаат.

Заклучокот од овие искуства е дека **правата на локалните новинари се уште покревки во споредба со новинарите од поголемите градови**. Локалните новинари често се соочуваат со директни и индиректни закани, кои не само што ја загрозуваат нивната физичка безбедност, туку и ја поткопуваат нивната професионална независност. Важно е да се зајакне правната заштита и да се обезбедат ресурси и поддршка за локалните новинари, со цел да можат слободно и безбедно да ја вршат својата работа.

Генералната перцепција на новинарите соговорници е дека ЗНМ квалитетно ја врши својата работа во поттикнување на институциите, но дел од нив споделуваат грижа дека капацитетите на институциите да одговорат на овие напади не се доволни, што може да доведе до зголемување на бројот на онлајн закани и да поттикне нови. Ова пак, негативно се одразува и влијае на зголемување на автоцензурата како и на цензурата во редакциите.

На прашањето кои се **факторите кои доведуваат до влошување на состојбата**, сите соговорници без исклучок имаат компромисен став кој укажува дека кога политичките процеси во нашата земја се во некоја позначајна политичка или меѓународна тензија, се случуваат повеќе напади кон новинарите. **Новинар како дел од интервју за овој труд, на ова ќе додаде дека луѓето тогаш се под притисок на политичките тензии или на своите верувања.** Пример, кога Македонија стана членка на НАТО, нападите беа поврзани со руското влијание и поделбата на луѓето на патриоти и предавници. Во време на короната, нападите кон новинарите доаѓаа од анти-ваксерите и луѓето кои веруваа во теории на заговор. Секогаш изборите се прилика за изразување на овие наративи. Приврзаниците на партиите, поттикнати од јавните наративи на партиските челници, се пресметуваат со

новинарите, сметајќи дека не се доволно поддржани. Последни примери покажуваат дека кога Македонија има проблем со некој од соседите, новинарите се жигосуваат дека не доволно критички ги следат овие процеси, бидејќи не биле во служба на владините политики, притоа не разбирајќи дека улогата на новинарите е да бидат во служба на граѓаните, а не на владата.

## 2.1 Влијание врз работата на новинарите и / или ацто – цензурата

Влијанието на овие закани врз нивните професионални должности е големо. Дел од интервјуираните новинари признаа дека практикуваат автоцензура, избегнуваат чувствителни теми или се воздржуваат од критичко известување за моќни личности и институции. Оваа автоцензура е водена од страв од одмазда и недостатокот на соодветна заштита од работодавачите и властите.

Во оваа насока, новинар од национална телевизија кој е и уредник на вести ќе истакне: *„Доволно е да почнеш да размислуваш на автоцензура за одредени прашања, макар и за комунални проблеми, и веднаш се создава одвраќање од интерес за известување по одредени теми. Објавата ќе следи, но веројатно парцијална, без сите елементи кои треба да ги содржи, особено за прашања поврзани со корупција. Често се случува да има цензура во самиот медиум, која создава автоцензура на новинарот, односно секоја цензура што се случува во медиумот е автоцензура.“*

Во последните години, автоцензурата стана значајна тема во рамките на новинарската професија во Република Северна Македонија. Истражувањата на ЗНМ покажуваат присуство на автоцензура меѓу новинарите, но не е забележано значително зголемување на овој феномен во изминатите три години. Интересно е што новинарите кои учествувале во фокус групи укажуваат дека автоцензурата најчесто е наметната од страна на уредниците со порака дека некои теми не треба да се работат.

Дополнително, автоцензурата често е резултат на недоволната транспарентност на администрацијата. Често се случува информации од јавен карактер да не се даваат на време или да се даваат во последен момент, што придонесува некои теми едноставно да не се објават или да бидат нецелосни. Овој недостаток на навремени и целосни информации

придонесува новинарите да избегнуваат одредени теми, што резултира во автоцензура, говори вработена од Извршната канцеларија на ЗНМ.

Според разговорот за целите на овој труд со новинар дописник на национална телевизија кој работи и живее во помал град од државата, лицата на позиција често сакаат да се прикажат како пријатели, со што влијаат на начинот како новинарите се однесуваат кон одредени теми, па така тие се обидуваат дел од пораките како да се известува на одредени прашања да ги пренесуваат непосредно или преку членови од потесното семејство или пријатели на новинарите. За жал, по некое време, дел од овие личности во услови кога ќе им завршат мандатите или пак ќе заминат во опозиција по смена на општинската власт, има примери кога ги игнорираат истите новинари па дури и ги посочуваат во негативно светло на социјалните медиуми. Ова искуство покажува дека е неопходно носителите на јавни функции да се одржуваат на непосреден, но строго професионален контакт, бидејќи пријателските врски често се злоупотребуваат, а истата мерка се однесува и на новинарите кои се во контакт со овие лица.

Свеста кај новинарите за овие проблеми е релативно ниска, што резултира со многу вакви случаи. Има примери кога дел од новинарите избегнуваат да следат одредени настани или не сакаат да се вклучат во одредени теми поради две главни причини:

- **првата е личните контакти со одговорното лице или лица**, а
- **втората е уредничката политика на медиумот** во кој работи новинарот или снимателот.

Ова е особено карактеристично за градови надвор од Скопје, поради фактот што луѓето едноставно се познаваат во малите средини.

**Неколку фактори влијаат на автоцензурата кај новинарите во РСМ:**

- Прво, **ниските плати** ги ставаат новинарите во позиција да немаат храброст да обработуваат сензитивни теми, со цел да не се замерат со некого. Социјалната сигурност е предуслов за објективно известување.
- Вториот фактор е **политичката клима** во која функционира општеството. Новинарите често се прашуваат зошто да се замеруваат со некого, кога работат за плата која не е доволно висока за да им овозможи независност.

Комбинацијата од овие два фактори ја поттикнува автоцензурата, а во екстремни случаи и цензурата.

- Третиот проблем е **финансиската (не)зависност на медиумите**, кои често се поврзани со центри на моќ. Ова поттикнува автоцензура и пад на квалитетот на новинарството. За среќа, постојат и обратни примери, но во помал број, и тие обично се мали редакции поддржани од донаторската заедница.

### 2.2 Механизми за поддршка и нивната ефикасност

Поголемите медиумски куќи не обезбедуваат доволно правна или психолошка поддршка, додека помалите медиуми често немаат средства да понудат било каква помош на новинарите. Освен ова, Законот за медиуми не ги обврзува медиумите да имаат интерни акти кои ќе служат за поголема заштита на новинарите внатре во редакциите, но и надвор, иако тоа беше предвидено со првиот Закон за медиуми[89] во членот 10 кој со измените од 23.01.2014 година беше избришан. Единствената бесплатна психолошка и правна помош, според интервјуираните, ја обезбедува ЗНМ.

Новинарите истакнаа дека поддршката од медиумските работодавци генерално била реактивна, наместо проактивна и имало случаи кога следела, но само откако ќе се случел инцидент: *„Во однос на поддршката од страна на редакциите, многу е мала, особено во превентивниот дел, каде што речиси и да нема поддршка од медиумите за безбедносни прашања. Се мисли на опрема, правилници, укажување, проценка на ризик, тренинзи. Во мојот случај, како дописник на Франспрес за Македонија, уште пред да почнам, веднаш ми пратија торба со шлем, панцир, гас маска, филтри за гас маска со рок на траење, и пред да истече рокот ми праќаат нови, заштитни наочари, а повремено има и обуки. Кај нас, ваква пракса нема.“*

Иако тоа можеби не е постојано потребно, сепак за настани од висок ризик е нужно. Ова е изразено најмногу кај малите, односно локалните и регионалните медиуми кои работат со ограничени ресурси. За разлика од нив, националните медиуми, со оглед на тоа

[89] Собрание на Република Северна Македонија. Закон за медиумите. Достапно на chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Zakon_za_mediumi_mkd.pdf. Пристапено на 13 јуни 2024 година.

дека редакциите се големи, често препораките се усни од страна на поискусните колеги, но тоа не е системски решено и зависи од нивната добра волја.

Освен ова, новинарки соговорнички укажуваат дека треба да се даде големо значење на проблемот со безбедноста на новинарите, а пред се со безбедноста на новинарките, и да биде под покровителство на највисоките органи на меѓународно ниво како што е ОН. Проблемите со кои се соочуваат тие, како резултат на недостатокот на адекватна поддршка и заштита за новинарите, се директно поврзани со неинформиран електорат а со тоа и прекршување на правото на информирање кое потоа влијае и на политичката стабилност но и безбедноста генерално во земјата. Оваа состојба е сериозна затоа што граѓаните не добиваат целосни и точни информации, што е основен предуслов за демократско општество.

Исто така, постојат значителни проблеми со стекнувањето пријатели и одржувањето лични односи, особено за жени новинарки и тоа оние кои работат на истражувачко новинарство. Беа споделени и примери кога на жените новинарки им се приближуваат личности со намера да влијаат на нивната работа или да ги присилат на откривање на доверливи информации. Овие личности можат да бидат поединци поврзани со политички структури или со комерцијални интереси кои настојуваат да манипулираат со известувањето за да го прилагодат во нивна корист.. Ова дополнително ги загрозува нивните професионални и лични животи, создавајќи атмосфера на недоверба и страв, што негативно влијае на нивната способност да вршат објективно и независно новинарство. Психолошката поддршка која е понудена од страна на еснафските здруженија е од исклучителна важност во оваа насока.

Една од најзначајните последици од психолошкиот притисок е одливот на квалитетни кадри кои заминуваат да работат како портпароли и ја напуштаат професијата. Ова е загрижувачко бидејќи го ослабнува квалитетот на медиумската сцена и ја намалува можноста за истражувачко новинарство. **Потребно е систематско решение кое ќе вклучува континуирана психолошка поддршка и професионални обуки за новинарите, со цел да се задржат квалитетните кадри и да се подобри состојбата во медиумите**.

За новинарите од регионот, надвор од Скопје, е неопходно да се обезбеди повеќе знаење и вештини за известување за одредени теми. Ова е поврзано со потребата за континуирани обуки кои ќе им помогнат да добијат пристап до релевантните институции и да ги разберат своите обврски и надлежности како новинари. Важно е да се истакне дека, иако можеби дел од новинарите би имале отпор кон основни обуки, овие обуки се клучни за да се осигура дека новинарите ќе можат да добијат и обработат квалитетни информации на етички и професионален начин.

Обуките треба да вклучуваат теми како истражувачко новинарство, медиумска етика и правни аспекти на новинарството, со посебен акцент на пристапот до информации од јавен карактер. Ова ќе им овозможи на новинарите да работат поефикасно и да произведуваат содржини кои се во интерес на јавноста. Дополнително, обуките треба да вклучуваат и практични вештини за користење на дигитални алатки и технологии, кои се неопходни за современото новинарство.

Исто така, важно е да се создадат услови за редовни размена на искуства и најдобри практики меѓу новинарите од различни региони. Ова ќе придонесе за подобрување на квалитетот на новинарските извештаи и зајакнување на мрежата на професионални контакти. Соодветната поддршка и континуираното учење се клучни за да се подобри новинарството и да се осигура дека новинарите ќе можат да ја извршуваат својата работа на највисоко ниво.

### 2.3 Психолошко и лично влијание (виктимолошка перспектива)

Психолошката димензија на заканите и нападите кон медиумските работници и ефектот на нивната работа е значителен. **Повеќе новинари кои беа интерјуирани укажаа дека доживуваат вознемиреност и чувство на несигурност**. На страна од ова, за прашањата поврзани околу емоциите како новинарите се чувствувале или како тоа влијаело на нивната работа и живот, не сите сакаа да зборуваат околу детали, а во мал дел воочлива беше и појавата на силна емоција и вознемиреност кога се разговара на овие прашања. Може да се заклучи дека овие искуства имале сериозни ефекти врз нивното ментално здравје и секојдневното функционирање, влијаејќи на нивните професионални одлуки и лични животи.

Во денешно време, свеста за менталното здравје е во пораст, и новинарите не треба да бидат исклучок од овој тренд. Грижата за менталното здравје мора да биде значајна, бидејќи новинарите се поподложни на притисоци, закани и заплашување. ЗНМ нуди бесплатна психолошка поддршка, но мал број новинари ја користат. Потребни се кампањи за подигнување на свеста за важноста на психолошката поддршка и за справување со „*burnout*" или „*согорување*", со кој многу новинари се соочуваат поради стресната природа на нивната работа.

**„*Burnout*" или согореност е состојба на хроничен стрес кој води до физичка и емоционална исцрпеност, негативност и намалена професионална ефикасност**. Кај новинарите, согореноста е честа појава поради природата на нивната работа која бара постојана внимателност, брзо известување, и работа под притисок. Согореноста може значително да го намали нивото на продуктивност и квалитетот на известувањето, бидејќи новинарите кои страдаат од оваа состојба често имаат проблеми со концентрацијата, креативноста и објективноста. Согореноста може да води до зголемена стапка на грешки, пропуштање на важни информации и намалена способност за критичко размислување, што може негативно да влијае на кредибилитетот на медиумската организација.

Во оваа насока, интерјуирано лице ќе сподели: *„Во новинарството, особено во истражувачкото новинарство, има сериозен дефицит на квалитетни кадри. Многу новинари се соочуваат со „согорување" (burnout) и по некое време едноставно работата и животот не е одржлив. Луѓе со сериозни новинарски вештини завршуваат со нарушено здравје и без пензија ниту здравствено осигурување, и никој не се грижи за нив. Тие се дехуманизирани и иронично е што многу средства биле вложени во нив преку обуки и градење на капацитети".*

Дополнително, согореноста кај новинарите има сериозни последици врз нивното ментално и физичко здравје. Симптомите како анксиозност, депресија, и хроничен замор се чести кај новинарите кои се согорени. Ова може да резултира со долгорочно отсуство од работа и потреба за медицинска помош. Согореноста исто така влијае и на нивниот личен живот, создавајќи проблеми во меѓучовечките односи и намалување на квалитетот на животот. За да се справат со согореноста, новинарите треба да имаат поддршка од своите работодавци преку обезбедување на адекватни ресурси за ментално здравје, обуки за

справување со стресот и работна средина која поттикнува баланс помеѓу професионалниот и личниот живот.

Новинар, кој беше интервјуиран, го опишува своето искуство со согореноста: *„Постојаното чувство на исцрпеност стана дел од моето секојдневие. Понекогаш едноставно немам енергија да ги завршам задачите. Се чувствувам дека сум под постојан притисок да известувам брзо и прецизно, но истовремено знам дека не можам да одржам такво темпо на работа без да ја жртвувам својата ментална и физичка добросостојба.“*

Тој додава: *„Честопати се наоѓам како губам мотивација и страст за новинарството. Негативните коментари од читателите и притисокот од уредниците да објавувам контроверзни теми само ги влошуваат работите. Дури и кога сум дома, мислите ми се постојано на работа и на следниот рок кој треба да го исполнам. Тоа го нарушува мојот личен живот и ме прави нервозен и раздразлив.“*

Овој пример покажува колку согореноста може да има сериозни последици врз професионалниот и личниот живот на новинарите. Притисокот да се биде секогаш достапен, да се известува брзо и точно, како и да се справува со негативните реакции од јавноста и уредниците, создава состојба на постојан стрес и исцрпеност. Поради овие причини, новинарите во РСМ, како и насекаде, имаат потреба од поддршка за да можат да го задржат својот професионален интегритет и ментална добросостојба.

Последиците од ова исто така можат да бидат здравствени, а ова е посебно тешко кај новинарите кои немаат здравствено осигурување и кои работат во мали редакции или пак се т.н. слободни новинари или „*Free lance*“. Дел од нив велат дека имаат дефицит на одредени витамини и нарушено здравје, што се одразува не само на професионалниот живот туку и на личниот. Постојаната анксиозност и нервното нарушување се директна последица од нивната работа. *„Сепак, чувствувам одговорност кон луѓето да продолжам, иако секој ден читам на интернет за мене зборови како „рекетар,“ „проститутка,“ „кучка“ и слично“,* додава новинарка.

Во контекст на психолошкиот притисок и burnout кај новинарите, јасно е дека новинарството е професија со високо ниво на стрес, што често води до професионално

исцрпување. Ова исцрпување меѓу другото, е резултат на постојаните напади, закани и заплашувања со кои дел од новинарите се соочуваат додека ја извршуваат својата работа.

Според публикација која се однесува на хроника на напади на новинари на ЗНМ[90], постојаната изложеност на ваков притисок води до појава на „*burnout*", кој се манифестира со емоционално исцрпување, намалена продуктивност и чувство на беспомошност. *„Неказнивоста на нападите врз новинарите создава атмосфера на страв и несигурност, што уште повеќе ја поттикнува автоцензурата и го ограничува просторот за слободни медиуми*". Оваа ситуација не само што ја нарушува професионалната работа на новинарите, туку и го загрозува демократскиот процес во земјата, бидејќи новинарите играат клучна улога во информирањето на јавноста и обезбедувањето на транспарентноста.

Во публикацијата *„Нападите врз новинарите и медиумските работници на 27 април 2017 година,"*[91] се наведува:

*„Новинарите и медиумските работници беа сведоци на невидена суровост и насилство на 27 април 2017 година, при што нивната безбедност беше сериозно загрозена. Успеав да избегам од прес центарот, но постојано се сеќавам на моментот кога насилниците ги удираа колегите и на крвта што ја видов",* еден од новинарите сведочи.

Овој цитат го истакнува трауматичниот ефект кој нападите го имаат врз новинарите, не само физички туку и психолошки. Стресот и траумата од ваквите настани можат значително да ја нарушат способноста на новинарите да продолжат со својата работа со истата страст и посветеност како порано. Трауматичните искуства ја зголемуваат веројатноста за развој на анксиозност, пост-трауматски стрес и други психолошки проблеми, кои пак можат да доведат до автоцензура или дури и целосно напуштање на професијата. Ова дополнително ја нагласува важноста на обезбедување на адекватна поддршка и заштита за новинарите, како и потребата за сериозни мерки против неказнивоста на насилството врз нив.

---

[90] Иванов, З. и Марковски, И. (2019) Хроника за (не)безбедност на новинарите. Скопје: Здружение на новинари на Македонија, . https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/web-MK-hronika-za-ne-bezbednosta-na-novinarite.pdf. / Пристапено на 3 јули 2024 година.

[91] Мрѓа, Д. Муртези, Е. и Беловска, Х. (декември 2019). „Нападите врз новинарите и медиумските работници на 27 април 2017 година." Здружение на новинари на Македонија. Достапно на https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Napadi-27-april.pdf. Пристапено на 3 јули 2024 година.

**Финансискиот притисок, заедно со психолошкиот е исто така актуелен проблем во новинарството и меѓусебно се поврзани**. На пример, кога се носеше *„Преспанскиот договор“* за промена на името, меѓународните донатори беа воздржани од поддршка на конструктивна критика, според дел од соговорниците. Ова создаде атмосфера во која новинарите беа ограничени во нивната способност да известуваат објективно и критички за важни прашања.

Притисокот од рекламерите е практика во најголем дел од традиционалните медиуми. Рекламерите често имаат значајно влијание врз уредувачката политика на медиумите, што доведува до автоцензура и ограничување на независноста на новинарите. Овие притисоци создаваат дефицит на квалитетни кадри во новинарството, особено во истражувачкото новинарство, каде што е потребна најголема независност и интегритет.

Ваквите услови придонесуваат за слабеење на медиумската сцена и намалување на квалитетот на новинарството. Неопходно е да се пронајдат начини за финансиска поддршка на независните медиуми, како и за обезбедување на стабилни извори на финансирање кои нема да влијаат врз уредувачката политика. Само така може да се задржат и развиваат квалитетни кадри кои ќе можат да вршат својата работа без притисоци и ограничувања.

**Недоволна дискусија за психолошките последици - в**о кругот на колегите, ретко се разговара за психолошките последици од нападите врз новинарите, што претставува сериозен проблем. Оваа недоволна дискусија директно влијае на нивната работа како професионалци, создавајќи атмосфера во која се чувствуваат изолирани и неподдржани. Суптилните притисоци од администрацијата, кога поранешни колеги кои сега работат во односи со јавност ги канат на кафе за да дадат „*пријателски*“ совети, дополнително го зголемуваат нивото на стрес. Овие „*пријателски*“ совети често се маскирани обиди за влијание врз уредувачката политика и однесувањето на новинарите.

Овие напади имаат сериозно влијание врз менталното здравје на новинарите и водат до автоцензура, што влијае на нивното функционирање и професионално и приватно. Стресот предизвикан од ваквите притисоци не само што ја намалува нивната способност за објективно известување, туку и ја нарушува нивната лична добросостојба како што и погоре укажуваат соговорниците. Во малите средини, каде што луѓето се добро познаваат, ваквите проблеми се особено изразени и создаваат дополнителни предизвици за новинарите и ова е

пред се проблем за локалните и регионалните медиуми како и за дописниците на националните кои работат надвор од градот Скопје.

Потребно е да се отвори дискусија за овие прашања и да се создаде поддршка за новинарите, вклучувајќи континуирана психолошка поддршка и како и систематизирани обуки за справување со стрес. Само преку зголемување на свеста и обезбедување на адекватна поддршка може да се намали влијанието на овие напади и да се подобри работната средина за новинарите.

Потребно е да се започне отворена дискусија за прашањата поврзани со психолошките последици од нападите врз новинарите, притисоците од менаџментот на медиумите но и суптилните притисоци од администрацијата. Треба да се обезбеди континуирана психолошка поддршка и стручни обуки од страна на психолози за справување со стресот. Со зголемување на свеста за овие проблеми и обезбедување соодветна поддршка, може значително да се намали влијанието на овие напади и да се подобри работната средина за новинарите.

### 2.4 Предлози за подобрувања за безбедноста на новинарите

Новинарите предложија неколку мерки за подобрување на безбедноста, вклучувајќи подобра правна заштита, поцврсти механизми за известување и решавање на заканите, зајакната безбедносна обука и поголема солидарност и поддршка од медиумските здруженија и организациите кои се дел од граѓанското општество. Во прилог се дел од препораките кои беа укажани од страна на соговорниците, а истите во соодветен начин ќе бидат и рефлектирани во делот кој се однесува на општи препораки од овој труд.

**Интерни акти во медиумите за подобра безбедност на новинарите** - од страна на новинарскиот синдикат, укажувањето е дека: *„Потребно е медиумите да имаат законска обврска за внатрешни механизми за заштита на новинарите од превенција до судска заштита. Исто така, медиумските организации како обврска во насока на превенција и засилување на отпорноста, потребно е да работат со медиумските работници, затоа што само преку здружување може да се унапредуваат и подобруваат условите за работа и аспектите на безбедноста, а на крајот и носењето на поволни законски решенија“*. Интерните акти во медиумите играат клучна улога во обезбедувањето на безбедна и здрава

работна средина за новинарите. Овие акти, кои би ги регулирале внатрешните процеси и процедури, се важни за да се осигура дека новинарите имаат јасни насоки и поддршка при справувањето со закани и напади. Според новинарските еснафски организации кои беа дел од соговорниците на спроведените интервјуа, потребно е медиумите да имаат законска обврска за внатрешни механизми за заштита на новинарите, кои ќе опфаќаат превенција, правна поддршка и судска заштита.

Внатрешните акти обезбедуваат рамка за новинарите да можат да ги пријавуваат инцидентите на закани и напади на безбеден начин, без страв од реперкусии. Овие акти исто така можат да вклучуваат мерки за психолошка поддршка, обуки за безбедност и протоколи за итни случаи, што е од суштинско значење за намалување на ризиците со кои се соочуваат новинарите. Преку јасни и применливи интерни акти, медиумските организации, односно медиумите, можат да создадат култура на безбедност и да ја зголемат отпорноста на своите вработени.

Понатаму, медиумите преку овие акти, можат да работат проактивно на унапредување на условите за работа и аспектите на безбедноста на новинарите. Здружувањето и соработката меѓу медиумските работници и организациите, како и носењето на поволни законски решенија, се клучни за создавање на посигурна и поотпорна медиумска средина. Само преку колективни напори и јасни интерни механизми може да се постигне вистинска заштита на новинарите и да се унапреди нивната професионална безбедност и слобода

**Кампањи и иницијативи за кревање на свеста за прашањата поврзани со безбедноста на новинарите -** кампањите за овие прашања се многу корисни. Вработени од извршната канцеларија на ЗНМ истакнуваат: „Позитивен пример е кампањата на SafeJournalists.net (*Female Journalists in the Front Lines)"*,[92] со која се крева свеста за ризиците со кои се соочуваат жените новинарки и кои се превентивните механизми. Слична кампања со глобални претставници од секторот неодамна имаа и партнерите од

[92] SafeJournalists. "Women Journalists in the Front Lines – Online Exhibition." BH Novinari, March 8, 2023. Accessed June 27, 2024. https://bhnovinari.ba/en/2023/03/08/safejournalists-women-journalists-in-the-front-lines-online-exhibition/

Меѓународната федерација на новинари[93]. Кампањата на Меѓународната федерација на новинари *„Време е да се стави крај на родовиот јаз во платите нееднаквост во новинарството"* има за цел да се адресираат и елиминираат разликите во платите помеѓу машките и женските новинари на глобално ниво.

Важноста на овие кампањи не може да се потцени. Тие играат критична улога во подигањето на свеста за специфичните предизвици и ризици со кои се соочуваат новинарите, особено жените новинарки. Овие кампањи не само што ја информираат јавноста за овие прашања, туку и ги едуцираат новинарите за превентивните мерки кои можат да ги преземат за да ја зголемат својата безбедност. Понатаму, овие кампањи поттикнуваат институционални промени преку зголемување на притисокот врз владите и медиумските организации да имплементираат поцврсти заштитни механизми и да обезбедат подобри услови за работа на новинарите.

**Континуирани обуки на сите засегнати страни** - освен ова, претставниците на судовите укажаа дека во случаи на правна постапка кога новинарите се дел од истата, судот има законска обврска да обезбеди правна помош во форма на бранител по службена должност доколку тоа е побарано. Но сепак ова ретко се случува во пракса од причини што еснафските организации или пак мал дел од поголемите медиуми во име на новинарите, пред се кога се во улога на оштетени странки, обезбедуваат адвокати кои имаат пракса во застапување на медиумски работници пред суд. Интерјуираните претставници на судот дополнително укажаа дека има примери кога помлади и неискусни новинари што следат политички или економски теми несвесно можат да ја загрозат својата правна сигурност преку пример повреда на правото на приватност со што самите тие ризикуваат да си ги загрозат своите слободи и права. Затоа тие сугерираат да има повеќе специјализирани обуки како и активности преку кои ќе се подобри капацитетот и знаењето пред се на помладите новинари а со тоа и нивното известување, посебно за сензитивни теми или пак теми од висок јавен интерес. Интересно е за овие размислувања, поинаков став имаат дел од интервјуираните адвокати посебно за прашањата поврзани за назначување на бесплатен бранител. Тие не ја спорат можноста новинарите да имаат бранител по службена должност,

[93] International Federation of Journalists. "IFJ Global Campaign: Time to End the Gender Pay Gap in Journalism." SafeJournalists, March 8, 2021. Accessed June 27, 2024. https://safejournalists.net/ifj-global-campaign-time-to-end-the-gender-pay-gap-in-journalism/

но сепак, сметаат дека новинарите ретко се јавуваат како лица кои покренуваат тужби и тие најчесто се јавуваат како жртва односно оштетени страни, па во тој случај треба полномошно од застапник и секако е подобро да има лично ангажиран бранител. Ова е важно бидејќи што на овој начин мала група на адвокати имаат и специјализирано искуство и пракса во застапување на новинари и на дела поврзани со повреда на слободата на изразување а ова е исклучително важно за квалитетно застапување на странките во овие специфични предмети. Обуки на сите правни професионалци и на судски органи се постојано потребни и истите треба да се однесуваат не само на адвокатите туку и на судиите од кривичниот и граѓанскиот суд како и на обвинителите, укажуваат претставниците кои беа интервјуирани од адвокатската фела. Имено, еден од главните проблеми со кои се соочуваат новинарите е недостатокот на специјализирани одделенија или судии за случаи на клевета и навреда. Како што наведува адвокатот: *„Меѓународните стандарди во носење на одлуки се запазуваат и истите понекогаш се дел од образложенијата, проблемот е што не сите судии имаат пракса и не постојат специјализирани одделенија или судии пример за случаи за клевета и навреда како што беше претходно пракса. Не е реално да се очекува од сите судии да имаат познавање на меѓународната судска пракса и стандарди на ЕСЧП.*“ Ова укажува на потребата за континуирана обука на судиите и истражните органи, како и за формирање на специјализирани одделенија кои ќе можат да се справуваат со овие специфични случаи.

**Постојан надзор на судската пракса како и на истрагите** – важно е сите аспекти на истрага од ОЈО и МВР но и судски постапки пред сите судови, како и други постапки кои се однесуваат на новинари но и на медиумите пред други надлежни органи, како што се: Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Управата за финансиска полиција, Управата за јавни приходи, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, Народен правобранител, Државно правобранителство, но и други, да бидат следени на систематски начин од страна на независно тело или во најмала рака од страна на кредибилни граѓански организации. Преку ваков надзор, се промовира транспарентноста и отчетноста, што е клучно за создавање на праведен и ефикасен правен систем.

Дополнително, постојаниот надзор на судската пракса и истрагите е од клучна важност за осигурување на правдата и заштита на новинарите. Преку систематски надзор, се овозможува транспарентност и отчетност во правните процеси кои се однесуваат на новинари и медиуми. Ова е особено важно во контексти каде што политичката нестабилност и правните ризици се високи. Надзорот обезбедува дека истрагите и судските постапки се спроведуваат праведно и без пристрасност, што е клучно за довербата во правниот систем. Кога независни тела или кредибилни граѓански организации ги следат овие процеси, се намалува можноста за неправилности и се осигурува дека правдата е достапна за сите.

**Континуирани психолошки услуги и поддршка за новинарите**, вклучувајќи обуки за справување со стрес и траума. Овие услуги можат да вклучуваат редовни сесии со професионални психолози, групни терапии и програми за ментално здравје. Дополнително, обуките треба да се фокусираат на техники за намалување на стресот, управување со емоциите и развивање на механизми за справување со трауматски искуства.

## 3. Согледувања од меѓународни организации во однос на безбедносните предизвици со кои се соочуваат новинарите

### 3.1 Компаративна анализа со глобални трендови

Интервјуираните претставници од меѓународните организациистакнале дека предизвиците со кои се соочуваат новинарите во РСМ ги одразуваат глобалните трендови, особено во регионите кои доживуваат политичка нестабилност и слабо владеење на правото. Сепак, тие истакнаа дека интензитетот и фреквенцијата на заканите во РСМ зависи од локалната социо-политичка динамика во општеството.

Глобалните трендови варираат и типот на напади се менуваат, и Македонија како земја  има предизвик дали е подготвена да одговори на модерните закани и повреди на правата на новинари. Според претставник на глобална организација за безбедност, Македонија треба да ги следи промените во природата на заканите, кои сѐ повеќе се префрлуваат од физички на онлајн напади и кампањи за дискредитација. Ова бара континуирано ажурирање на стратегиите за заштита на новинарите и развој на нови механизми за справување со дигиталните закани.

Според индексот на Репортери без граници ко се однесува на 2024 година кога се работи за РСМ има подобрувања подобрен. Ова се должи пред сè на подобрувањето на регулативата на КЗ и Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (ЗГОНК). Унапредувањето на регулативата во делот на безбедноста на медиумските работници се нотира во сите индекси и позитивно влијае на имиџот на самата земја во однос на почитувањето на овие права. Во овој контекст, зголемувањето на свеста и обуките за новите форми на закани се од клучно значење за да се обезбеди ефективна заштита на новинарите во модерната дигитална ера.

### 3.2 Ефикасни мерки од други земји

Ефикасните мерки од другите земји кои би можеле да се применат во РСМ вклучуваат воспоставување на посебни одделенија или контакт точки во правосудните органи за спроведување на кривични дела против новинарите, спроведување на безбедносни протоколи со цел поуспешно спроведување на законите како и поттикнување на посилни соработки помеѓу здруженијата, медиумските организации и правосудните но и истражните органи. Дел од овие мерки и механизми се и во функција во нашата земја, но сепак постои простор за подобрување на капацитетите на овие делови или одделенија од надлежните институции.

Понатаму треба да се менуваат и подобруваат законите, веќе има добра пракса, но има уште простор, особено во делот на вознемирувањето онлајн. Луѓето имаат впечаток дека ако е нападот направен зад тастатурата нема да имаат реперкусии. Но, во основа, тоа е голем проблем и потребно е да се наградува како регулативата, така и капацитетот на службите во овој дел. Во некои земји, како што се Сојузна Република Германија и Франција, постојат стриктни закони против онлајн вознемирување и говор на омраза, што резултира со конкретни санкции и ефикасно спроведување од страна на надлежните органи.

Јазот на поларизирање е исто така голем и присутен во медиумите; тенденциозното етикетирање недоволно се зема сериозно, така што ова останува како дополнителен предизвик. Во овој контекст, во Скандинавските земји постои високо ниво на доверба меѓу медиумите и јавноста, што се постигнува преку транспарентни и етички практики во

новинарството, како и силна поддршка од страна на државата и граѓанските организации за зачувување на слободата на изразување и безбедноста на новинарите.

Дополнително, постојат програми за обука и поддршка кои се имплементирани во земји како Холандија и Норвешка, каде новинарите добиваат редовни обуки за справување со закани и безбедносни ризици. Овие програми вклучуваат и поддршка за ментално здравје, што е од особено значење за новинарите кои се подложени на постојан стрес и притисок.

Со оглед на овие искуства од други земји, РСМ може да ги применува и адаптира овие мерки за да ја подобри безбедноста и заштитата на новинарите.

### 3.3 Улога на меѓународните организации во поддршката на новинарите

Меѓународните организации ја истакнаа својата улога во обезбедувањето на итна и долгорочна поддршка. Ова вклучува нудење правна помош, спроведување на работилници за обука за безбедност и застапување за заштита на новинарите на ниво на политиката, како и директна финансиска помош за национални организации кои имаат кредибилитет во успешно спроведување на активности во овој контекст. Тие, исто така, ја истакнаа важноста на механизмите за следење и известување за задржување на меѓународниот притисок врз националните влади.

Меѓународните организации, како што е **ОБСЕ**, имаат важна улога во поддршката на новинарите. ОБСЕ конкретно работи со **Регионалната канцеларија во Виена (РФОМ)**[94] и соработува со национални граѓански организации како што се ЗНМ и ССНМ, но и со останати државни организации. Кога овие организации ќе пријават инцидент кај ОБСЕ, се укажува на канцеларијата во Виена која потоа презема понатамошни дејствија во зависност од природата на случајот. ОБСЕ има посебно портфолио во делот на медиумите и улогата на оваа организација во однос на ова прашање е да внимава на правата на новинарите и да обезбеди нивна заштита.

[94] ОБСЕ. "Претставник за слобода на медиумите." Пристапено на 2 август 2024 година. https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media.

Оваа соработка овозможува брзо и ефикасно реагирање на инциденти, обезбедувајќи поддршка за новинарите преку правни совети и финансирање на иницијативи за безбедност. ОБСЕ, исто така, организира работилници за новинарите за да ги информира за нивните права и за начините на кои можат да се заштитат од закани и напади. Дополнително, меѓународниот притисок и јавните осуди од страна на организации како ОБСЕ често водат до брзи реакции од националните власти и подобрување на безбедносната ситуација за новинарите.

Меѓународната соработка не е ограничена само на политичките организации како ОБСЕ. Други организации, пред сè како што се **Репортери без граници (РСФ) и Комитетот за заштита на новинарите (ЦПЈ),** исто така, играат важна улога во поддршката на новинарите. Овие организации не само што следат и известуваат за напади врз новинари, туку и обезбедуваат финансиска помош и правна поддршка, помагајќи им на новинарите да се справат со заканите и да продолжат со својата работа без страв.

Во делот за меѓународните механизми за соработка и поддршка, потребно е да се истакне улогата на Советот на Европа и Европската федерација на новинари (ЕФН).

Советот на Европа игра клучна улога во заштитата на новинарите преку својата Платформа за безбедност на новинарите. Оваа платформа овозможува пријавување на напади врз новинари и создава механизам за притисок врз националните власти да ги решат овие случаи. Преку Платформата, Советот на Европа може да следи инциденти и да повикува на акција од страна на државите членки, што го зголемува нивото на одговорност и транспарентност во решавањето на овие проблеми. Исто така, Советот на Европа го спроведува проектот **Профекс**[95] кој се фокусира на обезбедување обуки за професионална етика и безбедност на новинарите, со цел подобрување на професионалните стандарди и зголемување на свеста за безбедноста на новинарите. РСМ заедно со останатите земји со статус на кандидат членки на ЕУ е дел од овој регионален проект во кој има тековни активности со вклученост на новинари но и претставници на правосудството.

[95] Совет на Европа. „Заштита на слободата на изразување и на медиумите во Северна Македонија (PRO-FREX).” Пристапено на 2 август 2024 година. https://www.coe.int/en/web/skopje/protecting-freedom-of-expression-and-of-the-media-in-north-macedonia-pro-frex-.

**Европската федерација на новинари (ЕФЈ)** е дел од Медиумската слобода за брз одговор (***Media Freedom Rapid Response - MFRR*)**, која нуди правна поддршка, обуки за безбедност, и фактички мисии за истражување на условите за медиумите. Оваа федерација соработува со националните организации како ЗНМ и ССНМ за подобрување на условите за работа и заштита на новинарите во РСМ. Мисиите за факти-формирање и изјавите на ЕФЈ играат значајна улога во зголемување на видливоста на проблемите со безбедноста на новинарите и притисокот врз властите за да преземат мерки.

Освен Советот на Европа и ЕФЈ, постојат и други значајни меѓународни организации кои придонесуваат кон безбедноста на новинарите. **Европскиот центар за слобода на печатот и медиумите (*ECPMF*)** нуди правна помош, истражувања и кампањи за подигнување на свеста. **Free Press Unlimited (*FPU*)** се фокусира на зајакнување на капацитетите на новинарите преку обуки и поддршка за независни медиуми. Специјалниот претставник на Обединетите нации за слобода на мислење и изразување исто така игра важна улога во глобалната застапеност за правата на новинарите, обезбедувајќи извештаи и препораки до владите за подобрување на состојбата.

**Меѓународната федерација на новинари (*IFJ*)** е една од најголемите светски организации која застапува права на новинарите и работи на глобално ниво за подобрување на нивните работни услови и безбедност. Тие организираат кампањи, обезбедуваат правна поддршка и работат на развивање на професионални стандарди и етика во новинарството.

**South East Europe Media Organisation (SEEMO)** е регионална организација која има за цел да ги заштити новинарите и медиумите во Југоисточна Европа. SEEMO организира работилници и обуки за новинари, како и мисии за истражување на условите за работа на новинарите во регионот.

**Freedom House** е меѓународна организација која го следи степенот на слобода на медиумите во различни земји и објавува годишни извештаи кои го оценуваат нивото на медиумска слобода и безбедност на новинарите. Нивните извештаи се важен извор на информации за состојбата на медиумите и слободата на изразување во светот.

Исто така, постојат и други организации како што се **Меѓународниот институт за медиуми (IPI)**, кои се ангажирани во следење и пријавување на нападите врз новинарите и обезбедување на правна и техничка поддршка а свои активности имале и во РСМ.

### 3.4 Влијание на меѓународниот притисок

Меѓународниот притисок се смета за значаен фактор за поттикнување на националните влади да преземат дејства против извршителите на нападите врз новинарите. Сепак, ефикасноста на овој притисок зависи од политичката волја и стабилноста на националната влада. Претставник од германска фондација која работи во полето на медиумска независност во Македонија, истакна неколку клучни аспекти во врска со поддршката на новинарите и медиумските организации. Во однос на соработката со властите, тој посочи дека фондацијата има мала улога во оваа област, но нагласи дека ова е прашање од особено значење. Националните власти треба да имаат слух за потребите на новинарите во успешно вршење на нивните професионални задачи, особено преку изработка на национални програми и стратегии на надлежните институции.

Дополнително, претставникот истакна дека притисокот од кредибилните меѓународни организации е значаен фактор за унапредување на законската рамка. Тие треба да ги земат предвид препораките на меѓународните организации, кои често се заеднички и на повисоко ниво, особено во делот на унапредување на законската рамка. Новинарите и медиумските организации ги артикулираат проблемите, и токму затоа е потребен поангажиран пристап од страна на националните власти за да се обезбеди поддршка и заштита на медиумската независност.

Друго интрвјуирано лице пак, нагласи дека ОБСЕ порано беше поприсутна и повлијателна, но перцепциите сега сугерираат дека ова влијание не е на исто ниво. Сепак, од друга страна, има ефикасност, но секогаш може да биде на подобро ниво. Повеќе притисок има од страна на меѓународните граѓански организации, бидејќи тие се повеќе активистички настроени.

Притисокот од меѓународните организации се манифестира преку изјави и мисии базирани на мониторинг на прекршувањата на слободата на печатот и инцидентите пријавени од нивните партнери и медиумските куќи. Овие активности ја зголемуваат

видливоста на проблемите и го зголемуваат притисокот врз властите за да обезбедат објаснување и да ги изведат одговорните пред лицето на правдата. Поголемиот дел од случаите на прекршувања на слободата на печатот се пријавуваат на Платформата за безбедност на новинарите на Советот на Европа, која служи како алатка за меката моќ. Властите се повикуваат да се соочат со своите одговорности со детални факти и прецизни барања за дејствување.

### 3.5 Поддршка од меѓународната заедница

Меѓународните организации обезбедуваат различни форми на поддршка за правни дејства, вклучувајќи финансиски средства за правна застапеност, нудејќи експертиза за меѓународното право за човекови права и олеснувајќи ги врските со локалните правни експерти. Оваа поддршка е клучна за да се осигура дека случаите на напади врз новинари се следат и дека извршителите се сметаат за одговорни. Освен ова, помош во форма на грантови за граѓански организации но и техничка помош за јавните установи беше и сеуште е присутна.

Според податоците од Комитетот за заштита на новинарите (CPJ), новинарите во РСМ, слично како и во други земји во регионот, најчесто се соочуваат со вербални притисоци, СЛАПП тужби, физички напади и полициски притисок. CPJ нуди итна помош за новинари жртви и обезбедува безбедносни ресурси и нотирање на инциденти на нивната веб страна. Правната поддршка е обезбедена преку Правната мрежа за новинари во ризик (LNJAR), која нуди одбрана од кривични обвиненија и граѓански тужби, како и барање правда за злосторства против новинари.

Меѓународните организации, како CPJ со седиште во Берлин, Европската федерација на новинари (EFJ) со седиште во Брисел и Free Press Unlimited (FPU) со седиште во Амстердам, обезбедуваат значајна поддршка и соработка со националните установи во случај на напади врз новинари. Ова вклучува документирање на случаи, јавна објава и соработка со локалните власти за намалување на неказнивоста. Во РСМ, меѓународниот притисок е ефикасен, особено поради евроинтегративните процеси и внимателноста на земјите кандидати на ЕУ кон јавната критика. Овој притисок, според соговорниците, се однесува не само на РСМ туку речиси за сите земји од Западен Балкан и истиот вклучува

меѓународни медиумски мисии, петиции и писма, игра клучна улога во решавањето на случаи и намалувањето на неказнивоста.

Европската федерација на новинари (EFJ) е дел од коалицијата за брз одговор за слобода на медиумите. Оваа мрежа на организации за слобода на медиумите е посветена на работа кон отпорно и слободно медиумско опкружување. Врз основа на прекршувањата на медиумите пријавени и следени на соодветните платформи, проектот нуди широк спектар на итна и долгорочна поддршка, вклучувајќи совети за безбедност и обука, безбедни засолништа за новинари, застапување, мисии за утврдување факти, онлајн ресурси и правна поддршка.

**Правната поддршка понудена од EFJ и нивните партнери вклучува**:

- Општи насоки за правна помош кон новинари
- Пристап до правни совети за релевантни закони и стратегии
- Надворешна помош (на пример, при поднесување на случај до суд, надзор на постапките, усно застапување)
- Пристап до експертиза во политика и креирање закони
- Вклученост во национални или меѓународни судски постапки (директно или индиректно)

Организацијата обезбедува правна поддршка по проучување на случајот и во зависност од достапните финансиски ресурси. Постојат обрасци за барање правна поддршка кои се достапни на платформите на EFJ и Европскиот центар за слобода на печатот и медиумите (ECPMF). Според соговорничка од оваа организација, EFJ бележи зголемен број на Стратешки тужби против учество на јавноста (SLAPPs) насочени кон новинари и главно независни новински агенции со цел да се замолчат нивните критички истраги.

На страна од европските односно глобалните организации, претставник на германска фондација активна во делот на слободата на изразување а со претставништво и во РСМ, истакна неколку клучни аспекти во врска со поддршката на новинарите и медиумските организации. Тие се една од неколкуте странски организации кои имаат активни проекти за поддршка на професионалното новинарство во Македонија, а дополнително постои и регионалната канцеларија за поддршка на медиумски иницијативи

на регионално ниво, вклучувајќи го и Западен Балкан, во Софија[96]. Перцепцијата, слично како и со другите соговорници е дека треба да се стави фокус пред сè на дигиталните напади затоа што дигиталната безбедност е глобална тема посебно од значење во Македонија и затоа што тука е слабата страна на која треба да се посвети внимание.

Испитаникот истакна дека обуките и кампањите за подобра дигитална писменост и транспарентност на институциите се клучни за унапредување на етичкото новинарство. Во земјата се присутни меѓународни организации кои посветуваат и време и ресурси за подобрување на состојбата со правата на новинарите и независноста на медиумите. Овие напори се важни затоа што само преку квалитетни обуки и кампањи во насока на подобра дигитална писменост, транспарентност на институции, етичко известување на конкретни теми како што се избори и корупција секогаш има простор и потреба затоа што само на тој начин ќе се даде придонес во етичкото новинарство.

Важно е да се истакне дека повеќето меѓународни организации кои покажуваат интерес за правата на новинарите но и општо за слободата на медиумите во РСМ се во меѓусебна комуникација, пред сè со цел да овозможат поголема поддршка за специфични потреби. Така на пример, CPJ како организација не нуди бесплатна правна помош, но според локалната пракса како и според укажувањата на соговорникот од оваа организација, тие за новинари кои имаат правна несигурност истите ги упатуваат до своите партнерски организации кои имаат ваква поддршка. Една од тие платформи е и Правната мрежа за новинари во ризик (Legal Network for Journalists at Risk - LNJAR)[97] која обезбедува правна поддршка за новинари и независни медиуми низ светот. Оваа поддршка вклучува одбрана од кривични обвиненија, граѓански тужби и помош при неправедна суспензија на профили на социјалните мрежи, како и барање правда за злосторства против новинари. Мрежата има за цел да ги заштити медиумските слободи и да обезбеди новинарите да можат да известуваат за прашања од јавен интерес без страв од правни последици.

---

[96] Konrad-Adenauer-Stiftung. „Програма за медиуми во југо-источна Европа." Достапно на https://www.kas.de/en/web/medien-europa/home. Пристапено на 24 јули 2024 година.
[97] "Media Legal Help". Достапно на https://www.medialegalhelp.org/. Пристапено на 15 јули 2024 година.

## 3.6 Идни предизвици

Најголемите предизвици што се предвидуваа вклучуваат развивањето на природата на заканите во дигиталното доба, како што се сајбер-нападите и онлајн малтретирањето, и политичката поларизација која често ги зголемува ризиците за новинарите. Дополнително, обезбедувањето на одржливи финансиски средства и ресурси за програмите за заштита на новинарите остана постојано прашање.

Во поглед на идните предизвици, дел од адвокатите кои учествуваа во интервјуата, но и речиси сите претставници на правосудните органи, истакнуваат дека **главни предизвици се идентификација на сторителите посебно во случаи каде има повреда на правата на новинарите онлајн**, зошто тука е надлежно МВР кое дејствува по наредба на обвинител. Карактеристика е тоа што често овие сторители умно се обидуваат да ги скријат своите идентитети и на тој начин истрагата е отежната. Во одредени случаи има олеснителни околности кога сторителите сами себе си ги откриваат идентитетите и тоа е полезно за истрагата. Квалификацијата на делата исто така понекогаш е отежната од причини што не секогаш обвинителот одлучува да поведе постапка поради, од понекогаш субјективни причини, не доволна сериозност на заканата, и на тој начин настанува неказнивост.

Недостигот на доволно ресурси но и голем интерес за обуки на сите правни професионалци, вклучувајќи ги и судиите од кривичниот и граѓанскиот суд, како и обвинителите, е постојан проблем. Обуките се клучни за да се осигура дека сите вклучени страни имаат потребните знаења и разбирање за справување со случаи кои вклучуваат новинари и медиуми. Ова вклучува и теми како слободата на изразување, правата на новинарите, и примената на меѓународните стандарди.

**(Не) соработка со националните институции** - Соработката со националните установи се карактеризира со реактивност на прашања и инциденти кои се јавуваат. Во случајот на РСМ, според дел од соговорниците од меѓународните организации, забележлива е позитивна реакција од институциите на меѓународните прашања, што не е случај во сите земји од регионот. Сепак, проблемот често лежи во површноста на одговорите и

дезинформациите кои се појавуваат, што ја компплицира соработката и го намалува ефектот од комуникацијата, додаваат дел од соговорниците.

**Во контекст на СЛАПП тужбите (стратегиски тужби против јавното учество), кои претставуваат исто така висок ризик за правната сигурност на новинарите во моментов но и во иднина**, соговорниците истакнуваат дека во Македонија има дебати во адвокатската фела за измени во Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (ЗГОНК), со цел да се вклучи можноста за приговор во претходна постапка за одлучување дали судот ќе цени дека има елементи на СЛАПП во една тужба. Вакви процедурални решенија сè уште нема во ЕУ од јавно достапните информации, и можеби не се потребни доколку се почитува праксата на ЕСЧП и се применуваат соодветните стандарди. Внесувањето на вакви измени може да доведе до пролонгирање на постапките и потенцијално повредување на правата на тужителот.

Практиката на судовите во однос на надомест на штета моментално е на задоволително ниво, бидејќи не се пресудуваат високи надоместоци, без разлика дали станува збор за новинари или други оштетени странки. Сепак, предизвик останува дека оваа пракса може да се смени во зависност од политичкиот контекст, што може да создаде т.н. *„ефект на ладење“* кај новинарите, особено кај истражувачките новинари кои работат на теми поврзани со корупција и други чувствителни прашања.

И претставниците на меѓународните организации укажаа на предизвикот поврзан со дигиталната безбедност истакнувајќи дека медиумите поминуваат од традиционални во дигитални платформи, и тешко е да се следат сите, посебно оние кои се формираат ад-хок со сомнителна позадина. Има случаи кога се формираат вакви медиуми со посебна агенда, па затоа е нужно да се воспостават одредени правила на игра со цел да се помогнат професионалните редакции но пред сè да се заштити јавноста.

Еден од клучните предизвици е и **регресот на законската рамка** или недоволната синхронизација со Европскиот акт за медиумски слободи на Европската комисија и другите директиви на Европскиот парламент. Во одредени земји, како што се Грузија со законот за странски агенти и Унгарија, се носат закони кои значително го намалуваат степенот на медиумските слободи и независноста на новинарите. Ова создава неповолна средина за медиумските работници и ги зголемува ризиците од цензура и саморегулација под

политички притисок. Важно е националното законодавство да биде усогласено со европските стандарди за да се обезбеди правна заштита и слобода на медиумите.

Законот за странски агенти во **Грузија**, на пример, има за цел да ги регистрира и регулира организациите кои примаат финансии од странство. Иако на прв поглед може да изгледа како начин за зголемување на транспарентноста, законот всушност претставува значителен удар врз граѓанските организации и медиумите кои добиваат странска поддршка. Овој закон не само што го ограничува правото на слободно здружување и изразување, туку исто така ги таргетира организациите кои најчесто работат на заштита на човековите права и слободата на медиумите а кои се финансирани од кредибилни странски влади или организации. Ваквите ограничувања можат да доведат до автоцензура и намалување на критичките гласови во јавноста, што е спротивно на принципите на демократско општество и слободата на медиумите[98].

Во **Унгарија**, контроверзниот медиумски закон донесен во 2010 година создаде силни контроли врз медиумите и го намали просторот за слободно новинарство. Законот овозможува на владата значителна моќ да назначува членови на медиумскиот регулаторен орган, што резултира со негово политичко потчинување. Ова води до состојба во која независните медиуми се подложени на чести инспекции и финансиски казни, што ги принудува на автоцензура или целосно затворање. Дополнително, законот вклучува строги барања за регистрација и услови за работа на медиумите, што ја намалува слободата на медиумското известување и го ограничува пристапот на јавноста до разнолики информации[99].

**Пораст на популизмот и екстремните партии во Европа** – дел од соговорниците укажуваат дека токму ова е силен фактор што создава непријателска средина за новинарите. Пример за ова е повторно Унгарија, каде што постои руски стил на закон кој носи ризици и опасности за новинарите и не е во согласност со вредностите на ЕУ.

[98] Венецијанска комисија. „Грузија треба да го укине законот за транспарентност на странско влијание во неговата сегашна форма, вели Венецијанската комисија.“ Совет на Европа, 19 јуни 2023. Пристапено на 27 јуни 2024. https://www.coe.int/en/web/portal/-/georgia-should-repeal-the-law-on-transparency-of-foreign-influence-in-its-current-form-says-venice-commission.

[99] Европска комисија. „Мислење за законот за транспарентност на странско влијание.“ Службен весник на Европската унија, 23 јануари 2023. Пристапено на 27 јуни 2024. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=OJ:C_202301223.

Овие примери покажуваат како тенденциозно лошо изработените закони можат да имаат длабоки негативни последици врз медиумските слободи и демократијата. За да се избегнат вакви ситуации, неопходно е националното законодавство да биде усогласено со Европскиот акт за медиумски слободи и другите релевантни директиви на Европскиот парламент. Само преку усвојување на стандарди кои гарантираат независност на медиумите и заштита на новинарите може да се обезбеди здрава и функционална демократија.

Повторно како и во случај со поголем дел од соговорниците, **од Европската федерација на новинари укажуваат дека онлајн заканите не се адресираат со сериозноста која ја заслужуваат.** Кампањите за оцрнување, онлајн вознемирувањето на новинарите и дезинформациите се поттикнуваат во дигиталниот медиумски пејзаж, особено на платформите кои не преземаат голема одговорност за нивната содржина, а со претстојната револуција на генеративната вештачка интелигенција. Истражувањето и санкционирањето на сторителите е од најголема важност за да се спречи понатамошна ескалација во „*офлајн*“ (*надвор од екранот*) напади, како што се физички напади. Политичкиот притисок и предизвиците во имплементацијата и спроведувањето на европските регулативи на национално ниво за посилна заштита на новинарите се дополнителни проблеми: Европскиот акт за слобода на медиумите (*EMFA*) е пример за тоа.

За крај но не помалку важно, според соговорничка, на прашање за тоа кои се најголемите идни предизвици, кажува дека тоа останува да го одговорат самите новинари. Потоа додава дека познато е дека социјалните права се многу кревки во медиумскиот сектор, а тие се предуслов заедно со стандардот на платите, со цел новинарите да бидат отпорни кога ќе бидат под напад или под притисок.

Во контекст на обезбедувањето на безбедноста на новинарите, важно е да се земат предвид не само физичките и онлајн закани, туку и економските услови под кои новинарите работат. Ниските плати и недостатокот на социјални права создаваат дополнителен притисок врз новинарите, што ги прави поранливи на напади и притисоци. Со подобрување на социјалните и економските услови, новинарите ќе можат поефективно да се справуваат со заканите и да останат независни во својата работа. Ова е од суштинско значење за одржување на слободата на медиумите и заштитата на новинарите од сите форми на насилство и притисок.

# 4. Перспективи на владини претставници за безбедноста на новинарите

## 4.1 Ставови на владините и регулаторните органи за безбедноста на новинарите

Безбедноста на новинарите е од клучно значење за демократијата и слободата на медиумите. Во РСМ, во последните години владите изразуваа посветеност на подобрувањето на условите за работа на новинарите, но исто така признава дека постојат значајни предизвици. Слободните медиуми се важни за демократското владеење и евро-интегративните аспирации на земјата, но без соодветна национална стратегија или акциски план, безбедноста на новинарите останува ранлива.

На 8 мај 2024 година се одржаа редовни парламентарни избори во РСМ по кои следеше смена на власта. Во последните седум години на власт беше Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) со мнозинство и коалициони партнери во Собранието, но по последните избори власта ја презеде ВМРО - ДПМНЕ. Ова доведе до преструктурирање на дел од министерствата, па ресорот за медиуми и радиодифузна инфраструктура премина во новото **Министерство за дигитална трансформација**. Ова министерство започна со работа во јуни 2024 како комплетно нов орган во извршната власт. Министерството за информатичко општество и јавна администрација го задржа ресорот само за јавната администрација, додека ново формираното министерство, покрај ресорот за дигитализација, стана надлежно и за работата на медиумите, како и за основните закони за регулирање на медиумскиот сектор.

Министерството за дигитална трансформација има за цел да ја унапреди дигиталната инфраструктура на земјата, да го поттикне развојот на дигиталните услуги и да ја подобри дигиталната писменост на граѓаните. Според новите јавно достапни информации, ова министерство ќе работи на проекти за дигитализација на јавната администрација, поддршка на стартапи и технолошки иновации, како и на подобрување на сајбер-безбедноста.

Интересно е тоа што во Патоказот за дигитална трансформација[100] од ноември 2023 година, за кој ново формираното министерство ќе има надлежност, се предвидуваат нови институции кои треба да се грижат за сајбер безбедноста во иднина. Па така, во овој патоказ се предвидува:

*„Формирање и целосна операционализација на Агенцијата за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација по усвојување на Законот за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација. Со овој закон се пропишува следново: донесување план за дигитална трансформација на јавниот сектор; донесување национална стратегија за сајбер-безбедност; формирање надлежно тело за безбедност на мрежните и информациските системи и дигитална трансформација на јавниот сектор, со утврдување на неговите надлежности; управување со сајбер кризи, единствена точка за контакт за безбедност на мрежните и информациските системи како и национално тело за одговор на компјутерски инциденти; мерки за управување со ризиците од сајбер-безбедноста и обврски за пријавување; правила и обврски за размена на информации поврзани со сајбер-безбедноста; надзор на спроведувањето на овој закон“.*

Овој орган, односно **Агенцијата за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација** која е во најава, доколку е оперативен и ефикасен, може значително позитивно да се одрази и на онлајн безбедноста на новинарите, секако во зависност од надлежностите и капацитетите со кои би располагала истата.

За потребите на овој труд, веднаш по формирањето на новата влада и по започнувањето со работа на новото министерство кое во иднина ќе биде надлежно за регулативата поврзана со работата на медиумите и новинарите, пред се на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски политики, како и за Законот за медиуми, беше спроведено и интервју со Министерот за дигитална трансформација, Стефан Андоновски. Генералниот впечаток е дека во моментов фокусот на работата на новата влада како и на ова министерство се други теми поврзани со реформи околу економијата, инвестициите, јавната

[100] Влада на Република Северна Македонија. Патоказ за дигитална трансформација. 2024. Достапно на https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/roadmap_2024_-2030_final_mk.pdf. Пристапено на 3 јули 2024 година.

администрација и правосудството отколку со работата на медиумите односно новинарите. Ова, до некаде е и разбирливо земајќи во предвид дека државата во последните години е високо рангирана на глобалните индекси за слобода на изразување но сепак, би било погрешно од стратешки аспект да се влоши состојбата или пак да има криза па потоа да следат мерки и активности во овој сектор. Исто така, потребни се постојани превентивни активности како да се одржува моментално релативната добра безбедносна состојба на новинарите.

На прашањето околу генералниот владин став, на новата влада, поврзан со безбедноста на новинарите министерството е на позиција дека безбедноста на новинарите е од клучно значење, бидејќи гарантира безбедност на општеството во целина. Секој напад врз новинар се смета и за напад врз граѓаните и нивното право на информирање. Има простор за подобрување на состојбите и ситуацијата не е идеална. Покрај квалитетот на законите, потребно е доследно спроведување за да се превенира и санкционира повредата на правата на новинарите. Безбедноста мора да биде гарантирана без разлика дали станува за вербални или физички повреди.

Дополнително, како дел од интервјуираните лица беше и висок претставник на Министерството за внатрешни работи како важен орган за превенција на насилство кон новинари но и за координација при идентификација и истрага во случаи кога се повредени правата на новинарите, без разлика дали станува за онлајн или на терен. Претставникот на МВР околу општите перцепции за безбедноста на новинарите истакна дека континуирано се прават сите напори да се обезбедат услови за безбедна работа на медиумите и медиумските работници. Во таа насока, МВР има клучна улога преку соработката со ЗНМ, преку организирање на работилници со новинари, создавање на заеднички правилници и брза реакција при напади на новинари како мерки за превенција но и за брзо решавање на инциденти. Оваа меѓу секторска соработка испраќа порака дека секој напад врз новинар ќе биде санкциониран, што има превентивна улога кон идните напаѓачи.

**Улогата на Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиумски политики**

Според разговорот со директорот на ова регулаторно тело, а за потребите на овој труд, но и преку анализа на јавни објави на Агенцијта кои се поврзани со безбедноста на новинарите, може да се посочи дека ААВМУ останува посветена на заштитата и

унапредувањето на безбедноста на новинарите како основен предуслов за слободни и независни медиуми. Преку соработка со сите релевантни чинители и институции, како и преку иницирање на законски и институционални реформи, Агенцијата е активна во создавање на безбедна и поддржувачка околина во која новинарите ќе можат слободно и професионално да ја извршуваат својата улога во општеството. Директорот истакнува дека „*Новинарите играат клучна улога во обезбедувањето на јавната информираност и претставуваат совеста на општеството, па затоа нивната безбедност мора да биде приоритет на сите надлежни институции и општествени чинители*".

Во однос на прашањата поврзани со безбедноста, беше изразена загриженост поради случаите на закани и напади врз новинари, кои не само што ги загрозуваат нивните лични права и безбедност, туку и го поткопуваат правото на јавноста да биде информирана. На пример, инцидентите[101] како оној за време на чествувањето на Гоце Делчев, каде новинарите беа физички спречени и нападнати додека извршуваа професионални задачи, создаваат страв и автоцензура меѓу медиумските работници. Особено е загрижувачки кога ваквите случаи не се истражени темелно и кога нема соодветни мерки против сторителите, што дополнително ја поткопува довербата во институциите и го демотивира новинарскиот корпус.

Од разговорот, се стекнува впечаток дека јавната осуда на неподобното однесување кон новинарите, особено од страна на носители на јавни функции, е моќно средство за превенција и заштита. Праксата покажа дека брзата и одлучна реакција од релевантните институции и организации може да резултира со извинување и корекција на однесувањето на јавните функционери. Пример за ова е случајот кога министер и поранешен претседател на Владата го нарекоа еден новинар „*фашист*", по што следуваше реакција од Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) и ААВМУ[102], што доведе до јавно извинување од нивна

---

[101] „Новинарите повторно спречени да известуваат од судењето за случајот Маврово", Здружение на новинари на Македонија, пристапено на 28 ноември 2024 година, https://znm.org.mk/%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%BE-%D1%81%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B5%D0%BD%D0%B8-%D0%B4%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5/.

[102] „ААВМУ со осуда за односот на премиерот кон новинарите", Макфакс, пристапено на 28 ноември 2024 година, https://makfax.com.mk/makedonija/%D0%B0%D0%B0%D0%B2%D0%BC%D1%83-%D1%81%D0%BE-%D0%BE%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-

страна. Ова потврдува дека јавната осуда може ефикасно да допринесе кон заштита на новинарите од психолошки напади и говор на омраза.

Институционална реакција и правна заштита е исто така важна, па оттука за одржување и подобрување на безбедноста на новинарите, ААВМУ инсистира на брза и ефикасна реакција од страна на МВР, ОЈО и судовите. Како конкретна препорака од интервјуто може да се истакне следното: *„ Потребно е воспоставување на механизми кои ќе обезбедат итно постапување во случаи на напади или закани кон новинари, слично како што е предвидено во изборниот закон каде судот е обврзан да реагира во рок од два дена. Итноста и одлучноста во истрагите и судските постапки ќе испратат јасна порака дека ваквото однесување нема да биде толерирано и ќе придонесат кон создавање на безбедна и поддржувачка средина за медиумските работници“*

Од хронолошки аспект, за периодот на кој се однесува овој докторски труд а тоа е 2017-2022 година, ставот на Владата во тоа време а по однос на безбедноста на новинарите, беше повторуван јавно од дел од надлежните министри. Така, поранешниот министер за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски, истакна дека ќе имаат нулта толеранција кон нападите на новинарите. Поповски нагласи дека *„Медиумското известување и новинарските истражувачки стории за феномените на насилниот екстремизам и тероризам резултираат со напади врз новинарите од страна на екстремистите и нивните симпатизери. Тоа се напади врз животот на новинарите и другите медиумски работници и врз интегритетот на професијата и врз вистината “.* [103]

## 4.2 Правни предизвици и превентивни мерки

Властите ги идентификуваа празнините во правната рамка и механизмите за спроведување како потенцијални пречки. Тие ги истакнаа неодамнешните законодавни напори за зајакнување на заштитата на новинарите и разговараа за тековните иницијативи за зајакнување на обуката за спроведување на законот и јавната свест.

%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BC%D0%B8%D0%B5%D1%80%D0%BE%D1%82/.

[103] „Поповски: Нулта толеранција за насилство врз новинари." Makfax. Достапно на https://rb.gy/70gwtq. Пристапено на 24 јули 2024 година.

Иако РСМ нема конкретен акциски план за заштита на новинарите, сепак постои, сега веќе застарениот, План за итни реформски приоритети „*3 - 6 - 9*“[104], усвоен од Владата на РСМ во јули 2017 година. Овој план произлегува од Програмата за работа на Владата за периодот 2017-2020 година и го зема во предвид Политичкиот договор од Пржино[105]. Во него се следат препораките од средбите на високо ниво со претставниците на институциите на ЕУ, насоките од Европската комисија во Итните реформски приоритети (2015)[106], како и други релевантни извори. Дел од овој план е подготвување преглед на сите досегашни случаи на физички и вербални напади и притисоци, говор на омраза и сл. врз новинарите. Оваа одредба се почитуваше делумно од причини што јавни прегледи или регистри на напади на новинари или повреда на нивните права не постојат и тие јавно се водат исклучиво од страна на ЗНМ.

За разлика од РСМ, Република Србија има воспоставено Национален акциски план за безбедност на новинарите. Владата на Република Србија има Акциски план за примена на медиумската стратегија за период од 2020 до 2025 година[107], кој има за цел да го унапреди системот на јавно информирање, потоа да ја гарантира слободата на изразување, како и безбедноста на новинарите. Овој план конкретно адресира мерки за заштита на новинарите и медиумските работници, создавајќи посилна правна и институционална рамка за справување со заканите и нападите врз медиумските професионалци.

Начелниот став на новата влада на РСМ во овој контекст е дека треба да постојат национални стратегии за крупни прашања. Треба да се донесе генерална стратегија, каде ќе има фокус и на развојот на медиумите, но не од страна на владата, туку од страна на Собранието, бидејќи тоа е основач на МРТ и на регулаторното тело. „*Ние како влада можеме да даваме предлози со сите важни елементи. Промените во медиумските закони често беа зад затворени врати и без многу транспарентност. Ние се залагаме за тоа,*

[104] Влада на Република Северна Македонија. „План 3 - 6 - 9“. Пристапено на 27 јули 2024 година. https://vlada.mk/sites/default/files/programa/2017-2020/Plan%203-6-9%20MKD.pdf

[105] Европски парламент. *Пржино договор*. Пристапено на 03 јули 2024 година https://www.europarl.europa.eu/cmsdata/212828/Przino_Agreement.pdf

[106] Секретаријат за европски прашања. „План на активности за реализација на итните реформски приоритети 2015.“ Пристапено на 03 јули 2024 година. https://www.sep.gov.mk/post/?id=862.

[107] Влада на Република Србија. „Усвајање акционог плана за медијску стратегију у најкраћем року“. Пристапено на 27 јули 2024 година. https://www.srbija.gov.rs/vest/501872/usvajanje-akcionog-plana-za-medijsku-strategiju-u-najkracem-roku.php

*било какви промени да бидат иницирани од сите засегнати страни, пред сè од страна на здруженијата на новинарите. Владата ќе биде филтер за да помогне во решавањето на системските прашања, но не сакаме да има перцепција дека се мешаме во работата на медиумите, туку дека тие работат слободно и независно"*, истакнува надлежен министер за овие прашања за потребите на овој труд.

Од друга страна, интересно е размислувањето околу законските аспекти и на соговорниците од МВР кои укажуваат дека законски пречки нема, напротив, со измена на КЗ кога има напад на новинар, се реагира брзо и ефикасно. Тие додаваат дека статистиката покажува дека над 90% од случаите на напади врз новинари се решаваат за ден или два, благодарение на добрата соработка со ОЈО. Кога МВР го решава случајот, тоа значи идентификација, пронаоѓање, по потреба лишување од слобода и поднесок до ОЈО за понатамошни дејствија. Во сите случаи, постапката е во координација со ОЈО; полицискиот службеник разговара со обвинител и насоките се добиваат од обвинителот. Досега немало никаков проблем околу постапувањето дали е надлежно МВР или ОЈО – коментар кој следеше по прашање дали има случај кога гонење кон сторители кои нарушиле безбедност на новинар се одолговлекува поради недоволна координација помеѓу МВР и ОЈО.

Дополнително, како пречка на истражните органи според учесниците во истражувањето, се наоѓа во делот на дигиталните или сајбер закани. Според исказите на оваа тема се констатира дека во делот на дигитални закани, постои соработка со социјалните мрежи, но понекогаш нивните стандарди за говор на омраза се разликуваат од нашите и тоа претставува проблем, особено со платформи како Мета и Твитер. Некои социјални мрежи или платформи за комуникација, како што е примерот со Телеграм, воопшто не комуницираат со националните институции, што е проблематично. Ако се избрише профил или коментар, тешко е да се добијат податоци, бидејќи најчесто заканите или повредите на права се случуваат на Мета и Твитер. МВР располага со стручни наоди и анализи преку секторот за компјутерски криминал, кој е солидно екипиран, но новите трендови и времиња бараат понатамошни унапредувања. Проблемот е што платите за овој профил на луѓе не се доволен мотив да се задржат, па други сектори како банкарски или ИТ ги преземаат и ова е еден од предизвиците во иднина во делот на капацитетите на органите кои се надлежни за сајбер безбедноста.

## 4.3 Одговор на инциденти и напори за јавна свест

Напорите за подигање на јавната свест за важноста на безбедноста на новинарите вклучуваа медиумски кампањи и образовни програми насочени и кон општата јавност и кон конкретни групи, како што се службениците за спроведување на законот. Во насока на градење на силна свест за оваа појава, важно е при сериозни повреди на правата на новинарите претставниците на власта јавно да ги осудуваат овие појави.

Во РСМ постои повремена пракса носители на јавни функции, вклучувајќи и претставници на регулаторните тела, да ги осудуваат јавно нападите и заканите кон новинарите и ова беше видливо, иако не секогаш, во временскиот период кој е релевантен за овој докторски труд. Овие јавни осуди се значаен чекор кон заштита на медиумските работници и промовирање на слободата на изразување. На пример, поранешниот претседател на државата, Стево Пендаровски, најостро ги осуди заканите кон новинарите, истакнувајќи дека *„не смееме да дозволиме да се загрозува слободата на информирањето“*. Во својот јавен настап[108], Пендаровски подвлече дека новинарите се клучен дел од демократското општество и дека секоја форма на заплашување и насилство врз нив мора да биде строго осудена и санкционирана.

Исто така, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) често изразува осуда за нападите врз новинарите, нагласувајќи ја важноста на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите. Во една од своите изјави, АВМУ нагласи дека *„секој напад врз новинарите е напад врз слободата на изразување и демократијата во нашето општество“*[109]. АВМУ исто така потсети дека нападите врз новинарите не само што ги загрозуваат нивните животи, туку и ја подриваат основата на демократските процеси и правото на јавноста да биде информирана.

Во текот на својот мандат, поранешниот министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, имаше примери кога го осудуваше насилството врз новинарите, но и јавни

---

[108] Пендаровски, Стево. „Најостро ги осудувам заканите кон новинарите, не смееме да дозволиме да се загрозува слободата на информирањето.“. Локално. Пристапено на 27 јули 2024. https://lokalno.mk/pendarovski-najostro-gi-osuduvam-zakanite-kon-novinarite-ne-smeeme-da-dozvolime-da-se-zagrozuva-slobodata-na-informiraneto/

[109] Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ). „Осуда на нападите упатени кон новинари.“ Пристапено на 27 јули 2024. https://rb.gy/jr4o9i

изјави преку кои ги истакнуваше напорите на Министерството за внатрешни работи за заштита на медиумските работници. На една од средбите со претставниците на ЗНМ, било дискутирано за нападите врз новинарите и медиумите кои се случија во изминатиот период во Република Македонија. Спасовски и претставниците на ЗНМ се согласиле дека *„нападите врз новинарите претставуваат директен напад врз основното право на граѓаните да бидат информирани и тие не смеат да бидат толерирани“*[110].

Како што стои во соопштението од МВР, Спасовски има потенцирано дека *„во интерес на почитување на демократските принципи, ќе бидат преземени сериозни мерки за итно расветлување на овие инциденти“*. Тој ја има изразено подготвеноста на Министерството за внатрешни работи за понатамошна соработка со ЗНМ, со цел обезбедување на достоинствени услови за вршење на новинарската професија.

Овие осуди од страна на високите претставници и регулаторите играат клучна улога во поттикнувањето на јавната свест и во обезбедувањето на поддршка за новинарите кои се подложени на напади и закани. Оваа пракса не само што ја истакнува важноста на новинарите во општеството, туку и испраќа јасна порака дека нападите врз нив нема да бидат толерирани. Дополнително, јавното осудување од страна на носителите на јавни функции и регулаторите создава притисок врз надлежните органи за брзо и ефикасно постапување во ваквите случаи, со што се зајакнуваат напорите за заштита на новинарите и за унапредување на медиумските слободи.

Преку овие јавни осуди, се поттикнува и меѓународната заедница да продолжи да ги следи и поддржува напорите за заштита на новинарите во РСМ. Ова е од особено значење во контекст на евро-интегративните процеси на земјата, каде што слободата на медиумите и безбедноста на новинарите претставуваат важни критериуми за напредок во пристапните преговори.

Во оваа насока, учесници во истражувањето од министерстватаод новата влада, за потребите на овој труд ќе изјават: *„Ние сме ново министерство и нова влада и досега немавме сериозни напади врз новинари. Се надеваме дека сите наши напори ќе продолжат да бидат транспарентни кон медиумите. Јавната осуда е важна во случај на напади врз*

[110] „Средба на министерот Спасовски со претставници на ЗНМ.“ Канал 5 Телевизија. Пристапено на 27 јуни 2024 година. https://kanal5.com.mk/sredba-na-ministerot-spasovski-so-pretstavnici-na-znm/a248874.

*новинари. Ние ќе имаме отворена комуникација со новинарите и ќе реагираме превентивно и алармирајќи ја јавноста, додека МВР ќе треба брзо да реагира за да спречи повторувања“.*

### 4.4 Меѓународни механизми за соработка и поддршка

Претставниците на владата ја појаснија својата соработка со меѓународните организации, наведувајќи ги заедничките иницијативи и програми. Тие, исто така, го споменаа позитивното влијание на меѓународното финансирање и техничката помош во градењето локални капацитети за заштита на новинарите.

Министерот за дигитална трансформација објасни дека новото министерство и новата влада немаат конкретна пракса на соработка со релевантни организации за овој сектор, земајќи во предвид дека новата влада работи само 30 дена и моментално е посветена на планирање и екипирање. Сепак, тој додава дека: *„Како ново министерство сме отворени за соработка со сите, без разлика дали се национални или меѓународни партнери, граѓански или комерцијални групации. За жал, Македонија не е на мапата на глобалните провајдери на услуги (Мета, ТикТок, Твитер) поради малиот пазар и јазичната бариера. Сепак, ќе правиме напори за подобрување на комуникацијата и ќе го користиме стратешкото партнерство со земјите членки. Иако немаме конкретна соработка со организации како Репортери без граници и Фридом Хаус, остануваме отворени за соработка“*.

Меѓународната соработка вклучува различни иницијативи како програми за обука, размена на знаења и финансирање од меѓународни донатори. Овие програми имаат за цел да ги зајакнат капацитетите на локалните институции и да обезбедат соодветни мерки за заштита на новинарите. Владата на РСМ во континуитет во изминатите години активно соработува со организации како ОБСЕ, Советот на Европа и Европската унија, кои обезбедуваат техничка помош и ресурси за имплементација на меѓународните стандарди за слобода на медиумите и безбедност на новинарите.

Покрај тоа, **меѓународното финансирање и техничката помош имаат клучна улога во градењето на локалните капацитети**. Преку заеднички иницијативи, владата работи на подобрување на правната рамка и на едукација на јавноста и службениците за спроведување на законот за важноста на заштитата на новинарите. Овие иницијативи

вклучуваат работилници, обуки и конференции кои се организираат во соработка со меѓународни партнер.

РСМ активно учествува во меѓународните програми и проекти кои имаат за цел да ја зајакнат безбедноста на новинарите. Меѓународната соработка е добро воспоставена преку Интерпол и прекуграничната соработка, според изјавите на претставниците на МВР, ова е важно и за преку гранична соработка, посебно за македонски новинари кои работат или известуваат од странство но и во случаи кога нивните заканувачи се надвор од земјата. Меѓународни граѓански организации, како мрежата SafeJournalists.net, редовно се обраќаат за информации за тековни случаи и им се даваат конкретни информации за прогрес. Овие меѓународни механизми и поддршка играат важна улога во зајакнувањето на безбедноста на новинарите и во промовирањето на слободата на медиумите во РСМ.

Што се однесува на поддршката на жртви, меѓународните организации нудат различни сервиси кои вклучуваат кратки престои во странство[111] како и програми за ресоцијализација и рехабилитација. Овие услуги не се во домен на МВР. Од друга страна, според соговорниците, имало ситуации кога МВР обезбедило физичко обезбедување за новинари за кои било проценето дека е можно да биде загрозена нивната безбедност. Овој механизам важи за секој граѓанин доколку се процени дека може да се одрази негативно на физичкиот интегритет без разлика дали станува за домицилни или странски лица.

## 4.5 Идни планови за подобрување на безбедноста на новинарите

Идните активности вклучуваат понатамошни законодавни реформи, одржување но и проширување на концептот на контакт точки во рамки на органите за прогон за поефикасно решавање на случаите на безбедност на новинарите, како и за зајакната соработка со медиумските организации за развој на сеопфатни протоколи за безбедност.

Ова подразбира вклучување на сите предлози за подобрување на состојбата, бидејќи заеднички интерес е да се обезбеди поголема безбедност на новинарите. Висок претставник на МВР истакна дека РСМ е на 36-то место на Репортери без граници во 2024 година, се истакнува во делот на безбедноста, благодарение на заедничката соработка со еснафските

[111] Европскиот центар за слобода на печат и медиуми (ECPMF). „Journalists-in-Residence." Достапно на https://www.ecpmf.eu/support/journalists-in-residence/. Пристапено на 24 јули 2024 година.

здруженија и генерално со новинарите. Добрата волја и залагањето се клучни за подобрување на состојбата, иако нема стратешки документи за овие прашања, состојбата е подобра споредбено со други земји кои имаат поразвиени институционални механизми.

Понатамошните активности се насочени кон подобрување на правната рамка и имплементација на ефективни механизми за заштита на новинарите. Со ова се предвидува и зајакнување на капацитетите на истражните органи и судството преку специјализирани обуки и развој на стандарди за безбедност на новинарите. Дополнително, плановите вклучуваат зголемена комуникација и координација со меѓународните партнери и организации за да се обезбеди континуирана поддршка и финансирање на програмите за заштита на медиумските работници.

Недостасува јавна свест за ова прашање, и често кампањите ги прават самите новинари и здружението на новинари како и останати еснафски организации во кои членуваат медиумски работници. Министерството за дигитална трансформација нагласува дека ќе работи на јавни настани и кампањи во соработка со здруженијата и останатите чинители, бидејќи само со заеднички пристап може да придонесеме кон поголема заштита. *„Ќе се залагаме за коректен однос од највисоките носители на јавни функции кон новинарите. Иако сме нова влада, ова не тера да размислуваме повеќе на овие прашања и да преземаме конкретни чекори за подобрување на безбедноста на новинарите“,* истакнува ресорниот министер за потребите на овој труд.

## 5. Ставови на судските претставници и адвокати за безбедноста на новинарите

### 5.1 Справување со правни случаи кои вклучуваат новинарски закани

Претставниците на судството и правните практичари разговараа за процедуралните аспекти на справувањето со случаите кои вклучуваат закани за новинарите, истакнувајќи дека иако правната рамка е подобрена преку измените на КЗ, но и со измените на ЗГОКН, нејзиното спроведување има предизвици пред се поради недостаток на тренинг, но и ресурси кај правосудните и истражните органи. Тие ја истакнаа потребата од специјализирана обука за судиите и обвинителите за ефикасно решавање на ваквите случаи, вклучувајќи и фокусирана обука за адвокатите со акцент на праксата од Европскиот суд за човекови права.

Ова е особено важно што измените на овие закони се нови и има мала пракса, пред се во кривичната материја, па затоа потребно е да се обрне внимание на кревање на свеста како и дополнителна едукација која би придонела кон неселективно спроведување на законот, а со тоа и намалување на неказнивоста кон оние кои ги повредуваат правата на новинарите.

Врз основа на содржината и делот од публикацијата, *„Справување со правни случаи кои вклучуваат новинарски закани“*[112], се истакнува една потреба која практично беше повторена од повеќето говорници. Тоа е дека во справувањето со правните случаи кои вклучуваат новинарски закани, истражните органи и судството се соочуваат со сериозни предизвици кои бараат **специјализирана поддршка и обука**. Од клучно значење е развојот на правната инфраструктура да се надополнува со континуирано образование и обука на судиите, обвинителите и адвокатите. Ова би помогнало да се осигура дека правосудните и истражните органи имаат доволно познавање и експертиза за да се справат со специфичните случаи на закани кон новинарите. Во оваа насока, потребно е да се обрне внимание на кревање на свеста и разбирање на значењето на заштитата на новинарите како еден од клучните фактори за одржување на слободата на медиумите.

**Потреба од пристап до специјализирани правни советници**

Дополнително како втора теза која што се истакнува во оваа анализа, а беше спомената од говорниците, се однесува на тоа дека правната поддршка за новинарите треба да вклучува и обезбедување на **пристап до специјализирани адвокати и правни совети** кои можат ефикасно да ги застапуваат интересите на новинарите но и на медиумските работници пред судовите. Важно е да се формираат тимови од адвокати кои ќе бидат специјализирани за случаи на закани и напади кон новинарите, со посебен фокус на примената на меѓународните стандарди и пракси. Дополнително, потребно е да се воспостави соработка со меѓународни правни мрежи и организации кои можат да обезбедат дополнителна поддршка и ресурси за правната заштита на новинарите.

Адвокат, кој повеќе години застапува новинари пред суд но и пред МВР, посебно пред секторот за Компјутерски криминал и дигитална форензика кој е надлежен за закани кои се случуваат во дигиталниот простор, но и пред Одделот за внатрешна контрола,

---

[112] Здружение на новинари на Македонија. „Студија за безбедност на новинари.“ Пристапено на 27 јуни 2024 година. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/09/Studija_MK_10092022-1.pdf.

криминалистички истраги и професионални стандарди, изјави дека иако МВР има пракса да прифати претставка и да санкционира полициски службеник за повреда на правото на новинар, **потребни се превентивни механизми** за да се спречат ваквите инциденти. Испитаникот препорачува заеднички обуки меѓу полицајци и новинари, особено од помладите генерации од причини што кога тие се на терен, важно е да имаат взаемна почит и разбирање, бидејќи и двете групи работат во полза на јавниот интерес.

**Предизвици во судската заштита на медиумските работници**

Домашната судска пракса покажува дека во многу случаи, заканите кон новинарите остануваат неказнети поради недостаток на докази или неефикасност на правосудниот систем. Ова дополнително ја поткопува безбедноста на новинарите и ги обесхрабрува да продолжат со нивната работа. За да се подобри оваа состојба, **потребно е да се вложат напори во зајакнување на капацитетите на истражните органи за собирање и обработка на докази**, како и да се обезбеди постојан надзор на судските процеси од страна на независни тела. Преку ваквите мерки, ќе се обезбеди поефективно спроведување на законот и намалување на неказнивоста за напаѓачите на новинарите.

Судијата кој беше итервјуиран  во рамките на нашето истражување се повика  и на јавно достапни истражувања[113],  истакна дека Кривичниот суд завршува со осудителна пресуда кон оние кои ги нарушиле правата на новинарите, доколку располага со доволно докази. Според судијата, транспарентноста и јавната достапност на информацииите за судските постапки придонесуваат за зголемена доверба во правосудниот систем и овозможуваат подобро разбирање на процесите кои водат до осудителни пресуди.

**Ова зависи од неколку фактори:**

- **прво**, дали оштетениот го пријавил делото;
- **второ**, дали собирањето на доказиод МВР било соодветно направено;

[113] Здружение на новинари на Македонија. „Клучните системски празнини и можни решенија за подобрување на целокупната средина во општеството, од аспект на безбедноста на новинарите и медиумските работници“. Пристапено на 29.06.2024. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/02/AJM_BTD_Bezbednost-novinarite_MK_AL_EN.pdf

- и **трето**, дали ОЈО потоа ќе направи темелна истрага, како што налага праксата во ЕСЧП, и ќе прибави доволно докази за обвинението кое го поднесува.

Клучната улога во случајот, ако навистина е загрозена безбедноста и сигурноста на новинарот, ја имаат МВР и ОЈО, кои треба да ја докажат својата теорија на случајот пред судот.

**Мерки за заштита и превенција во имплементацијата на измените на Кривичниот законик**

Ставот во однос на измените на КЗ, како на адвокатите така и на судиите и обвинителите е позитивен, бидејќи се во насока на тоа да ги заштитат новинарите во вршењето на работата. Заштитата е возможна преку ефикасна имплементација на овие одредби и соодветна популаризација на истите од еснафските здруженија со цел да се придонесе и кон превенција, на начин што ќе се одвратат идни сторители. Сепак, според дел од испитаниците, но и според регистарот на напади на новинари на ЗНМ, постои сознание дека има мал број случаи на кривични дела во форма на постапки против новинарите, што се должи на перцепцијата од страна на судиите испитаници кон ОЈО дека недостасува поддршка и јасни насоки за иницирање обвиненија за овие дела, вклучувајќи, на пример, и за дела поврзани со говор на омраза, па затоа потребна е посебна обука за обвинители за подобро препознавање на овие дела.

Понатаму, според размислувања на судиите опфатени со истражувањето, според стандардите на МВР, полицаецот е полицаец 24 часа, но за новинарите не е јасно регулирано дали тие треба да бидат на должност 24 часа. ОЈО правилно го поставува прашањето дали нападот се случил поради работата на новинарот или е инцидентен. Доколку не е на должност, треба да се процени причинско-последичната врска и, ако се докаже дека нападот е поради претходна објава, новинарот треба да ужива статус на службено лице. Од оваа полемика, се стекнува впечаток дека ќе има дилеми во судските постапки околу причинско-последичните врски за напади на новинари кога тие не се нападнати на терен и ова останува да биде сериозен предизвик.

## 5.2 Предизвици во обвинителството и правната поддршка

Главните идентификувани предизвици вклучуваа проблем во откривање на сторителите кога има ситуација со онлајн закани поради фактот дека глобалните даватели на услуги кај социјалните мрежи (*кои се комерцијални правни лица*) не се доволно ажурни во давање на одговори или пак не даваат воопшто одговор, а од тоа зависи понатамошната постапка.

Понекогаш, во процесот на интервјуирање на правосудните претставници, се забележуваше дека органите за спроведување на правдата меѓу себе си префрлуваат вина за нерешените случаи или не откривањето на сторителите, особено кога станува збор за онлајн закани.

**Потреба од подобра координација и комуникација меѓу различните институции со цел обезбедување на ефикасно со комплексни случаи**

Во оваа насока, претставник на ОЈО во Скопје, истакна неколку клучни точки во врска со справувањето со случаи на закани и напади врз новинарите. ОЈО и генерално истражните органи при откривање на одговорните за напади на новинари би се осврнале на т.н. онлајн напади и на предизвиците на идентификација на сторителите. Без разлика што се повеќе се вложува во оваа сфера и има меѓународна соработка, сепак ако се погледне статистиката за напади на новинари, најчесто тековни случаи или нерешени се оние кои ја загрозуваат безбедноста во онлајн сферата. Оперативно, секогаш има простор за подобрување на соработката и меѓусебната координација со цел да се пресретнат сторителите. Пример, кога се повеќе случаи се регистрираат онлајн, институциите треба да ја унапредуваат брзината во овој дел со цел навремено да се одговори, а на тој начин сите идни слични напади полесно би се решавале.

Еден од најголемите предизвици со кои се соочува Основниот кривичен суд во Скопје е препознавањето на околностите кога новинарите се загрозени при вршење на нивната професионална дејност. Иако измените во Кривичниот законик (КЗ) овозможуваат новинарите да се третираат како службени лица, примената на оваа регулатива на терен може да биде сложена. Судот се соочува со случаи каде што новинари и сниматели се вербално и физички нападнати додека извршуваат професионални задачи. Овие случаи

обично завршуваат со осудителни пресуди (*според судиите соговорници*), но постојат и случаи каде што заканите доаѓаат од колеги (*новинари*) или трети лица со цел дискредитација на новинарите. Таквите случаи понекогаш се тешки за докажување и бараат внимателно разгледување од страна на истражните органи и судовите, истакнува судија за потребите на овој труд.

**Комплексноста на правната заштита и етичките предизвици во новинарската професија**

Освен ова, еден од предизвиците е кога новинарите неуспешно завршуваат одредени задачи, или пак очигледно го прекршуваат новинарскиот етички кодекс, или се наоѓаат во ситуации каде што се напаѓаат на лична основа во јавниот простор, а притоа го користат својот професионален статус како заштита, укажува испитаникот. Овие ситуации ја комплицираат работата на судовите и истражните органи, барајќи од нив да направат разлика помеѓу вистински напади врз новинари и лажни обвинувања. Во оваа насока, повторно се истакнува дека важно е да се обезбедат соодветни обуки и ресурси за истражните органи и судовите за да можат ефикасно да ги разгледуваат овие случаи.

Регистар на новинари кои се професионално вработени во одредени редакции или зад кои стојат новинарските здруженија може значително да помогне во прецизно идентификување на вистинските професионалци и заштита на нивните права е став на друг соговорник од судот. Сепак, овој став не треба да доведе до прекумерна регулација на професијата, бидејќи новинарството во демократските општества се смета за слободна професија, која не треба да биде строго контролирана преку формални регистри или задолжителна членска организација во рамки на професионални комори.

Еден од предизвиците во случаи кога новинарот е обвинет е пасивната легитимација[114], особено ако новинарот работи во онлајн медиум (*во моментот онлајн медиумите не се регулирани како ентитети во државата*) и е единствен вработен или ангажиран, без притоа да има формално вработување. Судот може да има дилема во утврдувањето на легитимноста на новинарот како тужен, бидејќи може да биде нејасно дали

[114] Пасивната легитимација е правен термин кој се однесува на способноста на одредена личност или субјект да биде тужена во судска постапка. Тоа значи дека оваа личност или субјект може да биде правно одговорен и да одговара за своите дејствија или пропусти пред судот

новинарот ги исполнува сите критериуми за да биде правно одговорен во рамките на медиумската организација односно медиумот во кој е вработен или има ангажман. Ова може да создаде правни пречки и несигурност во текот на постапката, бидејќи судот мора да одлучи дали новинарот има правна способност и одговорност да биде тужен како единствен претставник на медиумот, посебно ако одреден медиум во дигиталниот простор не ги исполнува основните елементи за да биде медиум а тоа е да има контакт, адреса, импресум итн.

Дополнително укажување, според соговорниците, е дека во однос на стапката на решавање на случаите, Основниот кривичен суд во Скопје секогаш се стреми да ги води предметите транспарентно и јавно, дозволувајќи ги новинарските здруженија и јавноста да ги следат постапките колку што законот дозволува. Сепак, постојат случаи каде што обвинувањата за закани и притисоци врз новинари остануваат непотврдени, што ја нагласува важноста на систематско следење и документирање на таквите инциденти за да се обезбеди нивно решавање.

## 5.3 Имплементација на меѓународните стандарди

Меѓународните организации, како што се ОБСЕ и Советот на Европа, играат многу важна улога во обезбедувањето ресурси и експертиза за подобрување на безбедносните услови. Националните институции, вклучувајќи ги Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство, потребно е да работат заедно како со меѓународните организации, така и со кредибилните новинарски здруженија за да се развијат и имплементираат ефикасни мерки за заштита. Ваквата соработка е од суштинско значење за создавање на сигурна и поволна средина за медиумските професионалци во Македонија.

Како членка на Советот на Европа, Македонија има обврска да ги следи препораките и стандардите на оваа значајна меѓународна организација, особено во областа на човековите права и слобода на медиумите. Интеграцијата на меѓународните стандарди во националните правни практики е клучен чекор за обезбедување на правна заштита и сигурност за новинарите. Иако постојат напори за усогласување на националните закони со меѓународните стандарди, овие процеси често се нерамномерни и бараат континуирана меѓународна соработка и обука. Претставниците на судството, за потребите на овој труд,

нагласуваат дека, за да се постигне целосна имплементација на овие стандарди, потребно е постојано да се работи на подигнување на свеста и на едукација на правосудните органи и на другите релевантни институции, но и на друга техничка помош и ресурси неопходни за поефикасна работа во правосудството.

Во овој контекст, соговорникот од ОЈО во Скопје посочи на напорите на обвинителите да ги вградат практиките на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во своите одлуки. Обвинителите се трудат сè повеќе во своите одлуки да ја инкорпорираат ЕСЧП праксата: *„Неодамна имавме таква одлука во која се произнесувавме за правото на изразување, но сè уште не е правосилна. Во моментот кога ќе биде, ќе биде споделена со ЗНМ бидејќи е во дел на конфликтот на правото на приватност и правото на слобода на изразување, која заврши во насока на заштита на член 10 имајќи го во предвид јавниот интерес“,* истакнува испитаникот во насока на создавање на нова поволна пракса за работата на медиумските работници. Ова е еден пример кој укажува дека и покрај кадровските и техничките предизвици, сепак постојат позитивни практики во насока на почитување на меѓународната пракса во домашното спроведување на законите а во полза на новинарската работа.

Претставува предизвик да се избегне и заклучокот дека освен кадарот, како услов за соодветна примена на меѓународните стандарди, се и расположливите ресурси. Според судија од еден од основните судови во Скопје, примената на меѓународните стандарди е постојано предмет на дискусија во правосудството. Општиот заклучок е дека овие стандарди се применуваат малку, а најмногу поради недостаток на ресурси. Судиите и обвинителите немаат доволно време да ги применуваат меѓународните стандарди, бидејќи се оптоварени со административна работа. Роковите во процедуралните закони за пишување пресуди се кратки, а за сложени предмети се потребни 60 дена, што дополнително го усложнува процесот на референцирање на праксата на ЕСЧП и користење на конкретни случаи во образложенијата. Поради овие причини, наведување на судски случаи во образложенијата на пресудите и земајќи ги истите во предвид при постапувањето, претставува предизвик, како што укажува судијата соговорник.

## 6. Соработка со медиумските здруженија и организации за подобрување на безбедноста на новинарите

Соработката со медиумските здруженија е клучна за обезбедување на безбедна работна средина за новинарите. Претставниците на судството ја признаваат потребата за подобра комуникација и координација со медиумските организации, за да се осигура дека новинарите се соодветно заштитени и поддржани во текот на целиот правен процес.

ЗНМ обезбедува целосен пакет на поддршка за новинарите, вклучувајќи бесплатна правна помош, застапување пред судовите, мониторинг на судски рочишта, поднесување на претставки до надлежни органи во име на новинари, како и континуирано градење на капацитетите преку публикации, протоколи, анализи, обуки, кампови, кампањи и други активности. Оваа поддршка е од важно значење за заштита на новинарите и обезбедување на нивната безбедност.

Покрај правната поддршка, важен аспект на оваа соработка е и обезбедувањето на **психолошка поддршка**. Иако овие услуги се достапни, одѕивот е мал и сѐ уште се работи на утврдување на причините зошто новинари кои очигледно поминале низ траума, не се пријавуваат за поддршка од психолог.

Оваа соработка е критична за осигурување дека новинарите имаат пристап до потребната правна и психолошка поддршка во сите фази на правниот процес.

ССНМ ги истакнува потенцијалните решенија за подобрување на заштитата на новинарите, повеќе од аспект на социјална заштита и почит на работничките права на медиумските работници. Потребно е медиумите да имаат законска обврска за внатрешни механизми за заштита на новинарите од превенција до судска заштита. Исто така, медиумските организации треба да работат со медиумските работници за унапредување и подобрување на условите за работа и аспектите на безбедноста. На крај, носењето на поволни законски решенија, но и кревање на свеста за правата на медиумските работници се клучни за осигурување на долготрајната заштита на новинарите.

Генерално постои задоволително ниво на комуникација помеѓу новинарските здруженија и истражните органи како и правосудните институции, но сепак оваа комуникација во минатото се докажало дека зависи и од моменталниот политички контекст

и клима во општеството. Еден индиректен предизвик за здруженијата во оваа насока е и меѓу секторската комуникација и меѓу институционалната координација кога станува збор за правосудни постапки помеѓу самите институции. Па така, соговорник во интервјуата укажува дека ова главно се однесува на комуникацијата меѓу јавното обвинителство и МВР, каде што судот е на крај. Имало случаи каде што ОЈО и МВР ја префрлуваат одговорноста, особено по Законот за кривична постапка од 2013 година, според кој МВР чека насоки од ОЈО за секоја постапка. Ова ги оптоварува институциите, иако МВР може да постапува по своја иницијатива во предистражната постапка. Овој системски предизвик, секако дека се однесува и на случаи во кои новинарите се оштетени страни.

Интересна форма на соработка, а воедно и уникатна, претставува и Судско медиумскиот совет за кој дел од испитаниците имаа позитивни впечатоци. Повеќе околу ова неформално тело кое е составено од судии и новинари има подолу во овој труд.

Следниот дел ги синтетизира наодите од интервјуата со различни учесници, истакнувајќи ги заедничките теми и дивергенции во нивните перцепции и искуства. Истиот ја истакнува критичната улога на безбедноста на новинарите во обезбедувањето слободно и демократско општество и нејзината важност за евро-интегративните аспирации на РСМ.

Анализата на перцепциите за безбедноста на новинарите во Република Северна Македонија ги потврдува и општата хипотеза и посебните хипотези предложени во ова истражување. **Општата хипотеза дека безбедноста на новинарите, а со тоа гарантирањето на правото на информирање на граѓаните е во директна врска со условите во кои тие работат и со степенот на развој и почитување на постапките, процедурите и механизмите за заштита на медиумските работници, е препознаена преку повеќе аспекти од истражувањето**.

Перцепциите на новинарите и медиумските работници откриваат дека недостатокот на соодветни механизми за заштита, како и неефикасноста на институциите во справувањето со заканите и нападите, значително влијаат на нивната безбедност и на нивната способност за слободно и објективно известување. Ова директно ги потврдува и посебните хипотези:

**Прва посебна хипотеза:** Злоупотребата или неправилната употреба на технологијата, лесната достапност на интернетот од страна на корисници кои што можат да бидат и анонимни, интензитетот на користење, како и несоодветната регулација во национален контекст, директно придонесуваат поголем дел од заканите кон новинарите да се изразени преку социјалните мрежи и други дигитални платформи, а овие напади се изразени повеќе кон жени новинари. Перцепциите собрани во истражувањето потврдуваат дека дигиталните закани и вознемирување, особено преку социјалните медиуми, претставуваат значителен дел од заканите кон новинарите, со посебен акцент на жените новинари, кои се поранливи на овој вид напади. Ова посебно е изразено земајќи во предвид дека државата нема стратегија за решавање на овој проблем, поврзан со дигиталната безбедност на граѓаните како и со тоа дека институциите во истрагата наидуваат на технички потешкотии во идентификација на сторителите.

**Втора посебна хипотеза:** Потенцијално низок степен на институционалното решавање на нападите кон новинарите придонесува кон зголемен страв и повисок степен на автоцензура во новинарската професија. Испитувањата покажуваат дека недостатокот на ефикасна институционална реакција и чувство на неказнивост создаваат средина во која новинарите често избираат автоцензура за да се заштитат од потенцијални напади. Ова значајно ја поткопува слободата на изразување и правото на информирање на јавноста.

**Трета посебна хипотеза:** Без конкретни институционални механизми за поголема заштита на новинарите и засилена меѓу секторска соработка на прашања поврзани со безбедноста на новинарите, постои висок степен на неказнивост, што влијае негативно на евро-интегративните процеси на РСМ. Перцепциите собрани во истражувањето укажуваат дека неказнивоста за нападите врз новинарите е значаен проблем кој го попречува развојот на демократските процеси и напредокот кон европските стандарди за заштита на новинарите.

Во контекст на обезбедувањето на јавната информираност и функционирањето на демократијата, безбедноста на новинарите претставува критичен аспект кој бара постојано внимание и акција. Перцепциите за безбедноста на новинарите собрани од различни извори, вклучувајќи интервјуа со новинари, медиумски работници, и претставници на релевантни

институции, ја покажуваат комплексноста на предизвиците со кои се соочуваат новинарите во РСМ.

Првично, новинарите често се соочуваат со директни и индиректни закани, вклучувајќи физички напади, вербални напади, и дигитално вознемирување. Овие закани не само што влијаат на личната безбедност на новинарите, туку и на нивната професионална работа и на капацитетот за објективно известување. Преку анализа на перцепциите, беше утврдено дека физичките напади се почести за време на јавни протести и политички настани, додека вербалните закани и дигиталното вознемирување се распространети на социјалните медиуми.

Многу новинари опфатени со нашето истражување, како и во публикациите на ЗНМ имаат истакнато дека недостатокот на институционална поддршка и неефикасноста на правосудниот систем придонесуваат кон чувство на неказнивост за напаѓачите. Овој феномен поттикнува автоцензура кај новинарите, што негативно влијае на квалитетот на новинарските извештаи и на транспарентноста во општеството. Истражувањето покажа дека само мал дел од нападите и заканите кон новинарите резултираат со судски процеси и пресуди, што ја нагласува потребата за подобрување на правната заштита на новинарите.

Дополнително, интервјуата открија дека постои значајна разлика во перцепциите за безбедноста меѓу новинарите од различни медиуми. Новинарите кои работат во онлајн медиуми се почесто изложени на дигитално вознемирување и закани, додека новинарите во традиционалните медиуми често се соочуваат со физички напади за време на известување од терен а двете групи се кревки кога станува збор за СЛАПП тужби како инструмент за притисок. Оваа разлика сугерира потреба за специјализирани мерки и обуки за различните типови на медиумски работници.

Понатаму, перцепциите за безбедноста влијаат и од социоекономските услови на новинарите. Ниските плати и несигурните работни услови создаваат дополнителен притисок врз новинарите и ги прават поранливи на притисоци и закани. Некои новинари истакнаа дека економската несигурност ги принудува да прифатат компромиси кои можат да ја загрозат нивната безбедност и независност.

На меѓународно ниво, перцепциите за безбедноста на новинарите значително влијаат од поддршката на меѓународните организации и институции. Европската комисија, Советот на Европа, ОБСЕ како и граѓански европски но и меѓународни организации играат клучна улога во поддршката и заштитата на новинарите преку мониторинг и препораки. Новинарите истакнаа дека меѓународниот притисок често помага да се подобри ситуацијата на локално ниво, но исто така нагласуваат потребата за постојана поддршка и активна улога на меѓународната заедница.

Заклучоците од анализата на перцепциите потврдуваат дека постојат сериозни предизвици во обезбедувањето на безбедноста на новинарите во РСМ. Овие предизвици се комплексни и бараат мултидимензионален и повеќе секторски пристап за нивно решавање, вклучувајќи зголемена институционална поддршка, правни реформи, и засилена меѓународна соработка. Исклучиво преку систематски и координирани напори ќе може да се обезбеди сигурна и безбедна средина во која новинарите ќе можат слободно и професионално да ја вршат својата работа, што е клучно за одржување на демократијата и правото на информирање.

## 5. ДЕЛ V

## ВИКТИМОЛОШКИ АСПЕКТИ НА СЛУЧАИ НА ЗАКАНИ И НАПАДИ НА НОВИНАРИ

Во овој дел табеларно како и наративно се претставуваат заканите и нападите кон новинарите со коментар за контекст и причинско последична врска. Исто така, примери од реакции, но и делови од разни извештаи поради нивната важност во генералниот контекст на темата се составен дел од оваа глава. Посебен фокус се дава на виктимолошкиот аспект односно како заканите кон новинарите влијаат на нивната сигурност и на нивната идна работа.

Овие напади имаат значително влијание врз психолошката состојба и професионалната сигурност на новинарите. Стравот од повторни напади може да доведе до автоцензура и ограничување на слободата на изразување, што е критично за демократијата. Анализирањето на виктимолошкате аспекти на заканите и нападите е од витално значење за разбирање на долготрајните ефекти врз новинарите, како и за развивање на ефективни механизми за нивна заштита.

Понатаму, ваквите инциденти создаваат неповолна работна средина, што дополнително го отежнува новинарството како професија. Потребата од систематско следење, анализа и известување за овие случаи не само што помага во подигање на свеста, туку и придонесува кон создавање на политички притисок за подобрување на правната заштита и условите за работа на новинарите.

### 1. Категоризација на нападите врз новинарите

Категоризацијата на нападите врз новинарите е од суштинско значење за точно разбирање на обемот и сериозноста на овие инциденти. Според публикацијата на ЗНМ и ОБСЕ[115], нападите врз новинарите можат да се поделат на пет основни категории:

- ***Уништување на личен имот на новинарите:*** *Оваа категорија вклучува намерни акти на уништување или оштетување на личен имот на новинарите, како што се*

[115] Здружение на новинари на Македонија. „Анализа на нападите врз новинари.“ Пристапено на 27 јуни 2024 година. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/06/Attacks-on-journalists-MK-310322.pdf

*нивните возила, канцелариска опрема, или домови. Овие акти се насочени кон заплашување и отежнување на работата на новинарите.*

- ***Напади врз медиумите и медиумските организации:*** *Оваа категорија ги вклучува нападите врз физичките објекти на медиумите, како што се канцелариите и студијата. Исто така, ги вклучува нападите врз репортерските возила и опрема на терен.*
- ***Вербални напади врз медиумите и медиумските организации:*** *Вербалните напади вклучуваат закани, навреди и други форми на вербална агресија кон новинарите и медиумските работници, како и кон самите медиумски организации. Овие напади најчесто имаат за цел да ги заплашат новинарите и да го ограничат нивното право на слобода на изразување.*
- ***Физички напади врз новинарите:*** *Физичките напади вклучуваат директни акти на насилство врз новинарите, како што се тепање, напади со оружје, или други форми на физичко насилство. Овие напади се најсериозни и често резултираат со тешки повреди или дури и смрт.*
- ***Вербални закани врз новинарите:*** *Оваа категорија вклучува закани по животот и здравјето на новинарите, закани кон нивните семејства, како и закани за уништување на нивниот имот. Вербалните закани често се користат за заплашување на новинарите и за спречување на нивната работа.*

## 2. Статистика на напади на новинари за периодот од 2017 – 2022 година во РСМ

Во периодот од 2017 до 2022 година, во Регистарот на ЗНМ забележани се 49 напади врз новинарите и медиумските работници. Овие инциденти вклучуваат различни форми на закани и напади кои сериозно ја загрозуваат безбедноста и слободата на медиумите. Најчеста форма на загрозување се вербалните закани, кои сочинуваат повеќе од половината од случаите. Овие закани често имаат за цел да ги заплашат новинарите и да го попречат нивното професионално извршување на задачите.

Покрај вербалните закани, физичките напади врз новинарите претставуваат значителен дел од регистрираните инциденти. **Од 49 случаи, 17 се физички напади, што**

**покажува дека новинарите се изложени на директна физичка опасност при извршување на нивната работа**. Два регистрирани напади врз медиумите и медиумските организации, како и два случаи на незаконско лишување од слобода, дополнително ја нагласуваат сериозноста на ситуацијата и потребата од поинтензивна заштита и поддршка за медиумските работници. Овие податоци ја истакнуваат итната потреба за подобрување на правната и институционалната заштита на новинарите во РСМ.

Дополнителен контекст е потребен за да се разберат причините и ефектите од овие напади. Вербалните закани, за периодот на кој се однесува овој труд, често доаѓаат од страна на јавни личности, политичари или лица со моќ, кои користат заплашување како алатка за контрола на медиумите. Физичките напади, пак, можат да бидат иницирани од индивидуалци или групи кои се незадоволни од истражувачките активности на новинарите или пак генерално од начинот на интерпретација на одредени настани од конкретни медиуми, особено кога тие откриваат корупција или злоупотреба на власт или пак известуваат за одредени политички теми кои се од јавен интерес. Овие напади не само што ги загрозуваат новинарите физички, туку имаат и ефект на „*ладење*“ каде што новинарите се обесхрабруваат да ги истражуваат и известуваат за чувствителни теми.

Големиот број на закани и напади за овој период освен негативните последици внатре во новинарските кругови имаат и широки општествени импликации. Кога новинарите се принудени да замолчат или да се само цензурираат поради страв од реперкусии, јавноста губи пристап до важни информации. Оваа ситуација ги ослабува демократските процеси и ја ограничува транспарентноста и отчетноста на властите. Поради тоа, од големо значење е, како што и во други делови од овој труд се истакнува, да се одржува постојано следење, како и пружање на постојана правна поддршка и меѓународна солидарност за да се заштитат новинарите и да се осигура дека тие можат слободно и безбедно да ја вршат својата работа.

Графикон бр. 1 Напади врз новинарите и медиумските работници 2017-2022 година




**Следат графички прикази по години во периодот од 2017 – 2022 година** (Извор: регистар на напади на медиумски работници на ЗНМ)

Во 2017 година според регистарот на ЗНМ на напади кон новинари и медиумски работници вкупниот број е 17, од кои 9 се физички напади кон новинари и медиумски работници, 6 се вербални закани, 1 случај на притвор на новинар како и 1 случај на уништен личен имот.

Графикон бр. 2 Напади врз новинарите и медиумските работници за 2017 година




Според регистарот на ЗНМ на напади и закани кон новинари и медиумски работници во 2018 година регистрирани се вкупно 3 случаи и тоа, 1 физички напад кон новинари и медиумски работници, 1 вербална закани, 1 случај на притвор на новинар како и 1 случај на притворен новинар.

Графикон бр. 3 Напади врз новинарите и медиумските работници за 2018 година



Безбедноста на новинарите во РСМ во 2019 година се подобри во споредба со претходните неколку години, иако сè уште е присутна политиката на неказнивост за насилство врз новинари. Бројот на регистрирани физички напади и закани против новинари во 2019 година, споредбено со 2018 година, се зголеми за еден, но сè уште е значително помал во споредба со 2017 година.

Во периодот од 2017 до 2019 година, ЗНМ во својот регистар вкупно забележа 27 напади кон новинари и медиумски работници и тоа за 2017 година вкупно 20, 2018 година 3 и за 2019 вкупно 4 напади. Покрај четирите посериозни напади кон новинари регистрирани во 2019 година, ЗНМ забележал и 24 други закани и инциденти. Во последниве 15 години, формално органите не воделе истрага за убиство на новинар или медиумски работник во државата.

Графикон бр. 4 Напади врз новинарите и медиумските работници во 2019 година




Според статистиката на ЗНМ, од почетокот на 2020 година беа забележани вкупно 14 напади и груби закани кон новинари, од кои повеќе од половината се кон новинарки. Споредбено, минатата година вакви инциденти имаше само четири, што значи дека оваа година нападите и заканите се трипати побројни. Иако бројот на физички напади е намален, сепак загрижува фактот што има сè повеќе закани кон новинарите на социјалните мрежи.

Графикон бр. 5 Напади врз новинарите и медиумските работници за 2020 година




Според статистиката на ЗНМ, од почетокот на 2021 година беа забележани вкупно 6 напади и груби закани кон новинари, од кои 3 се кон новинарки. Споредбено, минатата година вакви инциденти имаше 14, што значи дека оваа година нападите и заканите се намалени. Но, новинарите и медиумските работници сè уште се чувствуваат несигурни поради инертноста на обвинителството и судството во решавањето на минатите случаи на напади. Иако новинарите генерално се побезбедни од порано, сепак има потреба од системски решенија што ќе гарантираат долгорочна заштита на правата и интегритетот на сите медиумски работници во земјава. Загрижува и фактот што има сè повеќе закани по животот на новинарите на социјалните мрежи.

Графикон бр. 6 Напади врз новинарите и медиумските работници за 2021 година




Според регистарот на ЗНМ, од почетокот на 2022 година регистрирани се вкупно 7 напади и груби закани кон новинари. Во споредба со минатата година, кога биле регистрирани вкупно 5, оваа година се бележат повторен пораст на нападите и заканите кон новинари и медиумски работници.

Графикон бр. 7 Напади врз новинарите и медиумските работници за 2022 година



Графикон бр. 8 Напади врз новинарите и медиумските работници за периодот од 2017 – 2022 врз основа на пол




Графикон бр. 9 Напади врз новинарите и медиумските работници за периодот од 2017 – 2022 врз основа на пол за секоја година одделно

Графикон 9 ги прикажува податоците за нападите врз новинари и медиумски работници од 2017 до 2022 година, поделени по пол. Иако би било корисно овие податоци да се споредат со бројот на активни новинари по пол за подетална анализа, недостигот на кредибилни бројки за вкупниот број новинари и податоци по пол за истиот период претставува ограничување. Ова значи дека корелацијата не може да се направи со потребната точност.

Дополнително, важно е да се нагласи дека податоците во графиконот се базираат само на регистрираните случаи во Регистарот на напади врз новинари на Здружението на новинари на Македонија. Ова не ја одразува целосната состојба на теренот, бидејќи постојат основани претпоставки дека вистинскиот број на напади е значително поголем, особено земајќи предвид дека дел од интервјуираните жени новинарки изјавуваат дека се изложени на онлајн закани, но дека ретко ги пријавуваат тие инциденти. Многу инциденти остануваат непријавени и неевидентирани, што ја потценува сериозноста на заканите со кои се соочуваат новинарите.

И покрај ограничувањата во податоците, бројот на напади по пол покажува дека новинарките често се изложени на ризик. Овој тренд потенцира потребата за дополнителна заштита и поддршка за жените новинарки, особено за оние кои работат во области како истражувачкото новинарство, кои носат зголемени безбедносни ризици.




## 3. Виктимолошки аспект на заканите кон новинарите

Виктимолошкиот аспект во контекст на безбедноста на новинарите се однесува на проучување на начините на кои новинарите стануваат жртви на насилство и закани, како и последиците од тие дејствија врз нивната физичка, психолошка и професионална добросостојба. Оваа област прави обид да ги истражува причините, околностите и последиците на виктимизацијата, вклучувајќи ги и начините на кои институциите и општеството реагираат на овие инциденти и дали воопшто тоа постои во национален контекст како форма на поддршка.

Согласно дефиницијата на **Светското виктимолошко друштво**: Виктимологијата е научна дисциплина која ги изучува обемот, природата и причините на криминалната виктимизација, нејзините последици за виктимизираното лице и реакцијата на општеството на тоа, посебно на полицијата и на правосудниот систем, како и на волонтерите и

професионалците кои ѝ даваат помош на жртвата. Во оваа дефиниција три нешта поврзани со предметот на виктимологијата не се спорни: **прво**, дека виктимологијата е научна, воедно и самостојна дисциплина; **второ**, дека предмет на нејзиното проучување е криминалната виктимизација (поврзана со нејзината феноменологија, етиологија, но и со нејзините последици); и **трето**, ја проучува формалната и неформалната општествена реакција во врска со виктимизацијата[116].

## 3.1 Профил на новинар што е подложен на напади

Во контекст на виктимолошките истражувања, профилот на новинарите кои се подложени на напади е многу разновиден и може да опфати различни категории. Една од најчестите категории е **младите и неискусни новинари, кои често имаат работна задача да покриваат настани со висок ризик** како насилни протести или конфликти. Поради недостатокот на искуство, овие новинари не се секогаш добро подготвени за справување со агресивни ситуации. Често пати немаат соодветна обука или заштитна опрема, што ги прави лесна цел за агресивни учесници на протестите, кои ги гледаат како претставници на медиумите кои не ги поддржуваат нивните ставови.

Искуството и професионалната репутација не секогаш значат и поголема безбедност за новинарите. Искусни новинари кои се занимаваат со истражувачко новинарство и откриваат корупција или други сензитивни теми, исто така се подложни на напади. Тие често се мета на закани од страна на моќни индивидуи или групи кои се чувствуваат загрозени од нивните откритија. Недостатокот на соодветна заштита и поддршка од страна на медиумските куќи или државните институции може дополнително да ја влоши нивната ситуација.

**Новинарите кои немаат загарантирани работнички права**, често се изложени на мобинг и други форми на психолошко насилство внатре во медиумските куќи. Ова е особено случај кај новинари кои работат без колективен договор, што ги прави подложни на експлоатација и дискриминација. Недостатокот на правна заштита и механизми за

[116] Бачановиќ, Оливер. "Прилог кон сфаќањата за предметот и самостојноста на виктимологијата." Зборник во чест на проф. Ѓорѓи Марјановиќ, стр.3. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први", 2011.

пријавување на мобинг ја влошува нивната работна средина и дополнително ги демотивира да пријавуваат закани или напади.

**Постојат и случаи кога самите новинари, поради недостаток на професионален интегритет и неетичко однесување, самите се изложуваат на ризик.** Таквите новинари можат да бидат нападнати од страна на лицата за кои пишуваат, особено ако нивните извештаи се засновани на непроверени информации или имаат за цел да нанесат штета на репутацијата на другите. Недостатокот на професионални стандарди и етика во новинарската професија дополнително ја комплицира ситуацијата и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

Онлајн нападите претставуваат уште една значајна категорија на закани кон новинарите. Со порастот на дигиталните медиуми, новинарите се сè почесто цел на сајбер-напади, хакерски напади и онлајн малтретирање. **Жените новинарки се особено подложни на онлајн закани кои често содржат елементи на сексизам и мизогинија**. Тие се соочуваат со специфични форми на заплашување, како што се закани за сексуално насилство и дискредитација врз основа на род. Овие напади не само што го загрозуваат нивното ментално здравје, туку и ги обесхрабруваат да известуваат за чувствителни теми, со што се намалува нивната улога како чувари на јавниот интерес.

## 3.2 Типови на виктимизација на новинари

Виктимизацијата на новинарите може да се манифестира во различни форми, секоја со свои специфични карактеристики и последици. Во однос на предмет на позитивистичката виктимологија но и околу самата типологија, според Вриг и Хил, таа *„ги проучува начините на мерење на виктимизацијата, развива типологии на витимизацијата потоа го анализира односот престапник-жртва кој објаснува повеќе начини како може да сторува или забрзува казнено дело.“* Суштинско е и дека пионерите на виктимологијата гореспоменатиот однос *„помеѓу дејствувањето на престапникот и реагирањето на жртвата“,* го сметаат за каузален[117].

---

[117] Бачановиќ, Оливер. „Сфаќања на предметот на виктимологија.“ . стр.3. Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола, Факултет за безбедност- Скопје, 2011.

Следуваат главните видови на виктимизација кои ги доживуваат новинарите, а чија типологија претставува дедукција од погоре образложените делови поврзани со типовите на напади, како и со методологијата за регистрација на напади на ЗНМ:

1. **Физичка виктимизација**

Физичката виктимизација следи по напади кои предизвикуваат телесни повреди. Овие напади можат да бидат од страна на поединци или групи кои се чувствуваат загрозени од известувањата на новинарите. Физичките напади често се случуваат за време на покривање на протести, конфликти или други насилни настани. Овие инциденти не само што го загрозуваат физичкото здравје на новинарите, туку имаат и долгорочни психолошки последици, како што се трауми и анксиозност. Потребно е да се прави разлика помеѓи напад и виктимизација, па така физичкиот напад е конкретен акт на насилство што предизвикува телесна повреда, додека физичката виктимизација опфаќа поширок контекст на такви напади како дел од систематско или повторувачко искуство на насилство и закани врз новинарите.

Во услови кога има новинари кои не се пријавени како вработени (*пример се и т.н. слободно новинари или на англиски free lance*), а со тоа на дел од нив не им следува здравствено осигурување, проблемот се влошува. Овие новинари не само што се изложени на ризик од физички напади, туку и на дополнителни финансиски и здравствени тешкотии при обидот да се рехабилитираат од повредите. Недостигот на здравствено осигурување значи дека тие немаат пристап до неопходната медицинска грижа, што дополнително ги загрозува нивното здравје и благосостојба. Ваквата состојба ја нагласува важноста од регулирање на работните услови за новинарите и обезбедување на здравствено осигурување за сите медиумски работници, без оглед на нивниот работен статус.

2. **Сексуална виктимизација**

Сексуалната виктимизација претставува значајна закана за новинарите, особено за жените и ЛГБТИ+ заедницата. Овој вид на виктимизација може да вклучува сексуално вознемирување, сексуален напад или други форми на сексуално насилство. Жените новинарки се изложени на специфични форми на сексуално вознемирување и напад, како

што се недолични коментари, непристојни допири или други несакани сексуални контакти, особено кога известуваат од ризични средини.

Во контекст на хомосексуалноста, особено во општества каде што оваа тема е сè уште табу, новинарите кои се отворено хомосексуалци или кои известуваат за ЛГБТИ+ прашања, се изложени на зголемен ризик од сексуално вознемирување и напади. Овие новинари може да бидат предмет на специфични закани, вознемирувања или уцени базирани на нивната сексуална ориентација. Поради јавната изложеност на нивната професија, овие напади можат да имаат сериозни последици врз нивната професионална и лична безбедност.

Сексуалната виктимизација не само што предизвикува физички и психолошки повреди, туку може да ги обесхрабри новинарите да продолжат со својата работа или да известуваат за чувствителни теми. Ова пак, резултира со ефект на „*ладење*“, каде што новинарите избегнуваат да се занимаваат со теми кои може да ги стават на мета на напади или вознемирувања. Потребно е да се преземат мерки за заштита на новинарите од сексуална виктимизација, вклучувајќи ја и едукацијата на јавноста.

### 3. Емоционална виктимизација

Емоционалната виктимизација вклучува закани, заплашувања и психолошки притисок врз новинарите. Овие форми на виктимизација можат да имаат сериозни последици врз менталното здравје на новинарите, предизвикувајќи депресија, анксиозност и други психолошки проблеми. Емоционалната виктимизација може да доаѓа од различни извори, вклучувајќи ги и јавните личности, политичари и други моќни фигури кои не се согласуваат со известувањата на новинарите.

На пример, новинар кој известува за корупциски скандал може да се соочи со постојани закани и заплашувања од страна на лицата инволвирани во случајот. Овие закани често вклучуваат објавување на лажни информации за новинарот, напади на социјалните мрежи, и заплашувања врз семејството на новинарот. Овие форми на виктимизација имаат за цел да го замолчат новинарот и да го спречат од продолжување на истражувањето. Емоционалниот притисок кој се создава може да доведе до сериозни психолошки

последици, вклучувајќи депресија и анксиозност, што значително влијае врз личниот и професионалниот живот на новинарот.

### 4. Финансиска виктимизација

Финансиската виктимизација вклучува економски притисоци и мерки кои имаат за цел да го ослабнат економскиот статус на новинарите и медиумските куќи. Ова може да се постигне преку тужби за клевета (*често познати како SLAPP тужби*), намалување на финансирањето или повлекување на реклами од медиумите. Финансиската виктимизација има за цел да ги замолчи критичките гласови и да го ограничи известувањето за важни прашања.

Еден од најзначајните аспекти на финансиската виктимизација се тужбите за клевета во кои се бара висока нематеријална штета. Овие тужби се поднесуваат со намера да се предизвика финансиска штета на новинарите и медиумските куќи, принудувајќи ги да трошат значителни ресурси на правна одбрана. Тужбите за клевета често се користат како алатка за замолчување на новинарите, дури и кога објавените информации се точни и од јавен интерес. Преку барање на високи суми за нематеријална штета, тужителите се обидуваат да ги одвратат новинарите од продолжување со нивните истражувачки активности.

Покрај тужбите за клевета, финансиската виктимизација може да вклучува и тужби кон медиумите како правни субјекти. Овие тужби можат да се одразат негативно на целата медиумска организација, вклучувајќи ги и вработените. На пример, кога медиумска куќа е принудена да плаќа големи суми за правни трошоци или казни, тоа може да доведе до намалување на платите, отпуштање на вработените или дури и затворање на медиумот. Ова создава дополнителен притисок врз новинарите и ги принудува да бидат повнимателни во своето известување, со цел да избегнат потенцијални правни проблеми.

Финансиската виктимизација исто така може да се манифестира преку намалување на финансирањето или повлекување на реклами од медиумите. Кога медиумите се финансиски зависни од реклами и донации, секое намалување на овие приходи може сериозно да го загрози нивното работење. Ова особено се однесува на независните медиуми кои често немаат стабилни извори на финансирање. Преку повлекување на реклами,

спонзорите и донаторите можат да извршат притисок врз медиумите да го променат својот едиторијален став или да прекинат со објавување на критички содржини.

### 5. Онлајн виктимизација

Со порастот на дигиталните медиуми, онлајн виктимизацијата станува сè почеста форма на заплашување. Ова вклучува сајбер-напади, хакерски напади, онлајн малтретирање и кампањи за дискредитација. Жените новинарки се особено подложни на онлајн напади кои често содржат елементи на сексизам и мизогинија. Онлајн виктимизацијата не само што го загрозува менталното здравје на новинарите, туку и ги обесхрабрува да известуваат за чувствителни теми, со што се намалува нивната улога како чувари на јавниот интерес.

Во РСМ, платформата Мета (*позната како Фејсбук*) е една од најкористените дигитални платформи за дистрибуција на информации. Медиумите масовно ги користат своите профили на оваа платформа за да дојдат до широката публика, поради фактот што голем дел од населението активно ја користи оваа апликација за добивање вести и информации. Овој тренд, иако има предности во смисла на брзо и ефикасно споделување на содржини, исто така отвора нови можности за онлајн виктимизација на новинарите. Напаѓачите можат да ги користат истите платформи за да ги таргетираат новинарите со злонамерни коментари, закани и лажни информации, со цел да ги дискредитираат и заплашат.

Особено значајно е тоа што онлајн виктимизацијата може да има долгорочни последици врз професионалниот и личниот живот на новинарите. Жртвите на онлајн напади често се соочуваат со нарушено ментално здравје, губење на самодовербата и страв од идни закани, што може да доведе до автоцензура и намалена мотивација за покривање на важни и чувствителни теми. За жените новинарки, ваквите напади често вклучуваат дополнителен слој на дискриминација, со фокус на нивната полова припадност и стереотипи поврзани со неа.

Дополнително, користењето на т.н. „*ботови*[118]" и анонимни профили на платформата Мета претставува голем предизвик за истражните органи кои се обидуваат да

[118] **Ботовите на социјалните мрежи** се автоматизирани профили или софтверски програми кои имитираат човечка активност и се користат за влијание врз содржината и дискусиите на платформите. Во контекст на безбедноста на новинарите, овие ботови често се користат за организирани кампањи на вознемирување,

ги утврдат идентитетите на законувачите. Анонимноста и автоматизираните напади значително ја комплицираат можноста за брзо и ефикасно справување со овие закани, што дополнително го зголемува чувството на несигурност кај новинарите.

## 3.3 Ризик фактори зошто некои новинари стануваат жртви

Различни лични, социјални и економски фактори придонесуваат за виктимизација на новинарите. Политичките тензии, меѓународните конфликти и внатрешните општествени промени играат значајна улога во изложувањето на новинарите на ризик.

Во време на значајни политички или меѓународни тензии, како што се избори или членство во меѓународни организации како НАТО, нападите врз новинарите често се зголемуваат. Ова е резултат на зголемениот притисок врз јавноста и политичките приврзаници, кои честопати се мотивирани од партиските наративи. На пример, при влезот на Македонија во НАТО, нападите беа поврзани со руското влијание и поделбата на луѓето на „патриоти“ и „предавници“ *(како што впрочем беше укажано и на интервјуата спроведени со дел од новинарите)*. Оваа поделба создаде агресивна средина во која новинарите беа цел на вербални и физички напади од страна на тие што сметаа дека медиумите не ја поддржуваат доволно нивната страна. Оваа ситуација е поткрепена од академски студии кои истакнуваат дека политичките тензии и меѓународните конфликти може да доведат до зголемени напади врз новинарите. На пример, истражување објавено од Oxford University Press покажува дека политичките тензии често се проследени со зголемена агресија кон новинарите.[119]

**Пандемиските услови, како што беа оние за време на корона вирусот**, исто така, доведоа до зголемена виктимизација на новинарите. Антиваксерите и поддржувачите на теории на заговор често ги напаѓаа новинарите кои известуваа за важноста на вакцините и мерките за јавно здравје. Овие луѓе, верувајќи во алтернативни наративи, ги сметаа новинарите за дел од заговорите и ги напаѓаа вербално, а понекогаш и физички. Покрај

---

ширење дезинформации, или координирани напади со цел да ги дискредитираат или замолчат новинарите. Тие можат да генерираат лажни обвинувања, да поттикнуваат омраза, и да го зголемат нивото на онлајн агресија, што дополнително го загрозува безбедното извршување на новинарската професија.

[119] Meloy, Michelle L., and Susan L. Miller. "Media, Gender, and Crime Victims." In The Victimization of Women: Law, Policies, and Politics, 2010; online edn, Oxford Academic, 24 May 2012. Достапно на https://doi.org/10.1093/acprof /9780199765102.003.0012. Пристапено на 22 јули 2024 година.

вербалните и физичките напади, новинарите исто така беа цел на онлајн малтретирање и дискредитациски кампањи. Социјалните мрежи станаа платформа за ширење на дезинформации и теории на заговор, каде што новинарите беа обележани како *„непријатели на народот“* или *„платеници на фармацевтските компании“.* Ова создаде клима на недоверба и страв, каде што новинарите беа под постојан притисок и изложени на психолошки стрес.

Конспиративните теории поврзани со COVID-19 значително ја намалија довербата во научната заедница и поттикнаа агресивни однесувања кон новинарите кои промовираа здравствени мерки и вакцинација. Овие теории беа често поддржувани и ширени преку социјалните медиуми, што дополнително ги изложи новинарите на ризик од онлајн виктимизација. Според студија објавена во PLOS ONE, постои силна негативна асоцијација помеѓу верувањето во конспиративните теории за COVID-19 и поддршката за здравствени мерки, што укажува на тоа дека луѓето кои веруваат во вакви теории, се повеќе склони да пружаат отпор кон кредибилни информации на оваа тема објавени во медиумите[120].

Новинарите кои известуваа за пандемијата исто така се соочуваа со предизвици во добивањето на точни и проверени информации. Дезинформациите, често промовирани од анти-ваксерските групи, ги отежнуваа напорите на новинарите да го информираат јавноста точно и навремено. Ова доведе до дополнителни конфронтации, бидејќи луѓето кои веруваа во теории на заговор ги напаѓаа новинарите за нивните објави.

Ставот на јавноста кон новинарите значително се промени за време на пандемијата, бидејќи многу луѓе беа склони да ги прифатат теориите на заговор и дезинформациите што циркулираа на интернет. Ова не само што ги зголеми нападите врз новинарите, туку и ги деморализираше, бидејќи нивната работа беше постојано доведувана во прашање и нивниот професионален интегритет беше нападнат.

**Изборите се уште една клучна точка на зголемена виктимизација.** Приврзаниците на политичките партии, поттикнати од јавните наративи на своите лидери,

[120] Wierzejska, Roksana, et al. "Are Conspiracy Beliefs a Barrier to COVID-19 Vaccination in Poland? The Role of Psychosocial Resources and Online Information-Seeking Behavior." PLOS ONE 17, no. 10 (2022): e0276082. Достапно на https://journals.plos.org/plosone/article?id=10.1371/journal.pone.0276082. Пристапено на 27 јуни 2024 година.

се пресметуваат со новинарите кога сметаат дека тие не ја поддржуваат доволно нивната партија. Ова е особено очигледно кога новинарите објавуваат критички анализи или известуваат за неправилности поврзани со партиите на власт или опозицијата. Во вакви случаи, новинарите често се соочуваат со вербални напади, закани преку социјалните мрежи и понекогаш физички напади. Политичките лидери и нивните приврзаници ги користат медиумите за да ги поттикнат своите поддржувачи на агресивни акции, а новинарите се најчесто првата цел поради нивната улога во информирањето на јавноста.

Дополнително, постојат случаи каде што новинарите се соочуваат со судски тужби за клевета[121], иницирани од политичари или други моќни фигури, со цел да се замолчат и да се спречи нивното истражувачко новинарство. Овие тужби не само што го загрозуваат финансискиот статус на новинарите и медиумските куќи, туку имаат и застрашувачки ефект врз останатите новинари, кои можеби ќе се двоумат да истражуваат и објавуваат чувствителни информации. Овие притисоци врз новинарите создаваат атмосфера на страв и автоцензура, што е контрапродуктивно за демократијата и правото на јавноста да биде информирана.

**Конфликтите со соседните земји**, исто така, играат улога во виктимизацијата на новинарите. Кога Македонија има дипломатски или политички проблеми со некоја соседна земја, новинарите често се обвинувани дека не ја следат доволно критички ситуацијата или дека не се во служба на националните интереси. Ваквите обвиненија доаѓаат од јавноста, но и од политичарите, што создава дополнителен притисок и ризик за медиумските работници. Еден од најзначајните примери е прашањето за името помеѓу РСМ и Грција. Во текот на овој период, новинарите кои известуваа за процесот на преговори и за Преспанскиот договор често беа мета на напади и закани. Преговорите и конечниот договор предизвикаа голема поларизација во македонското општество, со различни групи кои имаа спротивставени ставови за тоа дали договорот е во најдобар интерес на земјата.

Во овој контекст, новинарите кои известуваа за преговорите често беа подложени на вербални напади и закани преку социјалните мрежи, а некои дури и физички нападнати.

[121] Левица. „Левица со приватна кривична тужба против режимската Канал 5.“ Пристапено на 27 јули 2024 година. https://levica.mk/pres-centar/soopshtenija-reakcii/levica-so-privatna-krivicna-tuzba-protiv-rezimskata-kanal-5/

Поради високата чувствителност на прашањето, секое објавување или критичко известување може да предизвика негативни реакции од јавноста и политичарите. Овие околности ги ставија новинарите во позиција на постојан ризик, бидејќи тие мораа да балансираат меѓу професионалната обврска да информираат објективно и безбедноста на нивната лична и професионална позиција.

Зголемениот притисок врз новинарите за време на преговорите со Грција и потпишувањето на Преспанскиот договор ја нагласи важноста на заштитата на новинарите во контексти на меѓународни конфликти и политички промени.

Во сите овие случаи, улогата на новинарите како чувари на јавниот интерес е погрешно разбрана, што резултира со нивно стигматизирање и виктимизација. Наместо да зборуваме за типични ризик-фактори, тука станува збор за околности и услови како што се политичките и социјалните притисоци, економските ограничувања, недостатокот на соодветна правна заштита и слабата примена на законите, кои го зголемуваат ризикот од виктимизација на новинарите и негативно влијаат на нивната безбедност.

## 3.4 Последици од виктимизација на новинарите, медиумите и општеството

Последиците од виктимизацијата на новинарите се многубројни и комплексни, зафаќајќи го не само новинар како индивидуа, туку и медиумите и општеството во целина. На индивидуално ниво, виктимизацијата може да има сериозни физички, психолошки и професионални последици. Физичките напади и повреди може да доведат до долгорочни здравствени проблеми, а психолошките последици како траума, депресија и анксиозност често го попречуваат нормалното функционирање и работење на новинарот. Исто така, важно е да се знае дека *„Кога станува збор за психолошките последици од виктимизацијата, треба да се има предвид дека жртвите не се хомогена група која ги покажува истите реакции, како што обично прават во јавноста често презентирани на дискурсот. Напротив, видот и силата на реакцијата на виктимизација е крајно индивидуално*[122]*“*.

[122] Николић-Ристановић, Весна. „Психичке и психосоцијалне последице виктимизације. Од жртве до победника: виктимологија као теорија, пракса и активизам“. Београд: Прометеј, 2019.

„Исто така, важно е да се разбере дека психолошките последици од виктимизацијата не се униформни за сите жртви. Како што укажува Бачановиќ, жртвите реагираат индивидуално на виктимизацијата, што значи дека не постои универзален модел на одговори, како што понекогаш се претставува во јавниот дискурс. Бачановиќ делумно ја прифаќа потесната дефиниција на виктимизацијата која е фокусирана само на криминални дела, но тој исто така признава дека постојат форми на виктимизација кои не се директно поврзани со кривични дела. Тој смета дека е важно да се разгледаат пошироки аспекти на виктимологијата, иако го доведува во прашање обидот да се дефинира виктимизацијата во строги рамки.“

Професионалните последици се уште една важна димензија. Виктимизацијата може да го наруши професионалниот интегритет и кредибилитет на новинарот, а исто така може да води до автоцензура, каде што новинарот избегнува да известува за чувствителни или контроверзни теми од страв од последователни напади. Ова создава клима на страв и несигурност во медиумите, што директно влијае врз квалитетот на известувањето и информирањето на јавноста.

Последиците врз медиумите исто така се значајни. Кога новинарите се виктимизирани, медиумите често се принудени да трошат ресурси на правна заштита, здравствена грижа и психолошка поддршка. Ова може да доведе до финансиски загуби и намалување на ресурсите, кои би можеле да се користат за истражувачко новинарство и други важни активности. Дополнително, виктимизацијата на новинарите создава атмосфера на несигурност и страв во редакциите, што може да го наруши тимскиот дух и да ја намали мотивацијата на новинарите.

На општествено ниво, виктимизацијата на новинарите има долгорочни последици врз демократијата и правото на јавноста да биде информирана. Кога новинарите се заплашени и замолчани, тоа води до недостаток на критички гласови и намалување на плурализмот во медиумите. Ова резултира со недоволна информираност на јавноста и намалување на нивото на јавен дискурс. Во крајна линија, виктимизацијата на новинарите

го поткопува демократскиот процес, бидејќи јавноста не добива објективни и навремени информации кои се неопходни за донесување информирани одлуки.

Исто така, виктимизацијата на новинарите ја нарушува довербата на јавноста во медиумите. Кога новинарите се постојано напаѓани и заплашувани, јавноста може да почне да гледа на медиумите како на небезбедни и несигурни извори на информации. Ова го намалува кредибилитетот на медиумите и ја намалува нивната способност да ја извршуваат својата улога како чувари на јавниот интерес. Дополнително, постојаната виктимизација води до автоцензура, каде новинарите сами се воздржуваат од известување за теми кои можат да бидат контроверзни или опасни, што значително го ослабува квалитетот и објективноста на новинарството.

За да се спречат и ублажат последиците од виктимизацијата, неопходно е да се преземат мерки за заштита на новинарите, да се обезбеди правна и институционална поддршка и да се промовира култура на почитување на медиумската слобода и независност.

## 3.5 Превенција и заштита: законодавни мерки, образовни програми и стратегии за зголемување на јавната свест

### 3.5.1 Законодавни мерки

Законодавните мерки се неопходни за заштита на новинарите од виктимизација. Важно е да се донесат и спроведуваат закони кои ќе ги санкционираат нападите врз новинарите и ќе обезбедат нивна заштита. Виктимолошкиот пристап овде нагласува дека овие закони треба да бидат насочени кон разбирање и справување со виктимизацијата како форма на кривично дејствие.

1. **Дополнително засилување на кривично-правната заштита**: Потребно е да се воведат посебни одредби во Кривичниот законик кои ќе предвидат построги казни за напади врз новинарите, посебно во делот на дигиталната безбедност, но и за нарушување на приватноста, како и нелегалното следење на комуникацијата на новинарите. Виктимолошкиот пристап ја истакнува сериозноста на нападите врз новинарите како напади врз јавниот интерес и демократијата. Затоа, овие напади треба да бидат санкционирани со повисоки казни за да се одрази нивната сериозност.

2. **Специјализирани одделенија во судовите и обвинителствата**: Создавањето специјализирани одделенија кои ќе се занимаваат со случаи на виктимизација на новинарите може да обезбеди побрзо и поефикасно решавање на овие случаи. Овие одделенија треба да бидат обучени за специфичните аспекти на виктимизацијата на новинарите, вклучувајќи ги психолошките и професионалните последици со кои се соочуваат жртвите.
3. **Механизми за итна помош**: Воведување механизми за итна помош и заштита на новинарите кои се под закана. Овие механизми треба да вклучуваат итни телефонски линии, правна и психолошка поддршка, како и мерки за физичка заштита. Виктимолошкиот аспект ја нагласува важноста на брзата и ефикасна реакција за да се спречат понатамошни штети врз новинарите.

### 3.5.2 Образовни програми

Образовните програми се важни во превенцијата на виктимизацијата на новинарите. Едукацијата може да помогне во зголемување на свесноста за проблемите со кои се соочуваат новинарите и во развивање на вештини за справување со заканите. Како конкретни примери насочени кон разбирање на динамиката на виктимизацијата и развивање на стратегии за превенција и заштита, можат да бидат:

1. **Образовни работилници и семинари**: Организирање работилници и семинари за новинарите, каде што ќе се дискутираат теми како што се безбедноста на терен, онлајн безбедност и справување со закани. Овие програми можат да бидат организирани од страна на новинарските здруженија, граѓанските организации и владините институции. Виктимолошкиот пристап ја нагласува важноста на специфичните тренинзи за препознавање и справување со ситуации на виктимизација.
2. **Програми за обука за полицијата и правосудните органи**: Обука на полициските службеници и правосудните органи за специфичните проблеми со кои се соочуваат новинарите. Ова вклучува едукација за важноста на слободата на медиумите и за механизмите за заштита на новинарите. Виктимолошките сознанија препорачуваат

обука која ќе помогне на полициските службеници и судиите да разберат како виктимизацијата влијае врз новинарите и како да реагираат соодветно.

3. **Вклучување на темата во образовните институции**: Интеграција на темата за безбедноста на новинарите во наставните програми на факултетите за новинарство и комуникации, како и во обуките за полициските академии и правните факултети. Виктимолошките созананија ја нагласуваат важноста на раното образование за да се развие свест за ризиците и заштитните мерки.

### 3.5.3 Стратегии за зголемување на јавната свест

Јавната свест е од суштинско значење за превенцијата на виктимизацијата на новинарите. Стратегиите за зголемување на јавната свест треба да бидат насочени кон информирање на јавноста за важноста на слободата на медиумите и за заканите со кои се соочуваат новинарите. Посебни пристапи со кои се истакнува улогата на јавната свест во намалувањето на ризикот од виктимизација и во промовирањето на култура на поддршка и заштита, би можеле да бидат следните:

1. **Медиумски кампањи**: Спроведување медиумски кампањи кои ќе ја зголемат свесноста за важноста на слободата на медиумите и за заканите со кои се соочуваат новинарите. Овие кампањи може да бидат насочени кон општата јавност, како и кон специфични групи како што се младите и студентите.
2. **Јавно осудување на нападите**: Вклучување на јавните личности и институциите во осудувањето на нападите врз новинарите. Ова може да вклучува изјави од страна на претседателот на државата и/или Собранието, министерот за внатрешни работи, како и претставници на регулаторните тела за медиумите. Јавните осуди можат да помогнат во намалувањето на неказнивоста и во создавањето на клима на нетолеранција кон насилството врз новинарите.
3. **Протоколи за соработка**: Развивање на протоколи за соработка меѓу медиумите и правосудните органи. Овие протоколи можат да вклучуваат насоки за постапување во случаи на закани и напади врз новинарите, како и механизми за брза и ефикасна реакција. Со ова се препорачува формализирање на соработката меѓу различните институции за да се обезбеди сеопфатна заштита и поддршка за новинарите.

### 3.5.4 Поддршка и рехабилитација

Поддршката и рехабилитацијата на новинарите кои станале жртви на виктимизација е од клучна важност за нивното психолошко и физичко закрепнување. На овој начин се нагласува потребата од холистички пристап кон рехабилитацијата, кој вклучува мултидисциплинарни тимови и поддршка на различни нивоа и тоа преку:

1. **Психолошка поддршка**: Обезбедување на психолошка поддршка за новинарите кои доживеале виктимизација. Ова може да се постигне преку организирање на советувалишта, терапевтски групи и индивидуални консултации.
2. **Правна помош**: Обезбедување на правна помош за новинарите кои се соочуваат со судски процеси поврзани со нивната работа. Ова вклучува поддршка во поднесување на тужби против напаѓачите и застапување во судски процеси.
3. **Финансиска поддршка**: Обезбедување на финансиска поддршка за новинарите кои се соочуваат со финансиски тешкотии како резултат на виктимизацијата. Ова може да се постигне преку формирање на фондови за поддршка и обезбедување на грантови во согласност со националните закони. Ова конкретно препорачува финансиска помош која ќе им овозможи на новинарите да се фокусираат на своето закрепнување без дополнителни стресови.

За крај, потребно е да се истакне дека виктимизацијата на новинарите е сериозен проблем кој секако бара интегриран пристап за превенција и заштита. Комбинирањето на законодавните мерки, образовните програми и стратегиите за зголемување на јавната свест може да помогне во намалување на ризиците и обезбедување на безбедноста на новинарите. Поддршката и рехабилитацијата се исто така клучни за нивното психолошко и физичко закрепнување, овозможувајќи им да продолжат да ја вршат својата професионална работа без страв и притисок.

Виктимолошкиот пристап нуди длабоко разбирање на причините и последиците на виктимизацијата и предлага мерки кои можат да помогнат во справувањето со овој проблем на систематски и одржлив начин. За да се спречат и ублажат последиците од виктимизацијата, неопходно е да се преземат мерки за заштита на новинарите, да се

обезбеди правна и институционална поддршка и да се промовира култура на почитување на медиумската слобода и независност.

# 7. ДЕЛ VI

## ВАЖНОСТА ОД  СОРАБОТКАТА СО НАЦИОНАЛНИ ИНСТИТУЦИИ И СО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО НАСОКА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ

Ова поглавје има за цел да ги истражи напорите за соработка помеѓу различните национални и меѓународни тела за подобрување на безбедноста на медиумските работници. Истото ги разгледува улогите на институциите како што се Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство на РСМ, судовите, но и на  меѓународните организации. Пристапот во подготовката на овој дел вклучува испитување на правни рамки, иницијативи за политики и појаснување на постоечки механизми и платформи пред се на меѓународни организации, а се со цел да се разбере ефективноста на овие соработки. Фокусот е ставен на идентификување на стратегиите и предизвиците за обезбедување побезбедна средина за новинарите, особено во контекст на медиумскиот пејзаж во РСМ.

### 1) Меѓународни и регионални механизми

Безбедноста на новинарите е критичен аспект на слободата на медиумите, особено во региони каде што постојат високи нивоа на политичка нестабилност и правни ризици. Овој текст ги консолидира податоците и анализите од четири значајни платформи кои ги следат и поддржуваат новинарите: платформата на Советот на Европа, Комитетот за заштита на новинарите (CPJ), Media Freedom Rapid Response (MFRR) и SafeJournalists.net. Секоја од овие платформи игра клучна улога во мониторингот, заштитата и застапувањето на правата на новинарите, обезбедувајќи поддршка и ресурси во различни форми.

### 1.1 Платформата за безбедност на новинарите на Советот на Европа

Платформата за безбедност на новинарите на Советот на Европа[123] е јавен простор на интернет кој помага во компилацијата, процесирањето и споделувањето на информации за сериозни загрижености околу слободата на медиумите и безбедноста на новинарите. Основните аспекти на платформата вклучуваат заштита на новинарите преку споделување

---

[123] Совет на Европа. "Платформа за безбедност на новинарите." Пристапено на 27 јуни, 2024. https://fom.coe.int/en/accueil

закани и насилство, рано предупредување и координирано реагирање од страна на Советот на Европа, како и идентификација на трендови и политички одговори.

Заштитата е важна бидејќи им овозможува на новинарите да ги споделат заканите и / или насилството со кое се соочуваат а со цел подобрување на нивната заштита. Од друга страна, раното предупредување има превентивна улога но и придонес во координирано реагирање од страна на Советот на Европа кон конкретни случаи и трендови. Преку оваа платформа која претставува и дата база со статистика по земја членка, Советот на Европа може да ги идентификува трендовите и да предложи соодветни политички решенија во овозможување на поголема слобода и независност на медиумите.

Во однос на статистиката, платформата бележи дека во моментов се регистрирани два аларми за повреда на права на новинари во РСМ.

Инцидентите или повредата на права на новинари може да се пријавуваат преку официјалната веб-страница на платформата за безбедност на новинарите[124]. Процесот на пријавување вклучува пополнување на формулар за известување, каде што новинарите или релевантните организации ги доставуваат деталите за инцидентот. Оваа информација потоа се обработува и споделува со релевантните органи за да се осигура навремено реагирање и заштита. Дополнително, платформата нуди ресурси[125] и насоки за новинарите за да ги разберат своите права и да ги користат механизмите за заштита кои се на располагање

## 1.2 Статистика за безбедноста на новинарите според платформата на Советот на Европа

Платформата за безбедност на новинарите на Советот на Европа нуди графички преглед на различни инциденти и закани врз новинарите во државите-членки. Оваа платформа обезбедува детализирани податоци за видовите закани, бројот на инциденти, локациите каде што се случуваат и тенденциите преку времето.

[124] Совет на Европа. "Како да пријавите инцидент." Пристапено на 27 јуни, 2024. https://fom.coe.int/en/accueil
[125] Совет на Европа. "Презентација на извештајот за закани и напади врз слободата на медиумите во Европа." Пристапено на 5 јули, 2024. https://www.coe.int/en/web/freedom-expression/-/presentation-of-the-report-on-threats-and-attacks-against-media-freedom-in-europe.

*Слика бр. 1 Закани по безбедност на новинари во Европа за 2024 година*




Извор: Совет на Европа[126]

**Видови закани и инциденти** - податоците покажуваат дека новинарите се соочуваат со различни видови закани, вклучувајќи физички напади, правни закани, заплашување и онлајн малтретирање. Секој вид на закана има свој процентуален удел во вкупниот број на инциденти, што овозможува подобро разбирање на ризиците со кои се соочуваат новинарите.

**Географска распределба** - графиконите исто така ги покажуваат земјите каде што се пријавуваат најмногу инциденти. Оваа географска анализа помага да се идентификуваат регионите со најголем ризик за новинарите и укажува на потребата од зголемена заштита и мерки за безбедност во тие области.

[126] Совет на Европа. „Дијаграм за закани и напади врз новинари во Европа." Пристапено на 5 јули, 2024. https://fom.coe.int/en/graphiques

**Временски трендови** - временската анализа на податоците покажува како бројот на инциденти се менува преку годините. Ова овозможува идентификација на периоди кога заканите кон новинарите се зголемуваат, што може да биде поврзано со политички или социјални настани.

## 1.3 Комитетот за заштита на новинарите (CPJ)

Комитетот за заштита на новинарите (CPJ) е меѓународна непрофитна организација која работи на промовирање и заштита на правата на новинарите низ целиот свет. CPJ обезбедува податоци за новинарите кои се убиени, затворени, исчезнати и нападнати, како и за други облици на притисок врз медиумите.

**Според податоците за 2024 година, вкупно 31 новинар бил убиен (од 1-ви јанауари 2024 година, заклучно со 5-ти јули 2024 година) а 320 новинари биле затворени низ целиот свет од 1-ви декември 2023 година до 5ти јули 2024 година**[127]. Географската распределба на овие смртни случаи ја истакнува специфичните региони каде новинарството е особено опасно, како што се Латинска Америка, претставена од Мексико и Бразил, и конфликтните зони како Сирија и Авганистан. Оваа статистика ја нагласува итната потреба од подобрени мерки за заштита и меѓународни напори за обезбедување на безбедноста на новинарите кои работат во овие високоризични области. CPJ исто така обезбедува ресурси за безбедност, вклучувајќи совети за физичка, дигитална и психолошка безбедност, и обуки за новинарите.

[127] Комитет за заштита на новинари. „Затворени новинари." Пристапено на 27 јуни, 2024. https://cpj.org/data/imprisoned/.

Слика бр.2 убиени новинари од 01.01.2024 до 05.07.2024 година




Извор: CPJ[128]

На страна од статистиката, основните аспекти на активностите на CPJ се следни:

**Заштита на новинарите** - CPJ работи на заштита на новинарите преку обезбедување правна, финансиска и безбедносна поддршка. Организацијата реагира на случаи на напади и закани со брзи мерки за да обезбеди безбедност и правна заштита за новинарите кои се под закана.

**Застапување** - CPJ се залага за правата на новинарите на меѓународно ниво, работи со влади, меѓународни организации и други институции за да обезбеди правна заштита и да ги поддржи новинарите во нивната работа. Организацијата исто така редовно подготвува и објавува извештаи и анализи за состојбата со слободата на медиумите.

[128] Комитет за заштита на новинари. „Убиени новинари во 2024." Пристапено на 5 јули, 2024. https://cpj.org/data/killed/2024/?status=Killed&motiveConfirmed%5B%5D=Confirmed&type%5B%5D=Journalist&start_year=2024&end_year=2024&group_by=location.

**Обезбедување на ресурси за безбедност** - CPJ обезбедува широк спектар на ресурси за безбедност на новинарите, вклучувајќи совети за физичка, дигитална и психолошка безбедност, итна поддршка и обуки[129]. Овие ресурси им помагаат на новинарите да се справат со заканите и да ја зголемат својата безбедност на терен.

**Кампањи против неказнивоста** - CPJ организира кампањи за зголемување на притисокот врз владите и институциите кои не ги процесираат случаите на напади врз новинарите. Кампањите за борба против неказнивоста се насочени кон осигурување дека сторителите на злосторства против новинарите се изведени пред правдата.

## 1.4 Media Freedom Rapid Response (MFRR)

Media Freedom Rapid Response (MFRR)[130] е европски механизам кој ги следи, мониторира и реагира на повредите на слободата на печатот и медиумите во земјите-членки на ЕУ и земјите-кандидати. MFRR обезбедува правна и практична поддршка, јавно застапување и информации за заштита на новинарите и медиумските работници. Оваа иницијатива вклучува мониторинг на повредите на слободата на медиумите, координација на мисии за собирање факти и јавни кампањи за зголемување на свесноста и јавната поддршка за новинарите.

Посебно важни аспекти за работата на оваа организација а во насока на поддршка на новинарите на кои им се повредени правата се следните три:

**Заштита на новинарите -** MFRR нуди директна поддршка на новинарите и медиумските работници кои се изложени на ризик поради нивната работа. Оваа поддршка вклучува правна одбрана и мислење, итна поддршка како покривање на патни трошоци, психолошка поддршка и трошоци за семејството, обезбедување престој во Германија и Италија, и поддршка на обуки низ континентот. Целта на оваа поддршка е да се осигура дека новинарите и медиумските работници можат да ја продолжат својата работа и да бидат заштитени од понатамошни закани.

[129] Медиумска платформа за брз одговор. „Практична поддршка". Пристапено на 5 јули, 2024. https://www.mfrr.eu/support/practical-support/.
[130] Медиумска платформа за брз одговор. „За MFRR". Пристапено на 27 јуни, 2024. https://www.mfrr.eu/.

**Мониторинг на повреди на слободата на медиумите -** MFRR спроведува систематски и сеопфатен мониторинг на повредите на слободата на печатот и медиумите во сите земји-членки на ЕУ и земјите-кандидати за да ги води и насочува сите одговори за одбрана на слободата на медиумите и заштита на новинарите и медиумските работници. Сите закани можат да се видат на јавно достапната мапа и претставуваат основа за правната, заштитната и адвокатската работа на MFRR низ континентот. За 2024 година, заклучно со јуни на платформата се забележуваат вкупно 667 повреди на правата на новинарите како и на независноста на медиумите но и медиумските организации од кои 8 се однесуваат на случаи во РСМ.

Слика бр. 3 повреда на права на новинари и нарушување на независност на медиуми и медиумски организации за првите 6 месеци од 2024 година со фокус на РСМ




Извор: MFRR[131]

[131] Медиумска платформа за брз одговор. „Мапа на инциденти." Пристапено на 5 јули, 2024. https://www.mapmf.org/explorer?f.from=2024-01-01&f.to=2024-07-05.

**Јавно застапување** - Како дел од оваа работа, MFRR координира мисии за собирање факти, застапување и брзи реакции за да обезбеди фактичка документација и информации за поддршка на нивната работа; се вклучува во разговор со националните влади, европските институции и други тела; организира јавни и експертски настани; координира јавни кампањи за обезбедување поголема свесност и јавна поддршка за новинарите и медиумските работници низ континентот. Во контекст на РСМ слична мисија за прибирање на факти беше организирана во Скопје во јуни 2023 година во која се анализираше медиумската состојба во земјата[132] и за што беше изготвен детален извештај со препораки.[133]

## 1.5 SafeJournalists.net

**SafeJournalists.net** е регионална платформа за застапување на медиумската слобода и безбедноста на новинарите, формирана од здруженија на новинари и медиумски синдикати од Западен Балкан[134]. Платформата, која е финансирана и поддржана од страна на Европската комисија од 2017 година, обезбедува поддршка и заштита на новинарите преку заеднички напори на здруженијата на новинари од седум земји и тоа од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, РСМ, Србија, Хрватска, Црна Гора.

Мисијата на SafeJournalists.net е да создаде безбедна работна средина за новинарите и да ги зголеми нивните капацитети за справување со различни видови на притисоци и закани.

Како посебни цели на оваа регионална мрежа, слично и на претходните организации но со посебен географски фокус се следните:

---

[132] Здружение на новинари на Македонија. „ЗНМ и меѓународни новинарски организации ја скенираат медиумската состојба во земјата." Пристапено на 5 јули, 2024. https://znm.org.mk/%d0%b7%d0%bd%d0%bc-%d0%b8-%d0%bc%d0%b5%d1%93%d1%83%d0%bd%d0%b0%d1%80%d0%be%d0%b4%d0%bd%d0%b8-%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%80%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%be%d1%80%d0%b3%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b7/.

[133] Здружение на новинари на Македонија. „Извештај од Мисијата за проценка на состојбата со слободата на медиумите." Пристапено на 5 јули, 2024. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/11/%D0%9C%D0%9A-Fact-Finding-PFM-Report-251023-web-final.pdf.

[134] SafeJournalists.net. „За Нас.“ Пристапено на 27 јуни, 2024. https://safejournalists.net/.

**Заштита на новинарите -** SafeJournalists.net обезбедува поддршка и заштита на новинарите преку документирање и пријавување на напади и закани, обезбедување на правна и психолошка помош (*во случајот со Република Србија и РСМ што зависи од капацитетите на двете здруженија во овие земји*) како и организирање на обуки за безбедност, без разлика дали станува за физичка во насока на покривање на настани од висок ризик или дигитална. Долгорочната цел на оваа платформа е да се создаде безбедна работна средина за новинарите во регионот и да се зголеми нивната отпорност на различни видови на притисоци и закани.

**Мониторинг и известување -** платформата редовно ги следи и објавува случаите на напади врз новинари во регионот. Ова вклучува физички напади, вербални закани, онлајн малтретирање и правни притисоци, познати како SLAPP тужби. Податоците се собираат и анализираат за да се идентификуваат трендовите и да се предложат соодветни мерки за заштита на новинарите.

**Јавно застапување на политики** - SafeJournalists.net работи на национално и регионално ниво за да ги застапува правата на новинарите. Организацијата координира адвокатски активности, организира јавни кампањи и настани и соработува со националните и меѓународните институции за подобрување на правната рамка и условите за работа на новинарите.

**Поддршка и ресурси -** Платформата обезбедува различни ресурси за новинарите, вклучувајќи водичи за правна заштита, етично известување за специфични теми[135], совети за безбедност, и обуки за подобрување на нивните вештини и отпорност на закани. Преку овие активности, SafeJournalists.net се стреми да ја подобри општата состојба на медиумската слобода и безбедноста на новинарите во Западен Балкан.

**Индекс на безбедност на новинарите на Западен Балкан (WB-JSI)** - претставува истражувачка алатка која има за цел да ги мери и следи промените во социјалните и политичките околности кои влијаат на безбедноста на новинарите во регионот. Овој индекс ги оценува следниве аспекти:

---

[135] SafeJournalists.net. „Насоки за медиумски професионалци и новинари кои известуваат за здравство." Пристапено на 5 јули, 2024. https://safejournalists.net/resources1/guidelines-for-media-professionals-and-journalists-reporting-on-health/.

**Правно и организациско опкружување:** Оценувањето на правната рамка и институционалната поддршка за заштита на новинарите.

**Превентивни мерки:** Мерки кои се преземаат за превенција на заканите и нападите врз новинарите.

**Однесување на државните институции и јавните службеници:** Оценка на односот и дејствата на државните тела кон новинарите.

**Инциденти и видови закани и насилство:** Документација и анализа на различните форми на закани и насилство врз новинарите.

На сликата која следи се прикажани повеќе инциденти на закани, вербални напади, и други форми на притисоци врз новинари од различни градови, како Скопје, Тирана, Белград, и други. Секој наслов содржи информации за конкретни случаи, датум и локација на инцидентите, вклучувајќи и краток опис за околностите под кои се случиле. Платформата служи за информирање на јавноста и подигање на свеста за важноста на безбедноста на новинарите и заштитата на слободата на медиумите.

Слика бр. 4 Аларми на напади врз новинари во Западен Балкан за 2024 година




Извор: safejournalists.net[136]

**Безбедносниот индекс на новинари** во Западен Балкан - се базира на систематско собирање и анализа на податоци, со цел да се обезбедат релевантни и ажурирани информации кои можат да се користат за застапување на подобри услови и заштита на новинарите. Овој индекс ги собира и анализира податоците за инциденти, закани и напади врз медиумските професионалци, со цел да се даде јасна слика за ризиците и предизвиците

[136] SafeJournalists. „Случаи на напади врз новинари во Западен Балкан." Пристапено на 5 јули, 2024. https://safejournalists.net/journalists-attack-cases/.

со кои се соочуваат новинарите во регионот. Индексот е дизајниран да обезбеди објективни и ажурирани информации кои можат да бидат користени од страна на владите, меѓународните организации, медиумските здруженија и самите новинари за да се подобри нивната безбедност и заштита.

Покрај тоа, Безбедносниот индекс служи како механизам за зголемување на свесноста и поддршката за новинарите. Тој го поттикнува транспарентното известување и го зајакнува меѓународниот притисок врз властите за да се справат со прашањата на безбедноста на новинарите. Индексот ги вклучува и препораките за подобрување на условите за работа на новинарите и зајакнување на правната и институционалната рамка за нивна заштита, што е од клучно значење за обезбедување на слободата на медиумите и демократските вредности во регионот.

Слика бр. 5 Индекс за безбедност на новинари на Западен Балкан за 2023 година




Извор: safejournalistis.net137

[137] SafeJournalists.net. „Индекс на безбедност." Пристапено на 5 јули, 2024. https://safejournalists.net/safety-index/.

Графиконот прикажан ги илустрира различните аспекти на безбедноста во главните градови на земјите од Западен Балкан: Сараево, Тирана, Белград, Загреб, Приштина, Скопје и Подгорица. Секој столб претставува просечна оценка за дадената категорија во секој град, овозможувајќи визуелно споредување на правните мерки, превенцијата, постапките и фактичката безбедност помеѓу различните градови. Оваа анализа е важна за разбирање на моменталната состојба и за иницирање на соодветни мерки за подобрување на безбедноста на новинарите во регионот.

Од претходно кажаното, може да се констатиура дека анализата на податоците и активностите на овие четири платформи покажува дека новинарите се соочуваат со различни и чести закани. Преку овие платформи, е можно да се добие детализирана слика за состојбата со безбедноста на новинарите, што е клучно за креирање на соодветни политики и мерки за нивна заштита.

Платформите обезбедуваат критични податоци за различните видови закани, вклучувајќи физички напади, вербални закани, онлајн малтретирање и правни притисоци. Овие информации помагаат во идентификувањето на специфичните ризици и трендови, овозможувајќи насочени интервенции за подобрување на безбедноста на новинарите. Географската анализа на инцидентите покажува кои региони се најопасни за новинарите, што помага во насочувањето на ресурсите и поддршката кон овие области.

Дополнително, временската анализа на податоците овозможува да се видат промените во нивото на закани преку годините, идентификувајќи периоди на зголемена опасност кои можат да бидат поврзани со специфични политички или социјални настани. Ова е важно за разбирање на контекстот во кој работат новинарите и за предвидување на идните ризици.

Платформите исто така играат клучна улога во поддршката на новинарите преку обезбедување правна, финансиска и психолошка помош. Овие форми на поддршка се клучни за обезбедување на продолжување на новинарската работа безбедно и ефективно, особено во средини со високи нивоа на ризик.

Заканите кон новинарите не се ограничени само на физичките напади. Онлајн малтретирањето и дигиталните закани стануваат се почести и подрски. Ова бара

континуирано ажурирање на безбедносните мерки и обуки за новинарите да се справат со новите форми на ризик. Меѓународната соработка и поддршката од различни платформи и организации овозможуваат подобра координација и ефикасни одговори на заканите.

Конечно, политичкиот притисок и законските ограничувања се сериозни проблеми кои влијаат на слободата на медиумите. Платформите кои се развиваат од горе споменатите европски и меѓународни граѓански организации кои работат во унапредување на слободата на изразување, помагаат да се идентификуваат и да се предизвикаат овие проблеми, обезбедувајќи застапување за посилни правни заштити и поцврсти механизми за известување и решавање на заканите. Важноста на овие платформи е непроценлива за заштита на новинарите и промовирање на слободата на медиумите во светот.

## 2) Соработка со национални институции

Во услови на политичка нестабилност, правни ризици и чести закани, соработката меѓу новинарските организации и националните институции е од суштинско значење за обезбедување на безбедна работна средина за новинарите. Овој дел ги анализира различните аспекти на таа соработка, вклучувајќи ги улогата на ОЈО, соработката со МВР, институционалната поддршка и обуките, како и иницијативите за зголемување на свесноста за правата и безбедноста на новинарите. Со посебен фокус на РСМ, анализата ги вклучува активностите и ефектите на заедничките напори за заштита на новинарите, како и предлози за понатамошно унапредување на оваа соработка.

Преку систематско истражување и анализа на соработката со националните институции, може да се идентификуваат клучните области за подобрување и да се предложат конкретни мерки за зајакнување на безбедноста и слободата на медиумите. Овој вовед дава контекст за подетално разгледување на специфичните активности и резултати од оваа соработка, кои се разгледани во следните делови.

### 2.1 Улогата на Јавното Обвинителство

Јавното Обвинителство на РСМ игра суштинска улога во заштитата на новинарите и медиумските работници. Во рамките на своите активности, ОЈО постојано прави напори за подобрување на правната заштита и процесуирање на случаите поврзани со напади врз

новинари кои се во домен на нивната работа. Назначените обвинители за решавање на ваквите напади, кои во моментов се четири обвинители во Скопје, но и во трите апелациони подрачја во државата, овозможуваат поефикасно следење на случаите и обезбедување на правдата. Станува збор за искусни обвинители кои, барем од праксата од Скопје, се посветени на истражување и процесирање на делата против новинарите.

Според Законот за јавното обвинителство, Основното јавно обвинителство (ОЈО) во РСМ има следниве надлежности[138]:

- **Гонење на сторители на кривични дела и прекршоци** - ОЈО ја раководи предистражната постапка, издава наредби за примена на посебни истражни мерки, може самостојно да преземе дејствија за откривање на кривични дела, врши увид во банкарски сметки, спроведува истражна постапка, поднесува и застапува обвиненија пред судовите, поднесува жалби против неправосилни судски одлуки и други дејствија утврдени со закон (член 31).
- **Надзор над почитувањето на човековите права** - ОЈО врши надзор над законитоста и навременото извршување на јавно обвинителската функција на пониските јавни обвинителства (член 28).
- **Организација и функција** - ОЈО е организирано како единствен и самостоен државен орган и ги врши своите функции врз основа на Уставот и законите, меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, и ставовите изразени во конечните пресуди на Европскиот суд за човекови права (членови 2 и 4).

## 2.2 Именување на јавен обвинител за предмети поврзани со безбедноста на новинарите

Именувањето на специјализирани јавни обвинители е клучен чекор за подобрување на безбедноста на новинарите во РСМ. На 24 октомври 2022 година, ОЈО Скопје назначи јавен обвинител за контакт за предмети поврзани со безбедноста на новинарите[139]. Овој чекор го

[138] Собрание на Република Северна Македонија. „Закон за јавното обвинителство." Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020. https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/sluzhben-vesnik-na-rsm-br.-42-od-16.2.2020-godina-1.pdf.
[139] Основно јавно обвинителство. „Новоназначениот обвинител за следење на предметите во ОЈО Скопје поврзани со безбедност на новинарите." Пристапено на 27 јуни 2024 година.

потврди и Скопскиот Јавен Обвинител во ноември 2023 година со проширување на овој механизам во уште три основни јавни обвинителства – во Битола, Тетово и Штип. Назначените јавни обвинители, иако не постапуваат директно во сите предмети, водат евиденција и го следат текот на постапките, што овозможува подобра координација.

Во ноември 2023 година, претставници на ОЈО истакнаа на регионалната конференција во Белград дека именувањето на јавни обвинители за контакт за безбедноста на новинарите е препознаено како клучен чекор од меѓународните организации, вклучително и од Советот на Европа[140]. Оваа иницијатива е дел од пошироките напори за зајакнување на правната заштита на новинарите и подобрување на безбедносната ситуација во земјата.

Овој пристап е поддржан од Советот на Европа, кој преку своите програми за поддршка на медиумите, ја нагласува важноста на специјализираните обвинители во заштитата на новинарите. Оваа меѓународна поддршка, исто така, ја истакнува потребата од континуирана соработка и обука за да се обезбеди целосна имплементација на меѓународните стандарди, но и да се зајакне правната заштита на новинарите во РСМ.

Во рамките на овие активности, ОЈО соработува со различни национални и меѓународни организации за обезбедување на поддршка и обука на своите кадри. Преку овие соработки се овозможува подобра подготовка на обвинителите за справување со специфичните предизвици поврзани со заштитата на новинарите. ОЈО исто така организира редовни состаноци и консултации со претставници на новинарските здруженија и други релевантни институции за размена на информации и координација на активностите на теми поврзани со заштита на медиумските работници.

### 3.1 Улогата на Министерството за внатрешни работи

Министерството за внатрешни работи игра клучна улога во обезбедувањето на безбедноста на новинарите и медиумските работници. Во рамките на своите активности, МВР претендира да соработува со различни национални и меѓународни организации за да

https://jorm.gov.mk/novonaznacheniot-obvinitel-za-sledene-na-predmetite-vo-ojo-skopje-povrzani-so-bezbednost-na-novinarite-na-regionalna-konferenczija-vo-belgrad/

[140] Совет на Европа. „Претставници на ОЈО на регионална конференција во Белград." Пристапено на 27 јуни 2024 година. https://www.coe.int/mk/web/skopje/-/press-release

обезбеди заштита и поддршка на новинарите кои се подложени на закани и напади. Оваа соработка е значајна за да се обезбеди брз и ефикасен одговор на инцидентите и да се намали степенот на неказнивост за напаѓачите. Иако според дел од соговорниците, не секогаш МВР успева да даде детални одговори за заканите кон новинарите, посебно кога станува збор за дигитални закани кои се образложени во претходните глави од овој труд. Од друга страна, МВР има законска обврска да ги спроведува истрагите и да ја осигури безбедноста на граѓаните, вклучувајќи ги и новинарите. Согласно Законот за полиција, МВР е одговорно за спречување и откривање на кривични дела, како и заштита на јавниот ред и мир. Во контекст на безбедноста на новинарите, МВР треба да реагира на пријави за закани и напади, да спроведува истраги и да презема мерки за заштита на новинарите од физички и онлајн напади.

**Еден од клучните аспекти на соработката со МВР е потпишувањето на Меморандуми за соработка со Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ).** Така на пример, на 29 декември 2017 година, беше потпишан Меморандум за подобрување на соработката помеѓу МВР и ЗНМ за поголема отчетност и транспарентност во делот на истрагите за случаи поврзани со нападите кон новинарите. Оваа иницијатива има за цел да ја зајакне комуникацијата и координацијата помеѓу полицијата и новинарите, што е од суштинско значење за создавање на безбедна работна средина за медиумските работници.

Протоколот за заштита на жени новинарки е уште еден значаен чекор во заштитата на новинарите. Овој протокол, потпишан од страна на МВР и ЗНМ, се фокусира на специфичните предизвици со кои се соочуваат жените новинарки, вклучувајќи ги сајбер-нападите и онлајн малтретирањето. Протоколот вклучува мерки за превенција и поддршка, како и специјализирани обуки за полициските службеници за да можат поефективно да се справат со овие случаи. Овој документ е важен за новинарите бидејќи ги дефинира чекорите за заштита и реакција на инцидентите, обезбедувајќи механизми за итна поддршка и соработка меѓу новинарите и полицијата.

Заедничките обуки помеѓу полицијата и новинарите, организирани од ЗНМ и мисијата на ОБСЕ во Скопје, претставуваат важен сегмент во зајакнување на безбедноста на медиумските работници. Овие обуки се фокусираат на разбирање на правата и обврските на новинарите и полициските службеници, што помага во намалување на конфронтациите

на терен и во зајакнување на меѓусебната соработка. Преку овие обуки, новинарите се едуцираат за нивните права и заштитни мерки, додека полицијата се запознава со етичките и професионалните стандарди на медиумите, што води кон подобро разбирање и почитување на улогите и одговорностите на двете страни .

Дополнително, МВР активно учествува во организирање на работилници и обуки за новинарите и медиумските работници. Овие активности не само што ја зголемуваат свеста за безбедносните ризици, туку и ги едуцираат новинарите но и припадниците на полицијата за мерките што треба да ги преземат за да ја заштитат својата безбедност на терен.

Соработката со ОЈО и МВР како истражни органи, исто така, е од суштинско значење за брзо и ефикасно реагирање на инцидентите и намалување на степенот на неказнивост за напаѓачите. МВР има законска обврска да ги спроведува истрагите и да ја осигури безбедноста на граѓаните, вклучувајќи ги и новинарите. Потпишувањето на меморандуми за соработка и организирањето на заеднички обуки се клучни за зајакнување на безбедноста и транспарентноста во работата на медиумите. Протоколот за заштита на жени новинарки, потпишан од страна на МВР и ЗНМ, претставува значаен чекор но и добар пример во заштитата на новинарите од сајбер-напади и онлајн малтретирање. Овие активности се важни за создавање на безбедна работна средина и за унапредување на правата на новинарите во РСМ.

### 4.1 Судско медиумски совет

Судско медиумскиот совет игра значајна улога во регулирањето на односите меѓу судството и медиумите, обезбедувајќи транспарентност и почитување на правата на новинарите. Овој орган работи на заштита на слободата на изразување и правото на информирање, додека истовремено ги штити правата на страните во судските постапки. Советот обезбедува обуки и насоки за новинарите и судиите за подобрување на соработката и размената на информации меѓу судството и медиумите.

Во рамките на своите активности, Советот има потпишано меморандуми за соработка[141] со различни новинарски здруженија, вклучувајќи го ЗНМ. Овие меморандуми

[141] Здружение на новинари на Македонија. „Потпишан меморандум за соработка помеѓу ЗНМ и Судско медиумскиот совет". Пристапено на 27 јуни 2024 година.

имаат за цел да ја зајакнат транспарентноста и отчетноста во судските процеси, како и да ја подобрат комуникацијата меѓу судиите и новинарите пред се преку заеднички партиципативни настани.[142]

Покрај ова, Советот работи и на организирање на обуки и семинари за новинарите и судиите со цел да се подобри разбирањето на правните прашања и да се осигура дека новинарите се информирани за своите права и обврски во текот на судските процеси. Овие обуки се поддржани од меѓународни организации и донатори, а исто така се и насочени кон зајакнување на капацитетите на медиумските работници и правосудните органи за справување со предизвиците во сферата на медиумското право. Преку овие иницијативи, се обезбедува подобро разбирање на правните прашања, но и се зајакнува капацитетот на медиумските работници и правосудните органи во насока на креирање на побезбедна работна средина за медиумските работници но и за самите судии во насока на почитување на стандардите на ЕСЧП.

https://znm.org.mk/%d0%bf%d0%be%d1%82%d0%bf%d0%b8%d1%88%d0%b0%d0%bd-%d0%bc%d0%b5%d0%bc%d0%be%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b4%d1%83%d0%bc-%d0%b7%d0%b0-%d1%81%d0%be%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%ba%d0%b0-%d0%bf%d0%be%d0%bc/

[142] Здружение на новинари на Македонија. „Работна средба помеѓу новинари и претставници на правосудните органи“. Пристапено на 27 јуни 2024 година. https://znm.org.mk/%d0%bf%d0%be%d1%82%d0%bf%d0%b8%d1%88%d0%b0%d0%bd-%d0%bc%d0%b5%d0%bc%d0%be%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b4%d1%83%d0%bc-%d0%bf%d0%be%d0%bc%d0%b5%d1%93%d1%83-%d0%b7%d0%bd%d0%bc-%d0%b8-%d1%81%d1%83%d0%b4%d1%81/

## ДЕЛ VII

## 8. ЗАКЛУЧОЦИ

Заклучоците на ова истражување се резултат на квалитативна но и на квантитативна анализа на нападите на новинари од 2017 – 2022 година преку начинот на кој реагирале надлежните институции, а во предвид се земаат и ставови на дел од анкетираните кои беа интервјуирани за потребите на овој труд, меѓу кои и од новинари и претставници на релевантни институции од извршната и судската власт, но и адвокати и претставници на релевантни меѓународни организации. За целите на ова истражување во текстот достапна е и куса анализа на регулативата која е релевантна на темата, а земени се предвид и меѓународните стандарди кои се важни за овие прашања.

### 1. Значењето на безбедноста на новинарите за демократските процеси

Безбедноста на новинарите е основен предуслов за слободата на изразување и за обезбедување на правото на информирање на граѓаните. Заштитата на новинарите директно влијае на демократските процеси и на транспарентноста во општеството, како што е укажано и претходно во овој труд. Без слободни и безбедни новинари, јавноста е лишена од објективни информации кои се клучни за демократско функционирање. Ова е посебно важно за земјите кандидат членки на ЕУ, како што е РСМ, бидејќи безбедноста на новинарите е еден од критериумите за проценка на демократските стандарди и почитувањето на човековите права. ЕУ инсистира на високи стандарди за слобода на медиумите и заштита на новинарите, бидејќи тие се основни индикатори за зрелоста на демократските институции и владеењето на правото. За земјите кандидат членки, покажувањето на способност за обезбедување на безбедна и слободна медиумска средина е критично за напредокот кон членство во Унијата.

### 2. Недостаток на институционална поддршка

Истражувањето покажа дека новинарите не секогаш добиваат соодветна поддршка од институциите за заштита од закани и напади, што придонесува кон чувство на несигурност и автоцензура, а ова пред се е изразено кога им се загрозува безбедноста *„он лајн“,* односно преку закани објавени или упатени на социјалните мрежи на интернет.

Потребни се подобрени механизми и зголемена ефикасност на институциите за да се обезбеди безбедна работна средина за новинарите. Оваа поддршка е предуслов за градење доверба и за охрабрување на новинарите да продолжат со својата работа, без страв од реперкусии.

### 3. Важност на правната заштита

Законот за медиуми и другите правни рамки во РСМ обезбедуваат основна заштита за новинарите, но нивната имплементација е често неефикасна. Потребни се дополнителни правни реформи за јакнење на заштитата на новинарите. Без ефикасна правна заштита, заканите и нападите остануваат неказнети, што го поттикнува циклусот на насилство. Во овој контекст, значајна е улогата на Европскиот акт за слобода на медиумите (ЕМФА). ЕМФА, иако е аргументирано критикуван од страна на кредибилни новинарски организации како што е Европската федерација на новинари, сепак поставува високи стандарди за заштита на новинарите и медиумските работници, вклучувајќи мерки за зголемување на транспарентноста, зајакнување на независноста на медиумите и заштита од политички и економски притисоци. Имплементацијата на овие стандарди во националното законодавство ќе помогне да се обезбеди поефикасна заштита за новинарите, да се намали неказнивоста и да се спречи насилството врз медиумските работници, што е клучно за стабилно и демократско општество.

### 4. Влијание на дигиталните закани

Преку злоупотреба на социјалните мрежи, дигиталното вознемирување и заканите преку интернет стануваат се пораширени, особено кон жените новинари. Потребни се специфични мерки за заштита во дигиталната сфера. Ова вклучува развој на нови правни рамки и обуки за справување со дигитални напади. Дополнително, кадрово екипирање во надлежните институции и правење на договори за соработка со глобалните провајдери (даватели на услуги) на социјалните мрежи, е од клучно значење за ефикасен пристап кон проблематиката. Овие мерки ќе обезбедат соодветна поддршка и заштита за новинарите кои се изложени на дигитални закани, обезбедувајќи им алатки и ресурси за навремено и ефективно справување со ваквите предизвици.

### 5. Економска несигурност на новинарите

Ниските плати и несигурните работни услови ги прават новинарите поранливи на притисоци и закани. Подобрување на економската сигурност на новинарите е нужно за нивната независност и безбедност. Економската стабилност би овозможила новинарите да работат без страв од губење на работата при известување за чувствителни теми. Безбедноста на новинарите не е само физичка, туку вклучува и унапредување на работничките права. Обезбедување на пристојни плати, стабилни договори и социјална заштита предвидени во колективни договори, ги зајакнуваат новинарите, овозможувајќи им да се фокусираат на нивната работа без страв од економски притисоци. Ова е важно за да се обезбеди висок квалитет на новинарството и заштита на слободата на медиумите.

### 6. Родова перспектива во безбедноста на новинарите

Жените новинари се соочуваат со специфични форми на закани и вознемирување, кои бараат посебен пристап и мерки за заштита. Родово базираното насилство бара фокусирани интервенции и поддршка за да се обезбеди еднаква заштита за сите новинари. Примерот на соработка помеѓу ЗНМ и МВР и потпишувањето на заеднички протоколи како што е Протоколот за безбедност на жени новинарки на интернет се позитивни пракси кои треба да се надградуваат. Друг конкретен механизам е формирање на мрежи за поддршка на жените од дигиталните закани што би имала двојна функација, да им обезбеди на жените новинарки платформа за споделување на искуства и ресурси, како и да помогне во брзото идентификување и решавање на заканите преку соработка со надлежните институции и граѓански организации.

### 7. Меѓународна поддршка и улога на меѓународните организации

Европската комисија, Советот на Европа, ОБСЕ и други меѓународни организации играат значајна улога во поддршката и заштитата на новинарите во РСМ. Меѓународниот притисок помага во подобрување на националните предизвици. Тие обезбедуваат критична поддршка и надзор кои се неопходни за одржување на стандарди и одговорност.

## 8. Неказнивост за напади врз новинари

Високиот степен на неказнивост за напади врз новинари е сериозен проблем кој ја поткопува слободата на медиумите и демократијата. Потребни се поефикасни правосудни механизми за справување со овој проблем. Без казни за сторителите, насилството станува прифатлива опција за замолчување на критичните гласови. Иако во последните години бројот на напади и бројот на нерешени случаи е мал, сепак постарите случаи како што е тој од „*упадот во собранието на 27-ми април од 2017 година*“ во кој десетина новинари беа физички повредени, а уште толку искусија психолошка траума, сеуште нема правна разврска, фрлаат дамка на правосудниот систем. Овие нерешени случаи создаваат чувство на неказнивост и недоверба во институциите, што дополнително ги охрабрува напаѓачите и ја загрозува безбедноста на новинарите.

## 9. Последици од заканите и нападите

Заканите и нападите врз новинарите имаат сериозни последици, што влијае на нивната способност за професионално извршување на задачите затоа се потребни ресурси кои би се користеле за бесплатно советување како дел од системот за поддршка. Овие последици можат да водат до хроничен стрес, анксиозност и професионално согорување, што дополнително ја загрозува нивната работа и благосостојба. Дополнително, овие ризици ги одвраќаат младите луѓе од изборот на новинарството како професија како и новинарите од локалните заедници кои се дел од локалните медиуми или пак се во улога на дописници на националните медиуми. Младите често се плашат од изложеноста на постојани закани и насилство, што создава перцепција за новинарството како опасна и неблагодарна кариера. Ова може да доведе до недостиг на нови таленти во медиумската индустрија, што дополнително ја слабее способноста на медиумите да обезбедат квалитетно и независно известување.

## 10. Влијание на социјалните и политичките кризи

Социјалните и политичките кризи, како што се пандемиите и изборните процеси, ги зголемуваат ризиците за новинарите. Потребни се специјализирани мерки за заштита во овие периоди. Кризните ситуации често се карактеризираат со зголемена агресија и нестабилност, што ги прави новинарите поранливи на напади. Владата и останатите

институции треба да размислуваат за посебни протоколи како да се преземаат ефикасно мерки во вакви нетипични периоди. Воспоставувањето на јасни и ефикасни протоколи за заштита на новинарите во време на кризи е неопходно за обезбедување на нивната безбедност и способност да известуваат објективно и професионално. Овие протоколи треба да вклучуваат брза реакција, обезбедување на заштитна опрема, и координација со безбедносните сили за минимизирање на ризиците.

**11. Неопходност од специјализирани обуки и програми**

Развојот на специјализирани обуки и програми за новинарите е клучен за справување со заканите и вознемирувањето, особено во дигиталната сфера. Овие обуки треба да ги опфатат вештините за безбедно известување, дигитална безбедност и психолошка поддршка. Добар пример од регионот е основање на академии за обуки на новинари и медиумски работници преку конкретни курикулуми и обучени тренери може на поквалитетен начин да влијаат на кревањето на свеста на медиумските работници за прашања кои се суштински за нивната работа.

**12. Јакнење на меѓусекторската соработка**

Засилена соработка меѓу различните сектори, вклучувајќи правосудните органи, медиумските организации и граѓанското општество е потребна за ефективна заштита на новинарите. Координацијата и размената на информации меѓу овие сектори може да создаде поефикасни стратегии за заштита. Од дел од соговорниците од спроведените интервјуа, се стекнува впечаток дека не секогаш има координација МВР и ОЈО во делот на истрагата. Оваа неусогласеност може да резултира во недоволно ефикасни и навремени истраги, што ја загрозува безбедноста на новинарите и го поттикнува чувството на неказнивост. Корекцијата на оваа ситуација е од клучно значење за да се обезбеди брза и ефикасна реакција на сите закани и напади врз новинарите, што ќе допринесе за поголема сигурност и доверба во институциите.

**13. Улогата на новинарските и медиумските организации**

Новинарските и медиумските организации, како што се здруженијата на новинари, играат клучна улога во заштитата на новинарите и во застапувањето за нивните права. Тие обезбедуваат поддршка, обуки и застапување, што е важно за одржување на безбедноста и

правата на новинарите. Со институционалната меморија што ја имаат, но и со практиката, овие организации можат значително да влијаат позитивно доколку се вклучени во процесот на изработка на закони и национални стратегии во секторот медиуми. Нивното учество обезбедува дека искуствата и потребите на новинарите се земени предвид, што може да доведе до поефикасни и релевантни законски и стратешки рамки кои ќе ги заштитат новинарите и ќе ја унапредат слободата на медиумите.

**14. Значењето на јавната свест**

Подигнување на јавната свест за важноста на безбедноста на новинарите и за нивната улога во општеството е важен услов за создавање на средина во која тие можат безбедно да ја вршат својата работа. Образованието, односно свеста на јавноста за важноста на слободните медиуми може да помогне во намалувањето на нападите и заканите. Ова е долготраен процес во кој освен образовните институции потребно е да бидат вклучени и носителите на јавни функции преку нивното внимателно пренесување на пораки до граѓаните, посебно кога станува збор за правата на новинарите, но и осуда кон оние кои ги прекршуваат тие права.

**15. Реформите во образовниот систем**

Вклучување на темите за безбедноста на новинарите и слободата на медиумите во образовните програми за новинарство и комуникации е важно за подготовка на идните генерации новинари. Ова ќе обезбеди дека новинарите ќе бидат подготвени за справување со ризиците и ќе имаат основни знаења за нивните права и заштита.

**16. Компаративни анализи со глобални трендови**

Компаративните анализи со глобалните трендови покажуваат дека проблемите со безбедноста на новинарите не се уникатни за РСМ, но потребно е адаптирање на добри пракси од други земји. Овие анализи обезбедуваат увид во успешните стратегии кои можат да се прилагодат и применат локално. Затоа е важно да има прекугранична соработка поврзана со овие прашања. Преку соработка со други земји и меѓународни организации, може да се разменуваат искуства и да се развиваат иновативни решенија за заштита на новинарите. Прекуграничната соработка може да помогне во создавање на глобална мрежа

за поддршка, обезбедување на ресурси и експертиза, и поттикнување на заеднички акции за справување со предизвиците на медиумската безбедност.

### 17. Улогата на владата и јавните институции

Владата и јавните институции треба да преземат проактивна улога во заштитата на новинарите и во имплементацијата на меѓународните стандарди. Преку донесување и спроведување на квалитетни закони и политики, тие можат да создадат безбедна работна средина за новинарите. Важно е да се следат стандардите на Советот на Европа како и директивите на Европскиот парламент за овие прашања. Придржувањето кон овие стандарди и директиви ќе обезбеди високо ниво на заштита и ќе поттикне праведни и транспарентни процедури, што е од големо значење за одржување на слободата на медиумите и заштитата на новинарите. Ова исто така ќе помогне во интеграцијата на РСМ во европските структури и во зајакнувањето на демократијата и владеењето на правото.

### 18. Влијание на законодавните мерки

Законодавните мерки, како на пример измените во Кривичниот законик од 2023 година, кои ги третираат новинарите како службени лица, претставуваат важен чекор напред, но нивната ефикасна примена е клучна. Овие мерки можат да обезбедат одвраќање за напаѓачите во иднина и да ја зголемат заштитата на новинарите.

### 19. Етички размислувања и медиумски плурализам

Етичките стандарди и медиумскиот плурализам се важни за создавање на средина во која новинарите можат да работат безбедно и слободно. Високите етички стандарди обезбедуваат кредибилитет, интегритет и доверба во медиумите, додека плурализмот обезбедува различност на гласови и мислења. Преку етично новинарство се намалува ризикот новинарите да бидат таргетирани, бидејќи објективното и праведното известување го намалува потенцијалот за конфликти и негативни реакции од јавноста и засегнатите страни. Етичкото новинарство поттикнува одговорност и транспарентност, што е од клучно значење за одржување на стабилна и безбедна медиумска средина.

**20. Потреба од континуирано истражување**

Континуираното истражување и мониторинг на состојбата со безбедноста на новинарите е неопходно за развој на ефективни стратегии и мерки за заштита. Постојаното следење на трендовите и ризиците ќе обезбеди навремени интервенции и подобрување на заштитните мерки.

**21. Важност на регулативата на Европската комисија и парламентот**

Регулативите и директивите на Европската комисија и парламентот играат критична улога во поставувањето на стандарди за заштита на новинарите во земјите-членки и кандидатки. Овие регулативи обезбедуваат правна рамка која ги обврзува државите да спроведуваат мерки за заштита на новинарите и за слободата на медиумите. Спроведувањето на овие стандарди е нужно за унапредување на правата на новинарите на национално ниво.

**22. Препораките на Советот на Европа**

Препораките на Советот на Европа се важен водич за подобрување на безбедноста на новинарите. Тие нудат конкретни насоки и добри практики кои државите можат да ги следат за да обезбедат ефикасна заштита на медиумските работници. Овие препораки поттикнуваат интеграција на меѓународни стандарди во националните закони и политики, што е од суштинско значење за заштитата на новинарите. За дел од овие препораки не се потребни финансиски средства, туку само политичка волја, бидејќи дел од нив се во насока на креирање на посебни контакт точки за комуникација и заштита од страна на институциите, поттикнување на меѓусекторска соработка и слични мерки. Ова покажува дека со малку ресурси, но со силна политичка поддршка, може да се постигнат значајни подобрувања во заштитата на новинарите и унапредувањето на слободата на медиумите.

**23. Улогата на меѓународните организации**

Меѓународните организации, како што се ОБСЕ и УНЕСКО, вршат значаен притисок врз владите за подобрување на условите за работа на новинарите. Тие обезбедуваат мониторинг, поддршка и извештаи кои ги откриваат нарушувањата на слободата на медиумите и помагаат во подигнувањето на меѓународната свест за

проблемите. Притисокот од овие организации често резултира во конкретни подобрувања на локално ниво.

### 24. Влијанието на јавните осуди од страна на носители на јавни функции

Јавните осуди од страна на носителите на јавни функции, како што се политичарите и владините претставници, имаат значајно влијание врз безбедноста на новинарите. Овие осуди можат да обезбедат поддршка за новинарите и да ги одвратат потенцијалните напаѓачи. Негативните изјави и омаловажувањето на новинарите од страна на јавни личности, напротив, можат да ги поттикнат нападите и заканите, зголемувајќи го нивниот ризик.

### 25. Важноста на локалната судска практика во согласност со ЕСПЧ

Локалната судска практика треба да биде усогласена со пресудите на Европскиот суд за човекови права (ЕСПЧ) за да се обезбеди праведно и ефикасно решавање на случаите поврзани со безбедноста на новинарите. Усогласувањето со ЕСПЧ ќе помогне во создавање на правна рамка и судска пракса преку која се штитат новинарите и се почитуваат нивните права.

### 26. Важноста на јавните регистри за кршење на правата на новинарите

Јавните регистри за кршење на правата на новинарите се важен инструмент за мониторинг и транспарентност. Овие регистри помагаат во евидентирањето на инцидентите, следењето на напредокот во решавањето на случаите и подигнувањето на свеста за проблемите со кои се соочуваат новинарите. Тие овозможуваат и одговорност на институциите и сторителите.

Сите горенаведени заклучоци јасно укажуваат на суштинската поврзаност меѓу безбедноста на новинарите и слободата на медиумите, која е темел на секое демократско општество. Медиумската слобода овозможува отворен дијалог, транспарентност и одговорност на институциите пред јавноста. Безбедноста на новинарите е клучен предуслов за слободата на изразување и за нивната способност да информираат без страв од репресија или цензура, што е неопходно за развојот на демократските процеси и заштитата на човековите права. Во овој контекст, колку повеќе новинарите се заштитени од правните и

институционалните рамки, толку повеќе можат да ја исполнуваат својата улога како „четврта власт“ и да придонесат кон откривање на злоупотреби, поттикнување на дебата и информирање на јавноста за прашања од јавен интерес. Сојузот меѓу безбедноста на новинарите и нивната способност слободно да известуваат ја рефлектира општата состојба на демократијата во едно општество.

# ДЕЛ VIII

## 9. ПРЕПОРАКИ

Во деловите кои следат ќе има конкретни препораки кои можат да влијаат да се намали трендот на закани и напади кон новинарите, но и системски да се реши проблемот со неказнивост во национален и регионален контекст. Препораките ќе послужат за можни решенија за изменување и дополнување на релевантната регулатива, но и за дополнување на соодветните подзаконски акти и оперативни процедури на надлежните институции, а во насока на овозможување поголема заштита на медиумските работници.

## 1.1 Препораки за новинарите

### 1.1.1 Обезбедување на безбедност во покривање на настани од висок ризик

Новинарите нужно е да користат заштитна опрема и мерки за лична безбедност при известување од ризични подрачја и настани. Ова вклучува носење на заштитни елеци, кациги и употреба на безбедносни апликации за комуникација. Постојат национални и меѓународни прирачници за безбедност за новинари, дел од овие прирачници се и за покривање на настани од висок ризик во кои постојат корисни насоки за новинарите.

### 1.1.2 Образование за дигитална безбедност

Новинарите треба да посетуваат обуки за дигитална безбедност за да научат како да се заштитат од онлајн закани и напади. Овие обуки треба да опфатат теми како енкрипција на комуникација, управување со лозинки и препознавање на „*фишинг*“ обиди преку кои може да се наруши приватноста на новинарите но и тајноста на нивните извори.

### 1.1.3 Мрежно поврзување и поддршка

Новинарите треба да се здружуваат и да создаваат мрежи за поддршка и размена на информации. Овие мрежи можат да им помогнат да споделуваат искуства, ресурси и совети за подобрување на нивната безбедност. За да го постигнат ова, новинарите можат да:

- **Членуваат во кредибилни професионални здруженија:** придружувањето и активното, доброволно, учество во професионални здруженија и новинарски

синдикати може да обезбеди заедничка платформа за размена на информации и поддршка.

- **Организираат редовни состаноци и работилници:** преку овие активности, новинарите можат да дискутираат за безбедносни прашања и да споделуваат најдобри практики и стратегии за справување со заканите.
- **Користат дигитални платформи и форуми:** онлајн форуми, групи на социјалните мрежи и специјализирани платформи за новинари, можат да обезбедат простор за дискусија и размена на информации во реално време.
- **Воспостават менторски програми:** искусни новинари можат да менторираат помлади колеги, споделувајќи искуства и совети за подобрување на безбедноста и професионалниот развој.
- **Соработуваат со граѓански организации и меѓународни тела:** вклучувањето во проекти и програми на невладини организации и меѓународни тела кои се фокусираат на заштита на новинарите може да обезбеди дополнителни ресурси и поддршка.

### 1.1.4 Професионална етика и одговорност

Новинарите треба да се придржуваат кон високите етички стандарди и професионална одговорност за да го заштитат својот кредибилитет и интегритет. Ова вклучува точно и објективно известување и избегнување на сензационализам. За да се постигне ова, препораките кон новинарите би биле следниве:

- **Почитување на Кодексот за етика на ЗНМ и Насоките за етичко известување онлајн – како документ кој претставува дополнување на Кодексот:** следењето на етичките насоки поставени од ЗНМ и СЕММ е клучно за одржување на професионалните стандарди. Ова вклучува принципи на точност, објективност, независност и одговорност.
- **Следење на насоките на Меѓународната федерација на новинари (IFJ):** меѓународната федерација на новинари обезбедува глобални стандарди и етички

насоки кои новинарите треба да ги почитуваат. Овие насоки помагаат во одржување на интегритетот и довербата во медиумите.

- **Користење на тематски прирачници:** следењето на тематски прирачници за известување во специфични ситуации, како што се избори, ранливи групи, кризи и други, може да помогне во осигурување на високите стандарди на известување. Овие прирачници обезбедуваат конкретни совети и насоки за етичко и одговорно известување како што се на пример теми поврзани со известување од избори, за ранливи групи, известување од кризни ситуации, пандемии и слично.
- **Одржување на постојана едукација и обуки:** учеството во редовни обуки и семинари за етика и професионална одговорност помага во ажурирање на знаењата и вештините потребни за справување со етичките дилеми во новинарството.
- **Споделување на најдобри практики:** новинарите треба да разменуваат искуства и најдобри практики со колегите преку професионални мрежи и здруженија. Ова ја поттикнува културата на етика и одговорност во професијата.

### 1.1.5. Документирање на заканите и нападите

Новинарите треба да ги документираат сите закани и напади и да ги пријавуваат на релевантните институции, пред се МВР како и во медиумски организации. Ова ќе помогне во создавање на јавна евиденција и поттикнување на институционална реакција. Ако нападот не е пријавен, истиот како да не се случил, што значи дека сторителите останувaат неказнети и се охрабруваат да продолжат со ваквото однесување. За да го постигнат ова, новинарите можат да:

- **Водат детален дневник:** секој инцидент треба да биде детално документиран, вклучувајќи време, место, опис на заканата или нападот и евентуални сведоци.
- **Користат дигитални алатки за документирање:** платформи и апликации за онлајн евиденција и документирање можат да помогнат во систематско собирање и зачувување на податоците за заканите и нападите.

- **Пријавуваат инциденти на релевантните институции:** секој инцидент треба веднаш да се пријави на МВР и на медиумските организации за да се поттикне брза реакција и истрага.
- **Соработуваат со правните служби:** новинарите треба да работат со правните тимови на медиумските организации за да осигураат дека сите закани и напади се правилно пријавени и следени низ правосудниот систем.
- **Споделуваат информации со колегите:** информирањето на колегите за инцидентите преку професионалните мрежи и здруженија може да помогне во подигање на свеста и координација на заедничките напори за заштита и поддршка.

## 2.1 Препораки за членови на судството

### 2.1.1 Имплементација на пресудите на ЕСПЧ

Членовите на судството треба да ги имплементираат пресудите на Европскиот суд за човекови права (ЕСПЧ) во случаите поврзани со безбедноста на новинарите. Ова ќе обезбеди усогласеност со меѓународните стандарди и ќе ја зајакне правната заштита на новинарите. Имплементацијата на пресудите на ЕСПЧ ќе помогне да се поправат овие недостатоци, да се подобри правната заштита на новинарите и да се зајакне довербата во судскиот систем.

### 2.1.2 Итно разгледување на случаите

Судството треба да ги забрза процедурите за разгледување на случаите на напади и закани врз новинарите за да обезбеди навремена и ефикасна правда. Брзото разгледување на овие случаи ќе ја намали чувството на неказнивост. Ова е особено важно во контекст на анти-SLAPP (*Strategic Lawsuits Against Public Participation*) политиката, која има за цел да спречи злоупотреба на правниот систем за замолчување на новинарите преку долги и скапи судски постапки. Последните препораки на Советот на Европа истакнуваат дека брзото и ефикасно разгледување на случаите на напади врз новинари е клучно за заштита на слободата на медиумите и за обезбедување на правична правда. Имплементацијата на овие препораки ќе помогне во создавање на средина во која новинарите ќе можат да ја вршат својата работа без страв од долготрајни судски процеси и неказнивост за напаѓачите.

### 2.1.3 Специјализирани обуки за судиите

Членовите на судството треба да посетуваат специјализирани обуки за правата и заштитата на новинарите. Овие обуки треба да ги опфатат теми како слободата на изразување, медиумските права и заканите со кои се соочуваат новинарите. Освен потребата од надградба во курикулумот за обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, претставниците на правосудните органи треба да бидат поотворени кон алтернативни начини на доедукација. Ова вклучува активно учество во програми кои ги нудат кредибилни граѓански организации, кои често имаат специфично знаење и експертиза во областа на заштита на новинарите и медиумските права. Таквата соработка може да помогне во подигнување на свеста и зголемување на компетенциите на судиите и обвинителите во справувањето со случаи поврзани со безбедноста на новинарите.

### 2.1.4 Зголемена транспарентност и отчетност

Судството треба да ја зголеми транспарентноста и отчетноста во процесот на разгледување на случаите поврзани со новинарите. Ова вклучува јавно објавување на пресудите и редовно информирање за напредокот на случаите. Една од препораките на Советот на Европа е да се одржуваат јавни регистри за повреда на правата на новинарите. Овие јавни регистри се од суштинско значење бидејќи обезбедуваат транспарентност и отчетност, овозможувајќи јавноста и релевантните институции да го следат напредокот и одговорноста во решавањето на овие случаи. Публикувањето на такви податоци може да помогне во подигнување на свеста за проблемите со кои се соочуваат новинарите и да поттикне подобра институционална реакција, што ќе ја зголеми довербата на новинарите во правосудниот систем и ќе ја намали неказнивоста за напаѓачите.

### 2.1.5 Заштита на жртвите и сведоците

Судството треба да обезбеди адекватна заштита на новинарите кои се жртви на напади и закани, како и на сведоците во овие случаи. Ова вклучува мерки за заштита на нивната приватност и безбедност. За да се постигне ова, судството може да развие и имплементира програми за заштита на сведоци кои ќе обезбедат физичка заштита, безбедни локации и промена на идентитетот ако е потребно.

Понатаму, треба да се обезбедат доверливи процедури при пријавување на заканите и нападите, како и за време на судските постапки, за да се заштити приватноста на жртвите и сведоците. Важно е исто така да се обезбеди психолошка поддршка и советување за жртвите и сведоците за да им се помогне да се справат со стресот и траумата поврзана со нападите и заканите на медиумските работници. Обезбедувањето на бесплатна правна помош и соодветни мерки за безбедност во судските згради и на местата каде што се водат истрагите е исто така клучно за осигурување на нивната безбедност додека даваат искази.

## 3.1 Препораки за членовите на извршните власти

### 3.1.1 Јакнење на законските рамки

Извршните власти треба да работат на јакнење на законските рамки за заштита на новинарите, вклучувајќи измени и дополнувања на постоечките закони и донесување на нови законски решенија. Ова ќе обезбеди подобра правна заштита и поефикасна имплементација. Исклучително е важно да се земат предвид три аспекти:

**Прво, позицијата на еснафските здруженија**, бидејќи не постојат универзални закони за медиуми или новинари;

**Второ, националниот контекст и потребите на истиот**, за да се осигура дека законите се релевантни и применливи во конкретните околности; и

**Трето, праксата на европските институции**, земајќи ги предвид директивите и Европскиот акт за медиумски слободи (ЕМФА). Примената на овие аспекти ќе помогне во создавање на сеопфатни и ефективни правни рамки кои ќе ги штитат новинарите и ќе ги унапредуваат медиумските слободи.

### 3.1.2 Создавање на национални програми за безбедност

Извршните власти треба да создадат национални програми за безбедност на новинарите, кои ќе вклучуваат мерки за превенција, заштита и поддршка. Овие програми треба да бидат во соработка со медиумските организации и граѓанското општество.

Во некои од земјите од регионот постојат постојани меѓу ресорски тела за безбедност на новинари и национални стратегии за безбедност на новинари, вклучувајќи и анти-SLAPP

механизми. Доколку овие мерки се спроведуваат ефикасно, можат значително да придонесат кон подобра заштита на новинарите и намалување на ризиците со кои се соочуваат.

### 3.1.3 Финансиска поддршка за новинарите

Извршните власти треба да обезбедат финансиска поддршка за новинарите и медиумските организации, особено за оние кои работат во ризични подрачја и на чувствителни теми. Ова ќе помогне во подобрување на нивната економска сигурност и безбедност.

За да бидат ефикасни и неселективни, **овие програми нужно е да бидат транспарентни и инклузивни**. Најдобар механизам за постигнување на ова е т.н. **фонд за медиумски плурализам**, кој е во согласност со препораките на Советот на Европа и на барање на новинарската заедница. Македонија има обврска да го имплементира овој фонд како полноправна членка на Советот, со цел да обезбеди еднаква поддршка за сите медиуми и да промовира различност на гласови и мислења. Воспоставувањето на ваков фонд ќе придонесе кон стабилни финансиски ресурси за медиумите, ќе ги намали економските притисоци и ќе ги зајакне новинарите во нивната работа, што е услов за одржување на слободата на медиумите и демократијата.

### 3.1.4 Промоција на слободата на медиумите

Извршните власти треба активно да ја промовираат слободата на медиумите и да ги осудуваат сите напади и закани врз новинарите. Ова вклучува јавно изјавување и поддршка за слободното новинарство и тоа:

**Јавни изјави:** претставници на извршната власт можат редовно да издаваат јавни изјави кои го потврдуваат нивниот ангажман за заштита на слободата на медиумите и осуда на сите форми на насилство и заплашување врз новинарите. Овие изјави можат да доаѓаат од највисоките државни функционери, вклучувајќи го претседателот, премиерот и министрите.

**Кампањи за подигање на свеста:** властите можат да иницираат кампањи за подигање на свеста за важноста на слободата на медиумите и улогата на новинарите во

општеството. Овие кампањи можат да вклучуваат образовни програми, јавни дебати и медиумски активности кои промовираат медиумска писменост и важноста на независното новинарство.

**Активна соработка со меѓународни организации:** властите можат да соработуваат со меѓународни организации како што се ОБСЕ, УНЕСКО и Советот на Европа за промоција на слободата на медиумите и за имплементација на најдобрите практики и стандарди.

**Поддршка за независни медиуми:** властите можат да обезбедат финансиска и логистичка поддршка за независните медиуми, што ќе им овозможи да работат без притисок и да обезбедат објективно и непристрасно известување.

**Законодавни иницијативи:** властите можат да предложат и поддржат законодавни иницијативи кои ги зајакнуваат правата на новинарите и ги заштитуваат од правни напади и злоупотреба на судскиот систем за замолчување на критичките гласови (анти-SLAPP закони).

### 3.1.5 Механизми за итно реагирање

Извршните власти треба да воспостават механизми за итно реагирање на напади и закани врз новинарите, вклучувајќи брзи истраги и правни постапки. Овие механизми треба да бидат ефикасни и достапни за сите новинари.  Овие механизми треба да бидат ефикасни и достапни за сите новинари. На пример, може да се воспостави хот лајн (hotline) за пријавување на напади и закани, која ќе биде достапна 24/7 и ќе обезбедува брза реакција и поддршка.

**Специјализирани тимови за истрага:** може да се формираат специјализирани полициски тимови кои ќе бидат одговорни за истраги на случаи на насилство и закани врз новинарите, обезбедувајќи брзи и ефективни истраги.

**Координација со правосудните органи:** воспоставување на координативни механизми помеѓу полицијата и јавните обвинителства за да се осигура дека случаите на напади врз новинарите се процесуираат брзо и ефикасно.

**Платформа за онлајн пријавување:** креирање на безбедна онлајн платформа каде новинарите можат да пријавуваат инциденти и да добиваат информации за статусот на нивните случаи.

**Брзи правни постапки:** воспоставување на специјализирани судски процедури за итно разгледување на случаи на насилство и закани врз новинарите, со цел да се намали чувството на неказнивост и да се обезбеди праведност.

## 4.1 Препораки за меѓународните организации

### 4.1.1 Континуирана поддршка и мониторинг

Меѓународните организации треба да продолжат да обезбедуваат поддршка и мониторинг за состојбата со безбедноста на новинарите во РСМ. Ова вклучува редовни извештаи, мисии за следење и поддршка на националните новинарски организации. Покрај тоа, тие треба да обезбедат техничка и финансиска помош за подобрување на безбедносните мерки и обуки за новинарите. Вклучувањето на меѓународните експерти во истрагите на сериозни случаи на напади врз новинарите може да помогне во зголемување на транспарентноста и довербата во процесите.

### 4.1.2 Притисок врз владите за подобрување на условите

Меѓународните организации треба да вршат постојан притисок врз владите за подобрување на условите за работа на новинарите и за спроведување на меѓународните стандарди. Овој притисок може да биде во форма на препораки, санкции или меѓународна осуда. На пример, Европската комисија редовно врши мониторинг и издава извештаи за слободата на медиумите во земјите кандидатки за членство, како што е РСМ. Во случаи на сериозни нарушувања, ЕК може да условува напредокот во процесот на евроинтеграција со подобрување на условите за работа на новинарите. Овој вид на притисок има за цел да поттикне позитивни промени и реформи, обезбедувајќи почитување на основните права и слободи.

### 4.1.3 Обезбедување на ресурси и обуки

Меѓународните организации треба да обезбедат ресурси и обуки за новинарите и медиумските организации во РСМ. Овие обуки треба да вклучуваат теми како безбедност, правата на новинарите и техники за известување во кризни ситуации. Ова е посебно важно ако се земе во предвид скромниот медиумски пазар и можноста самите медиуми да нудат ваков тип на обуки на медиумските работници кои се дел од истите.

### 4.1.4 Промовирање на најдобрите практики

Меѓународните организации треба да промовираат најдобри практики и успешни примери од други земји кои можат да се применат во РСМ. Ова ќе помогне во адаптирање на ефикасни стратегии и мерки за заштита на новинарите.

На пример, декриминализацијата на клеветата и навредата е успешна практика спроведена во неколку европски земји, која значително ги подобрува условите за работа на новинарите. Во земји каде што клеветата е декриминализирана, како што е случајот со Македонија, новинарите се заштитени од кривични обвиненија за изразување на мислења, што го намалува притисокот врз нив и ја зголемува слободата на медиумите. Промовирањето на ваквите примери во другите законодавни сфери може да помогне во подигнување на свеста и поттикнување на слични реформи во РСМ.

ДЕЛ IX

## 10. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

### КНИГИ, СПИСАНИЈА И ДРУГИ ТРУДОВИ


- **Бачановиќ, Оливер.** „Прилог кон сфаќањата за предметот и самостојноста на виктимологијата". Зборник во чест на проф. Ѓорѓи Марјановиќ. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први", 2011.
- **Бачановиќ, Оливер.** „Сфаќања на предметот на виктимологија“. стр. 3. Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Факултет за безбедност - Скопје, 2011.
- **Buyse, A.** "Words of Violence: 'Fear Speech' or How Violent Conflict Escalation Relates to the Freedom of Expression". 2014. http://www.jstor.org/stable/24518298. Пристапено на 13 јуни 2024 година.
- Bryman, A. Social Research Methods, 5th ed. (Oxford: Oxford University Press, 2016). https://books.google.mk/books?hl=en&lr=&id=N2zQCgAAQBAJ&oi=fnd&pg=PP1&dq=Alan+Bryman,+Social+Research+Methods,+5th+ed.+(Oxford:+Oxford+University+Press,+2016)&ots=dqLrHVPanl&sig=UuvBovS3-uo_VsVGy5lvISdt-AE&redir_esc=y#v=onepage&q=Alan%20Bryman%2C%20Social%20Research%20Methods%2C%205th%20ed.%20(Oxford%3A%20Oxford%20University%20Press%2C%202016)&f=false Пристапено во октомври 2024 година
- **Christians, Clifford G., Theodore L. Glasser, Denis McQuail, Kaarle Nordenstreng, and Robert A. White.** “Normative Theories of the Media: Journalism in Democratic Societies“. Urbana: University of Illinois Press, 2009.
- **Деловски, Богданов.** „Анализа на пресудите на Европскиот суд за човекови права во македонските случаи според член 10 од Европската конвенција за човекови права“. 2022.
- **Дујовски, Никола Б.** „Полициска етика“. Скопје: Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Факултет за безбедност - Скопје, 2019.

- **Fahmy, Shahira, Mary Angela Bock, and Wayne Wanta.** “Visual Communication Theory and Research: A Mass Communication Perspective“. New York: Palgrave Macmillan, 2014.
- **Иванов, Марковски.** „Хроника за (не)безбедност на новинарите“. Скопје: Здружение на новинари на Македонија. 2019. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/web-MK-hronika-za-ne-bezbednosta-na-novinarite.pdf. Пристапено на 3 јули 2024 година.
- **Laughey, Dan.** “Key Themes in Media Theory“. Maidenhead: Open University Press, 2007.
- **Media Development Centre.** “MEDIA OWNERSHIP: BETWEEN CONCENTRATION AND PLURALISM". 2018.
- **Meloy, Michelle L., and Susan L. Miller.** "Media Gender and Crime Victims". In *The Victimization of Women: Law, Policies, and Politics*. Oxford: Oxford Academic, 2012.
- **Мицевски, Игор, Трпевска, Снежана**. „Monitoring Media Pluralism in the Digital Era: Country Report: The Republic of North Macedonia,“ Европски универзитетски институт, јуни 2024, 15–16. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://cadmus.eui.eu/bitstream/handle/1814/77022/North_macedonia_EN_mpm_2024_cmpf.pdf?sequence=1&isAllowed=y. Пристапено на 10 септември 2023 година.
- **Мрѓа, Муртези, Беловска.** „Нападите врз новинарите и медиумските работници на 27 април 2017 година“. 2019. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Napadi-27-april.pdf. Пристапено на 3 јули 2024 година.
- **Murdock, Graham, and Golding.** "For a Political Economy of Mass Communications". *The Socialist Register* 10 (1973): 205-234. **https://socialistregister.com/index.php/srv/article/download/5355/2256. Пристапено на 3 август 2024 година.**
- **Мулачка, Бурнс.** „Новинарска Ковид Арена: Борба за здравјето и точни информации“. Здружение на новинари на Македонија, 2021.
- **Николић-Ристановић, Весна. „Психичке и психосоцијалне последице виктимизације. Од жртве до победника: виктимологија као теорија, пракса и активизам“. Београд: Прометеј, 2019.**

- **Quinn, Aaron.** “Virtue Ethics and Professional Journalism“. Cham: Springer Nature Switzerland AG, 2018.
- **Ристески, Медарски, и Стојковски.** „Остварување на правото на слобода на изразување – теорија и пракса“. Скопје: ИЧП и ЦУП, 2017.
- **Сабриоски, Атовска.** „14 напади врз новинарите – 14 бодежи врз демократијата“. 2021.
- **Софокле.** Антигона. 442 п.н.е.
- **Спировски, Милан.** „Индекс на безбедноста на новинарите на Западен Балкан: Наративен извештај“. 2021.
- **Taylor, Paul A., and Jan Ll. Harris.** “Critical Theories of Mass Media: Then and Now“. Maidenhead: Open University Press, 2008.
- **UNESCO.** "Soaring media ownership concentration: Comparing the effects of digitalisation on media pluralism and diversity." 2017. https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000248091. Пристапено на 3 август 2024 година.
- **Walulya, Gerald, and Goretti L. Nassanga.** "Democracy at stake: Self-censorship as a self-defence strategy for journalists". *Media and Communication* 8, no. 1: 5.
- **Wierzejska, Roksana, et al.** "Are Conspiracy Beliefs a Barrier to COVID-19 Vaccination in Poland? The Role of Psychosocial Resources and Online Information-Seeking Behavior." *PLOS ONE* 17, no. 10 (2022): e0276082. https://journals.plos.org/plosone/article?id=10.1371/journal.pone.0276082. Пристапено на 27 јуни 2024 година.
- **Zysset, A.** "Freedom of Expression, the Right to Vote, and Proportionality at the European Court of Human Rights: An Internal Critique." *International Journal of Constitutional Law* 17 no. 1 . 2019.
- **Здружение на новинари на Македонија.** ЗНМ: „Објавен годишниот извештај за слободата на медиумите“. 2024. https://rb.gy/yzrrq8. Пристапено на 27 јуни 2024 година.

## ЗАКОНСКИ, ПОДЗАКОНСКИ АКТИ, ПРИРАЧНИЦИ


- **Council of Europe.** "Guide on Article 10 of the European Convention on Human Rights: Freedom of expression." https://rm.coe.int/guide-on-article-10-freedom-of-expression-eng/native/1680ad61d6. 2022. Пристапено на 5 јули 2024 година.
- **Council of Europe.** "Recommendation CM/Rec(2007)2 of the Committee of Ministers to member states on media pluralism and diversity of media content". 2007. https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=09000016805d6be3. Пристапено на 3 јули 2024 година.
- **Council of Europe.** "Recommendation CM/Rec(2018)1 of the Committee of Ministers to member States on media pluralism and transparency of media ownership". 2018. https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=0900001680790e13. Пристапено на 3 јули 2024 година.
- **European Commission.** „Key findings of the 2023 Report on North Macedonia“. 2023. https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/qanda_23_5627. Пристапено на 16 август 2023 година.
- **Sekulovski, D., Kevin, D., and Trpevska, S.** ЕУ за слобода на изразување: „Усогласување на националното законодавство за медиуми со ЕУ акиз и медиумски стандарди, Анализа - Правен оквир за заштита на социјалните и работничките права на новинарите“. 2023.
- **Брешковски, Ангеловски, и Андонова.** „Прирачник за безбедност на новинарите за време на настани со висок ризик“. 2018.
- **Дујовски, Н., Ј. Бачовска Недик, Е. Шкопи, К. Атовска, С. Цветковска, и Т. Ангеловски (Членови на работна група). Секуловски, Д., и М. Чадиковски (Членови на работната група на ЗНМ).** „Протокол за безбедност на новинарите (со фокус на новинарите) на интернет. Здружение на новинари на Македонија“. 2023.
- **Европска комисија.** *Извештај за Северна Македонија 2020*. SWD(2020) 351 финал. Брисел: Европска комисија, 6.10.2020. Пристапено на 20 август 2024 година. https://www.ecoi.net/en/document/2040148.html.
- **Европска комисија.** *North Macedonia Report 2021*. Бр. SWD(2021) 294 финал. Стразбур: Европска комисија, 19.10.2021. Пристапено на 20 август 2024 година. https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2021_en.
- **Европска комисија.** *North Macedonia Report 2022*. Бр. SWD(2022) 337 финал. Брисел: Европска комисија, 12.10.2022. Пристапено на 20 август 2024 година. https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en.

- **Европска комисија.** *ERA Country Report 2023 North Macedonia.pdf*. Бр. SWD(2023) 337 финал. Брисел: Европска комисија, 7.11.2023. Пристапено на 20 август 2024 година. https://european-research-area.ec.europa.eu/documents/country-report-north-macedonia.
- **Европска комисија.** ПРЕПОРАКА НА КОМИСИЈАТА (ЕУ) 2021/1534 година за обезбедување заштита, безбедност и зајакнување на новинарите и другите медиумски професионалци во Европската унија. 2021. https://www.stradalex.eu/en/se_src_publ_leg_eur_jo/toc/leg_eur_jo_3_20210920_331/doc/ojeu_2021.331.01.0008.01. Пристапено на 23 јуни 2024 година.
- **Здружение на новинари на Македонија.** „Индекс на безбедност на новинарите во наративниот извештај на Западен Балкан: Република Северна Македонија“. 2020. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/11/MK-Safety-Index-MKD_FINAL.pdf. Пристапено на 28 јуни 2024 година.
- **Здружение на новинари на Македонија.** „Како законот за авторски права влијае на работата на медиумските работници: анализа, заклучоци и препораки“. 2021. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2021/01/Analiza_avtorski-prava_fin.pdf. Пристапено на 16 август 2023 година.
- **Здружение на новинари на Македонија.** „Кодекс на новинарите на Македонија“. 2001. https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/. Пристапено на 3 август 2024 година.
- **Здружение на новинари на Македонија.** „Подобрување на безбедноста на новинарите преку измена на Кривичниот законик: Анализа на меѓународни стандарди и домашна регулатива“. 2021. https://shorturl.at/YXvC7. Пристапено на 16 август 2023 година.
- **Институт за човекови права.** „Прирачник за истражувачко новинарство и пристап до информации“. 2016. https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/prir_mk.pdf. Пристапено на 20 јуни 2024 година.
- **Меѓународна конференција на обединети нации.** Женева. 2020.
- **Правилник за членство и членарини на ЗНМ.** 2020. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/09/Pravilnik-za-clenstvo-i-clenarini-fin-1-1-3.pdf . Пристапено на 15 јануари 2023 година.
- **Собрание на Република Северна Македонија.** Закон за авторски права и други сродни права. Службен весник на Република Северна Македонија бр. 115/10, 51/11, 147/13 и 154/15 и 27/16 https://kultura.gov.mk/wp-content/uploads/2019/02/Precisten-tekst-APSP-27_16.doc. Пристапено на 16 август 2023 година.
- **Собрание на Република Северна Македонија.** Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда. 2022. Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/12 и 251/22

https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=ed066dab-d258-4360-9560-6729d5a9fa23. Пристапено на 15 август 2023 година.

- **Собрание на Република Северна Македонија.** Закон за изменување на Закон за аудио и аудио визуелни медиумски услуги. Службен весник на Република Северна Македонија бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 13/16, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19, 154/19, 42/20, 48/21, 77/21, 154/23 и 55/24 https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/11/Zakon-za-izmenuvanje-i-dopolnuvanje-na-Zakonot-za-mediumi-13_14.pdf. Пристапено на 13 август 2023 година.
- **Собрание на Република Северна Македонија.** Закон за изменување на Законот за медиумите. Службен весник на Република Северна Македонија бр. 184/13, 13/14, 63/24 и 74/24 https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/11/Zakon-za-izmenuvanje-i-dopolnuvanje-na-Zakonot-za-mediumi-13_14.pdf. Пристапено на 13 август 2023 година.
- **Собрание на Република Северна Македонија.** Закон за јавното обвинителство. Службен весник на Република Северна Македонија бр.150/07, 111/08, 150/07 и 42/20 https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/sluzhben-vesnik-na-rsm-br.-42-od-16.2.2020-godina-1.pdf. Пристапено на 16 август 2023 година.
- **Собрание на Република Северна Македонија.** Закон за медиуми Службен весник на Република Северна Македонија бр. 184/13, 13/14, 63/24 и 74/24. https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Zakon_za_mediumi_mkd.pdf. Пристапено на 13 јуни 2024 година.
- **Собрание на Република Северна Македонија.** Закон за слободен пристап до информации. 2019. Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19 https://ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/zakonZaSlobodenPristapDoInfo/zakonZaSlobodenPristapDoInfo.pdf. Пристапено на 15 август 2023 година.
- **Собрание на Република Северна Македонија.** Кривичен законик. 2023. Службен весник на Република Македонија" број 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија број 36/23. https://jorm.gov.mk/krivichen-zakonik/. Пристапено на 16 август 2023 година.
- **Собрание на Република Северна Македонија.** Устав на РСМ. Службен весник на Република Северна Македонија бр. 1/1992; 1/1992; 31/1998; 31/1998; 91/2001; 91/2001; 84/2003; 84/2003; 107/2005; 107/2005; 3/2009; 3/2009; 13/2009; 49/2011; 49/2011; 6/2019; 6/2019

https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf. Пристапено на 12 август 2023 година.

- **Совет за етика во медиумите на Македонија.** „Насоки за етичко известување во онлајн медиумите“. 2023. https://tinyurl.com/msa79zvn Пристапено на 15 август 2024 година.
- **Совет на Европа.** Европска конвенција за човекови права. 1953. https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_ENG.pdf. Пристапено на 14 јануари 2023 година.
- **Совет на Европа.** Препорака CM/Rec(2016)4 од Комитетот на министри до земјите-членки за заштита на новинарството и безбедност на новинарите и другите медиумски актери. 2016. https://rm.coe.int/cm-rec-2016-4mkd/1680a029ac. Пристапено на 23 јуни 2024 година.
- **Совет на Европа.** Препорака CM/Rec(2016)41 од Комитетот на министри до земјите-членки за заштита на новинарството и безбедност на новинарите и другите медиумски актери. 2016.
- **УНЕСКО и Репортери без граници.** „Прирачник за безбедност на новинари за настани со висок ризик“. 2017.
- **УНЕСКО.** „Индикатори за безбедност“. 2015. https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000248091. Пристапено на 28 јануари 2023 година.

## ИЗВОРИ ОД ИНТЕРНЕТ

- **"Media Legal Help".** https://www.medialegalhelp.org/. Пристапено на 15 јануари 2023 година.
- **„Американски прес институт“.** https://www.americanpressinstitute.org/. Пристапено на 20 јануари 2023 година.
- **„Меѓународна федерација на новинари“.** https://www.ifj.org/. Пристапено на 20 февруари 2023 година.
- **„Поповски:** Нулта толеранција за насилство врз новинари". Makfax. https://rb.gy/70gwtq. Пристапено на 25 јануари 2023 година.
- **International Federation of Journalists.** "IFJ Global Campaign: Time to End the Gender Pay Gap in Journalism." SafeJournalists, March 8, 2021. https://safejournalists.net/ifj-global-campaign-time-to-end-the-gender-pay-gap-in-journalism/. Пристапено на 8 март 2023 година.
- **International Telecommunication Union.** "National CIRT". https://www.itu.int/en/ITU-D/Cybersecurity/Pages/national-CIRT.aspx. Пристапено на 28 февруари 2023 година.
- **Konrad-Adenauer-Stiftung.** „Програма за медиуми во југо-источна Европа.“ https://www.kas.de/en/web/medien-europa/home. Пристапено на 15 февруари 2023 година.

- **Media Legal Help. "Media Legal Help".** https://www.medialegalhelp.org/. Пристапено на 15 јануари 2023 година.
- **ОБСЕ. „Претставник за слобода на медиумите”.** https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media. Пристапено на 20 февруари 2023 година.
- **Reporters Without Borders. Report.** 2023. https://rsf.org/en/country/north-macedonia. Пристапено на 10 март 2023 година.
- **SafeJournalists. "Women Journalists in the Front Lines – Online Exhibition**." BH Novinari, March 8, 2023. https://bhnovinari.ba/en/2023/03/08/safejournalists-women-journalists-in-the-front-lines-online-exhibition/. Пристапено на 8 март 2023 година.
- **SafeJournalists.** „Случаи на напади врз новинари во Западен Балкан“. https://safejournalists.net/journalists-attack-cases/. Пристапено на 10 март 2023 година.
- SafeJournalists.net. „Веб платформа на Регионалната Платформа за застапување на слободата на медиумите и новинарската безбедност“. https://safejournalists.net/. Пристапено на 12 март 2023 година.
- **SafeJournalists.net. „За Нас“.** https://safejournalists.net/. Пристапено на 12 март 2023 година.
- **SafeJournalists.net. „Индекс на безбедност“.** https://safejournalists.net/safety-index/. Пристапено на 15 март 2023 година.
- **SafeJournalists.net. „Насоки за медиумски професионалци и новинари кои известуваат за здравство“.** https://safejournalists.net/resources1/guidelines-for-media-professionals-and-journalists-reporting-on-health/. Пристапено на 20 март 2023 година.
- **Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ). „Осуда на нападите упатени кон новинари“.** https://rb.gy/jr4o9i. Пристапено на 25 февруари 2023 година.
- **Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. „Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година“.** https://shorturl.at/ImVdF. Пристапено на 18 февруари 2023 година.
- **Алиу, Азир. „Работиме на подобрување и јакнење на слободата и транспарентноста на медиумите“.** МИА. 2023. https://mia.mk/story/%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D1%83-%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B1%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D1%80%D0%B0%D0%B7%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%B5-%D1%82%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82-%D0%BD%D0%B0-

%D0%B4%D0%B5%D0%BC%D0%BE%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0. Пристапено на 20 август 2024 година.

- **Венецијанска комисија. „Грузија треба да го укине законот за транспарентност на странско влијание во неговата сегашна форма вели Венецијанската комисија**“. Совет на Европа, 19 јуни 2023. https://www.coe.int/en/web/portal/-/georgia-should-repeal-the-law-on-transparency-of-foreign-influence-in-its-current-form-says-venice-commission. Пристапено на 19 јуни 2023 година.
- **Влада на Република Северна Македонија.** „Патоказ за дигитална трансформација“. 2024. https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/roadmap_2024_-2030_final_mk.pdf. Пристапено на 15 март 2024 година.
- **Влада на Република Северна Македонија. „План 3 - 6 - 9**“. https://vlada.mk/sites/default/files/programa/2017-2020/Plan%203-6-9%20MKD.pdf. Пристапено на 10 март 2024 година.
- **Влада на Република Србија. „Усвајање акционог плана за медијску стратегију у најкраћем року“.** https://www.srbija.gov.rs/vest/501872/usvajanje-akcionog-plana-za-medijsku-strategiju-u-najkracem-roku.php. Пристапено на 22 март 2023 година.
- **Европска комисија.** „Мислење за законот за транспарентност на странско влијание“. Службен весник на Европската унија, 23 јануари 2023. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=OJ. Пристапено на 25 февруари 2023 година.
- **Европски парламент. „Пржино договор“.** https://www.europarl.europa.eu/cmsdata/212828/Przino_Agreement.pdf. Пристапено на 18 февруари 2023 година.
- **Европскиот центар за слобода на печат и медиуми (ECPMF).** „Journalists-in-Residence“. https://www.ecpmf.eu/support/journalists-in-residence/. Пристапено на 12 март 2023 година.
- **Здружение на новинари на Македонија. „Анализа на нападите врз новинари“.** https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/06/Attacks-on-journalists-MK-310322.pdf. Пристапено на 15 март 2023 година.
- **Здружение на новинари на Македонија. „Во името на граѓаните: Судот во заштита на медиумските работници“.** https://znm.org.mk/%D0%B2%D0%BE-%D0%B8%D0%BC%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%BD%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%BE%D1%82-%D0%B2%D0%BE-%D0%B7%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B0/. Пристапено на 17 февруари 2023 година.

- **Здружение на новинари на Македонија.** „Врз основа на регистарот на напади на новинари, постојат четири регистрирани случаи на напади на новинари за 2023 година“. Пристапено на 25 јануари 2023 година.
- **Здружение на новинари на Македонија.** „Дефиницијата за навреда не смее да содржи 'негативно мислење“. 2023. Пристапено на 20 февруари 2023 година.
- **Здружение на новинари на Македонија. „ЗНМ и ОЈО:** Поголема институционална заштита на медиумските работници“ 2 ноември 2023 година. https://znm.org.mk/en/ajm-and-bppo-greater-institutional-protection-of-media-workers/. Пристапено на 2 ноември 2023 година.
- **Здружение на новинари на Македонија. „ЗНМ и меѓународни новинарски организации ја скенираат медиумската состојба во земјата".** https://znm.org.mk/%d0%b7%d0%bd%d0%bc-%d0%b8-%d0%bc%d0%b5%d1%93%d1%83%d0%bd%d0%b0%d1%80%d0%be%d0%b4%d0%bd%d0%b8-%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%80%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%be%d1%80%d0%b3%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b7/. Пристапено на 22 февруари 2023 година.
- **Здружение на новинари на Македонија. „Извештај од Мисијата за проценка на состојбата со слободата на медиумите".** https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/11/%D0%9C%D0%9A-Fact-Finding-PFM-Report-251023-web-final.pdf. Пристапено на 5 ноември 2023 година.
- **Здружение на новинари на Македонија. „Клучните системски празнини и можни решенија за подобрување на целокупната средина во општеството од аспект на безбедноста на новинарите и медиумските работници“.** https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/02/AJM_BTD_Bezbednost-novinarite_MK_AL_EN.pdf. Пристапено на 10 февруари 2023 година.
- **Здружение на новинари на Македонија. „Потпишан меморандум за соработка помеѓу ЗНМ и Судско медиумскиот совет“. 2024.** https://znm.org.mk/%d0%bf%d0%be%d1%82%d0%bf%d0%b8%d1%88%d0%b0%d0%bd-%d0%bc%d0%b5%d0%bc%d0%be%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b4%d1%83%d0%bc-%d0%b7%d0%b0-%d1%81%d0%be%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%ba%d0%b0-%d0%bf%d0%be%d0%bc/. Пристапено на 8 март 2024 година.
- **Здружение на новинари на Македонија. „Работна средба помеѓу новинари и претставници на правосудните органи“. 2024.** https://znm.org.mk/%d0%bf%d0%be%d1%82%d0%bf%d0%b8%d1%88%d0%b0%d0%bd-

%d0%bc%d0%b5%d0%bc%d0%be%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b4%d1%83%d0%bc-%d0%bf%d0%be%d0%bc%d0%b5%d1%93%d1%83-%d0%b7%d0%bd%d0%bc-%d0%b8-%d1%81%d1%83%d0%b4%d1%81/. Пристапено на 8 март 2024 година.

- **Здружение на новинари на Македонија. „Случаи на повреда на правата на новинарите.“** https://znm.org.mk/povreda-na-novinari/. Пристапено на 16 август 2023 година.
- **Здружение на новинари на Македонија. „Случај со новинар Неври Адеми“.** https://znm.org.mk/%D0%B7%D0%BD%D0%BC-%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%80-%D0%B8-%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BC%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%BB-%D1%81%D0%B5-%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B8-%D1%81%D0%BE/. Пристапено на 14 февруари 2024 година.
- **Здружение на новинари на Македонија. „Соопштение“ 2021**. Пристапено на 25 јануари 2022 година.
- **Здружение на новинари на Македонија.** „Соопштение“ 2022. Пристапено на 15 февруари 2022 година.
- **Здружение на новинари на Македонија. „Студија за безбедност на новинари“.** https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/09/Studija_MK_10092022-1.pdf. Пристапено на 18 септември 2022 година.
- **Канал 5 Телевизија. „Средба на министерот Спасовски со претставници на ЗНМ“.** https://kanal5.com.mk/sredba-na-ministerot-spasovski-so-pretstavnici-na-znm/a248874. Пристапено на 16 март 2023 година.
- **Комитет за заштита на новинари. „Затворени новинари".** https://cpj.org/data/imprisoned/. Пристапено на 2 март 2023 година.
- **Комитет за заштита на новинари. „Убиени новинари во 2024".** https://cpj.org/data/killed/2024/?status=Killed&motiveConfirmed%5B%5D=Confirmed&type%5B%5D=Journalist&start_year=2024&end_year=2024&group_by=location. Пристапено на 5 јули 2024 година.
- **Левица. „Левица со приватна кривична тужба против режимската Канал 5“. 2024.** https://levica.mk/pres-centar/soopshtenija-reakcii/levica-so-privatna-krivicna-tuzba-protiv-rezimskata-kanal-5/. Пристапено на 12 март 2024 година.
- **Медиумска платформа за брз одговор. „За MFRR**". https://www.mfrr.eu/. Пристапено на 18 февруари 2023 година.

- **Медиумска платформа за брз одговор. „Мапа на инциденти".** https://www.mapmf.org/explorer?f.from=2024-01-01&f.to=2024-07-05. Пристапено на 5 јули 2024 година.
- **Медиумска платформа за брз одговор. „Практична поддршка".** https://www.mfrr.eu/support/practical-support/. Пристапено на 15 март 2023 година.
- **МИМ. „Младите во Македонија многу полесно препознаваат дезинформации пласирани на социјалните медиуми**“. https://www.mim.org.mk/mk/aktivizam/1507-mladite-vo-makedonija-mnogu-polesno-prepoznavaat-dezinformacii-plasirani-na-socijalnite-mediumi. Пристапено на 10 март 2023 година.
- **ОБСЕ. „Претставник за слобода на медиумите**”. https://www.osce.org/representative-on-freedom-of-media. Пристапено на 20 февруари 2023 година.
- **Основно јавно обвинителство. „Новоназначениот обвинител за следење на предметите во OJO Скопје поврзани со безбедност на новинарите“.** 2024. https://jorm.gov.mk/novonaznacheniot-obvinitel-za-sledene-na-predmetite-vo-ojo-skopje-povrzani-so-bezbednost-na-novinarite-na-regionalna-konferenczija-vo-belgrad/. Пристапено на 22 март 2024 година.
- **Пендаровски, Стево. „Најостро ги осудувам заканите кон новинарите не смееме да дозволиме да се загрозува слободата на информирањето“.** Локално. https://lokalno.mk/pendarovski-najostro-gi-osuduvam-zakanite-kon-novinarite-ne-smeeme-da-dozvolime-da-se-zagrozuva-slobodata-na-informiraneto/. Пристапено на 5 април 2024 година.
- **Секретаријат за европски прашања. „План на активности за реализација на итните реформски приоритети 2015“.** https://www.sep.gov.mk/post/?id=862. Пристапено на 10 февруари 2023 година.
- **Секуловски, Д. „Со законските измени ќе има поголема заштита на правата на новинарите“. 2023.** https://meta.mk/sekulovski-so-zakonskite-izmeni-kje-ima-pogolema-zashtita-na-pravata-na-novinarite/. Пристапено на 23 јули 2024 година.
- **Совет на Европа**. **„Како да пријавите инцидент“.** 2024 https://fom.coe.int/en/alerte. Пристапено на 30 август 2024 година.
- **Совет на Европа**. **„Платформа за безбедност на новинарите".** 2024. https://fom.coe.int/en/apropos. Пристапено на 30 август 2024 година.
- **Совет на Европа**. **“Презентација на извештајот за закани и напади врз слободата на медиумите во Европа“.** 2024. https://fom.coe.int/en/rapports. Пристапено на 30 август 2024 година.

- **Совет на Европа. „Дијаграм за закани и напади врз новинари во Европа“.** 2024. https://fom.coe.int/en/graphiques. Пристапено на 30 април 2024 година.
- **Совет на Европа. „Заштита на слободата на изразување и на медиумите во Северна Македонија (PRO-FREX).”** https://www.coe.int/en/web/skopje/protecting-freedom-of-expression-and-of-the-media-in-north-macedonia-pro-frex-. Пристапено на 10 март 2024 година.
- **Совет на Европа. „Претставници на ОЈО на регионална конференција во Белград“. 2024.** https://www.coe.int/mk/web/skopje/-/press-release. Пристапено на 5 мај 2024 година.

ДЕЛ X

# 11. ПРИЛОЗИ

## 1. Анкетни прашалници

### I. <u>ЗА НОВИНАРИ И МЕДИУМСКИ РАБОТНИЦИ</u>

1. **Известување од инциденти / ризични настани:** Дали можете да се сетите на некои конкретни случаи кога сте се почувствувале загрозени или нападнати поради вашата професионална работа?
2. **Природа на заканите:** со какви видови на закани или напади сте се сретнале најчесто (на пр., физичко, онлајн малтретирање, закани поврзани со Вашето работно место)?
3. **Влијание врз работата:** Како овие инциденти влијаеле на вашиот пристап кон известувањето и на вашите професионални должности?
4. **Поддршка од работодавците:** Каква поддршка добивте од вашиот медиум откако сте доживеале закана или напад?
5. **Свесност и обука:** Дали сте свесни за некои безбедносни протоколи или сте биле дел од обука за безбедност на медиумски работници?
6. **Механизми за известување:** Како ги пријавувате овие закани или напади и дали сметате дека механизмите за известување се ефективни?
7. **Автоцензура:** Дали некогаш сте се самоц-ензурирале во вашата работа поради страв од одмазда или закани?
8. **Правна поддршка:** Дали медиумот во кој имате ангажман ви обезбеди поддршка? Доколку да, за каква поддршка станува збор (правна, психолошка, итн.) а доколку не, дали од друга организација имавте поддршка?
9. **Поддршка од новинарските здруженија:** Како Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) или друга организација ве поддржа во вакви ситуации?
10. **Потенцијални решенија:** Кои мерки мислите дека би можеле да ја подобрат безбедноста на новинарите во Северна Македонија?

11. ***Виктимолошка перспектива*:*** *Како се чувствувате лично и психолошки по доживеаните закани или напади поврзани со вашата работа? Дали сметате дека овие искуства оставиле долготрајни последици врз вашето ментално здравје и секојдневно функционирање?*

## II. ЗА ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕЛЕВАНТНИ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

1. **Глобален контекст:** Како ситуацијата во Северна Македонија се споредува со глобалните трендови во безбедноста на новинарите?
2. **Ефективни мерки:** Кои мерки биле ефективни во други земји за подобрување на безбедноста на новинарите што би можеле да се применат во Северна Македонија?
3. **Улогата на меѓународните организации:** Како меѓународните организации можат подобро да ги поддржат новинарите кои се соочуваат со закани или напади?
4. **Финансирање и ресурси:** Дали постојат соодветни ресурси и средства на располагање за програмите насочени кон заштита на новинарите?
5. **Соработка со националните власти:** Како ја оценувате соработката помеѓу вашата организација и националните власти во Северна Македонија во однос на безбедноста на новинарите?
6. **Мониторинг и известување:** Кои механизми се поставени за следење и известување за заканите врз новинарите?
7. **Влијание на меѓународниот притисок:** Колку е ефикасен меѓународната поддршка врз владите да преземат акција против сторителите на напади врз новинари?
8. **Стратегии за превенција:** Кои превентивни стратегии се покажаа најефикасни во вашето искуство?
9. **Поддршка за правни дејствија:** Дали вашата организација обезбедува поддршка за правни дејствија што ги преземаат новинарите против нивните напаѓачи?
10. **Идни предизвици:** Кои се најголемите предизвици  за безбедноста на новинарите во наредните години?

## III. FOR REPRESENTATIVES OF RELEVANT INTERNATIONAL ORGANIZATIONS

**1. Global context:** How does the situation in North Macedonia compare with global trends in the safety of journalists?

**2. Effective measures:** What measures were effective in other countries to improve the safety of journalists that could be applied in North Macedonia?

**3. The role of international organizations:** How can international organizations better support journalists facing threats or attacks?

**4. Funding and resources:** Are there adequate resources and funds available for programs aimed at protecting journalists?

**5. Cooperation with the national authorities**: How do you evaluate the cooperation between your organization and the national authorities in North Macedonia regarding the safety of journalists?

**6. Monitoring and reporting:** What mechanisms are in place for monitoring and reporting threats against journalists?

**7. Impact of international pressure:** How effective is international pressure on governments to take action against perpetrators of attacks on journalists?

**8. Prevention Strategies:** What prevention strategies have proven most effective in your experience?

**9. Support for legal actions:** Does your organization provide support for legal actions taken by journalists against their attackers?

**10. Future challenges:** What do you see as the biggest challenges in ensuring the safety of journalists in the coming years?

## IV. ЗА ВЛАДИНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ

1. **Личен став:** Каков е ставот на владата за безбедноста на новинарите и слободата на медиумите?
2. **Правна рамка:** Дали институцијата во која работите се соочува со потешкотии при примената на законите за заштита на новинарите?
3. **Соработка со медиуми:** Како ја оценувате соработката со медиумските организации за да се осигура безбедноста на новинарите?
4. **Превентивни мерки:** Кои превентивни мерки ги спроведе Вашата институција за да се избегнат напади врз новинари?
5. **Одговор на инциденти:** Како реагира Вашата институција на пријавени закани или напади врз новинари?
6. **Обука за спроведување на законот и протоколи:** Дали службениците за спроведување на законот добиле обука за тоа како да постапуваат со случаи во кои се вклучени новинари?
7. **Јавна свест:** Какви напори се прават за да се подигне јавната свест за важноста на безбедноста на новинарите?
8. **Меѓународна соработка:** Дали остварувате соработка со меѓународните организации за прашањата за безбедноста на новинарите, и ако остварувате Ве молиме наведете неколку примери?
9. **Поддршка за жртвите:** Какви механизми за поддршка се достапни за новинарите кои биле загрозени или нападнати?
10. **Идни планови:** Кои се Вашите планови за подобрување на безбедноста на новинарите во Северна Македонија?

## V. **<u>ЗА СУДСКИТЕ ОРГАНИ / ОБВИНИТЕЛСТВОТО применливи и за адвокати со искуство во судско застапување на новинари</u>**

1. **Правни постапки:** Како се постапува по случаите на закани и напади врз новинари?
2. **Предизвици во правосудството:** Кои се главните предизвици во гонењето на одговорните за нападите врз новинарите?
3. **Наредби за заштита:** Дали имате издадено наредба (или друга форма на активност) за постапување во случаи на закани или напади врз новинарите?
4. **Обука за слободата на медиумите:** Дали имате сознанија дека претставници на правосудните органи биле вклучени во обуки за слободата на печатот и важноста од заштитата на новинарите? Доколку да, во рамки на кои програми и од кои организации?
5. **Стапка на разрешување на случаи:** Која е стапката на разрешување за случаите кои вклучуваат напади или закани против новинари?
6. **Мешање во правните процеси:** Дали имало случаи на мешање или притисок во правните процеси во кои се вклучени новинари?
7. **Соработка со органите за спроведување на законот:** Како судските власти соработуваат со органите за спроведување на законот за да обезбедат брза правда за новинарите?
8. **Правна поддршка за новинарите:** Кои услуги за правна поддршка се достапни за новинарите кои се соочуваат со закани или напади?
9. **Меѓународни стандарди:** Како меѓународните стандарди за безбедност на новинарите се интегрирани во националните правосудни практики?
10. **Подобрување на правната сигурност**: Како сте задоволни од соработката со еснафските и медиумските здруженија и организации и како може дополнително да се унапреди комуникацијата?

## 2. Изјава за согласност

ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ за спроведување на интервју за академски цели

Докторскиот труд кој го спроведува кандидатот Драган Секуловски на тема *„„БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ КАКО УСЛОВ ЗА ГАРАНТИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА ИНФОРМИРАЊЕ И ЗА СТАБИЛНОСТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“.*

----------------------------------------------------------------------

*(име и презиме и медиум / институција на учесникот со кое се спроведува интервју)*

Јас го прочитав информативниот лист или ми беше прочитано од страна на истражувачот. Исто така, јас имав можност да поставам прашања за целта на ова истражување и истите ми беа одговорени на начин што се задоволи мојата љубопитност.

Јас се сложувам да учествувам во ова интервју, разбирам дека е волонтерско и анонимно и дека може да го прекинам во било кое време без да наведам причина.

*(ве молам заокружете ја една од опциите со која се сложувате)*

1. Јас се сложувам интервјуто да се снима и евентуални мои цитати да бидат искористени со наведување на моето име и презиме   ИЛИ
2. Јас се сложувам интервјуто да се снима и евентуални мои цитати да бидат искористени но БЕЗ наведување на моето име и презиме со цел да се задржи анонимноста.

Јас потврдувам дека ми е дадена копија од овој лист за согласност.

**ИЗЈАВА на истражувачот:** јас потврдувам дека на учесникот му беше дадена можност да поставува прашања пред да се спроведе интервјуто и дека на прашањата е одговорено точно и објективно. Јас потврдувам дека согласноста за спроведување на ова интервју е дадена од страна на испитаникот на негова/нејзина слободна волја.

| | | |
|---|---|---|
| | --------------------------------- | ---------------------------- |
| Учесник | Име и презиме | Потпис |
| | Драган Секуловски | ---------------------------- |
| Истражувач | Име и презиме | Потпис |

## 3. Информативен лист

ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ ЗА УЧЕСНИК ВО АКАДЕМСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

***Назив на истражувањето***

Докторски труд на тема:

*„БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ КАКО УСЛОВ ЗА ГАРАНТИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА ИНФОРМИРАЊЕ И ЗА СТАБИЛНОСТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“*

***За што служи истражувањето***

Истражувањето е дел од наставната програма на третиот циклус студии на Факултетот за безбедност во Скопје при Универзитетот *„Св. „Климент Охридски“* – Битола. Ова истражување е дел од докторската дисертација на кандидатот, но исто така делови од ова истражување може да се објават и во тематски научни списанија или онлајн платформи за академски цели. Истражувањето има тема од општ јавен интерес земајќи во предвид дека заканите и нападите кон новинарите не се само индивидуални закани туку претставуваат повреда на правото на граѓаните да бидат информирани.

***Кој го спроведува истражувањето?***

Докторскиот труд го спроведува м-р Драган Секуловски, кој е студент на третиот циклус студии (докторски студии) при Факултетот за Безбедност во Скопје. Секуловски е правник и како актуелен директор на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) има долгогодишно практично и теоретско искуство во сферата на медиумската политика и правата на новинарите и медиумските работници.

***Што се очекува од учесниците во истражувањето?***

Учесниците во истражувањето се избрани врз основа на нивните улога или искуство во врска со темата поврзана со безбедноста на новинарите. Еден дел од интервјуираните се група на новинари кои поради професионално вршење на нивната работа во изминатите години биле жртви на насилство или предмет на сериозни закани по нивниот живот или имаат сознанија кои би можеле да ги споделат на темата. Втората група на лица кои ќе бидат вклучени во интервјуата се претставници на адвокатската фела кои имаат искуство во застапување на новинари пред надлежни судови. Третата целна група се претставници на институции кои се релевантни за безбедноста на новинарите како што се одговорни лица од обвинителството, судот и Министерството за внатрешни работи. Исто така, дел од учесниците предвидено е да бидат и претставници на регионални и глобални

медиумски организации, претставници на меѓународни владини и невладини организации, претставници на странски амбасади во нашата држава и други..

Прашалникот е од полузатворен тип и има вкупно десет прашања а на учесниците ќе им биде потребно околу 20 минути да ги одговорат сите прашања. Учеството е анонимно и доброволно. Разговорот можно е да се снима исклучиво со цел да се направи транскрипција и за тоа ќе биде обезбедена согласност од секој учесник.

***Што ќе се случи со податоците откако истражувањето ќе се реализира?***

Сите одговори студентот односно истражувачот ги собира на едно место со цел да ги анализира и истите да придонесат кон подобро разбирање на темата и прашањата поврзана со безбедноста на новинарите. Резултатите од ова истражување, освен тоа што е наменето за докторска дисертација за трет циклус на студии, истото не е исклучено да биде објавено во академиски списанија, потоа презентирано на академски и стручни собири.

***Дали учеството во ова истражување е доверливо?***

Разговорот ќе се третира како доверлив и сите податоци ќе се складираат на безбедно место заедно со листата на лица кои биле дел од интервјуата како и транскриптите од разговорите. Сите оригинални снимки од разговорите ќе се чуваат на сигурно место во посебен сервер заштитен со лозинка позната исклучиво на истражувачот. Името и презимето на учесникот нема да се појави како извор на цитирана изјава освен ако тој/таа даде експлицитна изјава за тоа. Доколку испитаникот, додека трае интервјуто се предомисли за учеството во истото може да се прекине без да се наведат причините за тоа а одговорите да не бидат дел од истражувањето. Откако истражувањето ќе биде завршено, секој испитаник ќе добие копија од истражувачкиот труд на електронската адреса која е наведена во Изјавата за согласност.

***Има ли можни ризици од учеството на испитаниците?***

Ќе се преземат сите мерки за заштита на личните податоци кои може да го идентификуваат испитаникот како поединец, со цел да не биде откриен во јавноста. Следствено на ова, дури и да испитаникот открие несвесно некој доверлив податок или сензитивна информација за организацијата во која работи, тие нема да бидат дел од ова истражување и нема да се објават.

**Благодарност за интересот да го прочитате овој Информативен лист и за Вашиот придонес во ова академско истражување.**

## 4. Список на интервјуирани лица за потребите на докторскиот труд

| Список на интервјуирани лица за потребите на докторскиот труд:<br>*„БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ КАКО УСЛОВ ЗА ГАРАНТИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА ИНФОРМИРАЊЕ И ЗА СТАБИЛНОСТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број** | **Име и презиме** | **Институција** | **Пол** | **Дата** | **Аудио** | **Белешки** | **Анонимност** |
| 1 | Дарко Дуридански | Франс прес и Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) | м | 28.06.2024 | да | да | не |
| 2 | | Адвокат кој застапува новинари | м | 28.06.2024 | не | да | да |
| 3 | Павле Беловски | ТВ Телма и Претседател на ССНМ | м | 28.06.2024 | да | да | не |
| 4 | Давор Пашоски | Фондација Конрад Аденауер | м | 01.07.2024 | да | да | не |
| 5 | Билјана Арсовска | Основно Јавно Обвинителство (контакт точка за новинари и портпарол) | ж | 02.07.2024 | да | да | не |
| 6 | Дејан Ристовски | Основен Кривичен Суд Скопје (контакт точка за новинари и портпарол) | м | 02.07.2024 | да | да | не |
| 7 | Милан Спировски | Здружение на новинари на Македонија / истражувач | м | 04.07.2024 | да | да | не |
| 8 | Билјана Настеска | Здружение на новинари на Македонија / односи со јавност | ж | 04.07.2024 | да | да | не |
| 9 | Attila Mong | Committee to Protect Journalists (CPJ) / Europe representative, Berlin | м | 15.07.2024 | делумно | да | не |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Иван Брешковски | Адвокат кој застапува новинари | м | 16.07.2024 | да | да | не |
| 11 | Младен Чадиковски | ТВ 24 и Претседател на Здружение на новинари на Македонија | м | 19.07.2024 | да | да | не |
| 12 | | ОБСЕ Мисија Скопје | ж | 26.07.2024 | да | да | да |
| 13 | | Основен Кривичен Суд Скопје / судија | ж | 17.07.2024 | да | да | да |
| 14 | Camille Magnissalis | European Federation of Journalists / Monitoring and Communications Officer for the Media Freedom Rapid Response project (MFRR) | ж | 02.08.2024 | не | да | не |
| 15 | Сашка Цветковска | Истражувачка репортерска Лабораторија / уредник и истражувачки новинар | ж | 25.07.2024 | да | да | не |
| 16 | | Министерство за внатрешни работи на РС Македонија | м | 24.07.2024 | да | да | да |
| 17 | Зоран Трајчевски | ЗААМУ (медиумски регулатор) / Директор | м | 21.08.2024 | да | да | не |
| 18 | Сенат Зулбеари | ТВ 21 Тетово | м | 26.07.2024 | да | да | не |
| 19 | Албана Шала | Free Press Unlimited / Senior Programme Manager, Amsterdam | ж | 09.2024 | не | да | не |
| 20 | Стефан Андоновски | Министер за Дигитална трансформација | м | 01.08.2024 | да | да | не |